УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ- СКОПЈЕ**

**Љупчо Тодоровски**

# РАЗВИВАЊЕ НА СТРАТЕГИИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОСТАВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИЗИРАН СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА ДРОГА

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

С К О П Ј Е 2012

***Посветено на моето семејство,***

*Благодарност*

*Благодарност до мојот ментор проф. д-р Гоце Ќуклески за поддршката и залагањето во изготвувањето на докторската дисертација*

*Благодарност за соработката до колегите од Министерството за внатрешни работи, Центарот за следење на дроги и зависности од дрога, Секторот за контролирани супстанции при Министерството за здравство*

*Посебна благодарност до моето семејство за вонредната поддршка и разбирање*

***ИЗЈАВА***

*На докторанд Љупчо Тодоровски*

*Изјавувам дека при изработката на докторскиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди. Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.*

*Изјавил:*

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ- СКОПЈЕ

***Ментор:***

*Проф. д-р Гоце Цуклески*

*Вонреден професор на Факултетот за безбедност- Скопје*

*Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола*

***Членови на комисија**:*

*1. Проф. д-р ...............................................................................................*

*Редовен / вонреден професор на ...........................................................*

*2. Проф. д-р ...............................................................................................*

*Редовен/ вонреден  професор на ...........................................................*

*3. Проф. д-р ...............................................................................................*

*Редовен/ вонреден професор на ............................................................*

*4. Проф. д-р ...............................................................................................*

*Редовен/ вонреден професор на ............................................................*

*5. Проф. д-р ...............................................................................................*

*Редовен/ вонреден професор на ............................................................*

*Датум на одбрана .............................*

## РАЗВИВАЊЕ НА СТРАТЕГИИ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПОСТАВУВАЊЕ НА СТАНДАРДИЗИРАН СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА ДРОГА


### АПСТРАКТ

Како резултат на глобализацијата и брзиот напредок на општеството, многу нешта се унапредија и подобрија, се глобализираа, но активностите околу дрогата наместо да спласнат во интензитет или целосно да изчезнат, достигнаа макро- размери. Овие предизвици во глобализираниот свет се́ повеќе бараат нови начини на дејствување и заеднички акции на полициските единици на меѓународно ниво, како одговор на проблемите со кои се соочува општеството во целина. Недозволеното одгледување, производство, преработка, продажба, побарувачка, трговија и дистрибуција на наркотични дроги и психотропни супстанции, вклучувајќи го амфетаминскиот тип на стимуланси и разновидноста на прекурзори, се криминални активности со кои ниту една земја не може самостојно да се справи. Особено ранливи се земјите со слаба општествена и институционална структура или земји каде што политичките настани, домашната нестабилност или внатрешните или регионалните конфликти придонеле кон слабеењето на државните структури или контроли.

Поаѓајќи од фактот дека во нашата земја се уште не е доволно разработена проблематиката во врска со дрогата и нејзината злоупотреба, а имајќи го при тоа предвид фактот дека општеството мора да биде заинтересирано за попречување на недозволената трговија со дроги и ширењето на зависноста од истите, во овој труд се презентирани критички согледувања на проблемот и е разработена методологија на работа за утврдување на состојбите со наркокриминалот и движењето во недозволената трговија на дрогите од природно и синтетско потекло.

Даден е глобален преглед на промените на наркопазарот на меѓународно и национално ниво. Ова е проследено со интегрирана дискусија и анализа на статистички трендови за четири главни класи на дроги (од опиумски, кокаински, канабиноиден и амфетамински тип). Презентирани се најнови информации и податоци во врска со производството на овие дроги, заплените и нивната потрошувачка. Воедно се дадени упатства за начините на карактеризација и профилирање на дрогите и одредување на нивната чистота и цената на наркопазарот. На овој начин се добиваат информации кои пред се́ придонесуваат во развивањето на стратегијата за ефикасна контрола на овие дроги на наше подрачје, со што се создаваат услови за успешно спроведување на превентивната заштита која е од примарен општествен интерес.

Во трудот е нагласена потребата, во рамки на Националната стратегија за дрога, МВР да ги следи и евалуира искуствата кои се стекнати во последните години со посочување на најдобрите практики, со цел да се обезбеди доследност и постојаност на дејствување во справувањето со феноменот -дрога, како и за посочување на нови предизвици и стратегии кои треба да се имплементираат во Р.Македонија во соработка со ЕУ и други меѓународни партнери.


--------------------------------


**Клучни зборови**: наркокриминал, наркогрупи, профилирање, матрица, диверзификација, карактеризација, криминални мрежи, лонгитудинална студија, наркорути

## ДЕВЕЛОПМЕНТ ОФ СТРАТЕГИЕС ФОР ФОЛЛОЊ-УП ОФ ТХЕ ДЕВЕЛОПМЕНТ ОФ ТХЕ ЦРИМЕ ИН НАРЦОТИЦС ИН ТХЕ РЕПУБЛИЦ ОФ МАЦЕДОНИА АНД ЕСТАБЛИСХМЕНТ ОФ СТАНДАРДИЗЕД CSСТЕМ ФОР ДРУГ ЦОНТРОЛ

## АБСТРАЦТ

Ас а ресулт оф глобализатион анд рапид прогресс оф социетs, манs тхингс њере упградед анд импровед, аре глобализед, бут ацтионс релатед то другс инстеад оф децреасинг ин интенситs ор цомплетелs дисаппеаринг, тхеs сеем то реацх мацро-сцале. Тхесе цхалленгес ин а глобализед њорлд инцреасинглs сеек нењ њаsс оф ацтион анд јоинт ацтионс оф тхе полице унитс ат тхе интернатионал левел, ин респонсе то тхе проблемс фацинг социетs ас а њхоле. Тхе Иллицит цултиватион, продуцтион, процессинг, сале, деманд, траффицкинг анд дистрибутион оф нарцотиц другс анд пcsцхотропиц субстанцес, инцлудинг ампхетамине tsпе оф стимулантс анд вариетs оф прецурсорс, аре цриминал ацтивитиес тхат но цоунтрs цан хандле алоне.

Партицуларлs вулнерабле аре тхе цоунтриес њитх њеак социал анд институтионал струцтуре ор цоунтриес њхере политицал евентс, доместиц инстабилитs ор интернал ор регионал цонфлицтс цонтрибутед то тхе њеакенинг оф стате струцтурес ор цонтролс.

Стартинг фром тхе фацт тхат ин оур цоунтрs проблем-ареа релатед то другс анд абусе хас нот беен девелопед суффициентлs set, анд беаринг ин минд тхе фацт тхат социетs муст бе цонцернед абоут превентинг тхе иллицит друг траффицкинг анд тхе спреад оф депенденце, ин тхис папер пресентс цритицал обсерватионс оф тхе проблем анд метходологs оф њорк ис девелопед то естаблисх цондитионс њитх тхе цриминал ацтс ин нарцотицс анд мовемент тенденциес ин траффицкинг оф другс фром натурал анд csнтхетиц оригин.

Тхе боок провидес а глобал овервиењ оф цхангес ат тхе маркет оф нарцотицс, интернатионаллs анд натионаллs. Тхис ис фоллоњед бs ан интегратед дисцуссион анд аналsсис оф статистицал трендс ин фоур мајор цлассес оф другс (фром опиум, цоцаине, ампхетамине анд цаннабис tsпе). Тхе латест информатион анд дата релатинг то продуцтион оф тхесе другс, сеизурес анд тхеир цонсумптион аре пресентед. Алсо провидес инструцтионс он тхе њаsс оф цхарацтеризатион анд профилинг оф другс анд хоњ то детермине тхеир пуритs анд прице ат тхе маркет оф нарцотицс. Ин тхис њаs информатион аре рецеивед њхицх примарилs цонтрибуте то девелопинг тхе стратегs фор еффецтиве цонтрол оф тхесе другс ин оур ареа, тхус цреатинг цондитионс фор суццессфул имплементатион оф превентиве царе тхат ис оф примарs социал интерест.

Тхе папер поинтс оут тхе неед, њитхин тхе Натионал Стратегs он Другс, тхе Интериор Министрs то монитор анд евалуате тхе еџпериенце ацљуиред ин рецент sеарс њитх референце то бест працтицес ин ордер то енсуре цонсистенцs анд цонтинуитs оф ацтион ин деалинг њитх тхе пхеноменон-друг, ас њелл ас то ундерлине тхе импортанце оф аддрессинг нењ цхалленгес анд стратегиес то бе имплементед ин Мацедониа ин цооператион њитх тхе ЕУ анд отхер интернатионал партнерс.

**Кеѕ њордс**: цриме ин нарцотицс, цриминал гроупс деалинг њитх нарцотицс, профилинг, матриџ, диверсифицатион, цхарацтеризатион, цриминал нетњоркс, лонгитудинал студѕ, роутес оф нарцотицс

**С О Д Р Ж И Н А**


**Предговор** ....................................................................................................џви

**Кратенки и акроними** .........................................................................џиџ

**Преглед на графикони, слики и табели** ......................................................џџ

**Вовед** ......................................................................................................џџиии

**1. ТЕОРЕТСКО - МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ** ..........................................................................................**1**

1.1. Појдовни основи и научна оправданост на трудот ..................................1

1.2. Предмет и цели на истражувањето ........................................................6

1.2.1. Предмет на истражување ..............................................................7

1.2.2. Цели на истражување. ....................................................................7

1.3. Хипотези.........................................................................................11

1.3.1. Генерална хипотеза ......................................................................11

1.3.2. Помошни хипотези ........................................................................11

1.4. Методи на истражување .........................................................................13

1.5. Методологија и истражувачки инструменти ............................................15

1.5.1. Методологија на истражување ...............................................15

1.5.2. Истражувачки инструменти ....................................................16

**2. ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО ДРОГА** ................**20**

2.1. Поврзаност на тероризмот со наркокриминалот ...............................29

2.1.1. Терористички финансирања .......................................................30

2.1.2. Разлики и сличности меѓу терористичките и организираните криминални групи .................................................31

2.2. Организираниот наркокриминал во Европа и негови специфичности (глобален преглед на состојби) ...................................32

2.3. Организиран криминал во земјите на Југоисточна Европа ....................37

2.3.1. Организираниот криминал во постконфликтниот период ..........37

2.3.2. Албанските организирани криминални мрежи на

Балканот-референтна точка за криминалните активности
на денешницата ....................................................................38

2.3.3. Организирано криумчарење и дистрибуцијата на droги
во и низ земјите на Југоисточна Европа .......................................41

**3. ОРГАНИЗИРАНИ НАРКОГРУПИ И КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ**
**(Ретроспективна анализа, структура, карактеристики) ..............................44**

3.1.Матрица на организирани криминални групи ..............................................48

3.1.1. Некои покарактеристични организирани криминални групи ...........51

3.1.1.1. Турски организирани криминални групи .............................51
3.1.1.1. Албански организирани криминални групи .........................54
3.1.1.2. Италијански и Руски криминални групи
(структурни разлики и карактеристики) ............................59

3.2. Карактеристики на наркогрупи од Р.Македонија .......................................60

3.2.1. Анализа на криминалните групи активни во Р. Македонија и
(модус операнди) ............................................................................................63

Карактеризација на наркогрупите според
полот, возраста , националната и етничката
припадност и земјата од каде доаѓаат .........................................63

Карактеризација на наркогрупи по структура, состав
распределба на улогите и меѓусебна поврзаност ..............65
3.2.1.1.1. М
атрица на криминалните групи од
албанско етничко потекло ....................................66
3.2.1.1.2. Матрица на криминалните групи од
македонско потекло ....................................................68

Карактеризација на наркогрупите според начин на дејствување (модус
операнди) .............................................70

3.2.1.4. Распределба на задачите ....................................................71

**4. ДРОГАТА ВО СВЕТОТ ЗА ПЕРИОД 2006-2011**

(Дроги од природно и синтетско потекло и компаративни проследувања

на состојбите со наркокриминалот) ....................................................................73

4.1. Глобални случувања во нелегалното производство, трговијата и потрошувачката на droги ............................................................................73

4.1.1. Култивирање на афион и производство на опиум и опијати со посебен осврт на карактеристиките на криумчарските канали ...................................................................................................74

4.1.1.1. Трговија со хероин во земјите на Југоисточна Европа по должина на "Балканската рута" ...................................82

4.1.2. Илегално производство, меѓународна трговија и криумчарење на кокаин.....................................................................................................86

4.1.3. Производство, трговија и криумчарски канали на дроги од канабиноиден тип ...............................................................................91

4.1.4. Илегално производство меѓународна трговија и криумчарење на амфетамински стимуланси ........................................................93

**5. НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА И АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА НЕГОВО СПРЕЧУВАЊЕ .......................................95**

5.1. Недозволено производство и трговија со дроги од природно и синтетско потекло (глобален преглед на состојби за период 2006-2011 година) ...........................................................................................97

5.1.1. Хронолошки преглед на пресечени меѓународни канали за недозволена трговија со дрога за период 2006-2011 и анализа на специфични случаи ........................................................99

5.1.2. Производство, нелегална трговија и криумчарење на дроги од опиумски тип (анализа на состојби со компаративни проследувања) ........................................................107

5.1.2.1. Состојби со хероинот во Македонија и во земјите расположени по должина на Балканската наркорута.....110

5.1.2.2. Одредување на изворното географско потекло на

хероин ..........................................................................116

5.1.3. Нелегална трговија и криумчарење на дроги од кокаински тип (кокаинот во Македонија и влијание на земјите од опкружување)..........................................................................118

5.1.4. Нелегално производство, трговија и криумчарење на дроги од канабиноиден тип (состојби со марихуаната во Македонија) ..........................................................................122

5.1.5. Недозволена трговија и криумчарење на дроги од амфетамински тип (амфетамин, метамфетамин, екстази) ..........124

5.2. Атрибутивни белези на производството и недозволената трговија со дрога и психотропни супстанции на регионално ниво во Република Македонија (анализа на пресек) ..........................................128
5.2.1. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи– СКОПЈЕ ..........................................................................................131
5.2.2. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ВЕЛЕС .....................................................................................133
5.2.3. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –БИТОЛА ...............................................................................135
5.2.4. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –КУМАНОВО.........................................................................137
5.2.5. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ШТИП .....................................................................................139
5.2.6. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –СТРУМИЦА .........................................................................140
5.2.7. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ТЕТОВО ...............................................................................142
5.2.8. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ОХРИД .....................................................................................144
5.2.9. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ЗАПАД" ....................147
5.2.10. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „СЕВЕР" ....................148
5.2.11. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ИСТОК" ..................148
5.2.12. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ЈУГ" .........................149
5.2.13. Активности во борбата против недозволената трговија и злоупотреба на наркотични droги во Р. Македонија (статистички показатели и компаративна анализа) .......................150

5.2.14. Пресуди на основните судови за сторени кривични дела по член 215 и 216 од КЗ на РМ за период 2006-2012 (анализа на пресек) ..........................................................................157

**6. НУМЕРИЧКИ И АТРИБУТИВНИ БЕЛЕЗИ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА (ИСТРАЖУВАЊА НА ТЕРЕН И АНАЛИЗА НА ПРЕСЕК-ПРОСПЕКТИВНА)......................................................................................160**

6.1 Дизајн на истражувањето..........................................................................160

6.2. Методологија на истражување ...................................................................161

6.3. Статистичка обработка ...............................................................................163

6.4. Очекувани резултати ..................................................................................162

6.5. Резултати од истражувањето и анализа ....................................................162

6.5.1. Социо - демографски карактеристики (место на живеење, пол, возраст) ...............................................................................................162

6.5.2. Сооднос на пол и возраст кај испитаниците ..................................164

6.5.3. Сооднос на пол и образование кај испитаниците ..........................165

6.5.4. Сооднос на пол и временски период на користење на хероин......166

6.5.5. Сооднос на образование и време на користење на хероин ..........167

6.5.6. Цени на дрога ..............................................................................168

6.5.7. Поврзаност на полот со честота на користење на хероин .............171

6.5.8. Поврзаност на полот со честота на користење на марихуана ................172

6.5.9. Поврзаност на пол и начин на користење на дрогата ...............................172

6.5.10. Поврзаност на образование и начин на користење на дрога.........173

6.5.11. Поврзаност на град и начин на користење на дрога .....................173

6.5.12. Поврзаност на град и начин на набавка на дрога ..........................174

6.5.13. Поврзаност на образование и начин на користење на дрога.........175

6.5.14. Дистрибуција по пол и место каде се подигнува дрогата .............175

6.5.15. Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата ...........176

6.5.16. Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата ...........176

6.5.17 Број на пријатели кои земаат дрога ..............................................178

**7. СТРАТЕГИИ ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА.......................................................179**

7.1. Менаџмент систем за форензичка контрола на дрога ..............................182

7.1.1. Карактеризација и профилирање на дрога ......................................185

7.2. Одредување на цена и чистота на дрога (преглед на применети методи и дефиниции) ......................................................................189

7.2.1. Флексибилност на цената на дрогата ..............................................190

7.2.2. Дефинирање на големопродажните цени за droги ........................191

7.2.2.1. Постапки за одредување на цената на дрогите .................192

7.2.2.2. Проценувања на чистота на дрога ....................................193

7.2.2.3. Функционирање на големопродажниот пазар на Дрога ..........................................................................194

7.2.2.4. Оперативни и разузнавачки активности ...........................196

7.2.3. Одредување на малопродажна цена на дрога ..............................197

7.2.3.1. Фактори кои влијаат на обсервациите на цените на мало ..........................................................................200

7.2.4. Тајни набавки на дрога ..................................................................202

7.2.5. Методи за колекција на податоци за цени на дрога .......................203

7.2.5.1. Информатори во служба на органите за спроведување на законот ...................................................203

7.2.5.2. Постапувања со корисниците на дрога ..............................204

7.2.5.3. Интервју со експерти ..........................................................204
7.2.5.4. Други методи за колекција на податоци за цени на
дрога ..........................................................................206
7.2.5.4.1. Прислушкување ..................................................206
7.2.5.4.2. Заплена на документација ...................................206
7.2.5.4.3. Етнографски обсервации ....................................207

**8. СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА НА НАЦИОНАЛНО НИВО (ПОЛИТИКИ И ТРЕНДОВИ) ....................................................................210**

8.1. Институционален развој (основна рамка на стратегијата) .........................210

8.2. Координирана имплементација на стратегијата ........................................211

8.3.Појдовни точки на националната стратегија во делот- недозволено снабдување со дрога………………………………………………………212

8.3.1. Основни пристапи и принципи ..........................................................212

8.3.2. Цели на стратегијата за дроги ..........................................................212

8.3.3. Оценување на ефикасноста на активностите ..................................213

8.4. Стратегиска програма во делот на работите на безбедносните структури ..........................................................................................214

8.4.1. Намалување на снабдувањето со дрога и улога на органите на прогонот во рамки на стратешките активности ............................214

8.4.1.1. Полициски активности и соработка со надлежни

државни органи ....................................................................214

8.4.1.2. Приоритетни цели и полиња на активност ..........................216

8.4.1.3. Интервенции против преусмерување на хемиски прекурзори...............................................................................218

8.4.1.4. Намалување на трговијата со дрога на мало......................219

8.4.1.5. Координирана борба против криминалот поврзан

со дрога .........................................................................220

8.4.1.6. Разбивање на финансиската структура на нарко-

бизнисите .......................................................................231

8.4.2. Меѓународна соработка .....................................................221

8.4.2.1.Имплементација на стратегиската програма преку формирање на интернационална политика .........................221

8.4.3. Мониторинг, размена на информации, анализа и

Истражување .....................................................................223

8.4.3.1. Компаративно следење и истражување на состојбите

со криминалот поврзан со дрога

(насоки и активности) .......................................................225

8.4.3.2. Развивање на информациски систем за следење на состојбите поврзани со дрога ...............................................226

8.4.3.3. Систем на прибирање на информации за цени и

чистота на  дрога   (состојби, применувани  постапки

и препораки) ........................................................................227

8.4.3.3.1. Развивање стратегија за брзо и ефикасно одредување на цена на дроги ............................229

8.4.3.3.2. Обезбедување примероци за одредување на цени на дрога ........................................................231

8.4.3.3.3.  Информатички систем и автоматска обработка

на податоци .........................................................232

8.4.3.4. Анализа на состојбите со расположивите капацитети

за   профилирање на дроги...................................................234

8.5.    Акционен план за борба против дрога ........................................................235

8.5.1.   Генерални пристапи ...........................................................................235

8.5.2.   Координација ..............................................................................................237

8.5.3.  Меѓународна соработка ...................................................................237

9.   ГЛОБАЛЕН  ПРЕГЛЕД  НА  ИСТРАЖУВАНИОТ  ПРОБЛЕМ  СО  ПРЕДЛОГ-МЕРКИ  ЗА  СТРАТЕШКИ ПОСТАПУВАЊА ВО БЕЗБЕДНОСНАТА   СФЕРА .............238

10. Заклучок ...........................................................................................................253
11. Библиографија ..................................................................................................259
12. Прилози

## ПРЕДГОВОР

Феноменот дрога претставува глобален, сериозен и комплексен светски проблем. Покрај бројните културни, социјални, економски и други разлики, луѓето низ светот имаат, повеќе или помалку, слични интереси а пристапот до различни информации им е речиси изедначен. Со тоа и дрогите стануваат подостапни. Посебно осетливи на негативните последици од употребата на дроги, се земјите со несигурни економски и слаби социјални институционални системи. Тука се и земјите во кои политичките настани, внатрешната нестабилност, внатрешните или регионални конфликти,

придонесуваат кон заслабнување на структурите на државната контрола. Со други зборови, проблемот дрога негативно влијае на социјалната инфраструктура.

Криминалните организации ја користат можноста што им се нуди со глобализацијата на пазарната економија и ги интензивираат своите активности, вклучувајќи го неовластеното производство и трговија со дроги, ги прават дрогите подостапни, посебно во општества каде што социјалната контрола е недоволна, и каде брзите промени во социоекономските системи се дополнителни фактори на ризик.

Наркокриминалот добива посебно значење од причини што тој е постојано присутен во последните десет години, та оттаму и потребата општеството да му се спротивстави со соодветни средства. Од друга страна, поради сé почестата застапеност и ширење на наркоманијата, може да се очекува оваа појава во наредните години да поприми пошироки димазии со уште потешки последици.

Производство на наркотични средства варира во зависност од географските и климатските услови. Кокатa во Америка, афионот во Азија, канабисот во Африка и во други делови на светот, илегално се култивираат. Исто така, многу други супстанции од кои се стекнува зависност имаат растително потекло. Од неодамна, синтетичките дроги, особено дрогите од амфетамински тип сé повеќе го завземаат нивното место на светскиот илегален пазар. Како резултат на тоа, се појавија нови трендови во трговијата со дрога и начини на нивна употреба. Според тоа, национален и меѓународен успех е можен само преку интегрирање и насочување на напорите во борба против дрогата и зависноста од дрога. Стратегиите и политиките на заедничко дејствување, се најзначајните алатки за борба против дрогата и наркокриминалот

Посебно за истакнување се три главни тематски области на кои треба да им се обрне исклучително внимание, а тоа се: *пазарот на дрога, криминалот поврзан со дрога и намалување на снабдувањето со дроги*. Препознатлива е силната поврзаност и преклопувања помеѓу овие области, што од гледна точка на практична ефикасност се покажало дека е корисно работата на ова поле да се интензивира во оваа насока. Тоа, од една страна подразбира, проучување на структурата и начинот на собирање на податоци и идентификување на бариерите на кои се наидува во практика како и изнаоѓање начини за нивно надминување, а од друга страна, истражување и проценување на новите пристапи и потенцијални опции на мониторинг.

Од стратешко значење е воспоставување на мрежа од експерти од практика и научни работници кои во иднина ќе ја конципираат и водат имплементацијата на европските индикатори за

снабдувањето со дрога. Со други зборови тоа значи дека, знаењата што се заснивaат на искуствата во врска со проблемот- снабдување со дрога, треба максимално да се искористат за целите на подобро дизајнирање и таргетирање на мерките за борба против производството и трговијата со дрога. Истражувањата и следењето на состојбите со дрогата имаат значајна улога во методолошките пристапи и разбирањето на проблемите во врска со снабдувањето со дрога. Индикаторите, треба да имаат квалитативни и квантитативни компоненти. При тоа, сложените модели може да помогнат во насока на развивање на разбирањето на проблемот; додека повеќекратната анализа на индикаторите е од суштинско значење за фокусирање на пазарите на дрога и за истражувањето на интеграцијата на информациите во врска со понудата и побарувачката на дрога. Како прво и основно, во секоја од овие области се јавува потребата од идентификување на тековната добра практика и надградување на веќе постоечкото, на принцип на рационалност и стандардизирање на современите пристапи. Исто така, постои потреба да се оди и подалеку од тоа, односно треба да се цели кон надополнување на постоечките сознанија преку развивање на иновативни пристапи, развивање на аналитичките потреби и воспоставување на приоритети во истражувањето. Крајната цел е сето ова заедно, да биде втемелено во планот за работа, со јасни краткорочни, среднорочни и долгорочни цели на мониторинг на секоја од трите погоре спомнати области- пазарите, криминалот и намалувањето на понудата.

Збирот на податоци за чистотата на дрогата, содржината на дрога во таблетирана или нетаблетирана форма и на цените на дрогата, се од суштинско значење за разбирање на наркопазарот. Тие треба да бидат предмет на ревизија, односно треба да се има практика на известување и разгледување на европско ниво. Сега е време да се постигне консензус за основните податоци и методолошки пристапи во оваа област преку развивање на стандарден инструмент прилагоден на различните скалила на наркопазарот (пазар на мало, пазар на големо и увоз). Ваквиот инструментот треба да содржи упатства за снимање на податоци и известување, како и за идентификување на соодветни аналитички прашања и пристапи.

Криминалот поврзан со дрога е голем и сложен проблем. Тоа се однесува на различните кривични дела кои тешко можат меѓусебно да се поврзат за да можат да се стават во една усогласена рамка. Со дефинирање на терминот "криминал поврзан со дрога" се обезбедуваат услови за поставување на концептуална рамка за идентификување на споменатите области, за кои е можно спроведување на мерења, но тоа треба да биде поставено на практична и реална основа. Исто така, треба да се овозможи нивно поврзување со други кривично правни податоци и рутински полициски извештаи.

Глобалната задача е поставување приоритети за следење и истражување на дрогата и криминалот поврзан со неа. Со други зборови, треба да се разреши врската помеѓу снабдувањето со дрога, организираниот криминал и криминалните жаришта, како на локално, така и на регионално и меѓународно ниво. Интра-европското производство на дроги е една од главните области што се подвргнати на мониторинг, каде развивањето на знаењата има суштинско значење. Исто така, разбирањето на економските прашања поврзани со недозволена трговија со дрога е подрачје што предизвикува загриженост. Кривичните дела во врска со дрогата се важна компонента во следењето на снабдувањето со дрога и се директен индикатор на активностите и приоритети во спроведувањето на законот

## Кратенки и акроними

----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**БКА -** Бундесцриминаламт –Федерална криминална полиција на Германија

**БНД** - Бундеснацхрицхтендиенст - Германската федерална разузнавачка служба

**ЦСИС -** Центарот за стратегиски и меѓународни студии

**ДЕА -** Друг Енфорцемент Агенцѕ – Агенција за спроведување на законот за контрола на дрога на САД

**ЕТА -** Басљуе Фатхерланд анд Либертѕ (ЕТА)

**ФАРЦ -** Револутионарѕ Армед Форцес оф Цоломбиа -Вооружени сили на Колумбија

**ЕМЦДДА**- Еуропеан Мониторинг Центре фор Друг анд Друг Аддицтион – Европскиот центар за следење на дроги и зависности од дрога,

**ЕУРОПОЛ -** Еуропеан лаљ енфорцемент агенцѕ

**ФБИ-** Федерал Буреау оф Инвестигатион – Федерално Биро за спроведување на истраги

**ИРА -** Ирисх Републицан Армѕ, Ирска Републиканска Армија

**ТХЦ -** тетрахѕдроцаннабинол тетрахидроканабинол

**УНАИДС -** Јоинт Унитед Натионс Программе он ХИВ/АИДС Заедничката програма на Обединетите Нации за ХИВ / СИДА

**УНОДЦ-** Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме Канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал

**ЊЦО -** Њорлд Цустомс Организатион, Светска царинска организација

**ЊДР -** Њорлд Друг Репорт Светски Извештај за Дрога

**ЊХО -** Њорлд Хеалтх Организатион Светската здравствена организација

## Преглед на графикони, слики и табели

-----------------------------------------------------------------------------------------------

**Преглед на графикони**

Графикон 1 Распределба на опасни криминалци според државјанство, фатени на територија на РМ....63

Графикон 2 Преземени мерки на кривичен прогон од страна на МВР (дистрибуција според државјанство) ...64

Графикон 3 Преземени мерки на кривичен прогон од страна на МВР (Дистрибуција според старосна структура) ..65

Графикон 4 Запленети количини (кг) на хероин во Р. Македонија ...113

Графикон 4а Заплени на хероин на територијата на Р.Македонија ..113

Графикон 5 Компаративен преглед на запленети количини (кг) хероин
во Македонија, Хрватска и Австрија за период 2002- 2009 . .114

Графикон 5а Запленети количини (кг) хероин во земјите на регионот Македонија, Косово, Црна Гора, Србија и БиХ, ..115

Графикон 6 Заплени на хероин во земјите на регионот, во 2008 и 2009 г.
(Македонија, Косово, Србија, БиХ и Црна Гора) ..115

Графикон 7 Заплени на кокаин на територијата на Р. Македонија...120

Графикон 8. Заплени на марихуана во Р. Македонија за период
2002-2011 ...124

Графикон 9. Запленети количини (гр.) на синтетски дроги во Р. Македонија
за период 2002-2010 ...127

Графикон 9а Заплени на синтетски дроги во Р. Македонија за период
2002-2011 ..128

Графикон 10 Компаративен преглед на запленети количини дрога од опиумски, кокаински и канабиноиден тип за период
2002 -2010 ...151

Графикон 11 Преглед-сооднос помеѓу затворски и условни казни,
по член 215 ...158

Графикон 12 Дистрибуција по место на живеење и пол ..163

Графикон 13 Распределба по возрасна категорија и пол на лица кои

користат дрога 164

Графикон 14 Процент на мажи наспроти процент на жени кои користат

дрога ...165

Графикон 15 Дистрибуција по пол и честота на користење на хероин....171

Графикон 16 Дистрибуција по град и начин на кој се набавува дрога ...174

Графикон17 Дрогата е потполно достапна-резултати од испитување, по градови 177

Графикон18 Дрогата е многу лесно достапна"резултати од испитувањето по градови 177

**Преглед на слики**

Слика 1 Главни правци на движење на транснационалниот организиран криминал
**(**Извор:УНОДЦ**)** 23

Слика 2 Криумчарски канали низ Балканот 42

Слика 3 Центри за логистика на криминални организации 46

Слика 4 Слободна хиерархиска група со силни внатрешни системи на дисциплина.
49

Слика 5 "Регионална хиерархија 49

Слика 6 Кластери": збир на криминални групи 50

Слика 7 "Основна група 50
Слика 8 Криминална мрежа" **:** лабава мрежа на поединци 51
Слика 9 Регионална хиерархија": хиерархиски структурирани групи 66
Слика 10 "Криминална мрежа" **:** лабава мрежа од криминалци-поединци 68
Слика 11 Трговија со хероин од Авганистан до Руската федерација и до Европа 79
Слика 12 Правци на движење на хероинот до Европските земји 80
Слика 13. Кокаин: производство и главни трговски рути 89
Слика 14 Гранки на Балканскиот пат на дрогата 95
Слика 16 Правци на движење на хероинот низ територија на Р. Македонија 110
Слика 17 Правци на движење на кокаинот низ територија на Македонија 119

Слика 18. Правци на движење на марихуаната низ територијата на Македонија 123
Слика 19 Влез на синтетски дроги на територијата на Р.Македонија 126
Слика 20 Одземени и запленети количини наркотична дрога по сектори при извршен личен преглед на сторители на кривични дела и корисници на дрога во однос на вкупно запленета дрога на територија на Р.Македонија во текот на 2011 г. 152

**Преглед на табели**

Табела 1 Рути на движење на хероинот и криумчарени количини 81
Табела 2 Запленети количини дрога во период 2006-2011 година 98
Табела 3 Прекинати криумчарски канали за дрога во период 2006-2011 г 99
Табела 4 Запленети количини (кг) хероин на територијата на Р. Македонија 112
Табела 5 Запленети количини (кг) хероин во земјите на регионот (Србија, Македонија, Косово, БиХ, Црна Гора 115
Табела 6 Заплени на кокаин во Република Македонија изразена во грами 120
Табела 7 Запленета количина (гр.) марихуана во Р.Македонија при прекин на криумчарски канали 123
Табела 8 Запленета количина синтетска дрога при прекин на криумчарски канали 127
Табела 9 Запленети количини (гр.) на синтетски дроги во Р. Македонија 127
Табела 10 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Битола 135
Табела 11 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Велес 137
Табела 12 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Куманово 138

Табела 13 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Штип 139

Табела 14 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Струмица 142
Табела 15 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР ТЕТОВО 143
Табела 16 Цена на дроги во денари на подрачје на СВР - ОХРИД 146

Табела 17 Запленета количина (кг.) дрога од природно потекло во период 2006-2011 година 151
Табела 18 Одземена и запленета наркотична дрога по сектори во текот на 2011 г. при извршен личен преглед на сторители на кривични дела и корисници на дрога 152

Табела 19 Фреквенција на заплени на дрога од природно и синтетско потекло во период 2007-2011година 153
Табела 20 Фреквенција на заплена на дроги од природно и синтетско потекло

во 2011 година 154

Табела 21 Регистрирани кривични дела по чл.215 и 216 од КЗ на РМ, и пријавени сторители од страна на МВР во период 2006-2011 155

Табела 22 Откриени кривични дела по чл. 215 и 216 од КЗ на РМ

во 2010 и 2011 година 156

Табела 23 Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2001-2010 година 156
Табела 24 Неовластено производство и пуштање во промет дроги, психотропни супстанции и прекурсори, чл. 215 (вкупен преглед на сите пресуди**)** 157
Табела 25 Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции , чл.216,( вкупен преглед на сите пресуди) 158
Табела 26 Дистрибуција по место на живеење и пол 162
Табела 27 Дистрибуција на испитаниците по возраст 163
Табела 28 Дистрибуција по пол и возрст 164
Табела 29 Дистрибуција по пол и образование 165
Табела 30 Дистрибуција по пол и време на користење на хероин 166
Табела 31 Дистрибуција по образование и време на користење на хероин 167
Табела 32 Цена на 1 гр. хероин 168
Табела 33 Цена на 1 гр. марихуана 168
Табела 34 Цена на 10мл метадон 168
Табела 35 Цена на 1 таблета метадон 169
Табела 36. Цена на 1 таблета амфетамин 169
Табела 37 Цена на 1 гр кокаин 169
Табела 38 Цена на 1 таблета екстази 170
Табела 39 Цена на 1 таблета ЛСД 170
Табела 40 Дистрибуција по пол и честота на користење на хероин 171
Табела 41 Дистрибуција по пол и честота на користење на марихуана 172
Табела 42 Дистрибуција по пол и најчест начин на користење на дрога 172
Табела 43 Дистрибуција по образование и најчест начин на користење на дрога 173
Табела 44 Дистрибуција по градови и најчест начин на користење на дрога 173
Табела 45 Дистрибуција по град и начин на кој се набавува дрога 174
Табела 46 Дистрибуција по возраст и начин на кој се набавува дрога 175
Табела 47 Дистрибуција по пол и место каде се подигнува дрогата 175
Табела 48 Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата 176
Табела 49 Дистрибуција по град и достапност до дрога 176
Табела 50 Дистрибуција на испитаниците по број на пријатели 178

# В О В Е Д[1]

Како последица на глобализацијата и отвореноста на границите, шверцот со недозволени супстанции кои создаваат зависност не е повеќе проблем на една земја, туку тој еволуира во регионален и меѓународен криминал. Зголемувањето на бројот на корисници и зависници од дрога, големата профитна маргина, терористичките акти и менувањето на политичката структура на светот, имаат директно влијание на производството на илегални супстанции кои создаваат зависност, а илегалната трговија прави од овие наркотични супстанции глобален проблем.

Нашиот модерен свет носи со себе многу можности, но за жал, носи и нови закани. Трговијата со дрога и трговијата со прекурзори, заедно со сродните проблеми како што се перењето пари и корупцијата, се сметаат како најспецифични. Задачата која се поставува пред Европската

---

[1] *Извадоци од материјалите презентирани на двете меѓународни конференции за борба против дрогата одржани во Охрид 2010 и 2011 г.*

заедница и нејзините земји-членки во врска со  дрогата е, обезбедување на фактички, објективни, веродостојни и споредливи информации.

Денес, движењата во трговијата со дрога во светот се карактеризираат со креативност, брзо прилагодување на промените на околностите, внесување на иновации во работењето. Криминалните нарко-организации наоѓаат начини да се прилагодат на заканите, а криумчарите на дрога сé повеќе перспективата на своето криминално работење ја гледаат во  глобалните приоди.

Гледано во светски рамки, Европа се смета за важен производител на дрога, Се покрива како домашниот  наркопазар, така и пазарите на дрога надвор од нејзините граници, особено кога станува збор за синтетичките дроги како што се амфетамин и екстази.

Исто така е констатирано значајно производство на канабис-дроги. Ситуацијата со канабисот, растението од кое се добиваат марихуаната и хашишот, е интересен пример за тоа како може да еволуира пазарот на дрога. Имено, се забележува преорјентација кон домашно одгледување на растението канабис, наспроти  традиционалниот увоз на канабис-смола. Голем број од земјите-членки на Европската Унија, пријавуваат внатрешно, локално производство на канабис-дроги. Очигледни предности имаат  производителите и снабдувачи на дрога што се во близина на илегалните пазари бидејќи се избегнува преминувањето на  надворешните граници. Колатерална штета за локалните заедници, засегнати со овој вид на производство е сé поприсутното насилство и вклученоста на организирани криминални банди во илегалниот бизнис. Од друга страна, поврзаноста на нарко-криминалот со други криминални активности е илустрирана со фактот дека некои луѓе кои работат на плантажите со канабис и локално тргуваат со канабис-дроги, можат и самите да бидат изложени на насилство или на други форми на злоупотреба. Произведениот канабис со висок потенцијал (голем процент на активна компонента ТХЦ), има изразени негативни импликации врз здравството. И покрај тоа што е евидентно зголемувањето на домашното производство, Европа се уште има побарувања на канабис-смола. Повеќето  канабис-смола за европскиот пазар, се произведува во Мароко, а во Европа влегува преку Пиринејскиот Полуостров. Иако локално, има заплени, не се очекуваат некои големи намалувања на оваа дрога на Европскиот пазар. Меѓутоа, има некои докази кои укажуваат на тоа дека инфраструктурата којашто е развиена за трговија со канабис, интензивно се користи за други дроги како што е на пример кокаинот. Тоа зборува дека треба да се има холистички пристап кон овие проблеми.

Сепак, овој пример има поширoки импликации. Имено, генерално гледано, треба да се земе предвид динамичката состојба долж наркорутите и таа на наркопазарите. Ова од една страна, значи дека сега со кокаин се тргува најчесто преку Северна Африка, користејќи ги патиштата на канабис-

дрогите, додека од друга страна, од извештаите, може да се констатира дека има зголемување на интеракцијата помеѓу операциите во врска со трговијата со хероин и кокаин. Во текот на последните неколку години, развојот на Европскиот пазар на кокаин донесе неколку неочекувани проблеми. На меѓународно ниво, со развивањето на нови патишта во трговија со дрога низ Западна Африка, создадена е додатна нестабилност, а корупцијата во регионот е зголемена. Од изнесеното може да се заклучи дека употребата на дрогата е извор на корупција и го поткопува социјалниот развој. Констатирани се нови начини на криумчарење на кокаинот. Тој се пренесува помешан со материјали од синтетичка природа, во храна или облека, а потоа се издвојува од матриксот во т.н. секундарни лаборатории за екстракција лоцирани ширум Европа. Овој вид на тргување претставува предизвик во напорите за спроведување на законот. Пазарот на кокаин продолжува да се развива и сега се добиваат извештаи за правци на тргување коишто ги покриваат подрачјата на Источна Африка, кои се користат за негово шверцување во Европа. Исто така, се известува и за големи заплени во Источна Европа, регион каде што до сега, употребата на кокаин беше многу ниска. Сите овие случувања покажуваат дека трговците со дрога бргу се прилагодуваат на успешните забрани и активно бараат нови рути и ранливи точки за влез во Европа.

Ако се осврнеме на употребата и достапноста на хероинот, се наметнува констатацијата дека оваа дрога во иднина ќе има помалку значајна улога гледано низ призмата на целокупноста на проблемите поврзани со дрога. Ефективната забрана не е единствената причина за тоа. Има импресивно инвестирање во мерките што се преземаат за намалување на побарувачката на оваа дрога. Конкретен пример во врска со намалувањето на побарувачката е недостатокот на оваа дрога регистриран во голем број европски земји во почетокот на 2010 година. Ваквата состојба директно се припишува на успешната соработка помеѓу полициските и царинските служби. Овој вид на активност, во комбинација со преземените мерки во и околу Авганистан, заедно со сеопфатната стратегија за намалување на побарувачката на оваа дрога во Европа, позитивно влијае на севкупниот проблем во врска со дрогата..

Сé поприсутен проблем на европските и меѓународните наркопазари се синтетичките супстанции. Со голема сигурност се тврди дека Европа е најголемиот нелегален производител на амфетамин во светот. Големи количини се извезуваат во долгогодишните потрошувачки илегални пазари на Блискиот Исток и Арапскиот полуостров, каде оваа дрога се продава во форма на каптагон таблети. Од разузнавачките активности насочени кон таргетирање на прекурзорите, хемикалии што се користат во производството на екстази, се дознава дека тие имаат големо влијание врз достапноста на оваа дрога на европскиот пазар. Сепак, сé до денес, има многу неодговорени прашања во врска со нелегалната трговија со овие контролирани супстанци, која го

поткопува постигнатиот напредок во оваа сфера.. Ако се направи еден ретроспективен осврт на производството на овие синтетички дроги во Европа, ќе се дојде до заклучок дека нелегалната трговија не се однесува само на хемиските прекурзори, туку и на илегалниот увоз на неконтролирани хемиски супстанции кои лесно може да се конвертираат во прекурзори откако ќе се внесат во Европа.

Во многу случаи запленитe на дрога се резултат на ефикасната работа на националните служби за спроведување на законот, но исто така, бројни заплени се реализираат и како резултат на меѓусебната соработката на европските земји. "Европскиот пакт за борба против меѓународниот шверц со дрога" е уште една ветувачка иницијатива која треба да овозможи подобра размена на информации и соработка меѓу европските тела за спроведување на законот, а за целите на спречување на трговијата со дрога. При тоа, не е важно само тоа што активностите се координираат на меѓународно ниво. Исто така од значење се напорите за поблиски и покоординирани работни практики развивани од страна на царината, граничната контрола и полициските служби.

Во нашава земја сеуште нема драстичен скок по однос на распространетоста и злоупотребата на наркотичните дроги како што е тоа на пример случај со некои држави на Запад, иако секоја година се регистрираат сé поголем број нови зависници. Сепак , под влијание на одредени движења и промени во светот треба што поскоро да му се обрне поголемо внимание на овој проблем, а во некои сфери да му се даде и приоритетно значење.

Експанзијата на дрогата во Р. Македонија со тенденција на понатамошен континуиран раст, порастот на бројот на корисници на дрога, големата понуда која се должи на повеќегодишната светска хиперпродукција, особено на дрогите од опиумски и канабиноиден тип кои се присутни и на македонскиот наркопазар, се факти кои доволно зборуваат за оправданоста од продолжување со истражувањето во оваа сфера. Во една таква состојба на постоење на расчекор, дојде до сериозни нарушувања на картата на криминалитетот каде како криминогени форми се јавуваат: недозволената трговија и криумчарењето на дрога, злоупотребата на дрога и други криминални активности поврзани со неа. Во попречувањето на недозволената трговија со наркотични дроги, кај нас досега се постигнуваат одредени забележителни резултати, меѓутоа имајќи го предвид безбедносниот и меѓународниот карактер на овој криминалитет, односно појавата на сé посложени форми на трговија со дрога, нејзиното организирано транспортирање преку нашата земја, зголеменото присуство на истата на илегалниот пазар и тенденцијата и можностите за манифестирање на наркоманијата во поголеми размери и со потешки последици, безрезервно се налага потребата од обезбедување организираност на повисок степен и повисок степен на ефикасност во откривањето и поречувањето на оваа негативна појава на наше поднебје. Дрогата и

нејзината злоупотреба, за нас треба да претставува предмет од посебен интерес и од причини што нашата земја претставува транзитно подрачје низ кое поминуваат криумчарските канали од земјите од Југоисточна и Централна Азија, Средниот и Блискиот Исток, кон земјите на Западна Европа како најголеми потрошувачи речиси на сите видови опојни  дроги. Во недозволената трговија со дрога на наше подрачје најзастапен  од дрогите од опиумски тип е хероинот., Евидентирани се и повеќе случаи на невластено садење и одгледување на канабис. Меѓутоа, Македонија, иако инцидентно се јавува како потрошувачко подрачје во случаи кога се работи за дроги од канабиноидно потекло кои се сметаат за основни дроги во шверцот.

ГЛАВА-1

# ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

# КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

## 3. ТЕОРЕТСКО-МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП КОН ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

### 3.1. Појдовни основи и научна оправданост на трудот

Битно обележје на денешницата претставува големата конфликтност предизвикана од многубројните противречности кои постојат и се развиваат во одредени услови на општествениот развиток. Ваквите противречности од различна природа предизвикуваат одредени негативни состојби во сите области на организираното живеење (политиката, економијата, технологијата, културата итн.)

Организираните форми на криминалитет каде во хиерархијата, организираниот наркокриминал ги зафаќа челните места, денес во светот прави обрт од 3000 милијарди долари годишно. Ваквиот податок доволно зборува за мотивот на бројните криминални групи и организации (наркомафија) да работат во правец на непречено одвивање на нарко-бизнисот.

Криминалните организации имаат софистициран пристап и се флексибилни во нивното работење. Тие се адаптираат брзо, изнаоѓаат нови методи за шверц на дрога, нови дестинации за складирање, претоварање и транспорт на дрогата, како и нови механизми за перење пари. Трговците со дрога се здобија со значајна моќ и богатство преку употреба на насилство, заплашување и корупција.

Од друга страна, злоупотребата на дрогата за постигнување на политички, економски и воени цели од страна на криминалните елити како и финансирањето на тероризмот, укажува на криминалната повеќе димензионалност на тој што ја поседува дрогата. Злоупотребата на дрогата како сложена појава која е генерирана од бројни криминогени фактори, со што се потврдува теоријата на мултикаузалитет, истовремено претставува криминоген фактор за појава на други

облици на криминал. Поконкретно, недозволената трговија со наркотични droги и нивното криумчарење, по сите нејзини обележја и карактеристики (обем, динамика, начин на извршување, перфидноста на методите што ги применуваат сторителите) претставува деликт со висок степен на организираност.

Меѓународната трговија со дрога се карактеризира со софистицирана мрежа на соработници, добавувачи, компании и бизниси за да се олесни шверцот со наркотици, но и перењето на пари од нелегалните приноси. Зголемувањето на моќта и влијанието на криминалните организации во политичките и економските структури, слабите финансиски регулаторни системи, корупцијата, се клучни фактори кои ги прават некои земји особено привлечни за меѓународните криминални организации, дури до степен да предизвика некои земји да станат "рај", каде што криминалците можат да работат со виртуелна неказнивост. Криминалните групи ги користат овие земји како стоп или транзит области за придвижување на недозволени стоки - особено дрога, оружје, емигранти, но и за вложување на пари од своите незаконски приходи. Тие исто така ги користат финансиските можности и комерцијалниот сектор на овие земји да се организира нелегално финансирање на криминални активности и да се реализираат забранети трансакции, вклучувајќи ги и материјалните добра и технологиите од интерес на државите

Ефикасното сузбивање на овој вид криминалитет наметнува потреба од  уште повисок степен на организирано реагирање на секое општество, односно на меѓународната заедница воопшто. Сето ова налага најразлични начини на меѓународна соработка. Во меѓународни рамки постои големо ангажирање на бројни институции и организации (ДЕА, ЊХО, ИНТЕРПОЛ, УНДЦП и др.) кои се вклучени во борбата против недозволената трговија на дрога, особено кога се знае за поврзаноста на овие криминогени појави со организираниот криминал.

Еден од проблемите кои ги посочува геоекономијата и геополитиката на дрогата во глобални размери е тесно поврзан со недостигот од усогласеност меѓу локалните, националните и меѓународните регулаторни тела и нивоа (просторни и привремени) на економските, социјалните и политичките активности. Деведесеттите години од минатиот век беа карактеристични по напливот на активности кои се однесуваа на трговијата со нелегални дроги. Во овој период, производството и дистрибуцијата на нелегалните дроги главно беа преземени од поголемите криминални организации, од кои некои имаа значајна улога во развојот на пазарите, а контролираа и големи сектори од трговијата со дрога. Денес, за трговијата со дрога не постојат националности и граници.

Проблемот на дрогата е еден од факторите во процесот на пренасочување на меѓународните односи, заедно со кризата на идентитетот и демографските, културните и економските

транснационални текови. Тоа е нова област на конфликт и на преговори на меѓународната сцена, а со тоа и во процесот на глобализација. На пазарот на дрога, интервенцијата на службите игра клучна улога во регулирањето на односот меѓу побарувачката и снабдувањето. Од значење е да се добие подобро разбирање на овие механизми и нивните економски и социјални последици во смисла на тоа дека овој дел е главно затскриен и недоволно истражен. Еден од водечките фактори кој стоеше зад овие трансформации е експлозијата во производството на сите видови дрога во секој регион од светот (примерот со коката, афионот, канабисот, синтетичките droги). Најпрофитабилните пазари за кока и опијати сеуште се наоѓаат во САД и Западна Европа, додека потрошувачката се шири многу побрзо, особено на новите бизнис-пазари во Источна Европа, но и во голем број од земјите во развој.

Производството и дистрибуцијата на дрога, денес претставуваат значителен извор на приходи. Приходот од дрога може да помогне да се изедначи буџетскиот дефицит или пак да се збогатат индивидуални членови на популациските групи, компании, па дури и земји; тој има големи реперкусии и на најновата финансиска криза. Дрогата исто така вклучува криминални организации, економски маргинализирани групи, дилери од понизок ранг, но и некои интегрирани сектори на општеството.

Појавните форми на наркокриминал како посебно опасна општествена појава, во континуитет ја наметнуваат потребата од нејзино научно истражување со што се создаваат услови за воведување нови приоди, преку примена на современи методи, техники и средства за спречување на нивното ширење.

Експанзијата на злоупотребата на дрогата во Р. Македонија со тенденција на понатамошен континуиран раст, порастот на бројот на корисници на дрога, големата понуда која се должи на повеќегодишната светска хиперпродукција, особено на дрогите од природно потекло кои доминираат и на македонскиот нарко-пазар, се факти кои доволно зборуваат за оправданоста од продолжување со истражување на појавните форми на наркокриминал во Р. Македонија. Причините за ваквата состојба во основа треба да се бараат во промената на општествениот систем низ транзицискиот период и воведувањето на демократската концепција, но и во нескладноста помеѓу целите и вредностите. Во една таква состојба на постоење на расчекор, дојде до сериозни нарушувања на картата на криминалитетот каде како криминогени форми се јавуваат, недозволената трговија и криумчарењето на дрога и нејзината злоупотреба, како и други криминални дејствија поврзани со неа.

Од друга страна, карактеристичната географска положба на Македонија од поодамна чини таа да е крстопат на дрогата. Таа претставува природна врска меѓу земјите од Блискиот и Средниот Исток со земјите од Западна Европа и Скандинавските земји, каде што се наоѓаат и главните потрошувачки центри на дрога. Природните видови дрога што се криумчарат на оваа релација, каде нашата земја се јавува како транзитно подрачје преку кое дејствуваат организирани групи на меѓународни криумчари и поединци, оставаат траги особено во поголемите градски центри и погранични градови. Криумчарите го проучуваат пазарот, организираат илегални канали за префрлање на дрогата, го проучуваат системот на работа на полицијата на државите каде што се наоѓа пазарот или каде што транзитира дрогата, како и можностите за негово префрлање од една на друга територија. Начинот на организирањето и прикривањето на дрогата, структурата на сторителите, префрлањето на дрогата преку повеќе национални граници, се обележја кои го карактеризираат современиот високо организиран шверц. Тоа се главните причини во изминативе 10-тина години буквално нашата држава да е преплавена со дрога.

Поаѓајќи од суштината на предметот на истражување дефиниран со насловот на темата, може да се согледа дека не е тоа само криминалистичко-правна, туку и општествено-економска форма, затоа што во основата на кривичното дело- неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанции, стои општествено-економската реалност како што беше претходно споменато. Според тоа, при дефинирањето на наркокриминалитетот и злоупотребата на дрогата, како појавни форми кои датираат од поодамна, битно е да се има предвид општествената условеност и законитостите на појавување во дадени услови.

Така, злоупотребата на дрогата, како појава во правна смисла, постои само ако стореното дејствие е спротивно на законот. Законодавецот во Р. Македонија следејќи ги светските трендови во областа на кривично процесното законодавство и спроведувањето на истрагите поврзани со недозволената трговија и шверц на дрога, како и нејзиното неовластено производство и растурање, презема значајни чекори во правец на доаѓање до решенија кои значат имплементација на одредбите од ратификуваните меѓународноправни документи во врска со оваа проблематика.

Имајќи ги предвид согледувањата во врска со сé позачестеното присуство кај нас на недозволената трговија со droги, како и проценките за продолжување на трендот на растење на наркокриминалот и злоупотребата на дрога, потребни се континуирани активности и широка акција за борба против криминогените активности кои произлегуваат од нив, како и поефикасно откривање на лицата инволвирани во меѓународни криминални организации. Во градењето на превентивната и репресивната стратегија не треба да се занемари фактот дека наркоманијата е тесно поврзана со овој вид на криминалитет. Таа може да биде посредна (голем број зависници од дрога кои потекнуваат

од криминални средини се склони кон криминално однесување уште пред да станат зависници) и непосредна (зависниците вршат кривични дела под дејство на дрога, но и за да дојдат до неа).

Со зголемувањето на научните сознанија во врска со дрогата и нејзината злоупотреба, треба да еволуира и системот на општествените мерки на репресија, контрола и превенција кои доаѓаат до израз на национален и на меѓународен план.

Оправданоста на трудот се огледа во неколку сегмента и тоа:

1. Добиените резултати и обработените соджини од спроведеното истражување, соодветно класифицирани и систематизирани, ќе претставуваат концентриран извор на научни сознанија кои во комбинација со моиоте лични искуства, ќе бидат корисни за поширок круг на институции (судовите, јавните обвинителства, органите за внатрешни работи, царината, финансиската полиција и други институции)
2. Трудот, особено ќе биде значаен за категоријата на раководни лица на институции кои се бават со проблематиката во врска со дрогата и наркокриминалот.
3. Добиените резултати од спроведените истражувања ќе бидат корисни и употребливи за експертите и креаторите на стратешката политика за борба против злоупотреба на дрогата (снабдувањето со дрога и побарувачката на дрога).
4. Трудот ќе содржи развојна компонента. Развојната компонента ќе се однесува на предвидување на одредени организациски елементи кои се предуслов за ефикасно функционирање на службите кои во своето работење ја покриваат проблематиката во врска со дрогата. Исто така, развојниот аспект ќе биде застапен и низ потенцирањето на потребата од воведување и имплементирање на конкретни информатичко технолошки и други напредни решенија во одредени сфери кои ја покриваат областа на организираниот наркокриминал.
5. Трудот ќе содржи стратешка компонента. Истата ќе биде застапена преку давање на идни проекции за воведување на квалитетни решенија врзани со функционирањето на службите задолжени за имплементација на стратегијата за борба против дрогата на национално ниво.
6. Трудот ќе даде одговор на едно круцијално прашање, а тоа е, детерминирање на факторите кои влијаат и од кои зависи квалитетот на стратешките оперативни зафати и

вреднување на резултатите како последна фаза на стратегијата за борба против илегалната трговија со droги и наркокриминалот воопшто.

## 3.2. Предмет и цели на истражувањето

Истражувањето е насочено кон проучување на појавните форми на наркокриминалот во Р. Македонија, како посебно опасна општествена појава, односно поконкретно, кон идентификување на факторите кои имаат влијание врз обемот и динамиката на неговото ширење, а со цел, поефикасно стратешко планирање на превенцијата и откривањето на криминалот со дрога.

### 3.2.1. Предмет на истражување

Феноменот дрога е истражуван од повеќе аспекти (криминолошки, социјален, медицински итн.), меѓутоа, проблемот во врска со наркокриминалот и неговите појавни форми, почнувајќи од илегалното производство на дрога, па сé до начините на нејзина дистрибуција до крајниот корисник не е целосно обработен. Поточно, не е направена научна синтеза за обемот и движењето на криминалот со дрога од каде би произлегле одговорите на поголемиот број прашања во врска со неа и нејзиното влијание. Тенденциите на пораст на обемот на откриениот криминал со дрога, цените на дрогата на пазарот во Западна Европа, како и на македонскиот пазар, наведуваат на сериозно размислување за обемот на криминалните приноси што се стекнуваат од нелегалната трговија со дрога. Криминалните групи и поединци кои се занимаваат со ваков вид криминал настојуваат да ги сочуваат стекнатите добивки за да ги продолжат криминалните активности или истите да ги вградат во легалната економија.

Со други зборови, предмет на истражување ќе биде: *развивање на стратегија за следење на состојбите со наркокриминалот во Р. Македонија, структурата и начинот на дејствување на организираните криминални нарко-групи, појавните облици на криминално однесување кои по својата форма, содржина и елементи на изразување имаат белег на организиран криминал како и исполнетоста на критериумите за криминална организираност.*

За тоа ќе биде применет понов истражувачки инструментариум со што се очекува да се реши поставениот проблем дефиниран со работниот наслов. Со други зборови, се мисли на воведување на стандардизиран систем на стратегиско дејствување и начини на негова теоретска и практична интерпретација.

### 3.2.2. Цели на истражување.

1. Со ова истражување, односно преку компарирање на емпириските истражувања, ќе се опфати научно-теоретската компонента која треба да даде појаснување на феноменот-наркокриминал. Се очекува дека со тоа ќе се прошират и збогатат сознанијата за причините за појавата и интензитетот на криминогените активности поврзани со дрогата. Со обработка на добиените емпириски податоци и нивната анализа, ќе се добијат прецизни и точни претстави за карактеристиките на дрогата која гравитира на наше поднебје, што е услов за понатамошно превентивно дејствување.

2. Во рамки на методолошките барања, проблемот е препознатлив и има глобално значење, што е појдовен елемент за едно научно истражување. Современиот тренд на интердисциплинарно проучување на овој феномен подразбира опфаќање на проблемот - недозволена трговија и криумчарење на дрога и нејзино неовластено производство и пуштање во промет. Имено, преку проучување на карактеристиките на дрогите кои гравитираат на наше подрачје, ќе се диференцираат развојните форми на наркокриминал кај нас, односно ќе се обработат одредени специфични состојби кои индиректно влијаат на начинот на извршување на горе споменатите кривични дела. Образложението што се дава во врска со тоа е поткрепено со фактот дека кривичното право поради неможноста да ги инкриминира сите аспекти во врска со истражуваниот проблем, се ограничува на инкриминирање на производството и пуштањето во промет на наркотичните дроги и психотропните супстанции. Со други зборови, истражувањето на состојбите во врска со предметниот проблем ќе се насочи, кон кривичните дела- нелегално производство и преработка, продавање и нудење за продажба, купување, пренесување и посредување во продажба. При тоа, ќе се обрне внимание на посебните истражни мерки кои ги определува законодавецот, меѓу кои, покрај класичните, ќе бидат опфатени  како позначајни, следењето на комуникациите и пребарувањето на компјутерските системи со цел да се дефинираат одредени криминалистички приоди прифатливи за оперативно работење.

Резултатите од ваквите истражувања треба да дадат понатамошни смерници во поставување на модел на стандардизирана стратегија на следење и на менаџирање на перманентни и координирани акции против наркокриминалот во РМ.

3. Уште при самото конципирање на проблемот, се наметна прашањето, дали во Р. Македонија има организирани форми на наркокриминал и доколку е тоа така, каков е обемот и неговата раширеност. За да се одговори на ова прашање, како задача во ова истражување се постави одредувањето на профилот на дејствување на нарко криминалните групи од Република Македонија кои се појавија, дејствуваат и се активни како во нашата земја, така и во земјите од Европската Унија, особено Германија, Австрија, Италија, Швајцарија.

Преку осознавање на начините на нивно дејствување и примената од нивна страна, на нови софистицирани технологии во комуникацијата (интернет; фацебоок; сателитски навигационен систем (ГПС-Глобал Поситионинг Csстем) - уред кој ја користи технологијата за одредување на посакувана локација, односно користење на интернет мапи, како еден нов модус операнди во трговијата со дрога; примена на т.н.„бартер" аранжмани за размена на дрога) ќе се цели кон предлагање на мерки и активности за продлабочување на дејствувањата на полициските служби на регионално и меѓународно ниво.

Добиените сознанија ќе бидат од значење за обезбедување на повисоко ниво на безбедност, преку преземање на акции против нелегалното производство, прекуграничната трговија со дрога и пренасочувањето на прекурзорите. Тоа воедно ќе помогне и во интензивирањето на превентивните мерки против криминалот поврзан со дрога, преку воспоставување на ефективна соработка и заеднички координиран пристап за намалување на сите форми на организиран криминал, особено, недозволената трговија со дрога.

Досега се давани најразлични одговори зависно од приодите кон овој проблем. Со оглед на фактот дека станува збор за недоволно истражена материја, целта е, да се идентификуваат, карактеризираат и објаснат детерминантите и да се развие анализа на карактеристиките на организираните криминални групи, нивните активности ширум светот, најновите трендови особено во трговијата со дрога и да се предложат контрамерки за ефикасна борба на национално и меѓународно ниво

5. Досегашниот начин на регистрирање на криминогените активности во врска со дрогата создаваше една своевидна статистичка бркотница (едно исто кривично дело или негов сторител да бидат внесени во повеќе евиденции врз основа на различни критериуми). Во прилог на ваквата

констатација е и фактот дека не постојат сигурни податоци за бројот на корисници на дрога во РМ кон кој број се приклучува и категоријата на дилери-корисници. Ваквата состојба ја потенцира оправданоста за покренување на едно вакво истражување, со ставање акцент на дрогите кои се процентуално најзастапени на ова подрачје. Разбирливо е дека ваквите одговори претходно бараат добро конципирање на хипотезите кои ќе треба да дадат смерници во истражувањето. Тоа понатаму, преку компаративни проследувања на меѓународните и националните стандарди, ќе придонесе во разјаснувањето на прашањата во врска со последиците од недозволената трговија со дроги, како и за ефикасноста на постојните мерки за спречување на овој криминал кај нас.

Меѓутоа, за да се постигне ваква ефикасност, треба да се гледа и низ призмата на усогласеност со меѓународните правни акти и спогодби чиј потписник е и Р.Македонија. Тоа пред сé се однесува на усогласеноста на внатрешните прописи со трите конвенции на ОН (Единствената конвенција на ОН за наркотични дроги (1961), ОН Конвенцијата за психотропни супстанции (1971) и ОН Конвенцијата против нелегална трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции (1988). Преку компаративна статистичка обработка на податоците ќе се дојде до понови сознанија за состојбите во врска со наркокриминалот кај нас.

Од изнесеното произлегува генералниот заклучок дека, овој труд треба да даде научна дескрипција на проблемот во врска со наркокриминалот и злоупотребата на дрогата преку анализа на причините за настанатите криминални дејанија поврзани со истата.

6. Како производ на докторскиот труд, ќе бидат предложени стратешки мерки и оперативни инструменти, како и насоки за координирано работење против организираниот криминал, во рамки на актуелната "Национална стратегија за дроги на РМ, 2006-2012" и акциониот план, со фокусирање кон проблемот- намалување на снабдувањето со дрога. Со други зборови, финално очекување на трудот е да даде смерници за мерливо подобрување на ефективноста, ефикасноста и знаењето, во спроведување на интервенции и координирани активности од страна на нашите полициски служби, во земјата и во регионот.

Движејќи се во рамките на методолошките барања, обработуваниот проблем реално постои, тој е препознатлив, што е услов за научно истражување чија цел е потврдување или негирање на поставените претпоставки. Во таа смисла се очекува дека, преку обработката на резултатите ќе се дојде до адекватна научна дескрипција на проблемот што е предмет на истражување.

Претпоставка е дека, феноменот- наркокриминал е криминогена појава која во секое време и во секоја средина е општествено условена, а нејзината основна карактеристика во национални рамки, е континуираниот пораст којшто последниве години бележи препознатлива развојна форма во смисла на нагласена орјентација кон перманентно менување, прилагодување и организирање. Случувањата на различни територијални простори и во различно време, треба да дадат потврдување на ваквата претпоставка.

Со други зборови, насочувањето на истражувањето кон добивање на релевантни, објективни и применливи емпириски податоци е во комплементарна врска со хипотезите кои произлегуваат од предмет и целите на овој труд.

## 3.3. Хипотези

1.3.1.Генерална хипотеза. Успешната борба против наркокриминалот како на репресивен така и на превентивен план, зависи од постоењето на национална стратегија за борба против ова зло, што е поврзано со развивање на соодветен систем на општествено дејствување, каде улогата на органите за внатрешни работи има посебно значење.

(*Наркокриминалот во РМ зема сé пошироки размери, а злоупотребата на дрогата е помасовна. Постои еквивалентен сооднос помеѓу генераторите кои произлегуваат од општествените и социјалните фактори и поводите што доведуваат до овие криминогени појави*)

### 1.3.2. Помошни хипотези

**ХИПОТЕЗА-1($X_1$)**. Република Македонија е подготвена да одговори на новите предизвици во трговијата со дрога каде традиционалниот имиџ на криминални групи кои се високо структуирани,

хиерархиски поставени, сé повеќе не одговара на состојбите на терен (Хипотезата се базира на обсервации на ЕУРОПОЛ[2]-Експанзија на Западен Балкан како транзитен и логистички центар)

*Подхипотеза(1.1.)* Постои здружување помегу италијанските и албанските криминални групи и отфрлање на ривалството. Иако Италија е поблиску до Албанија, постои поголема сличност во структурата и начинот на дејствување помеѓу албанските и руските криминални структури отколку со италијанската мафија. Турските и албанските криминални групи остануваат како најпознати во трговијата со хероин во рамки на ЕУ.

*Подхипотеза*(1.2.) Постои диверзификација на нарко-криминалните операции.

**ХИПОТЕЗА-2($X_2$)**. Дистрибуцијата на дрога на домашниот илегален пазар е условена од побарувачката на дрога или транзитирањето на дрогата го диктира видот и количината на побаруваната дрога .

*Потхипотеза 2.1*. Дали два типа на droги со различен ефект можат да станат подеднакво популарни во одредена средина и во одредено време и кои се причините за тоа.

*Потхипотеза*(2.2.) Предностите кои ги пружа интернетот и информатичката технологија се од голема корист за размена на информации и комуникации помеѓу криминалните структури, а особено за давање на подршка, регрутирање на нови членови, склучување на договори. Е-маил, интернет, Фацебоок и брзите пораки даваат нови можности, брза комуникација и во комбинација со вештини за шифрирање пружаат големи предности и висока безбедност за чување на податоците и нивна размена.

*Потхипотеза (2.3*.) Во Република Македонија има злоупотреба на дрога подеднакво како кај претставниците на машкиот, така и кај женскиот пол

*Потхипотеза(2.4.)* Поголемиот број на наркозависници во Република Македонија се припадници на машкиот пол.

**ХИПОТЕЗА-3($X_3$)**. Карактеризацијата на дрогата и профилирањето на нејзината чистота претставува значајна научна алатка за подршка на полициските операции. Како модел за следење на илегалната трговија и дистрибуцијата на дрога, има тактичка (доказна) и стратешка (разузнавачка) вредност

---

[2] EUROPOL, EU Organised crime threat assessment octa 2011,02-Analysis&Knowledge, The Hague, 28/04/11, File no. 2530-274

## 3.4. Методи на истражување

Методолошкиот пристап подразбира обработка на предметот на истражување од теоретски и емпириски аспект.

Теоретскиот пристап кон истражувањето подразбира примена на дескриптивниот метод и аналитичко-системскиот метод како главни методи и на историскиот, компаративниот и јуридистичкиот метод како помошни методи.

Емпирискиот дел на истражувањето ќе се реализира по пат на собирање и обработка на податоците, а за тоа ќе се користат помошните методи: набљудување, анализа на содржина и компарација, како и монографскиот и статистичкиот метод.

*Методот на набљудување* ќе се користи за собирање на податоци од Основните судови во Република Македонија; полициските досијеа- при тоа ќе се земат предвид резултатите и сознанијата добиени од оперативно-истражната работа на полицијата; Центарот за следење на дроги и зависности од дрога како референтен центар на ЕМЦДДА (Европски центар за следење на дроги и зависности од дрога,Лисабон, Португалија); Управата за извршување на санкции; Институтот за судска медицина;

*Методот на анализа на содржина* ќе се користи за компилација на информации од различни податоци од поширок карактер значајни за следење на глобалната ситуација и глобалните иницијативи во врска со наркокриминалот.

*Компаративниот метод* ќе се користи за издвојување на одредени специфики, разлики и врски помеѓу македонската стратегија за борба против дрогата и стратегијата на Европската Унија, а во врска со криминогените појави што се предмет на истражување.

*Монографскиот метод* ќе биде употребен за да се обработи истражуваниот проблем гледано од аспект на условите и причините за негово појавување и развивање.

*Статистичкиот метод* ќе се користи како показател за актуелните состојби со дрогата врз база на добиените податоци од МВР на Република Македонија и Царинската управа, за проценка на понатамошниот развој на одредени специфични ситуации во врска со неа и како платформа за

зајакнување на националната стратегија за борба против дрогата. Ќе биде применет како научна постапка за предвидување на структуралните промени на начините на извршување на кривичните дела поврзани со дрогата, ќе овозможи да се опише дистрибуцијата на криминогената појава како и врската помеѓу информациите за реално присутните процеси во дадено време и место. Статистичкиот опис на појавата всушност претставува платформа за водење на одредена криминална политика, како и инструмент за испитување на резултатите од таквата политика.

*Извори на податоци*

Како извори на податоци за теоретска елаборација и емпириска експликација за спроведеното истражување беа користени:

1. Теоретски фонд (литературата кој е цитирана во референтната листа, како и литература која е консултирана дополнително во тек на изработката на трудот
2. Резултати од истражувања од научни и други релевантни институции,
3. Анализи, материјали и податоци од одржани две меѓународни конференции на експерти кои работат на полето на дрога во организација на МВР на Република Македонија и ДИЦАФ
4. Евиденции и други показатели што се водат во официјални/државни институции за период од шест години (2006-2011 година):

Министерството за внатрешни работи е една од институциите од каде ќе бидат превземени одредени статистички показатели. Податоците кои ќе бидат презентирани ќе бидат земени од службените статистики на МВР на РМ, и тоа:

- Сектор за аналитика, истражување и документирање (годишни и месечни статистики)
- Оддел за криминалистичка техника-писмена евиденција во доставна книга, интерна евиденција во електронска форма (специјално дизајниран софтверски пакет во системот Лотус Нотес кој опслужувадокументно ориентирана база на податоци) и ЛИМС (Лабораторѕ Информатион Манагемент Сѕстем-професионален софтвер за раководење на лабораториски информации од областа на форензиката)

- Сектор за финансиски, материјално-технички и логистички работи, Одделение за логистика[3]

Основните судови се следни институции од каде се прибирани одредени статистички податоци кои се однесуваат на предметот на истражување, и тоа од Архивот на нивното кривично одделение.

5. Лична анализа

## 1.5. Методологија и истражувачки инструменти

### 1.5.1. Методологија на истражување.

Процесот на анализа на истражуваниот проблем ќе се одвива низ фаза на прибирање и фузионирање на сите добиени информации во рамки на полициското работење и пошироко, со што ќе се создадат услови за координирано и плански организирано истражување кое понатаму треба да претставува основа за поставување на рационална стратегија применлива во практичното работење. Тоа подразбира пред сî, користење на полициската статистика при што ќе се земат предвид откриените и разјаснети кривични дела во врска со дрогата и нејзината злоупотреба.

Преку анализа на појавните форми на наркокриминалитетот и на злоупотребата на дрога во РМ, и преку синтеза на општите аргументи, претпоставка е дека ќе се создадат услови за сочинување на концепт за одредени законитости во работењето и правила на постапување. Со други зборови, анализата ќе овозможи осознавање на меѓузависноста на појавните форми поврзани со дрогата, а преку обработка на добиените податоци и нивната проценка, ќе се даде прогноза за идната можна динамика на развој на овие криминогени појави. Поучени од искуството на другите земји кои од поодамна се судираат со криминалот поврзан со дрога, а за целите на воведување на ефикасен модел на стратешко постапување, во текот на емпириските истражувања ќе се користи

[3] Регистрирањето и евидентирањето на податоците се врши врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002 и 82/2008), а во врска со член 29 од Уредбата за канцелариско и архивско работење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/96) и Упатството за начинот и техниката на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење ("Службен весник на Република Македонија бр. 60/97)

како логистичка подршка, постоечкиот информациски систем за дрога. Ваквиот систем, треба да обезбеди информации за типовите на користените droги и за карактеристиките на корисниците.

### 1.5.2. Истражувачки инструменти.

Ако се појде од фактот дека анализата се наоѓа во центарот на процесот на развивање на стратегија, тогаш инструментите на истражувачката анализа овозможуваат информациите да се гледаат на најразновидни начини. По однос на конкретниот проблем што е предмет на обработка, ќе се појде од истражување на оние прашања, односно проблеми кои произлегуваат од фактичката состојба со наркокриминалот во Р. Македонија. Според тоа, истражувачките инструменти кои ќе се применат во тек на анализата, ќе се користат за добивање на клучни наоди, за артикулирање на опциите и за одлучување на нивото на приоритетите во однос на различни прашања во врска со криминалот со дрога. Постојат голем број разновидни инструменти во истражувачката анализа кои можат да се користат во зависност од ситуацијата и од поставениот проблем за решавање.

Селекцијата на истражувачките инструменти за предметното истражување е така направена, тие да можат меѓусебно да се надополнуваат и да можат да се користат во меѓусебна врска, со цел, одредени прашања што ќе бидат поставени во тек на истражувањето, сеопфатно да се истражат. Со тоа, претпоставка е, дека ќе се создадат услови за развивање на стратегија за следење на поновите и организирани форми на наркокриминал.

Размислување за системот. Размислување за системот како една од појдовните алатки во истражувачката анализа, ќе овозможи да се согледаат ефектите во врска со одредени прашања поврзани со наркокриминалот. Со тоа, истражувањето ќе се фокусира на фундаменталните причини, за да може да се разбере нивното подлабоко значење. Изборот на овој инструмент за истражување е направен врз основа на прелиминарни заклучувања за неговото значење во фазата на определба за видот и изборот на прашања кои треба да се поставаат уште при самиот почеток на емпириските истражувања, но и затоа што овој инструмент е компатибилен и во комбинација со другите истражувачки инструменти може да помогне за осознавање на структурните основи на истражуваниот проблем. Со тоа се развива еден вид стабилен одговор во рамките на поставената задача.

Мапирање на процесот. Мапирање на процесот е техника која во конкретните истражувања ќе помогне во идентификување на секој чекор во постапките кои ќе се преземат во пооделни фази

на истражување. Со други зборови, кога чекорите, преку симболи, ќе се исцртаат на "мапа", во нивната наједноставна форма, недостатоците во процесот на истражување лесно ќе се идентификуваат и лесно ќе можат да се решат. Користејќи го овој истражувачки инструмент, ќе се создадат услови за идентификување на методологијата на криминалните нарко-групи или чекорите што се преземаат кога се врши одредено криминално дејство поврзано со дрогата. Разбирањето на чекорите што ги преземаат одредени криминални групи или поединци за извршување на одредена активност, ќе овозможи да дојдат до израз можностите за интервенција, но и да се дадат препораки за детектирање на слабостите на таа активност.

Анализа на трендовите. Додека терминот "тренд" може да се дефинира како "општа тенденција", позначајно е тоа што за конкретниот предмет на истражување, тој ќе биде искористен за идентификување на општите тенденции во спроведувањето на одредени криминогени дејствија поврзани со дрогата, преку анализа на информациите и статистичките податоци. Анализата на трендовите ќе се користи квантитативно и квалитативно во анализата на разузнавачките информации и ќе придонесе во идентификувањето на голем број фактори вклучувајќи:

- географски локации на слични криминални настани поврзани со дрогата.
- сличности во методологијата што ја користат криминалните субјекти.
- појава на нови и организирани форми на наркокриминал.
- појава на нови криминални структури и организираност на ново формирани нарко-групи.

Идентификувањето на овие трендови и ефектот што тие го имаат врз средината се клучните фактори што стојат зад овој вид анализа.

Анализата на трендовите во ова истражување ќе се користи како процес од четири чекори:

- *Развивање концептуална рамка.* Разбирање на клучните фактори што се дел од поставеното прашање. Дефинирање на проблемот што треба да се анализира и да се артикулира на осмислен начин има централно значење за создавање ефективен план за собирање информации од кои ќе се изведат потребните информации за преземање на задачата.
- *Барање теоретски материјал.* Утврдување какви претходни знаења постојат во врска со проблемот што е предмет на анализа, односно добивање сознанија во врска со поставената задача и сродни прашања. На овој начин се идентификуваат празнините во информациите што помага во преземањето на идните чекори во овој правец, односно пополнување на празнините во информациите преку собирање на релевантни информации.

- *Барање релевантни информации.* Тоа претставува испитување на информациите што се собрани во врска со проблемот и негово анализирање во однос на нивната манифестирана и латентна содржина. Со други зборови, се анализира материјалот за да се утврди кои се фактите и што може да се заклучи од информациите содржани во него.
- *Развој на заклучоци.* Тоа е завршен дел од процесот на анализа на истражуваниот проблем. Заклучоците, во најдобар случај, ќе бидат веројатни, користејќи ги при тоа поставените хипотези. Треба да се создадат услови за предвидување на идните трендови врз основа на веќе постоечки податоци и на индикаторите што се идентификуваат во текот на процесот.

Анализата на трендовите ќе се користи не само како дел од процесот за индицирање на рано предупредување, за да се забележат можни идни настани и ризици, туку и како платформа за развивање на стандардизирана национална стратегија за следење на трендовите на развој на наркокриминалот.

<u>Дизајнирање на истражувањето</u>. Во овој дел е приложена методолошката стратегија која ќе се применува во тек на истражувањата, врз основа на презентираната општа рамка. Како алатки за емпириските истражувања ќе бидат земени: прашалникот за интервју и соодветната кодификација за информациите кои се очекува да бидат собрани во тек на теренската работа. Овие алатки мора да бидат усогласени за секој тип дрога што ќе биде земен во работа. Во основа се предвидени следните активности:

- Дискусија, преглед и прилагодување на прашалници
- Спроведување интервјуа со клучните учесници со цел да се постигне усогласеност или прилагодливост со прашалникот
- Преглед и анализа на постоечката литература за различни droги, со цел да се подобри прилагодувањето на инструментите за собирање на информации.
- Евалуација на интервјуата
- Завршување на прегледот на прашалниците

ГЛАВА-2

# ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО ДРОГА

- ПОВРЗАНОСТ НА ТЕРОРИЗМОТ СО НАРКОКРИМИНАЛОТ
- ОРГАНИЗИРАН НАРКОКРИМИНАЛ ВО ЕВРОПА И НЕГОВИ СПЕЦИФИЧНОСТИ

- ОРГАНИЗИРАН НАРКОКРИМИНАЛ ВО ЗЕМЈИТЕ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

## 2. ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО ДРОГА

Организираниот криминал е една од најголемите закани за мирот и безбедноста. Земјите, со економии кои се во транзиција или во постконфликтни состојби се особено ранливи. Војна, воени конфликти, природни непогоди, имаат огромно влијание врз безбедноста на една земја и можат да доведат до дополнително насилство, нестабилност и корупција, како и пораст и развивање на организираните криминални групи.

Во изминатата деценија, Обединетите Нации ја потврдија врската помеѓу политичката нестабилност и организираниот криминал, особено со наркокриминалот и трговијата со дрога. Конвенцијата на Обединетите нации за борба против транснационалниот организиран криминал стапи на сила кон крајот на 2003 година. Една од основните дејности на организираните криминални групи-трговијата со дрога, има големи безбедносни импликации

Во некои региони, огромните профити генерирани преку оваа активност, влијаеа на БДП на некои земји, со што организираниот нарко-криминал стана опасен по економскиот развој на државата и владеењето на правото.[4]

Од извештајот на Генералниот секретар на 59 седница на Генералното собрание на ОН 2005 г., може да се заклучи дека организираниот криминал придонесува за слабеење на државата, го попречува економскиот раст, разгорува граѓански војни, обезбедува механизми за финансирање на

---

[4] High-level Panel on Threats, Challenges and Change, A more secureworld: Our shared responsibility. United Nations, 2004, p.53.

терористички групи [5] и редовно ги поткопува напорите на Обединетите нации во градењето на мирот.

Во февруари 2010 година, Советот за безбедност уште еднаш ја потврди својата загриженост од "сериозните закани, во некои случаи, од трговијата со дрога и транснационалниот организиран криминал по меѓународната безбедност"[6].

Трговијата со дрога стана главен извор на приходи за организираниот криминал, како за терористите така и за криминалните банди. Со други зборови, незаконските активности поврзани со дрогата станаа закана ширум светот. Последните случувања во Западна Африка и делови од Централна Америка покажаа на реалните опасности по безбедноста од нарко-трговијата, па дури и за суверенитетот на некои држави. Ова безбедносно прашање периодично е на дневен ред на Советот за безбедност[7]. Ако нема ефикасно справување со заканата од организираниот криминал, посебно од организираниот нарко-криминал, општества ќе станат заложници, а контролата на дрогата ќе биде загрозена, односно со тоа ќе се сопре напредокот што е направен во контролата на дрогата во текот на изминатата деценија.

Рапидната глобализација на криминалните мрежи, нивната способнст да се прилагодат на новите пристапи и тактики на полициските служби, представуваат потешкотија во борбата против нелегалната трговија и производство на дрога. Организираните криминални групи имаат енормно големи ресурси на располагање и имаат пристап до софистицирани технологии кои се подршка за нивните активности. Многу е тешко полициските служби да се инфилтрираат во криминалните организации бидејќи тие посветуваат посебно внимание на тоа, во смисла на заштита од детектори, информатори и полициски агенти. Криминалните групи не се размислуваат дали да применат насилство. Заради динамичката природа на криминалните активности, полициските и судските системи постојано треба да ја надградуваат, редефинираат и да ја градат стратегијата за борба против

---

[5] Report of the Secretary-General, In larger freedom: towards development, security and human rights for all. United Nations General Assembly, Fifty-ninth session (A/59/2005), 21 March 2005, p. 27.

[6] S/PRST/2010/4.

[7] United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC), United Nations Publication Sales No. E.10.XI.13, Website: www.unodc.org

дрога до совршенство. Кога е тоа возможно, треба да се применуваат модерните технологии во истрагата, како на пример, софистицирана техника за контрола на пратки, електронско набљудување, инфилтрирање и сл.. Системите на законот (полиција, царина, обвинителство, судсво) мора да развијат капацитети за меѓународна соработка и да работат ефективно со нивните партнери.

Зголеменото ниво на трговија помеѓу криминалните групи, доведе и до зголемена употреба на скриен начин на тргување, во смисла на движење на финансиски средства и можност за трасирање на дејствувањата. Според сознанијата на ЕУРОПОЛ[8] се повеќе е на примена т.н. „бартер"[9] аранжман.

"*.... Државите треба да гледаат и подалеку, надвор од границите, за да го заштитат својот суверенитет. Ако полициските сили запрат на самата граница, додека криминалците ја поминуваат истата слободно, независноста (суверенитетот) е веќе прекршена и во суштина е предадена на тие кои го кршат законот. Заради тоа, меѓуграничната соработка меѓу полициските и царинските служби и размената на сознанија е есенцијално потребна. Имајќи предвид дека транснационалниот организиран криминал е воден од силите на пазарот, мерките кои ќе се превземат мора да одговорат во нарушување на пазарот, а не само истиот да го користат криминалните групи. Во друг случај, новите криминални групи само едноставно и лесно ќе го пополнат празното место и ќе се најде нова рута, имајќи предвид дека оние кои вршат нелегална трговија ја следат патеката каде има најмал отпор, која се карактеризира со корупција, нестабилност и неразвиеност. Затоа е важно да се зајакне безбедноста и имплементирањето на законските акти.*

*Милениумските развојни цели (МДГ) се најефективни антидоти на криминалот, како што во исто време превенцијата од криминал помага да се реализираат овие цели. Мирот и стабилноста на фрагилните региони ги прават истите помалку ранливи на конфликт и на криминал и со дополнителна борба против криминалот се оневозможува профитирање од нестабилноста.....*" (Антонио Марио Цоста).

---

[8] International Narcotics Control Strategy Report (INCSR), U.S. Department of State

[9] Дефиниција на "Бартер ':Чинот на тргување со стоки и услуги меѓу две или повеќе страни без употреба на пари. Компаниите и земјите гледаат заедничка корист во размена на стоки и услуги, а не пари, а исто така им овозможува на оние кои им недостасува цврста валута да се здобијат со добра и услуги

Се забележува диверзификација на организираниот наркокриминал не само во неговата глобализираност, туку и во достигнувањето на макро-економски пропорции. Имено, дрогата се произведува во еден континент, се транспортира преку друг и е на пазарот на трет континент (сл.1). Криминалот ја полни корупцијата со неопходно гориво, се инфилтрира во бизнисот и политиката и застанува на патот на развојот на земјата.




Слика1. Главни правци на движење на транснационалниот организиран криминал (*Извор:УНОДЦ*)

Сознанијата на сите полициски служби во светот се сведуваат на едно – организираниот криминал ги смени стратешките доктрини и проценката на ризик. Организираниот криминал сеуште не е доволно разбран. Од големо значење е да се препознае и „нарко –корупцијата" како составен дел на криминалните активности врзани со дрога, бидејќи истата дозволува одредени криминални групи да ги вршат своите нелегални активности, да дејствуваат со минимални потешкотии предизвикани од одговорните институции за спроведување на законот и да остваруваат максимален профит од нелегалните пазари.

Криминалните организации во најновиот период, претставуваат претпријатија со повеќе милијарди долари, сет на мрежи, кои влијаат на секој аспект на глобалното општество, ги нарушуваат дејствувањата на нормалните пазари, коруптивно делуват на владите и извлекуваат огромни ресурси од двете страни. Поткрепени со истите сили на глобализацијата која ги прошири: трговијата, комуникациите и информациите низ целиот свет, криминалните организации не само што имаат невидено влијание врз животите на обичните луѓе, туку тие влијаат и на конкурентноста на мултинационалните компании и на безбедноста на владите низ светот.

"...*ДНК*[10] *на меѓународниот организиран криминал е сменета. Криминалните организации всушност се претпријатија (сет на мрежи) со финансиска моќ од повеќе милијарди долари, кои како плен го разгледуваат секој аспект на глобалното општество, нарушуваат пазари, влијаат на рушењето на владите на државите, одведуваат огромни ресурси од двете. Тоа се "криминалци без граници*", (Роб Вејнрајт)[11].

Дефиницијата за организиран криминал дадена на Конвенцијата на ОН за борба против транснационалниот организиран криминал, како "групи од по три или повеќе лица мотивирани од добивка, кои делуваат усогласено за да извршат тешки кривични дела", се надминува. Како резултат на дополнителниот развој на криминалните организации во овој период, сега веќе станува збор за "криминални мрежи, мултинационални по обем". Организираниот криминал има поголемо влијание отколку кога било досега. Криминалните организации се рангираат и меѓу повеќето претприемачки и адаптивни елементи на глобалната економија. Тие се покажаа особено вешти во експлоатирање на слабите институции и кревките држави, но нивното влијание е длабоко дури и во повеќето напредни економии. Организираниот криминал влијае на пример, на финансиските пазари на Хонг Конг, во банкарскиот сектор на Јапонија и на градежната индустрија во Њујорк. Организираниот криминал ги одвраќа странските инвестиции во Мексико и во Авганистан, и ја спречува реконструкцијата на многу постконфликтни општества, како што се Сиера Леоне и Демократската Република Конго. Со него се поттикнува корупцијата,

---

[10] *Деоксирибонуклеинска киселина* (ДНК) е нуклеинска киселина која се содржи во јадрото на клетката. ДНК е одговорна за пренесувањето на наследните својства на организмите, како и за нивната менливост. Таа е носител на информацијата за синтеза

[11] Роб Вејнрајт ,директор на Европол, претседавач со "Советот за организиран криминал "Organised crime Report in EU", 2011, EUROPOL

недозволената трговија и илегална миграција, тој влијае на животната средина и човековите права, и придонесува во трошењето на природните ресурси[12].

Како што светот расте, се́ повеќе меѓусебно зависните криминални организации ќе продолжат да се шират и да се адаптираат на новите услови.

Во својата прва глобална проценка за транснационалниот организиран криминал, УНОДЦ во 2011 год, проценува незаконски текови врзани за криминалните организации во износ од 125.000.000.000 $ годишно. Околу 85% од тоа, се припишуваат на трговијата со дрога. Податоците од Европол за продажбата на droги во ЕУ е околу € 100 милијарди годишно[13].

Тоа се проценки само на директните трошоци. Индиректните трошоци се верува дека се далеку повисоки, кои доаѓаат во форма на политичка нестабилност, на повреди и насилство, социјални трошоци врзани за нелегални дроги со 250 милиони корисници низ целиот свет итн. Организираниот криминал вклучува и прикриен данок од милиони трансакции дневно, низ целиот свет.

Актуелната економска криза, исто така влијае на ширењето на организираниот криминал. Големите стапки на невработеност се закануваат со регрутирања од страна на улични банди, организирани криминални организации или терористички групи. Исто така, постои ризик економската криза да ги направи легитимните бизниси повеќе ранливи и подложни на компромис, што резултира со повисоки нивоа на инфилтрација на криминални групи.

Криминалните организации ги спроведуваат своите активности на сличен начин како претпријатија што се занимаваат со легитимен бизнис. Тие ги инвестираат своите пари во купување нови технологии или машини, во подобрување на човечките ресурси, се́ со цел да ја подобрат продуктивноста. И двете структури ги прошируваат своите инвестиции во различни области со цел да се зголеми профитот, се прошируваат на нови сфери, на нови географски пазари или инвестираат во нови производи кои лесно може да се конвертираат без преземање поголеми структурни промени. При спроведување на своите цели, повремено градат сојузи со други претпријатија. Сепак, криминалните и легитимните правни претпријатија значително се разликуваат во однос на своите можности и ризици.

---

[12] https://www.europol.eu/content/press/europol-director-2012
[13] Op.cit., EUROPOL, 2011

Криминалните претпријатија се во состојба да понудат нелегални услуги и стоки, често користат насилство, заплашување и  корупција. Корупцијата е особено корисно средство што им стои на располагање на криминалните организации и се користи во целиот свет со цел, тие полесно да се инфилтрираат и да се зголемат можностите за стекнување на богатство и моќ. Со инфилтрирање во  легитимните претпријатија тие ја нарушуваат конкуренцијата, со оглед на фактот дека можат да се потпрат на валканите пари. Разбирливо е дека претпријатијата во сопственост на криминалните организации, своите активности ги изложуваат на поголеми ризици во споредба со тие кои водат легитимен бизнис. Фактот дека се тие незаконски, ги изложува на опасност од губење на својот капитал, како резултат на акциите што ги преземаат оргаиите за спроведување на законот и судската власт.

Криминалните претпријатија имаат две основни форми. Едната форма на криминал, е размена на пари од една страна, и стоки и услуги од друга страна. Се мисли на стока, како што се:  дрогата, оружјето, украдените автомобили, отпадните или нуклеарните материјали и на услуги како што е проституцијата или илегалениот превоз на луѓе со лажни документи во развиените земји. Втората форма на криминал се карактеризира со недостаток на трансакции во корист на експлоатација на ресурсите, како и во случај на измама или компјутерски криминал. Бидејќи криминалните организации се транснационални, тие можат да експлоатираат ресурси кои им се достапни во одреден региони (пример со природните и синтетските дроги). Во континуитет се јавуваат редица промени во активностите на организираните криминални групи: во географските области каде што ќе одлучат да работат, во меѓусебните врски, во областите на дејствување, што е   резултат на нивната постојана реакција на побарувачката и прилагодувањето на можностите за добивка, но и како резултат на постоењето на  ризик фактори.

Парите им овозможуваат на криминалните групи да воспостават меѓусебни врски и врски со јавни службеници и власти. Но тие, од друга страна, можат да бидат "Ахилова пета" за криминалната организација. Имено, полициските служби можат да го трасираат движењето  на валканите пари, што индиректно ќе им помогне да ги реконструираат криминалните активности на групата и да ги идентификуваат нејзините членови. Бидејќи тоа остава евидентна трага зад неа, нема спремност да се направи бизнис со таква криминална организација, доколку парите не се формално вклучени во тн. "чиста" активност, Затоа криминаллните организации мора да ги "перат"парите за да го прикријат своето криминално потекло. Како резултат на тоа, активностите со перење пари станаа

составен дел на криминалниот циклус. Од овие причини, често се користат организации за оваа намена или нивни делови, кои постепено се вклучуваат во нивната структура. Пример за ова се колумбиските картели или италијанската мафија, кои имаат инсталирано автономни ќелии кои ги плаќаат според активноста - перење приноси од казниво дело или развој на нови техники во таа насока и сл. Широко применет метод за перење приноси од криминал е инвестирање во легални активности како што се, туризам, индустрија или во банкарскиот сектор. Како последица на тоа, традиционалната дистинкција помеѓу нелегалните и легитимните модус операнди на организирани криминалци стануваат се помалку јасни, односно сé понејасна е разликата помеѓу тоа што е криминално, а што законско.

Друга причина зошто криминалците се инфилтрираат во легалната економија е „потребата од почитување" заради искачување на социјалната скала. Историјата на криминалот покажува дека влегувањето во легитимен бизнис е фаза во еволуцијата на криминалната организација, како што тоа се покажа со состојбите во екс-советските земји. „Стекнување на углед" од друга страна значи и проширување на своите активности во легитимни бизниси, и спојување со владејачките класи, како иден сегмент. Главно нелегално стекнатите пари се инвестираат во акции на компаниите. Со купување на одредена корпорација, криминалниот инвеститор добива личен легитимитет како профитабилен и реномиран метод на озаконување на недозволените средства, без директна употреба на финансиски институции. Влезот во бизнис-секторот може да се оствари со помош на насилство, изнудување, лихварство, или други, повеќе или помалку софистицирани финансиски методи. При дефинирањето на организираниот криминал, треба да се имаат предвид неговите нови економски компоненти. Концептот на организиран криминал вклучува, не само традиционални видови на организиран криминал, туку и други современи форми на економски криминал. Организираниот финансиски криминал или тн. организиран бизнис-криминал, се само различни имиња за истиот феномен: криминалци вршат злосторства за да профитираат, а за да го користат профитот, бараат стабилна организација.

Се забележува промена и во начинот на дејствување на криминалните групи во смисла на злоупотреба на технологијата, односно употреба на интернет-технологии за комуникација и дистрибуција на суровини. Сé повеќе се користат извори од интернет страниците на компаниите за обезбедување на опрема и експертиза, а се применуваат и нови

апликации кои вклучуваат далечински мониторинг на производството. Покрај тоа, зголемена е достапноста на уреди со користење на технологии за лоцирање ,што резултира со еден нов модус операнди кај трговијата со дрога, на различни дестинации и пазари,и пронаоѓање на засолнета дрога со користење на ГПС и интернет мапи.

Додека повеќето истакнати криминални групи имаат етничка основа, паралелно постои тренд на формирање на мулти-национални групи. Ова е особено случај кај управувањата со операции на различни континенти. Се инкорпорираат "аутсајдери" во групите, со цел да се подобри нивната ефективност на пазарите на ЕУ. Имено, граѓаните на ЕУ се користат од страна на криминалните групи кои не гравитираат на подрачјето на ЕУ, со цел да се избегне идентификувањето врз етничка основа или националност. Според ЕУРОПОЛ, во ЕУ, користењето на членови од Ромските заедници за ниско ниво дистрибуција на дрога е во пораст.

Констатација е дека има недостаток на информации за транснационалните криминални дејствија и трендови. Меѓународните организации го разгледуваат проблемот по сектори, региони, или по земји, но, тоа не доволно за да се добие целосна слика. Без глобални сознанија, не може да се градат политики базирани на евидентирани докази за движењето на трговијата, врските и точките на поврзување на регионите. Не е доволно единечно давање на национален одговор, бидејќи тоа, само го префрла проблемот од една на друга земја.

Тоа што е потребно и што е цел на овој докторски труд, е претставување на криминалот поврзан со дрога од сите аспекти, анализирајќи ја имплементацијата на стратегијата на Република Македонија во контекст со стратегијата на Европската Унија и стратегиите и акционите планови на повеќето од земјите на Европската Унија, како и заклучоците од двете меѓународни конференции на експерти за борба против дрога одржани во Македонија (Охрид, 2010 и 2011год) - да се генерираат конкретни мерки, активности и интервенции рамни на големината на проблемот и на актуелната состојба во светот, кој ќе бидат глобално применливи и со тоа ќе имаат одржлив ефект. За зголемување на ефективноста на меѓународната контрола на дрогата и насилството и корупцијата, поврзани со трговијата со дрога, мора де се земат предвид одлучно и со посистематско поставување на конкретни детерминанти.

## 2.1. Поврзаност на тероризмот со наркокриминалот

Генералното собрание на Обединетите нации во 1994 год усвои декларација со мерки за елиминирање на меѓународниот тероризам во која исто така ја изрази и загриженоста "од зајакнување на опасните врски помеѓу терористичките групи, трговците со дрога и паравоените банди, кои прибегнаа кон сите видови на насилство, загрозувајќи го уставниот поредок на државите и кршејќи ги основните човекови права".

Советот за безбедност во 2001 година ја усвои резолуцијата 1373 во која: "забележува со загриженост постоење на тесна врска помеѓу меѓународниот тероризам и транснационалниот организиран криминал (недозволеното производство и трговија со дрога, перењето пари, нелегалната трговија со оружје и нелегални движења на нуклеарни, хемиски, биолошки и други потенцијално смртоносни материи.....)"

Од сите поврзаности помеѓу тероризмот и другите форми на криминал, нелегалната трговија со дрога има најсилна врска со терористичките и герилските организации За разлика од организираните криминални нарко-групи, на кои примарна цел им е финансиска добивка, терористичките групи обично немаат финансиски цели, туку ширење на една идеологија, уништување на едно општество или режим и едноставно ширење терор и заплашување. Сепак, станува се потешко, диференцирањето на криминалните од терористичките мотиви. Причината за тоа е што, во многу случаи, терористите се орјентирани кон профит, во прилог на нивните идеолошки мотивации. Од ваквите релации меѓу трговците со дрога и терористите полза имаат и двете групации. Имено трговците со дрога ги користат знаењата на терористите во воените вештини, можностите за снабдување со оружје и пристапите до тајните организации, додека терористите од друга страна, имаат извор на приходи и добиваат експертски знаења за илегалниот трансфер и перење на приносите од незаконски трансакции. И двете групи ги користат корумпираните службеници од чии услуги имаат взаемна корист, како на пример, полесен пристап до лажни документи, вклучувајќи ги пасошите и царинските документи. Исто така, трговците со дрога, имаат поголема слобода во движењето, кога соработуваат со терористите кои контролираат големи територии. Терористичките групи и нарко-организациите се повеќе се потпираат на мобилни структури за постигање на нивните цели. Иако се карактеризираат со силно централно раководство, сé почесто се вршат издвоени операции од страна на

членовите на одделни „клетки". Ваквата степенаста поделба помеѓу раководството и пониските структури ја подобрува безбедноста. Терористите и трговците со дрога користат слични методи за прикривање на профитот и во прибирањето финансиски средства. Потребно е детелно проучување на состојбите на ваквите меѓусебни релации од сите аспекти, за да може да се донест реални заклучоци од кои потоа ќе произлезат соедветни оперативни дејствија на полициските органи во насока на оневозможување на дејствувањата на организираните криминални групи, а во последно време и на оние групи кои представуваат голема закана за безбедноста заради нивните терористички активности.

### 2.1.1. Терористички финансирања

Од посебно значење е откривањето на сите можни приливи на средства за терористичките организации, бидејќи дрогата со сигурност не е нивниот единствен финансиски извор. Спектарот на терористички финансирања е широк, како на пример:[14]

- Индивидуални,корпоративни и доброволни придонеси или присилно изнудување од матичната земја на криминалната организација,
- Доброволни придонеси или присилно изнудување од представниците на дијаспората,
- Проетнички и прорелигиозни донации од луѓе со верски или етнички афинитет,
- Спонзорства од држави: поттикнување на терористичка група да се вклучи во одредени активности во други држави,
- Јавни и приватни донатори и индивидуални финансиери: поддршка на терористичките активности со контролирана заштита од социјални и верски организации,
- Понизок степен на организиран криминал: измама, нелегално производство и шверц на дрога, фалсификување документи, криумчарење, киднапирање за откуп, вооружен грабеж, перење пари, рекетирање, трговија со луѓе,
- Инвестирање во легални бизниси: парите кои се добиени од разни криминални извори се вложуваат во купување или основање на претпријатија кои остваруваат профит и кои понатаму се користат за финансирање на тероризмот,

[14] The Federal Parliament passed the Prevention of Drug Trafficking and Other Forms of Organised Crime Act (Gesetz zur Bekämpfung des illegalen Rauschgifthandels und anderer Erscheinungsformen der Organisierten Kriminalität - OrgKG).

- Невладини организации и организации во заедницата: терористичките организации формираат невладини организации во други земји или се инфилтрираат во веќе основани организации во заедницата, кои добиваат грантови.

### 2.1.2. Разлики и сличности меѓу терористичките и организираните криминални групи[15]

*Разлики*

1. Терористичките групи обично се идеолошки или политички мотивирани додека, организирани криминални групи се профитно ориентирани;
2. Терористичките групи често сакаат да се натпреваруваат со владите околу легитимитетот, а организирани криминални групи тоа не го прават;
3. Терористичките групи бараат да им се посвети внимание од страна на медиумите; организираните криминални групи тоа не го бараат;

*Сличности*:

1. Оперираат тајно и вообичаено со мрежи од „подземјето";
2. Употребуваат насилство врз цивилни жртви;
3. Вршење притисок е карактеристика за двете групи;
4. Користат слични тактики:киднапирање, измачување, убивање;
5. Контролата на групата, од индивидуален аспект, е јака;
6. Користат фронт организации, како легитимни бизнис- сектори

Важен инструмент на меѓународната заедница за борба против организираниот криминал е Конвенцијата од Палермо (2000),  за борба против транснационалниот организиран криминал која игра корисна улога во превенцијата и во борбата против многу манифестации на тероризмот. Тероризмот е чудна мешавина на насилство, политика и пропаганда кој е поттикнат од добивки од организиран криминал.

За спречување и борба против тероризмот од значење е :

---

[15] "24 Top Mafia Figures Get Life Sentences in Sicily", The New York Times, 27 September 1997

- Спречување, радикални поединци и групи да станат терористички екстремисти,
- Одржување на високи морални вредности на земјата во борбата со терористите, преку одбраната и зајакнување на владеењето на правото, демократијата и социјалната правда;
- Воспоставување на систем за рано откривање и систем за рано предупредување против тероризмот и други кривични дела;
- Зајакнување на капацитетите за спроведување на законот, со цел поуспешно справување со терористичките закани.

## *2.2.* Организираниот наркокриминал во Европа и негови специфичности[16] (**г**лобален преглед на состојби)

Проширувањето на Европа се чини дека ја прави таа да биде најпрофитабилен пазар за дрога во светот. Близината на еден таков пазар, важноста на добро утврдените "Балкански рути" и сé поголемите заплени на дрога, покажуваат дека и натаму зголеменото производство и трговија со дрога се вообичаени форми на криминал меѓу криминалните нарко-мрежи. Извештаите на УНОДЦ за 2010 г. за дрогата во светот[17] и на Европскиот Мониторинг Центар (ЕМЦДДА)[18], посочуваат на екстремно зголемената набавка на хероин од Авганистан, на побарувачката на кокаин од Јужно американските земји и на широко распространетата набавка/побарувачка на канабис-дрогите, наведувајќи ги истовремено лабавите елементи во глобалниот систем на контрола на дрогата.

Европа е раскрсница за криминалните групи кои оперираат на меѓународно ниво. Меѓународните полициски истраги бележат прогресивен развој на организираниот криминал во Европа и тоа од сите насоки, преку море, воздух, земја. Шпанија, Италија и Португалија се земји од каде влегува кокаин во Европа, тие се природни мостови за трговијата со дрога во Европа, бидејќи тоа го овозможува нивната географска локација. Полициските експерти од Европол сметаат дека балканската рута за шверц на дрога која се користи и за трговија со оружје и со мигранти, ги поврзува сите транснационални групи на организиран криминал во Европа, но и пошироко. Од друга страна, има околу 40 милиони, главно млади луѓе, во Европските земји, кои имале искуство

---

[16] Сознанија добиени од меѓународни полициски истраги
[17] UNODC, World Annual Report, 2010.
[18] EMCDDA, Annual Report, 2009

во земањето дрога, така што тие претставуваат значаен елемент во побарувачката на дрога на европскиот пазар.

Карактеристичен е моделот на диверзификација на организираните криминални нарко-групи наместо стандардната специјализација. Сознанијата на полициските служби укажуваат на диверзификација во нивните дејствувањата во хоризонтална смисла. Со тоа, полесно може да се разбере начинот на којшто се менува транснационалниот организиран криминал, од една активност на друга. Концептот на хоризонтална зависност меѓу активностите, всушност се однесува, на конекции воспоставени меѓу различни активности од страна на истата криминална организација. Порано криминалните групи обично се потпираа на одредени вештини и средства стекнати во одреден недозволен сектор, но сега тие ги шират своите криминални активности. Криминалната група, со веќе обучен персонал, стекнати средства, тестирани правци на движење, развиени мрежи на корупција, како и воспоставени контакти во различни земји во светот, се активира на нови нелегални пазари (додавање на нови активности на оние во кои веќе се специјализирани). Примери за овие хоризонтални компоненти се врските воспоставени меѓу трговијата со луѓе и други шверцерските операции од страна на албанските групи, кои се прошириja и на трговијата со дрога. Друг пример за овој вид на хоризонтална интерконекција се операциите на турските организирани криминални групи, кои применуваат широк спектар на нелегални активности (трговија со дрога, проституција, продажбата на лажни документи и сл.). Општо земено, кога активностите од овој вид вклучуваат различни форми на трговија, не е тешко за криминалците да се префрлат од една на друга форма, користејќи ги веќе стекнатите знаењата. Од повеќето полициски операции, како специфична може да се издвои операцијата „Баклава", која е спроведена од БКА Германија и Криминалистичката полиција на Холандија, која најдобро го расветлува дејствувањето на турските криминални организации. Новиот тренд кој го развиваат турските криминалци е т.н. „бартер аранжман" каде има менување на стока за стока, како на пример, размена на хероин за кокаин и синтетски дроги кои, турските криминални организации, повратно ги криумчарат во Турција. Оваа активност била посредувана од Турци кои живеат во Холандија, кои договарале заеднички активности со локалните холански криминални групи. Користени се истите транспортни рути, по земјен пат.

Криминални групи од Шпанија и Италијанската мафија, соработуваат со колумбиските картели, за увоз и дистрибуција на кокаин во цела Европа. ДЕА проценува дека 80% од вкупниот кокаин наменет за Европа транзитира преку Шпанија[19]. Сознанијата на полициските служби зборуваат дека криминалните групи ја фрлаат дрогата во пластични кеси на отворено море, од бродови или авиони. Овие кеси потоа се собираат и се носат до брегот со рибарски чамци. Од тука, дрогата се дистрибуира во Европа[20]. Друг влез, којшто го користат Колумбијците за увоз на кокаин во Шпанија е аеродромот во близина на Мадрид. Колумбиските шверцери праќаат кокаин, неделно, преку комерцијалните авио летови Богота-Мадрид.

Начинот на дејствување и на внесување на кокаин во Италија, е потврден со повеќе успешно спроведени полициски операции. Откриено е дека, бизнисот е монополизиран од страна на добро структурираната мафијашка организација ("Ндрангхета"), која соработува со колумбиските картели. Сознанијата од истрагите зборуваат дека "Ндрангхета" тргува со големи количини кокаин низ целата земја, без да има конкуренција од други криминални организации[21]. Таа работи на исто хиерархиско ниво. Се претпоставува дека оваа италијанска криминална организација има водечки позиции во колумбиските картели.

Португалија е исто така важна транзитна точка за кокаин од Јужна Америка, за хероин од Југозападна Азија и за хашиш од Северна Африка, наменети за Западна Европа[22]. Локацијата на Португалија и блиските јазични и историски врски со Бразил и поранешните португалски колонии во Африка, се исклучително значаен фактор за привлекување на трговците од тие земји. Според полициски сознанија, кокаинот вообичаено пристигнува со бродови од Бразил, а од Португалија понатаму транзитира кон останатиот дел на Европа; африканската рута (Ангола, Мозамбик и Капе Верде) се користи како алтернатива на Балканот, за транспортирање на хероинот од Пакистан и Југозападна Азија до Европа;

---

[19] F. Smith, “Laundered Drugs Cash Feeds a Spanish Sicily”, in *The Observer*, 17 April 1994, p. 18.

[20] “Coca, Colombiani & ‘Ndrangheta” in *La Repubblica*, 23 March, 1995.

[21] E.U. Savona, “Mafia Money Laundering versus Italian Legislation”, in *European Journal on Criminal Policy and Research*, September 1993; W. Lee Rensselaer
(Во Италија, најактивни се Сицилијанската мафија или "Коза ностра", Неаполската "Камора", Калабриската 'Ндрангета и "Сакра Корона Унита" во Апулија).

[22] INCSR, 1995, p. 367

хашишот влегува по морски пат од Мароко и се транспортира со камиони во Шпанија и Северна Европа.

Франција е транзитен пат за хашиш со потекло од југозападна Азија и Северна Африка, додека Ирска е друга влезна точка за хашиш од Северна Африка, наменета за Обединетото Кралство и континенталните земји.

Холандија е еден од главните производители на синтетски droги во Европа. За транспорт на синтетсики и дизајнирани дроги произведени во Холандија, се користат неколку внатрешни европски правци. Белгија е голем корисник на синтетски дроги произведени во Холандија, а тие се тргуваат во соработка помеѓу белгиските и холандските организирани криминални групи.

Данска е популарна транзитна точка за дрогата наменета за нордискиот регион. За дистрибуција на кокаинот од Јужна Америка и хероинот од Југозападна Азија шверцерите ги користат транспортните системи на Данска, за транспорт до Скандинавските земји. Присуството на дрогата во  Данска се рефлектира во зголемување на нејзината употреба, особено на хероинот и хашишот, иако консумирањето на кокаин и амфетамини е во растечки тренд. Локалните криминални организации претставуваат проблем во голем број европски земји. Според данската полиција, бандите, како превозно средство користат мотори. Данските организирани групи главно се занимаваат со нелегална трговија со дрога, кражба на автомобили и трговија со луѓе. Слични модели на дејствување биле препознатливи во Финска и Шведска.

Германија е една од главните корисници на хероин во Европа, но, заради нејзината централна географска локација и нејзините главни пристаништата и аеродроми, таа исто така служи како транзитна земја за проток на дрога од Азија, Централна и Јужна Америка, во Велика Британија и Централна Европа (за хероин), во Западна Европа (за марихуана) и во Источна Европа (за кокаин). Германија е исто така значаен потрошувач на амфетамини произведени во Полска и во Холандија.

Австрија е транзитна земја за хероин, а Албанија се користи, како алтернатива за традиционалните транзитни  рути преку поранешните Југословенски земји до Италија, која претставува влезна точка за Европа.

Гледано во меѓународни рамки на организираниот криминал, криминалните организации од Централна и Источна Европа сé повеќе стануваат сериозна закана, како резултат на нивната брза експанзија и големите нелегални приноси. Локалните криминални

групи се реорганизираат и се шират надвор од Европа. додека странските криминални групи почнаа да се инфилтрираат на овие европски пазари. Овие европски земји се подложни на големи политички промени, вклучени во обновата на економските системи и во обезбедување на слободни пазари. Како локалните, така и странските криминални организации имаат корист од ваквата состојба со цел, да ги прошират своите акивности и да ги инвестираат своите незаконски приходи во финансискиот систем. Трговијата со дрога, проституцијата, трговијата со украдени уметнички предмети и украдени автомобили, се само форми на организиран криминал во кој, домашните и странските групи активни во Источна Европа и на Балканот, традиционално се вклучени. Покрај овие форми на криминал, се јавуваат и нови форми на криминална организираност како резултат на процесите на транзиција кон пазарната економија, како на пример: даночно затајување, нелегални активности во процесите на приватизација, недозволена трговија со емигранти, изнудување, перење пари итн..

Од спроведените полициски истраги за одбележување е фактот дека хероинот сé повеќе се транспортира преку модерните патишта на Унгарија и железничкиот транспортен систем, како и речниот сообраќај, преку Дунав и Рајна.  Се бележат заплени на кокаин во Унгарија со потекло од Латинска Америка. Турски трговци  со дрога предводат шверцерски операции преку Унгарија, а исто така, криминални групи од Јужна Америка прават упади во оваа земја. Ова се сознанија добиени од неколку успешно спроведени полициски акции.

За време на војната во Босна и Херцеговина, Полска се здоби со улога на рута за хероин како алтернатива на Балканот. Но Полска не е само транзитна земја. Индустријата за амфетамини во Полска претставува една од најсофистицираните во Европа, со исклучително висока чистота на конечниот производ.

## 2.3. Организиран криминал во земјите на Југоисточна Европа[23,24]

[23]O´Rourke, Breffni, Europe: Council of Europe Report Says Organized Crime Poses Threat to Democracy,Radio Free Europe. Radio Liberty, 26 January 2005. Available online at: http://www.rferl.org/featuresarticle/2005/01/f7753263-8c4f-4f41-9bfa-d3b2ff06cdfe.html

[24] Roger Boyes and Eske Wright, “ Drugs Money Linked to Kosovo Rebels,” *The Times of London*,;

### 3.3.1. Организираниот криминал во постконфликтниот период

Организираниот криминал во земјите на Југоисточна Европа се јавува во период на интензивна ранливост на Балканот, како резултат на нестабилноста генерирана од страна на истовремените влијанија на политичката транзиција и конфликтите. Корупцијата, измамамата, рекетот и други форми на организиран криминал се развиваат во услови на слаба имплементација на законските регулативи, и во услови на присутна социјална, економска и политичка неизвесност. Военото профитерство и нерегулираната приватизација доведоа до брз пораст на бројот на криминалци со силни политички и комерцијални врски.

Врските на државите, гледани како единки на овие Балкански простори, со организираниот криминал, се засилуваат во текот на 1990-тите години, по падот на социјалистичкиот режим и за време на насилниот распад на Југославија Постконфликтните состојби често се поврзуваат со зголемување на стапката на криминал. Натрупувањето на големи количини оружје, градење на прекугранични патиштата за шверц, порастот на локалните моќници како резултат на остварени сомнителни бизнис-зделки и многу други криминални активности, сé се тоа фактори кои промовираа криминал, за време и после воените состојби во поранешна Југославија.

По воведените меѓународни санкции над одредени ново формирани држави, се зголеми трговијата со оружје, нафта и други артикли потребни на завојуваните страни. Како извор на средства се јавија други форми на трговија како, трговијата со луѓе, вклучувајќи го и шверцот на дрога и неоданочени цигари, овозможени од младите демократски институции. Војните и новите односи со Западот, доведоа до големи процеси на иселување од регионот. Покрај војните меѓу Бошњаците, Хрватите и Србите кои завршија кон крајот на 1995 година, во 1997 година се бележи пад и на Владата на Албанија, по неуспехот на финансиските пирамидални шеми. Како резултат на сите овие состојби, маса на луѓе избегаа од овие земји кон Западна Европа. Овие пореметувања предизвикаа нови можности за нелегални трговии и дополнителни години на криза во регионот[25].

[25] Дијаспората – националните малцинства или иселениците станаа врската со трговијата со дрога. Во последните проценки на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Нации, се посочува дека етничките Албанци контролираат 70% или повеќе од хероинот, пред истиот да влезе во голем број на клучни дестинации и пазари и тие се опишани како "закана за ЕУ" во извештаите од 2005 година изготвени од страна на Советот на Европа.

### 3.3.2. Албанските организирани криминални мрежи на Балканот-референтна точка за криминалните активности на денешницата

Една од причините за растот на албанската мафија е ефектот од меѓународните санкции што и беа наметнати на Југославија во 1992 година. Воведувањето на санкциите придонесе за појава на се поприсутните криумчарски активности. Селата населени со Албанци во пограничните области на Македонија, Косово и во Јужна Србија станаа зони на беззаконие каде што се шверцуваа најразлични стоки. Во 1993 година Југославија беше исклучена од членството во Интерпол, со што се намалија капацитетите на српската полиција за надзор и за спречување на криминалот. Според директорот на Меѓународното здружение на полициски офицери за контрола на наркотици (Интернатионал Нарцотицс Енфорцемент Оффицерс: Ассоциатион), "криминалците... ја пронајдоа единствената земја меѓу Азија и Европа која не е членка на Интерпол". И сите наеднаш стапија на сцена[26]. Во Албанија, мафијашките групи ги снабдуваа со нафта босанските Срби и Југословенската армија. Етничките Македонци учествуваа, со тоа што се впуштија во „морално оправдан шверц" на алкохол, бензин и на стоки за широка потрошувачка. Шверцерските операции под раководство на Албанците немаше да бидат можни без македонските соучесници во рамките на државата. Токму во таа поврзаност се гледа симбиозата на албанскиот криминалитет и корумпираноста на македонската држава.

Албанската криминална мрежа во последнава декада израсна во една од најмоќните мафијашки структури во светот. Никој нема толку напредувано во криминалната свера како Албанците. Отпочеток расфрлани и неорганизирани, со извршување на работи за други, во последните пет до десет години Албанците, отпочнаа со свои независни операции, воспоставувајќи голема мрежа низ Западна Европа, со координирана активност и поддршка на емигрантските заедници. Тие толку се консолидираа, што сега, криминалните операции ги извршуваат и на двете страни на Атлантикот. Анализите на полициските извештаи укажуваат на фактот дека нивните операции се зголемуваат и прошируваат со алармантна стапка.

Меѓународните агенции за борба против дрогата, како, Интерпол и Еуропол, Министерствата за внатрешни работи на Италија, Швајцарија, Германија и Шведска,

---

[26] Eve-Ann Prentice, “Kosovo is Mafia's 'heroin gateway to West' ,” *The London Times*, (24 јули 1999

Агенцијата на САД за борба против дрогата и организацијата „Глобално следење на droги" со седиште во Париз (*Обнсерватире Геополитиљуе* Дес Дрогуес) се согласуваат по однос на ова прашање. Американски разузнавачки извори предупредуваат и на можноста за развој на тн. "Колумбиски синдром" на Балканот, што значи дека албанската мафија може да стане доволно силна да ја преземе контролата на една или повеќе области во кои албанското население е доминантно. Во одреден временски период ќе се забележи овој ефект со насочување на профитот од наркокриминал и наркотероризм на локалните власти и политичките партии. Кажано со зборовите на еден врвен италијански обвинител, „Албанскиот организиран криминал стана референтна точка за сите криминални активности на денешницата". Сѐ поминува преку Албанците. Мал е бројот на криминални пазари во кои не е вмешана албанската мафија. Перењето пари, шверцот со оружје, трговијата со дрога, проститутуција, илегални имигранти и експлоатација на деца, се нивни главни активности. Според полициските извештаи етничките Албанци се чини дека се особено активни во Грција, Швајцарија и Италија. Денес, според поновите проценки, мултинационални криминални групи составени врз основа на етничка припадност се концентрирани во регионот на Косово, Република Македонија и Албанија. Западниот Балкан формира тн. Балканска оска низ која се шверцуваат различни недозволени стоки.

Од овие причини потребно е, полицијата да ги зајакне своите капацитети за да може да остане во чекор со овие брзи промени. Сé повеќе се размислува за формирање на организација слична на ФБИ но за Европа.

Албанските криминални организации играат важна улога во обезбедувањето на европскиот пазар со дрога. Покрај стратешката локација на Албанија, големината на Албанската дијаспора придоне за развивање на овој феномен. Трговијата со дрога вклучува автохтони организирани криминални групи составени од државјани од изворните земји или од транзит-земјите. Сé повеќе се известува за тесните врски меѓу автохтоните и неавтохтоните организирани криминални групи, како по однос на транспортот и дистрибуцијата на дрога, така и по однос на вклученоста на трговците на дрога во рамки на трговијата со повеќе видови дрога[27].

---

[27] Пратките се нарекуваат "коктел товари" и вклучуваат прекурзори, хемикалии и синтетички дроги, како и некои други илегални активности (трговија со луѓе, криумчарење на луѓе)

### 2.3.3. Организирано криумчарење и дистрибуцијата на droги во и низ земјите на Југоисточна Европа

Балканскиот пат на дрогата, во поновиот период, покажува висок степен на разновидност и флексибилност (сл.2): пратките на хероин се движат по Јадранско море, по транзитирањето преку Грција. Албанија, Република Македонија и регионот на Косово, кои се сметаат за особено важни локации за складирање и препакување на хероинот.

Италија, како една од најзначајните пазари за хероин во Европа, често се идентификува како база за операциите на Балканските нарко-групи. Тука треба да се споменат Албанските нарко-трговци и дилери на дрога кои ја сочинуваат најголемата група на затвореници заради криминални активности, претставена со 32% од вкупниот број затворени во периодот од 2000 -2008 година.

За да се согледа важноста на Балканскиот пат, треба да се знае дека по него поминуваат 70-90% од сите запленети количества хероин во Европа, што е исклучително вреден бизнис за криминалците кои се занимаваат со незаконска трговија со дрога во овие простори. Турција, која го поврзува Авганистан со Европа преку Балканот, учествува во транзитот на хероинот за Европска Унија.

Но, хероинот не е единствената дрога која се тргува нелегално низ регионот. Во Албанија се одгледува канабис-растението од кое се добива марихуаната и хашишот, кои се криумчарат во Бугарија.

Сознанијата на полициските меѓународни организации укажуваат на тоа дека кокаинот е нова бизнис-активност на Балканот. Косовските дилери на дрога почнаа да формираат партнерства со колумбиски шверцери. Поранешниот директор на Европол Јsрген Сторбецк вели: "Имаме сега нова ситуација, Колумбијците ги користат косовските групи за дистрибуција на кокаин..." Либерализација на трговијата во регионот и присуството на воспоставените транснационални криминални мрежи го олесни и овозможи ова проширување на дејствувањата на криминалните групи. Сознанијата на Еуропол се дека, криминалците од Западен Балкан имаат воспоставено оперативни бази во Латинска Америка, со цел максимизирање на нивните профити со обезбедување на кокаин директно од производителите. За југоисточна Европа, Бугарија сега служи како транзитна точка за

поморските пратки од Латинска Америка, Пристаништа на Црното Море, Одеса, Констанца и Варна се идентификувани како точки на транзит на кокаин од Латинска Америка.




**Сл.2 Криумчарски канали низ Балканот**

За разлика од минатото, кога дистрибуцијата на хероин и кокаин беа два различни независни бизниси, со различни пазари, сега дилерите треба да располагаат со различни дроги во исто време, затоа што се појави нов тренд-корисниците користат повеќе типови дрога во исто време, што го менува начинот на користење на хероинот и кокаинот.

Побарувачката на синтетски дроги на Средниот Исток резултира со нивно движење по балканските нарко-патишта, но сега во обратна насока, одкако претходно ќе се разменат за хероин. Нов тренд е, вклучувањето на криминалци од турско потекло во трговијата со синтетски дроги. Од друга страна, улогата на бугарските криминални групи во производство на амфетамини за Блискиот Исток е зголемена. Има потврдени сознанија дека во Западен Балкан се формирани производствени капацитети за синтетски дроги ..

Одвреме навреме се внесуваат хемикалии (пред-соединенија), за производство на дрога, т.н. прекурзори, како што е на пример анхидридот на оцетната киселина, којшто се користи за синтеза на хероин и којшто транзитира низ регионот, но во спротивна насока од хероинот.

Македонија има специфична положба на Балканот. Без оглед на тоа дали се гледа од север кон југ или од запад кон исток, планинските превои во Македонија ја нудат најпристапната маршрута. Сместена во самото средиште на Балканот, Македонија го поврзува Белград со Солун на Егејско Море и Истанбул со Драч на Медитеранот. Од овие причини, Бизмарк напоменал дека оној кој ја контролира Македонија, го контролира и целиот Балкански Полуостров. Денес, мрежите на организираниот криминал ги користат предностите коишто ги забележал Бизмарк уште во тоа време

Од изнесеното може да се извлече заклучок дека, користењето на дрогата во регионот генерално е на доста ниско ниво, односно пониско од тоа во Западна или Источна Европа. Ова сугерира дека пратките на дрогата продолжуваат низ регионот до крајните дестинации, со многу малку "одлевање" во локалните пазари. Таквиот ефикасен пренос подразбира висок степен на централизирана организација, наместо дифузна мрежа на трговија.

ГЛАВА-3

# ОРГАНИЗИРАНИ НАРКОГРУПИ И КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ

- МАТРИЦА НА ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

- КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАРКОГРУПИТЕ ОД Р. МАКЕДОНИЈА

## 3. ОРГАНИЗИРАНИ НАРКОГРУПИ И КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ

(Ретроспективна анализа, структура, карактеристики)

Според Конвенцијата на Обединетите нации против Транснационалниот организиран криминал (Унитед Натионс Цонвентион агаинст Транснатионал Организед Цриме), „организирана криминална група" е структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и која дејствува со цел да изврши едно или повеќе сериозни кривични дела, заради директно или индиректно добивање на финансиска или друга материјална корист". Денес постои спектар на групи кои се занимаваат со трговија со дрога. Од една страна, има групи кои се големи, високо-структурирани, опстојуваат долго време и се на некој начин еквивалент на транснационалните корпорации, (пр.: сицилијанската Коза Ностра). Од друга страна, постојат мали, флексибилни и непостојани здруженија на претприемачи кои извршуваат криминални услуги. Тоа се тн. "криминални мрежи". Независно од формата, тие вообичаено се фокусираат на една земја или регион, врз основа  на квалитативна проценка. Следејќи ги овие структурни промени,с е поставува прашањето: Дали организираниот криминал е сé помалку организиран? Криминалистичките експерти се согласуваат во едно, дека традиционалниот имиџ на организирани криминални групи со високо структурирана и хиерархиска поставеност, стана застарена. Денес, поголем акцент се става на пофлексибилни структури, поврзани во мрежи. Според анализите на Европол,  "организираните криминални групи стануваат сé повеќе хетерогени, и се динамички организирани во структурна смисла". Со други зборови, гравитираат кон лабави мрежи од релативно независни членови-познати криминалци, наместо кон стандардната пирамидална монолитност. Врз основа на истражувањата и добиените сознанијата од конкретно спроведени акции, констатирана е една новина во поглед на комплексноста на криминалните групи како централно контролирани организации. Имено, професионалните криминални групи во поновиот период регрутираат емигранти од различни држави, надвор од ЕУ иако, некои организирани групи кои тргуваат со хероин имаат тенденција кон етничка хомогеност.

Повеќето криминални организации кои се занимаваат со меѓународна трговија со дрога имаат долгогодишни мрежи на компании и бизниси, со што им е олеснет шверцот со наркотици и перењето на пари од нелегални приноси. Тие на тој начин го пренасочуваат

вниманието од своите активности, а средствата од таквите криминални активности ги вложуваат во легални бизниси.

Од страна на Европол[28], идентификувани се центри во Еропскиот регион каде што е концентрира логистиката на криминалните организации. Овие центри не само што ја олеснуваат нелегалната трговија со дрога, туку тие се задолжени и за пронаоѓање на нови пазари и нови можности за криминалните групи. Центрите за логистика (сл.3) се:

- *Северозапад* – магнитуда: Холандија и Белгија,
- *Североисток* – магнитуда:Литванија, Естонија, Латвија и Калинград (Руска федерација)/ Во фокус се: криминални групи од Балтичките земји, со влијание на криминални групи од руско говорно подрачје
- *Југоисток* – Бугарија, Романија и Грција / Во фокус се: Турските и Албанските Криминални групи
- *Југ* **:**Јужна Италија
- *Југозапад* – магнитуда:Шпанија и Португалија. / Во фокус се: Африканските криминални групи

За Атланскиот регион значајни се дејствувањата на Холандските, Британската и Белгиската криминални организации

Регионалните однесувања на криминалните организации бараат регионален пристап за ефикасна борба за нивно разединување, но исто така е важно да се дејствува глобално, на меѓународно ниво. Напорите на полициските служби треба да се концентрираат на осознавање како дејствуваат криминалните организации, да се разменуваат информации и да се дејствува целно.

Криминалните организации на 21-от век се карактеризираат со голем степен на менливост и структурна комплексност. За разлика од популарните стереотипи, тие користат различни форми и големини на кластери, мрежни структури и групи. Овие организации не се секогаш транснационални, повремено имаат локални бази, што зависи од формите на нелегалните активности, диктирани од новите можности

---

[28] EUROPOL, EU Organised crime threat assessment Octa 2011, O2 – Analysis & Knowledge, The Hague, 28/04/11, File no. 2530-274



*Извор: ЕУРОПОЛ*

Сл. 3 : Центри за логистика на криминални организации

Според истражувањето на организираниот криминал на Балканот, спроведено од Факултетот за социјални студии од Чешка (Катедра за политички науки)[29], има мал број (помеѓу една и десет) организирани криминални групи во регионот (Хрватска, Македонија и Босна и Херцеговина). Најлоша е состојбата во Албанија каде се проценува дека има од 25-100 организирани криминални групи, а во Србија бројката се искачува на околу 50. Нема посебни проценки за Косово и Црна Гора бидејќи погоре споменатите групи се активни и на овие територии. Карактеристика за организираните криминални групи од Србија, БиХ и Хрватска е што тие немаат хиерархиска структура, доста се флексибилни, односно прилагодливи и имаат висок степен на независност, внатре во групата. Нема поделби по специјалности, туку сите се занимаваат со нелегална трговија

[29] Organized Crime in theWestern Balkans, Department of Political Science FSS MU, Faculty of Social Studies Masaryk University, Joštova 10, Brno, 602 00, Czech Republic, 2008

со луѓе, дрога,  оружје, украдени коли, криумчарење на цигари, нафта. Тие не се организираат помеѓу себе во „стриктни" етнички поделени групи, туку може да има мешавина помеѓу нив. Криминалните банди не се делат по националност. Главен мотив за нив е профитот.Ова не е случај со албанските организирани криминални групи кои се стриктно хиерархиски кланови и работат според специфични конзервативни правила. Се забележува дека новите албански групи почнуваат да имаат слична, полесна структура, како нивните соработници од друг етникум. Две земји на ЕУ (Италија и Грција) исто така, во неколку наврати, укажуваат дека албанските групи се најголемите криминални банди во нивните земји, а и ЕУРОПОЛ во својот извештај посочува дека албанскиот организиран криминал е сериозна и растечка закана за земјите од ЕУ[30]

Според проучувањата на состојбите во Југоисточна Европа (Соутх Еастерн Стабилитѕ Пакт, 2008), организираните криминални групи денес се карактеризираат со хоризонтални мобилни структури, поврзани во лабави мрежи. со голем степен на менливост. Некои од овие групи потекнуваат од поранешни политички и економски врски, други групи се формирани врз основа на етничката припадност и сродство, а пак трети, се верува дека потекнуваат од други делови на светот, или се контролирани од страна на транснационални организации или поединци.

Фактори кои придонесуваат за менување на структурата на организираните криминални групи, според анализите базирани на сознанија добиени од реализарани конретни случаи од практика се:

- политички услови (држави во конфликт заради внатрешен бунт, војна или тероризам);
- економски услови (барањата на пазарот, нови можности за нелегални производи и услуги, соработка во други некриминални области);
- социјални услови (лојалност кон сродство, односно етничките врски ја истиснуваат лојалноста кон државата- поради корупцијата,  се развива и криминалот).

## 3.1. Матрица на организирани криминални групи

[30] SEE online, Europol: Bulgaria, Romania and Albania Remain Important Source of Women Trafficking Available online at: http://www.southeasteurope.org/subpage.php?sub_site=2&id=13702&s_word=organized%20crime;

За да се постави матрица на една криминална група, потребно е да се согледа:

1. Структурата на групата,
2. Големината на групата: број на поединци вклучени во различни групи,
3. Криминалните активности на групата: основна дејност, поддршка на примарна дејност. Овие разлики се рефлектираат во систем за рангирање.
4. Прекуграничен промет: проценување на бројот на земји во кои се очекува групата да биде активна.
5. Идентитетот: етничка основа, социјални средини и верност.
6. Насилството: ниво на насилство користено од страна на криминални групи
7. Корупцијата: дали корупцијата се користи повремено, или дали корупцијата е од суштинско значење за примарниот профит од активности на групата.
8. Политичкото влијание: врз основа на информациите, да се утврди на кое ниво на политичко влијание се случува криминалот (локално, регионално или меѓународно)
9. Пенетрација во легитимната економија,
10. Соработка со други организирани криминални групи

Од посебно значење е одредувањето на типологијата[31] на криминалната група:

*<u>"Стандардна хиерархија</u>"*: Слободна хиерархиска група со силни внатрешни системи на дисциплина.

ЕДЕН ЛИДЕР

- Јасно дефинирана хиерархија
- Силенн систем на внатрешна дисциплина
- познат по одредена името
- Етнички идентитет



Сл.4 (Извор: UNODC)

---

[31] FARC Is a 'Paper Tiger' After Offensive, Desertions 2008. http://www.bloomberg.com/apps/news?pid=20601086&sid=aCsN3

- насилство од суштинско значење за
- активностите често имаат влијание или контрола
- врз дефинирана територија

*"Регионална хиерархија":* хиерархиски структурирани групи, со силни внатрешни линии за контрола и дисциплина, но со релативна автономија за регионални компоненти.

СЛОБОДНА РАКОВОДНА СТРУКТУРА

- Линија на командување од центарот
- Степен на автономија на регионално ниво
- Географска / регионална дистрибуција
- Често силен социјален или етнички идентитет
- Насилството е од суштинско значење за активностите



Сл.5 , (Извор:UNODC)

*"Кластери":* збир на криминални групи кои имаат воспоставено систем на координација / контрола, кои се движат од слаба до силни, над сите нивни различни активности.

СПОЈУВА ГОЛЕМ БРОЈ НА КРИМИНАЛНИ ГРУПИ:

- Управувачки систем на организирање на групите (сите се подеднакво вклучени во одлучувањето)
- Има посилен идентитет од составните групи
- Степен на автономија за составните групи



Сл.6, (Извор: UNODC)

*"Основна група":* Релативно тесно организирани, но неорганизирана група, опкружени во некои случаи од страна на мрежа на поединци вклучени во криминални активности.

ОСНОВНИТЕ ГРУПИ СЕ ОПКРУЖЕНИ СО ЛАБАВА МРЕЖА

- Ограничен број на поединци
- Тесно организирана рамна структура
- Мала големина одржува внатрешна дисциплина
- Ретко има социјален или етнички идентитет
- Само во ограничен број на случаи познат по одредено име



Сл. 7, (Извор:UNODC)

*"Криминална мрежа"* **:** лабава мрежа на поединци, често се потпира на лица со одредени вештини

ДЕФИНИРАНА СО АКТИВНОСТИ НА КЛУЧНИ ПОЕДИНЦИ

- Значење во мрежата утврдено со контакт вештини
- Лични лојалност / врски поважни од етнички идентитет
- Поврзување на мрежа, соединуваат околу, серија на кривични проекти
- Реформи на мрежата



Сл. 8 (Извор:UNODC)

i.Некои покарактеристични организирани криминални групи

1. Турски организирани криминални групи[32]

Стратешката локација на Турција како влез од Азија во Европа, близината до областите каде се произведува опиум, Авганистан и Пакистан, прави Турција долго време да биде епицентар во трговијата со наркотици, главно хероин.

Турција е позната и како производител на опиум и хероин кој бил продаван на запад и САД со помош на мафиите на Сицилија и корзиканската мафија. Но, во почетокот на 1970-тите, со меѓународен притисок, Турција отпочна со построги правила за производство на опиум, а во 1974 година, строго го ограничува производството на количини единствено потребни за фармацевтски цели.

Конфликтот во Авганистан во текот на 1980-тите, како и оживување на бунтот на курдите во Југоисточна Турција по 1984 година, како и војната во Ирак-Иран; создаде услови за спојување на политичките, криминалните и воените операции, заедно со синџирот на снабдување на хероин од Авганистан за Турција. По завршување на студената војна во 1989 година, турските организирани криминални групи се вклучија многу поподготвени во трговија со хероин со земјите снабдувачи од Централна Азија.

Исто така, порастот на албанскиот организиран криминал и милитантни групи во 1990-тите, граѓанските војни во поранешна Југославија, беа предуслов за вклучување човечки ресурси од Балканот во трговијата со дрога.

Турските организирани криминални групи имаат функција првенствено на координатори, финансиери и олеснувачи во трговијата со дрога. Тие се вклучени во бизнисите во редица легални претпријатија, како начин за перење пари од трговија со хероин. Ресторани, барови, киосци со брза храна, агенции за недвижности, туристички агенции, сервиси за поправка на возила се примери за такви бизниси.

Познати се четири фази на дејствување на турската мафија. Прво опиумот се транспортира со помош на курдски групи од земјите на потекло до Ван (Источна Турција). Потоа, тој се транспортира во Истанбул или во места во близина на Средоземното море со цел, негова преработка во хероин. Во третата фаза, хероинот се транспортира до земјата - крајна дестинацијата . Четвртиот линк е формиран од страна на разни затворени групи на

[32] Op.cit., "Organized Crime in theWestern Balkans", 2008

Турци со силни семејни врски, кои мигрирале од одредени региони, град или село од Турција. Тие се грижат за понатамошната дистрибуција на дрогата во земјите- крајни дестинации. Голем број пратки на хероин, секој месец влегуваат во Турција, кои потоа се пренесуваат преку Балканскиот пат, главно до земјите низ Европа. Историски гледано, Балканот е главната копнена врска помеѓу Азија и Европа. Секоја година, по овој пат минува огромен број камиони и автомобили. Највообичаен начин за транспорт на хероин е, да се сокрие релативно мала количина (20 до 50 кг.) во камион. Имајќи го предвид степенот на легитимните комерцијални трговии по Балканскиот пат, во комбинација со фактот дека е потребно време за детално пребарување на еден камион (освен ако претрходно не се има разузнавачки информации дека одреден камион носи дрога и дека таа е лоцирана во специјален бункер направен во возилото), сето тоа покажува зошто е практично невозможно да се прекинат овие илегални активности. Германија е централна редистрибутивна точка во Европа. Откако хероинот ќе пристигне во Германија, тој се препакува и се испраќа на другите големи европски пазари, особено во Велика Британија и Скандинавија.

Турските организирани криминални групи обично се хиерархиски и хомогени, но со текот на годините тие имаат оформено и некои трајни партнерства со други организирани криминални групи во Европа. Во оваа смисла, соработката меѓу турските и албанските групи особено се покажа корисна во искористувањето на големи сегменти на европскиот пазар, во различни полиња на нелегалниот бизнис. Сојузот на турските и албанските криминални групи е резултат на историски, културни, верски и етнички врски, како и на тенденциите на албанските криминалци да се приклучат кон поголеми етнички групи, кон кои имаат афинитет.

Според забележувањата на полициските служби, албанските групи се веќе во таков стадиум на развој на односите, што дозволува наметнување на нивното влијание во смисла на купување (набавка) на хероин од турските трговци на големо, кои пак од друга страна, сé повеќе се присутни во Унгарија, Бугарија и Романија, како дел од синџирот на снабдување со дрога. Во текот на изминатите неколку години има зголемен фокус на поставување бизниси во Унгарија со цел да се олесни трговијата со дрога. Унгарија се наоѓа во центарот на Европа и во близина на главните пазари на Германија, Италија и Полска. Освен тоа, има помалку развиено следење и превенција на криминалните активности во споредба со Германија. Затоа Унгарија, според полициските сознанија, стана главен центар за турските и албански групи.

Според британската национална криминалистичка разузнавачка служба (сега Агенција за сериозен организиран криминал, СОЦА), турските групи држат контрола на голем дел од пазарот на хероин во Европа а особено во Велика Британија.

Во текот на изминатите неколку години, се јавува трендот на симултано ангажирање на турските организирани криминални групи во трговијата со дрога и оружје, што укажува на постоење на диверзификационен процес.

Присуството на турските организирани криминални групи во Холандија е интензивирано во последните неколку години. Полициските власти во Амстердам, укажуваат на значително зголемена активност од страна на криминалните групи од Балканот и Турција. Овие групи се специјализирани во шверцот на имигранти, наркотици и оружје. Турските групи постепено се вклучуваат и во распределбата на синтетски дроги. Како последица на тоа, употребата на синтетски дроги во Турција е зголемена. Социјалните и економските промени и туризмот се причинители за овој тренд и промена на традицијата во оваа главно муслиманска земја.

### 3.1.1.2. Албански организирани криминални групи [33]

Албанското цивилизациско опкружување создаде општествени структури што совршено им прилегаат на организациите од мафијашки тип. Кодот[34], до денешен ден се користи од страна на криминалните групи како средство за обезбедување верност. Со овој код, на семејството му се дава висок приоритет. Семејната структура се карактеризира со силна внатрешна дисциплина, која се постигнува со помош на казна за секое отстапување од

---

[33] Human Rights Watch, “A Threat to ‘Stability’: Human Rights Violations in Macedonia,” (јуни, 1996), http://www.hrw.org/ ; Saso Klekovski, “Blame the Economy in Macedonia,” (9 мај 2001), http://www.ok.mk./ ; Eve-Ann Prentice, “Kosovo is Mafia's 'heroin gateway to West' ,” *The London Times*, (24 јули 1999); Misha Glenny, “Heart of Darkness,” *The New York Review of Books*, (14 август 1997), pp.32-36; Alison Jamieson and Alessandro Silj, “Migration and Criminality: The Case of Albanians in Italy,” (Рим: CSS/CEMES for the Ethnobarometer Programme, 1998).

[34] Со Канонот на Лека Дукаѓини , познат како „Canun“, беа утврдени начелата според кои се раководеа општествените заемни односи во 15 век, а неговото влијание се провлекува и денес, особено меѓу клановите на Гегите од северна Албанија, Косово и од Македонија. Тој се заснива на почит, апсолутна верност на семејството и на кланот, лојалност, традиција, чест, братство, почитување на дадениот збор, како и оправданост за одмазда. Со тоа се обезбедуваат нормите што им одат во прилог на тајните активности

интерните правила, така што стравот треба да гарантира безусловна лојалност кон кланот, додека одредбите на официјалните законите се сметаат за необврзувачки. Клановите се создаваат врз основа на крвни врски. Тоа е фактор кој го ограничува бројот на членовите во кланот (јадрото на кланот е сочинето од околу 60 членови на семејството[35]). Многу од бандите, особено оние од Балканот, не признаваат членови кои не се етнички Албанци, напротив, уште повеќе се регрутираат само членови на семејството или блиски пријатели со цел да се спречи инфилтрацијата на надворешни непознати лица. Врските меѓу нив се многу силни, што прави инфилтрираањето во криминалните групи да е речиси невозможно. Етничката поврзаност е од највисок приоритет. Новите членовите се обврзуваат со заклетва на верност и тајност, се дава ветување „Беса" (чесен збор). Никој не може да избега од долгата рака на мафијата.

Повеќето криминални активности се спроведуваат од страна на членовите на семејството - кланови ("ФИС") кои ги контролираат нивните територии. Клановите се поврзани и тесно соработуваат со слични криминални групи од другите европски земји, особено со тие од Турција и Бугарија, што се должи на фактот на поминување низ овие земји, на најглавните рути за трговија со дрога. Таквиот систем е идеален за воведување во организирана криминална мрежа.

Во рамките на овој докторски труд, со истражувањата на повеќедимензионалните аспекти на организираниот криминал во Македонија и неговата поврзаност на глобално ниво, се размислуваше за прашањето, дали албанските криминални групи се организирани или криминалните активностите се резултат на полу-независни криминални банди, и дали командата потекнува од едно семејство или од група на семејства. Структурата на овие групи, се должи на нивниот брз пораст и успешност, како и на специфичната координација на активностите, што укажува на сложен хиерархиски синџир на команда од страна на шефови и "под-босови" кои се поврзани или преку крвно сродство или преку брак. Анализите на полициските разузнавачки податоци од повеќе спроведени операции во изминатиот период, укажуваат дека сепак синџирот на команда е децентрализиран и овозможува флексибилност кај малите групи во вршењето на одредена дејност, додека општите ирективи имаат вертикална насока (движење од врвот према долу). Ваквиот систем

[35] Албанските семејства се големи и се поврзани во мрежа. Просекот е 150 роднини, нивни соседи и пријатели, а понекогаш цело село е клан

повеќе наликува на структурата на руската мафија. Освен тоа, албанската криминална организација е организирана на три, четири или повеќе нивоа, кои овозможуваат да се зачува организациската способност за акција дури и во случај да се заробени некои од нејзините членови или групи.

Албанските организирани криминални групи формираат група на кланови (до 20), кои ја сочинуваат линијата на мафијата, предводена од политички лидер. Албанската мафија нема пирамидална структура, со "кум" на врвот, туку тоа есерија на пирамиди со неколку "кумови". Моќта на албанската мафија се базира на послушност на кланови ("ФИС"), но и на финансиската моќност, на финансиите од хуманитарни средства, влијателни и финансиски моќни организации кои се активирани во „перењето на пари" генерирани од трговијата со дрога и други активности на мафијата. Според податоците на Интерпол, албанските групи користат, кога е тоа потребно, софистицирана мрежа на сметки и компании за проследување на протокот на пари.

Албанските организирани криминални групи се хибридни организации, често вклучени и во политичките активности. Според информациите на Обединетите Нации, сé потешко е да се направи разлика помеѓу терористичките групи и единиците на организираниот криминал, бидејќи нивните тактики се преклопуваат. Ова е почеток на раѓањето на еден нов хибрид на организираниот криминал-терористички организации, и се претпоставува дека потекнува од триаголникот Косово-Тетово-Албанија. Основната командна структура на овие групи, се потпира на нивните вкоренети политичко - културни искуства. Структурата на групата почнува од раководството на Советот, што ја креира целокупната активност, дома и во странство. Советот најверојатно вклучува претставници на семејствата од нивните кланови (систем на потшефови). Делови од непосреден клан, како и членови од редовите на раководството на Советот се избраат за операции од одредени области . Се предпоставува дека и политички активни лица се членови на раководството на советот. Рангот на членовите зависи од односите во семејството. Крвни сродници имаат повисок ранг од членовите на кои им е дадена доверба, односно роднини, членови од брачни врски . Со други зборови, Советот претставува главно тело за криминалните групи од различни области, и е краен арбитер во спорови, во давање поддршка и во одлучување за структурата која ја опишува територијата меѓу семејствата. Шефовите на семејствата, во рамки на Советот, се лидери по однос на големината, статусот и моќта која ја имаат над одредена област, регион. На пример, во Њујорк, претставници на неколку семејства се

собираат и ги координираат активностите во Бронкс. Во рамките на одредена територија, секое семејство има Извршен комитет, или "бајрак" кој обезбедува ресурси за вклучување на потребните тактики и тренинг, неопходни за спроведување на трговијата со дрога,оружје или софистицирани грабежи. Овие групи најчесто имаат милитаристички (воени) тактики, односно често се вклучуваат во брзи, мулти-фронт напади врз повеќе цели, за релативно кратко време и со тоа обезбедуваат високата стапка на успех. Севкупниот успех, за една просторна единица зависи од координирањето на активностите од двајца офицери во рамките на семејството. Првиот офицер е за врска. Тој се грижи за нивото на координација меѓу единицата, се осигурува дека територијата нема да биде нарушена и дека подрачните единици може да си помагаат една на друга без инциденти. Според сознанијата на полицисните служби, карактеристиката за ова лице е дека не е роднински поврзано. Координацијата на активностите овозможува да се акумулираат средствата и повторно да се вратат во странство за „перење", преку компании со увозно/извозни бизниси, транспортни компании, погони за преработка и сл., најчесто лоцирани на Балканот, а особени во Албанија. Ваквата активност ги активира должностите на вториот офицер, кој е во роднинска врска и кој е еден вид координатор на активностите, односно неговите обврски се воспоставување на комуникација со други криминални банди кои служат како амортизери. Во основата на албанската организирана криминална структура лежи мобилноста на членовите. Тоа се обично мали групации, кои се состојат од четири до десет члена. Шефот на секоја екипа е одговорен за избирање на начинот за извршување на директивите од Советот. Ваквиот децентрализиран синџир на команда, овозможува флексибилност и ја зголемува веројатноста за успех, бидејќи целта е иста, иако околностите се разликуваат.

Со години наназад косовските Албанци се меѓу највештите трговци во светот, потпомогнати од поволните географски позиции и изолираните планински села каде што живеат. Секоја фаза на балканскиот бизнис со хероин, од неговото рафинирање, сé до последниот сегмент-дистрибуцијата, е во режија на лабава хиерархиска мрежа позната како "15 семејства", која е налик на регионалните кланови. Успехот на Косовските илегални трговци се должи на организираноста во тесни групи поврзани по етничка основа и на мобилизираната дијаспора. Активностите на албанската емиграција се состојат во собирање на големи количини на финансиски средства потребни за набавка на оружје и опрема за терористичките групи. Средствата се собираат на организиран начин, а депонираниот износ

се пренесува преку избрани банки или нелегални канали, а во некои случаи, пари се собираат и од страна на "курири", кој се опишани како "домашна посета". Сознанијата зборуваат дека во некои земји, припадниците на албанската емиграција биле изложени на тортура од страна на членовите на албанската мафија за да се обезбеди нивна присилна соработка.

Албанската мафија успеа да ги истисне Турците од германскиот пазар на хероин и да направи место за свој специјален пазар во Италија. Има посебни врски со италијанските мафијашки организации, како на пример со Обединетата света круна (*Сацра Цорона Унита* и со "*Ндрангхета"*. Според германската федерална разузнавачка служба (БНД), "Ндрангхета" дејствува во тесна соработка со албанските криминални семејства, во трговија со оружје и наркотици низ порозните граници на Европа.

Според Центарот за стратегиски и меѓународни студии (ЦСИС), италијанската мафија се обиде да преживее по успешниите координирани операции на полициските служби кон крајот на 1990-тите години. Таа воспостави "симбиотички" односи со албанските криминални семејства, соработувајќи со нив во голем број криминални операции низ Италија. Денес, се верува дека постои договор, проституцијата, коцкањето и дрогата по должина на Јадранскиот брег да биде под контрола на Албанците. ЦСИС дури тврди дека, ова партнерство се покажало толку успешно што сицилијанската мафија на крајот на 1990-тите години[36] поставува свое "седиште" во Валона, крајбрежен град во јужна Албанија. Албанската мафија не се гледа веќе како "странска мафија" во Италија, туку напротив, Албанците и Италијанците имаат "братски" односи меѓу себе.

Сепак, се забележува дека руските кланови, кои не се базирани на семејни врски, имаат поголема сличност со албанските криминални семејства, во структурата и во насилството што го применуваат.

Германската сојузна криминалистичка полиција во своите наоди потврдува дека косовските Албанци увезуваат околу 80% од хероинот во Европа. Значи, во трговијата со хероин, доминантно е косовското присуство (европските корисниците дрогата ја нарекуваат "Албанка", или албански дама). "Етничките Албанци" (како германската полиција

---

[36] E.U. Savona, “Mafia Money Laundering versus Italian Legislation”, in *European Journal on Criminal Policy and Research*, September 1993; W. Lee Rensselaer,

официјално ги нарекува), без разлика од каде доаѓаат - Албанија, Македонија или Косово, создадоа, за многу кратко време, во последната деценија на овој век, моќна криминална мрежа која е уште поопасна од италијанската мафија -Коза ностра. Мрежата се шири од Балканот кон Источна Европа, а станува густа во Грција, Италија, Швајцарија и Германија. Се протега дури и до Скандинавските земји. Некои гранки на оваа криминална албанска мрежа[37]. достигнуваат до Шпанија, Португалија и Велика Британија а сé повеќе е присутна во САД . Италијанската специјална полиција, по превземени неколку операции, меѓу кои и операцијата "Приштина", го потврдија сознанието дека постојат врски кои потекнуваат од Косово и се протегаат преку девет европски земји, Централна Азија, Јужна Америка и САД. Италијанската полиција и Федералното истражно биро, се сомневаат дека поплавата на кокаин во земјата може да биде резултат на албанските криминалци кои работат во САД.

#### 3.1.1.1. Италијански и Руски криминални групи (структурни разлики и карактеристики)

Основна разлика е во структурата: италијанската мафија е организирана на хиерархиски начин, додека руската мафија е флуидна и аморфна. Оваа разлика ја прави руската мафија поефикасна, бидејќи криминалната организација постои само за краток временски период, односно до реализирање на одредена задача. Потоа таа исчезнува и повторно се појавува во зависност од состојбата. Нема "кум" како главен шеф на организацијата. Ова, за полициските органи, предизвикува потешкотија во следењето и нивното уништување. Спротивно на тоа, италијанската мафија има цврста структура: организацијата ќе продолжи да постои без оглед на тоа што се случува со одредени поединци кои се вклучени во неа. Од аспект на органите на прогонот, ова е важен факт, затоа што полесно можат да ги откријат криминалните структури и да се инфилтрираат во италијанското криминално "семејство.".

[37] Во последните неколку години, Албанците буквално го „нападнаа“ западот Околу 1 милион се распрскани низ остатокот на Европа. Во Велика Британија, се проценува дека до пред 10 години живееле само 30 Албанци, а сегаги има повеќе од 30.000 . Проценките за другите држави се: околу 400.000 Албанци во Германија, 200.000 во Швајцарија, 438.000 во Италија, 30.000 живеат во Шведска и 25.000 во Белгија. Според извештајот подготвен за Советот за национална безбедност на Турција, во источна Анадолија, има околу 1.300.000 жители од албанско потекло.

Друга разлика е во потеклото на двете мафии. Италијанската мафија првично беше регрутирана од неписмени и сиромашни селани од Сицилија, додека руската мафија е сочинета од врвот на интелектуалната и менаџерска елита од поранешниот СССР (најчесто од еврејско и руско православно потекло). Со други зборови, интелектуалниот капацитет на руските криминалци далеку го надминува тој на италијанските криминалци. Италијанската мафија е воглавно вклучена во тешки злосторства, трговија со дрога, убиства, итн, додека Русите се вклучени во многу софистициран криминал (избегнување на плаќање данок, измама на осигурителни компании, измами со кредитни картички, акции и хартии од вредност итн).

Постои огромна разлика помеѓу нив и во однос на моралот. Италијанските криминалци се сурови, но тие претежно веруваат во Бога и одаваат впечаток и чувство на „правичност", додека Русите се сосема неморални - и за нив да се убие некој е најлесната работа.

## 3.2. Карактеристики на наркогрупи од Р.Македонија

Изразената трговија со дрога е показател, од една страна, на присутноста на подобро организирани криминални елементи, кои речиси непречено дејствуваат во Македонија, а од друга страна, на немање ресурси погодни за забрана на недозволени дроги,

Организациските карактеристики на македонските криминални групи кои криумчарат дрога, укажуваат на фактот дека тоа не се цврсти (стабилни) организации, односно може генерално да се констатира дека доскорешната хиерархиската поставеност тежнее кон промени и најчесто има комбинирана структура. Лицата кои се организатори на криумчарењето на дрога најчесто се потпираат на лица по семејна и пријателска основа, но истите не се долготрајни и со постојан статус. Многу често се случува, релативно гледано, и почетници во овој криминал да се одлучат да организираат транспорт на хероин, хашиш или марихуана до пазарите во Европа, пред сé заради можноста во Турција или во Албанија да набават дрога без истата да ја платат, а во залог да остават т.н. "жива глава" односно со други зборови тоа значи дека стоката ќе ја платат по нејзиниот пласман во некоја од земјите во Европа. Постојат сознанија и индиции дека Македонци со криминално досие имаат остварено значителен продор во криминалните групи за дрога во Швајцарија, Германија и Скандинавските земји, каде што и самите успеале да воспостават дилерска мрежа. За овие групи

може да се каже дека настапуваат на овие криминални пазари без некоја поголема поврзаност меѓу себе.

Дејствувањето на организирани меѓународни организации за илегален шверц со наркотични дроги е уште еден предуслов за развој на наркокриминалот на нашето поднебје. Одредена проценка за големината на организацијата може да се добие од податоците за главните заплени. Додека малите заплени не мора да значат голема организација, големите заплени се индикативни за добро организирани и опремени криминални групи. Групите кои можат да си дозволат да инвестираат во поединечна пратка вредна илјадници или милиони долари/евра, очигледно дека се големи и професионални. Обратно, со мала сума на капитал може да се транспортира дрога сокриена во вообичаен комерцијален транспорт, што значи дека, поголем број на мали заплени не треба да упатуваат на некаква организираност. Од друга страна, отсуството на големи заплени не го исклучуваат постоењето на големи организации, иако запленитe покриваат мал дел од вкупната трговија. Под вакви околности, можно е големите пратки да се заштитени со корупција и малите заплени да ја рефлектираат само елиминацијата на слабата конкуренција.

Онаму каде што има доволно податоци, можно е, гледано глобално, да се споредат поединечните големи заплени со вкупниот број национални заплени. Доколку големината на заплените во одреден транзитен систем се јавуваат како многу големи пратки, ова сугерира дека вклучените групи се големи и добро опремени, наспроти состојбите со помалите групи кои едноставно не можат да си дозволат пратки со толкава количина дрога. Од друга страна, ако дрогата е запленета во поголем број поединечни помали пратки, тоа упатува на мали шверцерски групи кои користат различни техники на криумчарење.

На наше поднебје, етничките врски во формирањето на криминалните групи остануваат важни. Многу често во нив се вклучуваат и лица од друг етникум или националност. Тоа се случува кога е потребна стручност која ја нема во групата, па се склучува договор за завршување на работите со лице од друга организирана група. Овие даватели на услуги, инаку, можат и да не бидат вклучени во други криминални активности, а сепак да оставаат впечаток на легалност. Бандите од етничките малцински заедници, се ангажираат да ја завршат "нечистата работа" за главните организирани криминални групи. Од анализите на податоците за запленети количини дрога се заклучува дека меѓународни криминални организации прават сојуз со локалните криминални групи, за настап на нови територии како крајни дестинации или транзитни зони.

На нарко пазарот, на локално ниво, дејствуваат поединци и криминални групи кои често имаат спротивставени интереси, но често се поврзуваат заради остварување на поголеми профити и поголеми криминални зафати.

Според анализата на реализираните случаи, криминалните групи кои криумчареле **хероин** по етнички состав се еднонационални, најчесто етнички Албанци од Македонија, Косово и Албанија. Овие групи се составени од лица кои се без занимање или постојано вработување, со ниско образование и со знаење на одредени занаети (авто лимари, електричари и сл.), или кои во одреден период од својот живот престојувале како физички работници во земјите од Западна Европа. Некои од нив имаат постојан престој или стекнато државјански статус во некоја од западноевропските земји што им овозможува лесно да се движат преку границите и да воспоставуваат врски со криминалните групи кои егзистираат во овие земји па дури и сами да организираат мрежи за дистрибуција на дрогата. Ова се потврдува и од податоците добиени од ИНТЕРПОЛ каде стои дека македонски државјани земаат видно учество во криминалот со дрога во Европа. Во последните неколку години се забележува тенденција на формирање криминални групи од етнички Албанци, кои сé поретко се занимаваат со периферни криминални активности (пр.: курири, возачи на моторни возила, изготвувачи или понудувачи на патни исправи и сл.) туку за тоа, за одреден паричен надомест, ангажираат Македонци или лица од други националности. Овие криминални групи се јавуваат и како носители на криумчарењето на прекурсори за Труција и се инфилтрираат во криминалните канали на криумчарење кокаин од Јужна Америка кон Европа.

Што се однесува до состојбите со канабиноидните дроги, м**арихуаната** доминира на нарко пазарот во нашата земја и е продавана од поединци и криминални групи составени од Македонци, додека поголемите пратки (на пр. 200 - 500 кг. марихуана) чија цел се пазарите во Западна Европа се составени од криминални групи со различен етнички состав (Македонци и Албанци). **Хашишот** чие потекло е од соседна Албанија и истиот е наменет за Турција, е под целосна контрола на криминалните групи составени од етнички Албанци од Македонија и Албанија.

### 3.2.1. Анализа на криминални групи активни во Р. Македонија и начин на дејствување (модус операнди)

### 3.2.1.1. Карактеризација на наркогрупите според полот, возраста, националната и етничка припадност и земјата од каде доаѓаат

Во периодот 2009-2011 год Министерството за внатрешни работи на Република Македонија откри 26 криминални групи (од нив, 9 се меѓународни), во кои дејствувале 153 члена, од кои 140 се македонски државјани, а 13 странци ( пет државјани на Албанија, по тројца државјани на Бугарија и Турција и по еден државјанин на Косово и Грција).

Графикон 1. Распределба на опасни криминалци според државјанство, фатени на територија на РМ




Спроведената анализа покажа дека во периодот на имплементација на Националната стратегија на Република Македонија 2006 -2012 годнина, мерки на кривичен прогон се преземени против 121 лице, од кои 98 македонски државјани, како и 23 странски државјани (10 државјани на Албанија, по тројца државјани на Бугарија и Турција, по двајца државјани на Косово, Перу и Германија и еден државјанин на Грција). Од вкупниот број на пријавени лица, само две се од женски пол. Според старосната структура на сторителите, 45 лица се на возраст од 31-40години, 31 лице на возраст од 41 до 50 години, по 17 лица се на возраст од 26 до 30 и над 50 годишна возраст, додека само 11 лица се на возраст од 20-25 години.

Графикон 2: Преземени мерки на кривичен прогон од страна на МВР

(дистрибуција според државјанство)




| **Држав. на Македонија** | **Држав. на Албанија** | **Држав. на Бугарија** | **Држав. на Турција** | **Држав. на Косово** | **Држав. на Грција** | **Држав. на Германија** | **Држав. на Перу** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 98 | 10 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 |

*извор МВР*

Графикон 3: Преземени мерки на кривичен прогон од страна на МВР

(Дистрибуција според старосна структура)




*извор МВР*

Организираниот криминал во Република Македонија е присутен но не претставува голем проблем споредено со земјите од непосредното соседство, од една страна, заради организараноста, координираноста и вештините на македонските полициски служби, а од друга страна, заради соработката со меѓународните организации и полициските служби од регионот и пошироко, навремената размена на информации, сознанија и анализи и заедничко постапување во спречувањето на сите видови криминал, а посебно на криминалот поврзан со дрога.

### 3.2.1.2. Карактеризација на наркогрупи по структура, состав, распределба на улогите и меѓусебна поврзаност

Врз основа на добиените податоци од истражувањата со кои беше опфатен период од шест години, базирани на сознанијата на Министерството за внатрешни работи на РМ, се издиференцираа два типа на криминални групи инволвирани во недозволена трговија со хероин. Едниот тип на криминални групи е претежно составен од македонски државјани од албанско етничко потекло, додека другиот тип се состои од македонци. Анализата на состојбите покажа дека има околу 10 влијателни криминални групи составени од македонци. Кон овие групи повремено се приклучуваат граѓани од соседните земји за заедничко дејствување на транснационално ниво.:

#### 3.2.1.2.1. Матрица на криминалните групи од албанско етничко потекло

Постои разлика помеѓу двата погоре споменати типа на криминални групи. Ако се земат како појдовна основа концептите на УНОДЦ, за поставување на матрица на криминална група, за нарко-групите од албанско етничко потекло важи следното:

А) <u>Структура на групата</u>.

„*Регионална хиерархија*": хиерархиски структурирани групи, со силни внатрешни линии за контрола и дисциплина, но со релативн автономија на регионални компоненти.

*Слободна раководна структура*

- Линија на командување од центарот
- Степен на автономија на регионално ниво
- Географска/регионална дистрибуција
- Силен социјален или етнички идентитет
- Насилството е од суштинско значење за активностите



Сл. 9

Б. <u>Големина на група</u>: број на поединци вклучени во различни групи

Албанските организирани криминални групи се мали (4-10 члена) и се мобилни. Карактеристично е дека албанските организирани криминални групи формираат група на кланови (до 20). Јадрото на кланот го сочинуваат членови на семејството (околу 60 членови). Албанските семејства се големи (во Македонија, просечно со по 6 деца) и се поврзани во мрежа. Просекот на членови во кланот е околу 150 (потесно семејство, роднини, соседи и пријатели). Некогаш може и цело село да биде клан.

В) <u>Криминални активности</u> :

Основна дејност-недозволена трговија со хероин

Г) <u>Прекугранichен промет</u>:

Проценување на бројот на земји во кои групата треба да биде активна. Фокусот е ставен на следните земји: Италија, Хрватска, Црна Гора, Албанија, Бугарија, Грција, Косово, Швајцарија, Германија, Англија.

Д) Идентитет: етничка основа, социјална средина и верност.

Многу од бандите не прифаќаат членови кои не се етнички Албанци. Се регрутираат само членови на семејството или блиски пријатели, со цел да се спречи инфилтрација на надворешни непознати лица. Врските меѓу нив се толку силни, што инфилтрираањето е речиси невозможно. Етничката поврзаност е од највисок приоритет.

Ѓ) Насилство : различни нивоа на насилство

Албанците се подготвени да убијат, односно тие едноставно не го сваќаат живот толку сериозно.

Е) Корупција: профитирање

Корупцијата е од примарно значење за акумулирање на активностите на групата со цел, извлекување на корист од трговијата со дрога

Ж) Политичко влијание: големо

Можно е врз основа на информациите да се утврди на кое ниво на политичко влијание се случува криминалот (локално, регионално или меѓународно)

З) Пенетрација во легитимна економија: да

И) Соработка со други организирани криминални групи

Соработка со турски криминални организации при набавка на дрога, а со италијанските криминални организации, за дистрибуција и пласман на дрогата на западно европскиот пазар. Како доказ за соработка помеѓу албанските криминални групи од Македонија и тие од Албанија, во трговијата и криумчарењето на дрога од природно потекло (култивирана марихуана), е заедничката координирана полициска акција "Калабрија" реализирана на 21.02.2012. На пристаништето во Бари, Италија, во товарно моторно возило управувано од лице од Тетово, државјанин на Р.Македонија, пронајдени се

272 пакувања со околу 300 килограми наркотична дрога марихуана. Марихуаната, според сознанијата на македонската полиција, била натоварена во товарното возило на непозната локација во Албанија.

Успешната меѓународна операција е резултат на интензивната размена на информации, врз основа на потпишани протоколи за соработка со италијанската полиција и формирани работни групи за борба против недозволена трговија со дроги.

3.2.1.2.2. Матрица на криминалните групи од македонско потекло

А) Структура на групата**:**

*"Криминална мрежа"* **:** лабава мрежа од криминалци-поединци, кои често се потпираат на лица со одредени вештини.

*Дефинирана со активности на клучни поединци*

- Значење во мрежата утврдено со контакт вештини
- Лична лојалност / врски поважни од етнички идентитет
- Поврзување на мрежа, соединуваат околу, серија на кривични проекти
- Реформи на мрежата



Сл.10

Б. Големина: број на поединци вклучени во различните групи,

Групите се мали (4-10 члена). Се формираат за одредена потреба, односно за извршување на одредена задача.

В) Криминални активности :

Недозволена трговија со хероин и марихуана

Г) Прекуграничен промет:

Проценување на бројот на земји во кои групата треба да биде активна. Фокусот е ставен на Австрија и Германија.

Д) Идентитет: етничка основа, социјална средина и верност

По карактеристична е социјалната врска. Членовите потекнуваат од ист град (или регион). Еден или двајца од предводниците имаат свои пријатели или роднини како главни соработници кои дополнително вклучуваат познати лица кои се незабележителни и по карактер неекспонирани. Истото потекло прави разликите меѓу нив да бидат помали; слични секојдневни интереси и активности; помала социјална дистанца.

Ѓ) Насилство : не се применува

Карактеристично е тоа што поголемиот број вклучени лица никогаш немале проблеми со законот, односно немаат криминално досие. Забележана е инволвираност на едни исти лица во различни криминални групи во различни или исти периоди на нивното дејствување

.

Е) Корупција: цел, профитирање

Корупцијата се користи повремено

Ж) Политичко влијание: одредено, не доминантно

З) Пенетрација во легитимна економија: да

И) Соработка со други организирани криминални групи: да

Со турските криминални групи, се соработува во набавката на хероин, а со српските криминални групи за набавка на кокаин.

3.2.1.3. Карактеризација на наркогрупите според начин на дејствување (модус операнди)

Анализата покажа дека се диференцираат неколку категории на активности на македонските криминални групи:

Организирање транспорти на дрога :

- Хероин , илегални транспорти од Турција за Западно европските земји
- Марихуана- организирани транспорти од Албанија за Западно европските земји
- Кокаин - организирани транспорти од Јужно-Американските држави за Европа

Криминалните групи од Македонија во многу случаи посредуваат при купопродажба на дроги и организираат улична препродажба на дроги во некои европски држави.

За да се поврзат со криминални организации од други држави, со цел водење на заеднички бизнис, –еден или неколку члена од групата (во зависност од големината на групата) имаат стратешко значење за криминалната организација. Имено, тоа лице има способности за конекција односно, воспоставува врски надминувајќи ги геогрgraфските и социјалните разлики. разликите помеѓу етничките групи, културните разлики и сл.

Нелегалниот пазар се карактеризира со децентрализирани и повеќенаменски, сектори и области каде најчесто се активни мали криминални организации поврзани во мрежи. Во зависност од состојбите, но во голем дел и од вештините, достапноста, изборот и сл., одредени криминални организации се поуспешни од другите или се повеќе или помалку активни. Карактеристично за македонските криминални организации составени претежно од македонци, е што главниот дел на групата го претставуваат неколку лица поврзани по роднинска, другарска или пријателска линија, а останатите се ангажираат по потреба и за вршење на одредена задача.

3.2.1.4. Распределба на задачите

Сознанијата од спроведените полициски истраги укажуваат на тоа дека внатре, во криминалните нарко-групи кои се активни во трговијата со дрога (не и во производство), како што се споменатите примери на двата типа на криминални мрежи, има распределба на задачите и улогите меѓу членството, односно има лица задолжени за снабдување и за купување на дрога и лица за логистика ( кои воспоставуваат врски).

Се преземаат потребните активности околу обезбедување на транспортни средства (камиони или комбиња), се прави договор со возачите за организирање внес на товарот, се избира локација каде одредено време ќе се складира дрогата заедно со другата стока (при нелегална трговија со хероин, вообичаена практика е дрогата да се товари заедно со друга стока). По направените проценки на теренот и можните ризици од откривање, дрогата се товари во друго транспортно возило.  Организирањето на транспортот треба да биде ефикасно и да тече без застој; трагите се прикриваат за да се оневозможи следење на текот на криминалната активност.

Лицата „за врска" имаат стратешка улога во криминалната организација бидејќи ги поврзуваат инволвираните страни, односно го договараат контактот помеѓу потребните лица, и начинот како тој да се реализира. Всушност овие лица ги контактираат и снабдувачите и купувачите, автономни се во однос на структурата на организацијата, дејствуваат како „брокери" на берза. Тие креираат и меѓународни и меѓу етнички контакти.

Лицата „за логистика" кои по правило не припаѓаат на групата, туку се контактираат по потреба, се од посебно значење за криминалните групи. Групата најчесто соработува со неколку такви лица, бидејќи тие извршуваат активности кои можат да бидат  ризични за членовите на криминалната група, како што е обезбедувањето на лажни документи или исправи, пронаоѓање на тн. „фронт"-компании кои служат како маска за вршење на „легални бизниси". Имено, стоката која е маска за дрогата треба да помине низ легални компании, со сите потребни дозволи, фактури, царински документи Се детектираат формалните купувачи во земјата или во странство (ако е тоа директен транзит, без претовар во Македонија), односно со еден збор, се вршат севкупни активности според важечките прописи за да не се доведе до сомнеж дека стоката служи само за маскирање на нелегалниот транспорт на дрога.

Повеќе видови на компании се вклучени во целиот овој процес на  криминалните групи, во зависност од тековните активностите и понатаму, за прикривање на нелегално стекнатите пари. Некои компании се фиктивни, никаде не постојат и служат за подготовка на документи од страна на лицата за логистика или за фиктивни  бизниси  за потребите на предвидената криминална активност. Но, има и такви компании кои се легални, меѓутоа се злоупотребени  без да имаат сознанија за тоа. Анализатга покажува дека следењето на движењето на парите има исклучителна важност за следење на трагите во текот на истрагата.

Речиси во сите спроведени истраги се потврдува дека лицата најчесто користат мобилни телефони за меѓусебна комуникација, со при-пејд картички кои често ги менуваат; водат шиврирани разговори. Добиениот профит од нелегален бизнис го вложуваат во други помали легални бизниси или за купување на недвижен имот.

ГЛАВА- 4

# ДРОГАТА ВО СВЕТОТ ЗА ПЕРИОД 2006-2007

- ГЛОБАЛНИ СЛУЧУВАЊА ВО НЕЛЕГАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈАТА И ПОТРОШУВАЧКАТА НА ДРОГИ

## 4, ДРОГАТА ВО СВЕТОТ ЗА ПЕРИОД 2006-2011 [38]

(Дроги од природно и синтетско потекло и компаративни проследувања на состојбите со наркокриминалот)

### 4.1. Глобални случувања во нелегалното производство, трговијата и потрошувачката на дроги

Последните анализи[39] во врска со глобалниот илегален пазар на дрога покажуваат неудначени промени во неговиот развој, со тенденција на негово намалување во периодот опфатен со овие истражувања:

---

38 Извори на податоци од извештаи на Обединетите Нации и Агенциите на Еропската Унија вклучени во следење на состојбите со дрогата (UNODC, INCB, EUROPOL, EMCDDA**).** Обработени податоци за дроги од опиумски тип (опиум, хероин), кокаински тип(кокаин), канабиноиден тип(марихуана, хашиш) и амфетамински тип(амфетамин, акстази) .

На глобално ниво, УНОДЦ проценува дека во 2008 година, меѓу 155 и 250 милиони луѓе (3,5-5,7% од населението на возраст од 15 до 64 години) користеле недозволени супстанции најмалку еднаш. Најголемиот број на корисници на нелегална дрога се консументите на канабис-дрогите (129-190 милиони луѓе).

Во Европа и Азија, поголемиот дел од побаруваните дроги отпаѓа на опијатите. Во Америка, тоа е кокаинот, а во Африка и Океанија е канабисот. Овој сооднос се менува со тек на време. Така на пример, споредено со состојбите од пред една деценија, побарувачката на канабис-дрогите се зголемува во Европа, Јужна Америка и Океанија до степен кој што станува проблематичен. Во тек на истиот период, побарувачката на кокаин се намалува во Америка, особено во Северна Америка, а се зголемува во Европа каде е констатирано опаѓање на значењето на опијатите. Слична е состојбата по однос на овие дроги и во  Азија, посебно во Океанија. Наспроти тоа, побарувачката на опијати во Африка бележи пораст. Од друга страна, АТС-дрогите се сметаат за водечки дроги  поради нивниот растечки удел на глобално ниво.

Како најпроблематични се оценети случувањата во врска со дрогата во земјите од третиот свет. Најголемата потрошувачка на дрога во светот (богатите земји), се пренесе на теренот на сиромашните земји и земјите во развој (главни локации на снабдување и трговија со дрога). Овие земји имаат други приоритети и помалку ресурси така што не се во позиција да ги апсорбираат последиците од зголемената употреба на дрога. Како пример може да се земат земјите од Источна Африка со наглото зголемување на потрошувачката на хероин или "експлозијата" на кокаин во Западна Африка и Јужна Америка, порастот на производство и злоупотреба на синтетички дроги во Блискиот Исток и Југоисточна Азија.

Заклучок е дека проблемот со дрогата во светот не може да се реши со менување на страната, односно со префрлање на потрошувачката  на дрога од развиените земји кон земјите во развој.

Пазарите на хероин и кокаин во развиениот свет се сметаат за стабилни. Стабилизирањето на овие пазари го маскира растечкиот проблем на злоупотреба на канабис-дрогите и на стимулансите од амфетамински тип (АТС) во многу делови на светот како резултат на нивното

---

[39] INCB, 2010, 2011 ; UNODC,2010, 2011, www.unodc.org

раширено и интензивирано децентрализирано производство. Тоа со други зборови значи дека, тешко можат да се следат глобалните трендови кај било кој од овие пазари.

Супстанциите од амфетаминската група се рангирани на второ место и најчесто се проследени со кокаин и опијати. Според показателите, глобалната бројка на луѓе што користат амфетамински тип на стимуланси (АТС) тежнее да ја надмине заедничката бројка на консументи на опијати и кокаин. Но, АТС -пазарот потешко може да се следи заради кратките рути (производството на овие дроги обично се реализира во близина на главните потрошувачки пазари), но и заради фактот дека многу од суровините за нивно производство се легални и лесно достапни

### 4.1.1. Култивирање на афион и производство на опиум и опијати со посебен осврт на карактеристиките на криумчарските канали

Глобално гледано, култивацијата на опиумски афион во светот, поточно во регионите каде што тој најмногу се одгледува е намалена на 195 677 хектари (ха) во 2010 година (15%) или за речиси една четвртина (23%) во однос на изминатите две години (споредено со 2007 година.) Производството на опиум нагло опадна како резултат на лошите климатски влијанија кои особено го погодија Авганистан, најголемиот производител. Во согласност со тоа, глобалното производството на опиум опаѓа, од 8890 метрички тони (мт) во 2007 година на 4860 (мт) во 2010 година (-45%), а како резултат на тоа, производството на хероин се намалува од 757 (мт) во 2007, на 657 (мт) во 2009 година. Се смета дека во последниве години се складирани големи количини на опиум. Условно земено, тоа значи дека, дури и ако денес производството на опиум сосема се елиминира, од постојните резерви, корисниците би биле снабдени за најмалку уште две години.

Во Авганистан, каде во 2008 година беа концентрирани две третини (66%) од вкупната култивација на афион, неговото искоренување во 2009 година остана на релативно ниско ниво. И во 2010 година одгледувањето на опиумски афион остана на ниво од 2009 година[40].

Мијанмар, втората земја по големина на култивација на афион (17% од глобалната култивација), веќе трета година по ред бележи зголемен раст во неговото одгледување, иако е на ниво многу пониско од тоа во 1990-тите и раните 2000-ти години.

---

[40] UNODC / Министерство за борба против наркотици (Анкета за опиум, Авганистан 2010 година

Мексико како трета земја по однос на големината на насади на афион, покажува значаен пораст во одгледувањето на афион во периодот меѓу 2007 и 2008 година.

Извештаите во врска со искоренувањето на опиумскиот афион и запленитe на афионски растителен материјал упатуваат на заклучок дека и во многу други земји и региони постои негово недозволено одгледување. Во земјите каде што се достапни информациите за искоренување и заплени на афионово растение, (нема податоци за насадите под оваа култура за период 2003-2009 година), развиена е методологија за проценка на култивација на афион[41] Овој индиректен метод не дава можност за поединечни проценки за земјите каде што се одгледува афионот, но затоа може да обезбеди групни податоци за површините засадени со оваа култура.

УНОДЦ проценува дека на Авганистан отпаѓаат 93% од вкупните афионови насади во светот. .Авганистан целосно го затвара кругот на производство на наркотици, од култивација до крајниот производ- хероин, заедно со трговијата со сите форми на опијати, вклучувајќи го тука, нерафинираниот опиум, полу-рафинираната морфин-база и рафинираниот хероин. Сепак, крајната констатација е дека Авганистан остана најголем светски производител на опиум, со 74% од глобалното производството на опиум во 2010 година

Предвидувањата на раководните луѓе на Канцеларијата за дрога и криминал на обединетите нации за развојот на сосотојбата во 2011 год се загрижувачки бидејќи сознанијата зборуваат дека има повторно растечки тренд на производството на опиум во Авганистан.

Нелегалната култивација на афион како појава се забележува во лимитирани граници и во некои од земјите на Источна Европа како Украина, Молдова и Руската Федерација и истата е наменета за снабдување на локалните пазари со алкалоиди кои се екстрахираат од афионовите чушки.

Историските факти укажуваат дека култивацијата на афион може да се премести на друго подрачје ако е успорен процесот или ако има закани за намалување на производството од било кои причини, временски непогоди, болест на растенијата или закани од безбедносен аспект. Приносот на Авганистанските полиња е главната предност над Мијанмар каде што е тој значајно помал. Но исто така од големо значење е и високата содржина на морфин која ја има опиумот произведен од авганистанскиот афион. Корените на феноменот на

[41] . www.unodc.org / WDR

производство на афион лежат во бенефитите од трговијата и стабилната и глобална побарувачка на опиати, континуираниот конфликт во Авганистан, како и енормниот производствен капацитет, големите способности за криумчарење со мултипликација на транспортните врски и пораст на меѓународната трговија.

Постојат бројни евидентирани сознанија на Канцеларијата за дрога и криминал на Обединетите Нации кои индицираат дека во Авганистан има најмалку 139 опиумски пазари и повеќе од 400 лаборатории за хероин.[42] УНОДЦ проценува дека 72% од опиумот во Авганистан се претвора во хероин. Најголемиот дел се префрла во Европа и Русија[43]. За оваа постапка се потребни околу 10000 тони хемикалии вклучувајќи и 1000 тони анхидрид на оцетна киселина[44]. Што се однесува до хероинот, нема доволно достапни информации за негово производство со 100%-на чистота. Наместо тоа, се дава проценка за потенцијалното производство[45] на хероин со "извозен квалитет" чија точна чистота исто така не е позната, односно таа варира, зависно од локацијата на неговото производство. Иако проценките се засниваат на најновите сознанија за алкалоидната содржината на наркотичните растенија и на ефикасноста на тајните лаборатории, сепак,"потенцијално производство" е хипотетички концепт врз основа на кој не може да се заснива реалното проценување на производството на хероин во матичната земја или на глобално ниво.

Лабораториите и трговијата со дрога се контролираат од дилери со дрога кои не живеат во земјата. Опиумската индустрија најчесто е заштитена преку соработка со владини

---

[42] Еурoпол, Извештај за дрога 2010

[43] UNODC, World Drug Report, 2010, Се проценува дека поголемиот дел од хероинот што се консумира во Европа се базира на опиумот од Авганистан (90%).

[44] Прекурсори–хемикалии кои се потребни за производство на хероин, од кои како најзначајни се анхидридот на оцетната киселина и амониум хлоридот. Доаѓаат во Авганистан, од Пакистан и Иран. Најчесто се спакувани во амбалажи од машинско масло

[45] Под *потенцијално производство* на хероин се подразбира, вкупното производство на оваа дрога под услов целиот култивиран опиумски афион (опиум) да се трансформира во краен производ во соодветната земја-производител, во истата година на култивирање. Концептот на потенцијално производство се разликува од максималната количина на дрога што може теоретски да се добие доколку сите алкалоиди се извлечени од опиумот. Разликата помеѓу теоретскиот максимум и потенцијалното производство се изразува преку т.н. лабораториска ефикасност, што всушност покажува колкава е максималната можност на тајните лаборатории

претставници од високите структури. Работниците во лабораториите се обучени лица, претежно од Авганистан. Се забележува дека лабораториите се пренесуваат во централните подрачја, блиску до пазарите за дрога, за разлика од минатиот период кога истите се наоѓаа блиску до границите. Лабораториите имаат едноставна опрема и 1-2 простории. Тие се прикриени, со рестриктивен пристап (пристап имаат само лица кои работат таму и најглавните дилери). Оформени се и мобилни лаборатории.

Постојат јаки врски помеѓу меѓународните главни бизнис-групи и главните дилери во земјата. Развиени се активни опиумски мрежи кои работат за време на целата година но највеќе за време на периодот на жетва (летниот период кога афионот ја постигнува зрелоста а со тоа има и најголема концентрација на алкалоиди). Забележано е дека околу 70% од трговијата со дрога се одвива по главни патишта, што е потврда за одржливите јаки врски со службените лица. Главни откупувачи на дрога се луѓе до кои многу тешко може да се дојде и тешко можат да се идентификуваат. Тие работат далеку од местото каде се врши трговијата, а имаат воспоставено контакт со "брокери" кои ги пресретнуваат фармерите во селата и им ги купуваат нивните производи.

Нелегалниот пазар со опиати во Европа е најглем од сите други во светот. Се бележи зголемување на злоупотребата на опиати во Југоисточна Европа особено во Албанија, Белорусија, Хрватска, Молдова и во земјите расположени по должина на "Балканскиот пат". Руската федерација останува земја во Европа каде најмногу се злоупотребуваат овие дроги.

Скоро целиот хероин достапен во Европа потекнува од Авганистан и доаѓа највеќе преку Балканскиот пат, преку Бугарија или Грција, и од таму до Албанија или Србија и продолжува за западно европските земји. Дополнитени количини хероин минуваат преку т.н. "пат на свилата" (сл.11) ,преку Централна Азија до Руската Федерација, а мал дел од таму оди за Западна Европа[46]. Рутата кон Руската Федерација има предност заради прекуграничните социјални и етнички врски со новите држави од Централна Азија и се карактеризира по тоа што главно се криумчари хероин во помали количини, во комерцијални и приватни патнички возила. Со лимитирано значење е и шверцот на хероин преку Белорусија, Полска и Украина до дестинации како што се Скандинавските земји, преку Литванија (ИНЦБ, 2010, 2011а).

[46] EUROPOL, EU ORGANISED CRIME THREAT ASSESSMENT OCTA 2011, O2 – Analysis & Knowledge, The Hague, 28/04/11, File no. 2530-274

Хероинот кој нелегално се користи во Европа, како што беше речено, потекнува претежно од Авганистан, но исто така производители се и други земји: Бурма и Мијанмар (ги снабдуваат пазарите во Источна и  Југоисточна Азија); Пакистан и Лаос; Мексико и Колумбија (најголеми снабдувачи на хероин наменет за САД),  (УНОДЦ, 2011). Авганистанскиот хероин, навлезе исто така и во други пазари, вклучувајќи ги и оние кои традиционално обезбедува опиум од Мијанмар. Меѓу нив е Кина, каде сегашните проценки се дека 25% од пазарот на хероин е снабден со Авганистански хероин. Авганистанскиот хероин е присутен и во други јужни и југоисточни азиски земји како што се:  Индија, Тајланд и Малезија. Пазарот на хероин во Австралија е снабден  50% со хероин од авганистанско производство.




Сл. 11 Трговија со хероин од Авганистан до Руската федерација и до Европа

*Извор:УНОДЦ*

Сознанијата укажуваат дека значителен процент на пазарот на хероин во САД потекнува од Авганистан Авганистанскиот хероин е присутен и во други јужни и југоисточни азиски земји како што се:  Индија, Тајланд и Малезија. Пазарот на хероин во Австралија е снабден 50% со хероин од авганистанско производство. Сознанијата укажуваат дека значителен процент на пазарот на хероин во САД потекнува од Авганистан. Се чини дека протокот низ Европа е подобро организиран, со транспорт на многу поголеми пратки, иако се поминува преку поголем број граници, вклучувајќи држави со многу високи капацитети за контрола и откривање на дрога. Балканската рута и правецот на север се главните коридори за

поврзување на Авганистан со огромните пазари на Западна Европа и Руската Федерација. За да ги задоволи побарувањата на Европскиот пазар кои се проценуват на 87 тони хероин (ЕМЦДДА, 2011), околу 140 тони треба да заминат од Авганистан по Балканскиот пат. Поголемиот дел од овој хероин се конзумира во четири земји: Велика Британија, Италија, Франција и Германија.

За успешност на акциите кои се превземаат од страна на полициските служби, потребно е предвидување на нелегалните трговии, како и  на движењето на криминалните групи, нивната меѓусебна поврзаност и начинот на нивно дејствување.  Ова не е лесна задача бидејќи податоците за тајните пазари се ограничени.




Сл. 12 Правци на движење на хероинот до Европските земји

"Балканската маршрута" е правец на движење по копно. Почнува од Иран (или од Пакистан према Иран) и оди преку Турција и Југоисточна Европа (сл.12).

Големите пратки хероин што пристигаат во Турција од Иран, се распоредуваат во помали пакети за понатамошна дистрибуција во Европа. Во извештајот на ИНЦБ за 2010 год се посочуваат сознанијата на Владата на Италија дека рутата преку источна Африка се користи исто така за криумчарење на хероин од Авганистан. Светската Царинска Организација ја потенцира и растечката важност на авионските транспортни рути за оваа активност.

Врз основа на заплените кои се направени на граничните премини по "северната рута", најголемите количини на хероин се транспортираат преку Таџикистан и Киргикстан, а од таму до Руската Федерација. Хероинот по северната рута се криумчари во мали количини. Иако профитот е главната компонента, врските кои се развиваат меѓу групите и

етно–лингвистичкиот аспект, ги олеснуваат нелегалните транснационални активности. Овие рути се менуваат во зависност од пазарот, односно крајната дестинација, но можат да се адаптираат по потреба, зависно од направените проценки на ризик (Тб.1)

Последните податоци на ЕУРОПОЛ[47] посочуваат на развивање на нова рута преку Црното Море и тоа преку Иран, Азербејџан, Грузија и Украина до Романија, Балтикот и Нордиските земји. Не помалку за одбележување се и состојбите во врска со зачестените пратки преку море, односно од Иран и Пакистан преку Медитеранот, како и употребата на комерцијални и карго летови кои ги поврзуваат Пакистан, Иран и Индија со земјите од Европската Унија. Се користат директни летови до крајната дестинација или со претходен престој во Западна и Источна Африка.

Табела 1 Рути на движење на хероинот и криумчарени количини

| РУТА | Количина на проток (тони) | % |
|---|---|---|
| БАЛКАНСКА РУТА (Авганистан,Иран, Турција, Југо-Источна Европа ) | 85 | 80 |
| СЕВЕРНА РУТА (Авганистан,Централна Азија,Руска федерација, Источна Европа ) | 4 | 4 |
| Северна БАЛКАНСКА РУТА (Авганистан,Иран,Кавказ,С.Европа) | 7 | 7 |
| Директно од Пакистан до Западна и Централна Европа | 5 | 5 |
| Директно од Африка до Западна и Централна Европа | 2 | 2 |
| Директно од Јужна и Југо Источна Азија (без Индија) до Западна и Централна Европа | 1 | 1 |
| Директно од Индија до Западна и Централна Европа | 1 | 1 |

[47] Antonio M. Costa, “Opium Economy in Afghanistan”, January 2003

| | | |
|---|---|---|
| Преку Средниот Исток и Голфската област до Западна и Централна Европа | 1 | 1 |

*Извор: УНОДЦ*

Нордиските земји особено се цел на мрежите за недозволена трговија од Западна Африка. Авионскиот транспорт на пратката најчесто е организиран преку Истамбул. Според сознанијата на ЕУРОПОЛ, растечки тренд на нарко-групите од западна Африка и Западна Азија е нивното вклучување во дистрибуцијата на хероин во Европската Унија. Сепак, иранските, ирачките и пакистанските групи повеќе се вклучени во илегалната трговијата до Европската Унија. Ова се поткрепува и со неодамнешната идентификација на Ирак како земја-извор на хероин со кој се тргува од страна на пакистанските групи, со поинтензивно вклучување на иранските групи како брокери помеѓу производителите во Авганистан и Турските организирани криминални групи

Организираните криминални групи од Пакистан, Иран и Централна Азија, заради нивната близина до изворот на трговија, развија силни и добро воспоставени врски со Авганистан и директно се зависни од трговијата со опиум во Авганистан.

Историски гледано, постојано има тенденција и напори за оневозможување на нелегалното производството на опиум. Според сознанијата од годишните извештаи на Обединетите Нации и Агенциите на Европската Унија вклучени во следењето на сотојбите со дрогата, практично, нелегалното производство на опиум е елиминирано во Турција, Иран, Пакистан, Тајланд, Лаос, Кина и Либан. Во другите држави, вклучително и Мексико, Колумбија и Мијанмар, не е постигнат целосен успех во  оваа насока, но се бележи значително ограничување на производството.

Сепак, крајниот резултат е дека незаконското производството на опиум трансферира од една област до друга, најконцентрирано е во Авганистан, а  како најзначаен се посочува фактот дека и покрај сите напори и дејствувања, производството е зголемено за фактор осум во последните три децении.

#### 4.1.1.1. Трговија со хероин во земјите на Југоисточна Европа по должина на "Балканската рута"

Балканскиот пат, од Авганистан преку Исламската Република Иран, Турција и Југоисточна Европа оди за Западна и Централна Европа. Овој пат и неговите различни разгранувања ја формираат "артеријата" низ која се носи авганистанскиот хероин со висока чистота, на секој позначаен пазар во Европа. УНОДЦ проценува дека на годишно ниво, 37% од вкупниот авганистански хероин или 140 мт илегално се пренесуваат од Авганистан и Пакистан, преку Исламската Република Иран, кон европскиот пазар. Балканскиот пат започнува од јужните и западните провинции на Авганистан, географски распослани долж авганистанско-иранската и авганистанско-пакистанската граница. Меѓутоа, протокот на хероин е поизразен долж иранско-авганистанската граница. Секоја година, околу 105 мт хероин се шверцуваат од горе споменатите авганистански провинции.

Турција, поради својата географска позиција и натаму е главниот коридор за трговија со хероин, а "Балканските рути" претставуваат главен канал за трговија со опиати кон ЕУ. Се проценува дека секоја година преку границите на Турција илегално се отпремаат 95 мт хероин. Околу 80-85 мт хероин протекуваат по неколку правци кон Западна Европа (Германија, Холандија, Италија и Велика Британија) Од Германија и Холандија, пратки на хероин се упатуваат за трговија во Франција, Велика Британија и Шпанија

*Кон Холандија и_Германија*: Најголемиот дел од хероинот (приближно 55-60 мт) со којшто се тргува по овој пат, преку Бугарија, Србија, Унгарија и Австрија, или преку Бугарија, Романија, Унгарија, Словачка и Австрија, завршува во Германија и Холандија. Од Германија и Холандија, пратки хероин се отпремаат на поголемите пазари во Франција, Велика Британија и Шпанија.

Австрија, поради својата централна позиција долж Балканскиот пат, игра важна транзитна улога за хероин врзан со германскиот пазар. Хероин протекува до Австрија преку нејзините граници со Словенија и Унгарија. Сепак, одредени количини хероин наменети за германскиот пазар се пренесуваат преку Бугарија, Романија, Унгарија, Словачка и Чешка, заобиколувајќи ја со тоа Австрија. (Контролите на шенгенските граници се ограничени или не постојат)

*Кон Италија*: Околу 20-25 мт[48] хероин се шверцуваат кон Италија (најчесто по морски пат) и кон Швајцарија. Се смета дека поголемиот дел од оваа количина се пренесува преку Бугарија, Грција, Македонија и Албанија, за понатаму да оди до Италија

[48] Овој количински износ е еднаков на проценетата количина на хероин консумирана во Италија и Швајцарија

Пократкиот пат води, директно од Грција, преку море, кон Италија. Одредени количини хероин, илегално се пренесуваат преку Македонија, во Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија и понатаму на север. Освен тоа, со неодредена количина хероин се тргува преку море и воздух од Турција кон Италија.

Проследувајќи го Балканскиот пат, станува очигледно дека пратките со хероин треба да преминат 5-10 граници пред да пристигнат на нивната крајна дестинација. Трговијата со дрога по должина на Балканската рута е систематска и се чини дека вклучените криминални групи имаат ресурси и се добро организирани. Ова укажува на несоодветни гранични контроли, висока фрагментација и неефикасност, особено кај земји и региони каде што е високо нивото на невработеност, платите се ниски, што создава услови за корупција.

Како нов начин на дејствување, кој е констатиран од страна на полициските служби на земјите-членки на ЕУ е, семи процесирана дрога (полупроизвод) да се транспортира, во различни земји, на патот до крајната дестинација, зависно од достапноста на прекурсорите во тие земји. Таму се врши дофинализирање на дрогата во форма и конзистенција која се бара на пазарот.

На балканскиот пазар доминираат турски, албански[49] и други организирани криминални групи . Пред да продолжи хероинскиот транспорт за Западна Европа, хероинот најчесто се складира во земјите низ кои поминуваат балканските нарко-патишта[50]

Албанија се смета за една од најзначајните транзит-земји за трговија со хероин од Авганистан преку Југоисточна Европа, без разлика на зголемувањето или намалувањето на глобалната трговијата со истиот (2006: 90 случаи со 196 извршители). Албанските криминалци увезуваат хероин во тесна соработка со турските, македонските и косовските трговци. Обично транспортот се организира со камиони, автобуси и патнички возила преку двете копнени рути: Турција-Бугарија-Македонија-Косово-Албанија или Турција-Бугарија-Македонија-Албанија. Поголемиот дел од хероинот стигнува до Грција и Италија и натаму кон пазарите во северниот дел

[49] Во овој контекст за "Албанци" се сметаат лица кои себе си се идентификуваат како такви врз основа на нивната култура, јазик, традиции или потекло, без разлика на тоа дали живеат во Албанија, Косово, Црна Гора, Србија или на друго место.

[50] Балканските рути се користат за шверц на хероин од Авганистан и на екстази од ЕУ.

на ЕУ. За целиот истражуван период, Албанија наведува  заплени на средно-големи количини на хероин кои изнесуваат околу 317 кг. (2006 г.: 580 кг.).

Во Косово најприсутна дрога е хероинот. Американските разузнавачки служби информираат за сé поголемо количество опиум од домашно производство кое се преработува во неколку големи лаборатории за хероин лоцирани околу градот Урошевац, иако  се смета дека во овие лаборатории се носи суров опиум од Турција или од Авганистан преку Турција[51].

Во извештаите на Црна Гора за одбележување е податокот дека хероинот на домашниот пазар се меша со различни опасни супстанции со што, намалувајќи ја неговата чистота, се зголемува опасноста по животот на консументите.

На српскиот пазар, хероинот е втора по ред најприсутна дрога. Најголемиот дел доаѓа од Авганистан, преку Албанија, Македонија, Бугарија или Косово, а е наменет за Германија, Швајцарија, Шпанија, Велика Британија и Скандинавските земји. Околу 10% од хероинот останува во земјата за локалните консументи.

Истражувањата покажуваат дека околу 20 до 25 тони на хероин патуваат низ Р. Македонија во Албанија, во повеќето пратки за Италија (преку море) и за Швајцарија. Поголемиот  дел од хероинот се движи преку Македонија, во Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија.

Најголемиот дел од овој хероин (приближно 55-60 тони) оди за Германија и Холандија, а маршрутата на дрогата е: Бугарија, Србија, Унгарија за крајните дестинации, Австрија, Германија и Холандија. Другиот пат на дрогата се протега низ земјите: Бугарија, Романија, Унгарија, Словачка, преку Австрија , до Германија и Холандија.

Од консултираните годишни извештаи на УНОДЦ,ЕУРОПОЛ,ЕМЦДДА може да се заклучи дека во последните три години, повеќе од 1 000 000 кг хероин нашле пат од Авганистан преку Југоисточна Европа, до земјите на Западна Европа. Вкупните заплени на хероин во Балканските земји, во последните три години изнесуваат нешто повеќе од 5000 кг. Од извештаите се гледа дека долж "Балканските рути", не можело да се заплени повеќе од 0.25% од расположивиот хероин. Освен тоа, домашните пазари на хероин за корисниците се зголемуваат. УНОДЦ, за прв пат, земјите

[51] http://www.sovekosovo.org/default.asp?p=4&leader=0&Sp=42

на Југоисточна Европа ги означува како земји со "одредено зголемување" по однос на употребата на хероин и други опијати[52].

### 4.1.2. Илегално производство, меѓународна трговија и криумчарење на кокаин

Кокаинот[53] се добива од растението кока што се одгледува во Јужна Америка. Површината засадена со кока (149000 хектари) остана стабилна и во 2010 г. со 32% помалку од максималното ниво забележано во 1999г. од 220600хектари. За одбележување е фактот дека во 2010 година глобално гледано, областите каде што се одгледува кока-растението се намалени за 6%, главно во Колумбија, иако има мало зголемување во Перу. Поголемиот дел од коката и натаму се одгледува во Колумбија (54%), по што следи Перу (30%) и Боливија (18%).[54] Култивирањето на коката во Еквадор и Венецуела е незначително и нема индиции за нејзино успешно одгледување за потребите надвор од земјите на Латинска Америка.

Основната разлика помеѓу коката и другите наркотични растенија (опиумски афион и канабис) е во тоа што приносите од кока-растението може да се собираат неколку пати годишно. Ова својство на кока-растението треба, во принцип, да овозможи полесно проценување на површините на култивација на кока[55]. Во практика, насадите под кока се изложени на еден динамичен процес, односно цело време се подложни на промени така што е многу тешко да се одреди точната површина на земјиштето засадено со кока во одредено време во текот на годината. Постојат неколку причини зошто одгледувањето на кока е динамичен процес, а како позначајни се сметаат: отварање на нови насади, реактивирање на претходно напуштените полиња, рачно искоренување и воздушни прскања со хемиски средства за уништување на насадите.

---

[52] Ibid., UNODC

[53] Кокаинот е природен производ кој се екстрахира од кока-растението (Erythroxilum coca) . Коката е повеќегодишно растение кое може да се „жнее" повеќе пати во годината, заразлика од афионот кое е едногодишно растение Постојат две форми на кокаин: кокаин во прав (хидрохлорид сол) и поретко крек-кокаин (чиста база). Можно е да се добие и синтетички кокаин преку различни методи, но ова е редок и не е толку економски исплатлив начин како што е тоа случај со екстракцијата на природен производ.

[54] World Drug Report, UNODC, 2010

[55] World Drug Report 2011, http://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/WDR-2011.html

Сепак пазарите на кокаин во развиениот свет се сметаат за стабилни иако на пример потрошувачка на кокаин во САД, (главниот побарувач на оваа дрога) во изминатите неколку години значително опадна.[56] Вредноста на кокаинот на мало на американскиот пазар е за околу две третини намалена во однос на 1990- тите, а за околу една четвртина во споредба со изминатата деценија.

Вкупното светско производство на кокаин се проценува на околу 980 метрички тони од кои на Колумбија отпаѓаат 610 метрички тони, во Перу 280 и на Боливија околу 90 метрички тони. Цената на исушени лисја на растението кока се движи од 2-4 долари за килограм, на кокаин паста околу 1000 долари за килограм, а на кокаин хидрохлорид околу 1760 долари по килограм. Производниот ланец на кокаинот, од кокаин паста до кокаин база и на крајот до кокаин хидрохлорид е лоцирано во илегални лаборатории непосредно до површините на кои се одгледува растението кока. Податоците на УНОДЦ покажуваат дека 99% од откриените илегални лаборатории во светот, се наоѓаат во Колумбија, Боливија и Перу. Од другите делови на светот, Шпанија е на прво место со откриени 11 илегални лаборатории.

Главните светски трговски правци со кокаин се движат од регионот на Андите до САД. Транспортот најчесто се одвива од Колумбија како најголема земја производител, преку Пацификот и пристаништата во Мексико до брегот на САД, а се користи и копнениот патен правец преку Венецуела, Еквадор и Мексико. Криминалните организации на етничките Мексиканци се покажаа најпогодни за транспортирање на кокаинот со оглед на фактот што поседуваат пасоши на САД, како и заради долгата копнена граница помеѓу САД и Мексико. Според податоците на полициските служби на САД, колумбиските криминални организации и натаму се доминантни при одгледувањето, производството и првичното транспортирање на кокаинот, а мексиканските криминални организации ја преземаат координацијата на транспортот до крајните дестинации и дистрибуцијата до крајните корисници.[57] Земјите од Карипските острови се исто така значајна транспортна зона за влез на кокаинот во САД, меѓу кои најзначајни се Хаити, Доминиканската Република и Јамајка.

Втората по значење дестинација на кокаинот, произведен во регионот на Андите е Европа. Кокаинот во Европа најчесто е достапен како кокаин хидрохлорид. Се транспортира од Јужна Америка кон Европската Унија преку Атлантскиот Океан, по воздушен или поморски пат. Мултитонски поморски пратки се испорачани од Аргентина, Бразил, Чиле, Колумбија, Еквадор,

---

[56] WDR, UNODC, 2010

[57] "National drug control strategy", Office of National drug Control Policy, UN, 2006

Суринам и Венецуела на крајбрежните области на Шпанија и Португалија. Во исто време, кокаинот се носи и на големите пристаништа во Белгија, Германија, Франција, Италија, Холандија и Обединетото Кралство.

Големите пратки на кокаин што влегуваат во Шпанија и Португалија се сокриени во бродски карго-контејнери, рибарски бродови или на аеродромите, во патничкиот багаж. Консеквентно, значајните точки за влез, ги вклучуваат комерцијалните пристаништа, интернационалните аеродроми, марини и рибарски пристаништа. Брзите чамци кои се врска со главниот брод понатаму го зголемуваат бројот на коридорите затоа што може да се користат изолираните брегови. Трговците, не ретко користат и тн. воздушен истовар во меѓународни води. (Од колумбиските извештаи се дознава дури и за заплена на подморница која била во фаза на изградба[58]).

[58]Еуропол, Извештај за дрога 2006. Ова пловило било предвидено да транспортира 15 тони кокаин преку Карипското море.




Сл.13. Кокаин: производство и главни трговски рути (*извор: ДЕА*)

Идентификувани се три главни поморските патишта во Европа (сл.13) : северен пат, кој води од Карибите преку Азорските Острови до Португалија и Шпанија (Меѓународниот Борд за контрола на дроги, ИНЦБ (2008.б) проценува дека 40% од кокаинот кој се внесува во Европа поминува низ Карибите); централен пат, од Јужна Америка преку Кејп Верде или Мадеира и Канарските Острови, до Европа и од неодамна, африканскиот пат, од Јужна Америка во Западна Африка, а од таму главно во Шпанија и Португалија (проект „кола")[59].

Иако поморските пратки претставуваат најголем проблем за полициските служби, бидејќи може да се транспортираат големи количини во секое време, а откривањето е тешко, авионските курири сеуште се еден вид техника за транспорт на кокаин, преку европските аеродроми со користење на комерцијалните летови. Како што се наведува во извештајот на Федералната криминална полиција на Германија за 2010 година (БКА, 2010), криумчарењето на кокаин со авион од јужна Америка до Германија е честа појава во последниот период, при што Бразил и Аргентина се главни земји на потекло или транзитни земји. Често кокаинот запленет во Германија бил наменет за дистрибуција низ земјите на

[59] Project Cola and its Analysis Work File (AWF Cola) Проект кола и анализа на работна датотеката (AWF кола) нудат поддршка на надлежните органи во земјите-членки за успешно водење борба против специфични форми на криминал, Европол, DEA, INTERPOL

Европската Унија, најчесто со посебна намера за пренос до Шпанија, Велика Британија или Холандија. Италија исто така се идентификува од страна на БКА како важна дестинација со неколку случаи на заплена но, со компаративно високи поединечни количини.

Додека Европските полициски и царински организации ги зголемуваат своите напори, лицата кои вршат нелегална трговија со кокаин продолжуваат да иновираат барајќи нови начини за доставување на дрогата до корисниците. Во 2010 година се идентификувани нови техники и начини на криумчарење на кокаин[60] како на пример инкорпорирање на кокаин-база или кокаин хидрохлорид во други материјали (восок, пластични материјали или облека.

Во последните години се забележува развој на нови криумчарски правци во земјите од Источна Европа и Балканот[61]. Неколку случаи на заплена на кокаин покажаа дека пристаништата на Црното Море, во Бугарија и Романија и пристаништата на Јадранското Море, во Црна Гора и Албанија, се користат за транспорт на јужноамериканскиот кокаин. На тоа укажува и примерот од реализираниот случај во јули 2007 година кога на граничниот премин Блаце, на влез во нашата земја, беа запленети 483 кг. кокаин. Кокаинот беше сокриен во канти со поликолор, натоварен во Венецуела, а истоварен во пристаништето Бар во Црна Гора. Кокаинот бил наменет за Грција, а бил финансиран од група грчки и германски државјани[62]

Криминалните групи вклучени во трговијата со кокаин се добро организирани и имаат ефикасни стратегии за транспорт на оваа дрога. Бројот на заплени на кокаин ширум светот континуирано се зголемува благодарение на подобрената соработка меѓу службите за борба против дрогата и подобрената размена на разузнавачки информации.

#### 4.1.3. Производство, трговија и криумчарски канали за droги од канабиноиден тип

---

60 An EMCDDA/Europol analysis of the cocaine market, released in April 2010 (Според анализите, во ЕУ се откиени 40 лаборатории за т.н. „секундарна екстракција” на кокаин.

61 “Crime and its impact on the Balkans, UNODC, UN, 2008

62 Jane's Intelligence Report, 2007

Од канабис-растението се добиваат три различни производи: во фазата на цветање, од цветот и горните листови на женското растение се добива марихуаната, од излачената смола од другите растителни делови, се добива хашишот и канабис-маслото (хашишово масло).

Глобалното производство на канабис-дроги континуирано се зголемува и се проценува на над 45000 метрички тони[63].

Проценките за бројот на корисници на канабис-дрогите во светот и количествата на заплени на овие дроги реализирани од страна на органите за спроведување на законот (органите на прогон), покажуваат нагорен раст во изминатата деценија. Според анкетите од Канада, САД, Холандија и извештаите на ЕМЦДДА[64], просечната содржина на ТХЦ во канабис-растението е значително зголемена што прави канабис-производите да имаат посилно психоактивно дејство. Затоа во Европа, најголемиот пазар на канабис-производи, кој генерира околу 10 милијарди евра годишно, постои голема загриженост заради негативното влијание од употребата на канабисот[65]

Европа е вториот најголем пазар на канабис-производи. Култивирањето на канабис во Европа е широко распространето и се чини дека е  со тенденција на зголемување. Сите 29 европски земји известуваат за одгледување на канабис во домашни услови иако обемот и природата на феноменот се чини дека значително се разликуваат (ЕМЦДДА). Меѓународниот борд за контрола на наркотици (ИНСБ, 2011б) ги споменува Албанија, Бугарија, Р. Македонија, Молдавија, Црна Гора, Србија и Украина, како извори на канабис кој се користи во Централна и Источна Европа.

Канабис во Европа се увезува, главно од Африка (Гана, Јужна Африка, Египет), а поретко од Америка (особено од Карибите), Блискиот Исток (Либан) и Азија (Тајланд). Мароко останува главен снабдувач на Европа за оваа дрога. Канабис смолата од Мароко се

---

[63] World Drug Report, UNODC, 2008

[64] Во земјите од кои се добиени податоци, растителните делови на канабисот имаат просечна содржина на THC, примарна активна состојка, која варира од помалку од 1% (Полска) до 25%(Словачка), додека во цветот од канабисот тој процент варира од 1% (Унгарија, Финска) до 20% (Холандија) па дури и до 25% (Словачка). Исто така и канабисот од Албанија се смета дека е со висок квалитет, поради големиот процент на THC.

[65] ЦАРПО Регионален проект, "Ажуриран ситуациски извештај за 2006 за организиран и економски криминал во ЈИЕ", Совет на Европа (Европска Комисија), Стразбур, 2007, (македонска верзија-PC-TC, 2007,6)

шверцува во Европа првенствено преку Иберискиот Полуостров, а Холандија и Белгија имаат улога во секундарната дистрибуција и како центри за складирање[66]. Следат Пакистан и Авганистан. Истражувањата покажуваат дека производство на канабис смола во Авганистан се проценува на 1200 и 3700 тони годишно[67].

Производството на марихуана е екстремно раширено, а исто така повеќето земји, посебно земјите од Балканот известуваат за зголемено илегално одгледување на канабис. Општо гледано, во овој временски период се уништени повеќе од 614000 канабис-растенија.

Албанија и натаму е единствената земја во регионот која на големо произведува канабис-дроги за извоз (хашиш, марихуана и хашишово (канабис) масло. Во борбата против производството и трговијата со овие дроги**,** постигнати се значителни резултати, посебно во уништувањето на насадите на канабис. Констатирано е дека криминалците во Албанија се уште не ги користат техниките со ефект на "стаклена градина". Тие го одгледуваат канабисот во планинските и шумски предели, што го комплицира откривањето и понатамошните мерки за уништување.

Увозот на марихуана главно е организиран од страна на криминални групи од Колумбија, Јамајка, Јужна Америка, Нигерија и сé повеќе од Албанија која се разви во голем провајдер. Марихуаната пристигнува по море, преку меѓународните канали на шверц главно во италијанските, словенечките, албанските и хрватските пристаништа (скриени во возила и контејнери), а оттаму, главно со камиони се носи во БиХ, Косово, Црна Гора, Србија, Македонија и понатаму во Западноевропските земји. Генерално гледано, ова се транзитни земји низ кои поминуваат Балканските нарко-патишта.

Земјите на дестинација на албанскиот хашиш и марихуана се воглавно Грција и Италија, но постојат индиции за трговија во Косово, Црна Гора, Македонија, а во некои случаи и со земјите-членки на ЕУ, во замена за хероин.

Според тоа, по однос на побарувачката на канабис-дроги заклучокот е следен: Европа, веројатно е најпрофитабилниот пазар во светот. Близината на таквиот пазар и значењето што го имаат "Балканските рути", индицираат дека трговијата со овие дроги и натаму ќе биде во фокусот на вниманието на органите за спроведување на законот, што подразбира пред сé, собирање на точни

---

[66] EUROPOL, 2011
[67] World Drug Report, UNODC, 2011

податоци и спроведување на анализи за состојбата во врска со нивното производство, снабдување и побарувачка.

### 4.1.4. Илегално производство меѓународна трговија и криумчарење на амфетамински стимуланси

Групата амфетамински стимуланси (АТС), вклучува амфетамини (амфетамин, метамфетамин) и екстази (МДМА, и други слични супстанции)

Амфетаминските стимуланси главно се произведуваат во Кина, Мијанмар, Филипините, но исто така и во Полска. Глобалното производство на АТС во 2008 г изнесува околу 480 метрички тони[68] од кои ¾ се или метамфетамин или амфетамин, а ¼ се екстази.

Процесот на производство[69] без сомнение се врши на различни локации, често вклучувајќи и прекугранична соработка меѓу организираните криминални групи. Производството на амфетамин и екстази од различен обем се забележува ширум ЕУ, особено во Балтичките држави и Бугарија. Сé почести заплени на големи пратки на амфетамин во земјите на ЕУ индицираат ескалирање на овој пазар.

Производството на метамфетамин во Европа и натаму е главно ограничено на Чешката Република и во помал степен во соседната Словачка, во некои од Балтичките држави и Молдова. Во изминатава деценија, бројот на уништени лаборатории за метамфетамин во Чешката република, Словачка и Молдова е значително зголемен.

Како главни извори на амфетамин често се наведуваат Холандија, Белгија и Полска, следени од Литванија,Естонија, Германија и Бугарија. Бројот на откриени и уништени амфетамински лаборатории во Западна  и Централна Европа, изразено во проценти, изнесува 77, од вкупно сите лаборатории во светот. Меѓутоа, за одбележување е порастот на илегални лаборатории во Источна Европа (Белорусија, Молдова, Русија и Украина). Овие податоци[70] и неодамнешните заплени

---

[68] World Drug Report, UNODC, 2008

[69] Обезбедување на хемикалии, постапка на синтеза, правење на таблети, пакување и ослободување од отпадните материи

покажуваат дека постои постепена промена во производството на амфетамин, односно истото е насочено кон земјите од Источна и Југоисточна Европа.

Синтетичките дроги од амфетамински тип произведени во Европа се шверцуваат во Турција. Екстази е целна група во Турција, додека амфетаминот се шверцува од јужните и југоисточните региони на Турција во Арапските земји. Слично на тоа, состојките што се користат за производство на недозволени супстанции се шверцуваат во Турција од Европа, а потоа од Турција до регионите каде што дрогите  илегално се произведуваат

На глобално ниво, пријавените заплени на екстази се зголемиле за над 80% во споредба со 2006 г. од кои 51% се запленети во Европа. Значењето на Холандија и Белгија, традиционалните изворни земји за екстази, се чини дека се намалува, додека производството во другите Европски земји (посебно на Балканот) се зголемува[71]. Така на пример, Албанија наведува позначителни заплени на ефедрин од Кина и Велика Британија, додека Србија информира за најмоќниот пазар на синтетичка дрога споредено со другите Балкански земји (повеќе од 75% реализирани заплени на амфетамин и над 50% заплени на екстази. Покрај тоа полицијата открила трговија со хемиски прекурзори увезени од Франција, Чешката Република и Романија, кои потоа се шверцувале во Бугарија и Турција, а откриени се и неколку илегални лаборатории за производство на екстази

---

[70] ЦАРПО Регионален проект, "Ажуриран ситуациски извештај за 2006 за организиран и економски криминал во ЈИЕ", Совет на Европа (Европска Комисија), Стразбур, 2007, (македонска верзија-РС-ТС, 2007,6)

[71] Согласно извештајот на  МВР на Р.Српска (БиХ) во кој се наведува дека увезените количества супстанции наменети за производство на екстази ги надминуваат инд. потребиё и дека трговијата со истите во неретки случаи е илегална.

ГЛАВА- 5

# НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА НЕГОВО СПРЕЧУВАЊЕ

- НЕДОЗВОЛЕНО ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА СО ДРОГИ ОД ПРИРОДНО И СИНТЕТСКО ПОТЕКЛО

- АТРИБУТИВНИ БЕЛЕЗИ НА ПРОИЗВОДСТВОТО И НЕДОЗВОЛЕНАТА ТРГОВИЈА СО ДРОГА НА РЕГИОНАЛНО НИВО ВО Р. МАКЕДОНИЈА

## 5. НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА И АКТИВНОСТИ НА НАЦИОНАЛЕН ПЛАН ЗА НЕГОВО СПРЕЧУВАЊЕ

Република Македонија е сериозно нападната од наркокриминалот на што укажуваат проценките за распространетоста и порастот на недозволената трговија со наркотични дроги, нивната злоупотреба и профитот што се остварува од оваа илегална активност, а чија вредност достигнува десетици милиони евра.

Ако се појде од фактот дека РМ е опкружена со држави во кои егзистира организираниот наркокриминал, неспорна е оценката зошто Македонија станува сé поприфатливо транзитно подрачје и погодна средина за развивање на различни организирани форми на криминал меѓу кои наркокриминалот сериозно тежнее да ги зафати челните позиции.

Во истражуваниот период 2006-2011 година, Р. Македонија не се смета ниту како голем произведувач, ниту пак како големо транзитно подрачје за забранетите дроги. Оваа географска област не претставува значајна регионална транзитна точка иако лежи на т.н. јужна варијабла која шверцерите често ја користат за илегално пренесување на хероин од Јужна Азија (особено од Авганистан) до потрошувачкиот пазар во Западна Европа.




(*Извор:МВР на РМ*)

Сл.14 Гранки на Балканскиот пат на дрогата

Одливот на дрога којшто се шверцува во Западна Европа преку Македонија се зголемува со континуирана употреба на еден пократок и подиректен линк, а како резултат на повторното заживување на традиционалниот "Балканскиот пат" кој поминува низ Југоисточна Европа (сл.14). Главна или т.н. „сидро точка"за хероинот наменет за европските пазари преку Балканскиот пат е Турција

Балканскиот пат е поделен на три под-правци: Јужен пат, поминува низ Турција, Грција, Албанија и Италија; централен пат ,поминува низ Турција, Бугарија, Македонија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, и Италија или Австрија и северен пат, води од Турција, Бугарија и Романија, во Австрија, Унгарија, Чешка, Полска или Германија.

Но, исто така, неодминлива е констатацијата дека Македонија во последниве петнаесетина години стана земја и на крајна дестинација на дрогите каде што понудата и лесната достапност до нив услови воспоставување на национален нарко-пазар во кој доминира злоупотребата на хероин и марихуана[72] Според полициските евиденции во 1993 беа регистрирани вкупно 457 зависници,

[72] На домашниот пазар пред неколку години се појави дрогата популарно наречена "сканк",која е сé повеќе барана. "Сканкот" (супермарихуана), најмногу се произведува во Албанија, Косово и во Црна Гора, додека кај нас главно, се шверцува. Супермарихуаната се одгледува во вештачки услови. Тоа е опојна дрога што содржи висок процент на психоактивната супстанција THC.

додека во 2000 година нивниот број порасна на  4.569 лица. Вaквиот тренд продолжува и во наредните години,  така што на крајот на годината што измина, регистрирани се вкупно **9.607** корисници на дрога[73].

Нашата држава продолжува да ја подобрува борбата против дрогата, сметаат во американскиот Стејт департмент. Македонската полиција, во рамките на своите ингеренции ги презема сите мерки за спречување на шверцот на дрогата во земјава и интензивно соработува и учествува во заеднички акции со полициите од регионот и пошироко во борбата против наркогрупите. Според Стратегискиот извештај за меѓународна контрола на наркотиците (ИНЦСР) за 2011 г. издаден од Стејт департментот, македонската полиција ја унапредила соработката со полициите во регионот и со УНМИК на Косово, со кој во минатото поради некоординираност, имале неуспешни акции во борбата против наркогрупите. Меѓу другото, во извештајот на Стејт депертментот се прогнозира дека поради порозноста на границата и зголеменото влијание на регионалните криминални групи земјава и понатаму е атрактивна секундарна рута за шверц на дрога. Американците сметаат дека балканската мафија ќе ја користи Македонија како депо за дрога (во северозападните делови од земјава веќе постојат складишта за дрога).

Низ Македонија најчесто се пренесува хероин. Албанците се организатори и го контролираат шверцот, а Македонците се курири. Шверцот не познава националности, иако, главно се одвива преку т.н. муслиманска врска. Наркогрупите ги користат нашите иселеници во Турција и во Западна Европа, па така се остварува врската меѓу Македонија со овие земји. Шефовите регрутираат нашинци во Турција, кои хероинот од Авганистан го препакуваат или го транспортираат во Македонија или помагаат на било кој друг начин. Куририте главно се користат само еднаш и се заменуваат со нови. Втора варијанта е нашите да ја носат дрогата од Турција директно во Чешка, Германија, Шведска или во други држави, каде што одат во посета на роднините.

---

[73] IZVEШТАЈ д**о** Меѓуресорска комисија за контрола на droги доставен од *Sektorot za analitika, istra`uvawe i dokumentirawe pri MVR*

## 5.1. Недозволено производство и трговија со droги од природно и синтетско потекло (глобален преглед на состојби за период 2006-2011 година)[74]

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија во периодот од 2006 до 2011 година, покажа евидентни резултати во борбата против недозволената трговија со дрога, со заплена на големи количини дрога и ефикасно справување со овој вид на криминал.

Преземените интезивни активности во борбата против недозволената трговија со дроги, резултираа со откривање и целосно документирање на 2.785 кривични дела, од кои 2.291 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" (пријавени 2.807 сторители) и 494 кривични дела „овозможување на употреба наркотични дроги (пријавени 564 сторители).

Во овој период запленети се над 3 тони и 350 килограми наркотични дроги и околу 35.000 таблети синтетски дроги (Тб.2),

Табела 2. Запленети количини дрога во период 2006-2011 година

| **Дрога** | **Запленети количини** |
|---|---|
| опиум | 28 кг. и 348 гр. |
| морфин, | 12 кг. и 119 гр. |
| хероин | 1486 кг. и 900 гр |

[74] INCSR (The Department of Stat's International Narcotics Control Strategy Report), podgotven vo soglasnost so FAC (Foreign Assistance Act) ~l. 489 od 1961. Site zemji (i R. Makedonija) potpisniчки na Konvencijata za droga ( UN od 1988 g ) imaat obvrska da podnesuvaat izve{tai do ova telo za sostojbite vo vrska so narkoticite, psihotropnite supstancii i prekursorite. Prezentiranata globalna analiza na sostojbite vo vrska so narkokriminalot vo R.Makedonija, za period 2006-2011 godina, se zasnova na podatocite od ovoj Izve{taj и на пodatocite crpeni od izve{taite na Sektorot za analitika, istra`uvawe i dokumentirawe и Oddelот za organiziran kriminal-Edinica za borba protiv nedozvolena trgovija so droga i oru`je, МВР

| | |
|---|---|
| кокаин | 862 кг. и 065гр. и 2.660 мл. |
| марихуана | 2967кг.и 300 гр |
| хашиш, | 115 кг.и 175 гр. |
| амфетамин, | 2 кг.и 531 гр., 22.263 таблети |
| метаамфетамин, | 18,15 гр., 3.120 таблети |
| екстази, | 9.438 таблети |
| афионови чушки. | 2.891 |
| растение „канабис сатива", | 11.219 стебла, 3.656 парчиња |
| | 2.357 гр. семки |

**Извор**: Оддел за организиран криминал-Единица за борба против недозволена трговија со дрога и оружје, МВР

### 5.1.1. Хронолошки преглед на пресечени меѓународни канали за недозволена трговија со дрога за период 2006-2011 и анализа на специфични случаи

Значаен чекор во унапредување на инструментите во борбата со транснационалниот криминал со дрога, преставуваше и одличната меѓународна соработка. Потврда за ваквите констатации и успешното делување на Министерството, говорат спречените 61 меѓународен канал и запленетите над 3 тона наркотична дрога[75]. Само во период 2010/2011 година се прекинати 33 криумчарски канали што е над 50% од вкупниот број на откриени и прекинати канали (Тб.3). Покрај ова, значајни се и активностите на македонската полиција за откривање на 26 криминални групи (од нив девет се меѓународни), во кои делувале 153 членови на групите, од кои 140 македонски државјани, како и 13 странци (пет државјани на Албанија, по тројца државјани на Бугарија и Турција и по еден државјанин на Косово и Грција). Инаку, меѓународните групи се откриени во периодот од 2009 – 2011 година.

[75] Izvor: MVR (Oddel za organiziran kriminal-Edinica za borba protiv nedozvolena trgovija so droga i oru`je)

Табела 3. Прекинати криумчарски канали за дрога во период 2006-2011 г

| Година | Вкупно | хероин | кокаин | марихуана | амфетамин-дроги |
|---|---|---|---|---|---|
| **2006** | 5 | 2 | - | 3 | - |
| **2007** | 2 | - | 1 | 1 | - |
| **2008** | 5 | 3 | 1 | 1 | - |
| **2009** | 16 | 11 | - | 4 | 1 |
| **2010** | 15 | 8 | 2 | 4 | 1 |
| **2011** | 18 | 6 | 4 | 6 | 2 |
| **ВКУПНО** | **61** | **30** | **8** | **19** | **4** |

Во периодот од 2006 до 2011 година, во рамки на пресечените меѓународни канали за недозволена трговија со дрога, беа запленети: 1767.7 кг. марихуана, 862.1 кг. кокаин и 2.660 мililитри течен кокаин, 936.3 кг. хероин, 12 килограми и 119 грама морфин, 10.331 таблета и 31 грам амфетамин (Тб.2)

Притоа, беа преземени мерки на кривичен прогон против 121 лице, од кои 98 македонски државјани, како и 23 странски државјани (10 државјани на Албанија, по тројца државјани на Бугарија и Турција, по двајца државјани на Германија, Перу и Германија и еден државјанин на Р.Грција). Од вкупниот број на пријавени лица, само две се од женски пол. Инаку, според возрасната структура на сторителите 45 лица се на возраст од 31-40 години, потоа 31 на возраст од 41 до 50 години, по 17 лица се на возраст од 26 до 30 и над 50 годишна возраст, додека само 11 лица се на возраст од 20 до 25 години.

Врз основа на направените аналитички согледувања за спречените меѓународни канали на недозволена трговија со дрога во Македонија, во последните две години, во 14 случаи е запленет хероин, во 10 случаи марихуана, во шест кокаин, во еден случај морфин и во 3, амфетамин. Во истражуваниот период, во 49 % од реализираните случаи е запленет хероин, потоа следи марихуаната со 31%. Според количината на запленетата дрога, доминира марихуаната со 46%, по што следат запленетите количини на кокаин со 29% и хероин со 25%.

Што се однесува до местото на заплена на дрогата, од вкупно откриените меѓународни канали за трговија со дрога, 15 се пресечени на гранични премини, додека останатите се откриени во внатрешноста на земјата.

Транспортот и дистрибуцијата на дрогата во најголем број од случаите се вршела со патнички моторни возила, потоа со товарни возила, во четири случаи со авион, а во по еден случај како транспортно средство е користен автобус и пловен објект – чамец. Инаку, најчесто дрогата се пронаоѓа во специјално направени бункери во возилата.

Според потеклото на дрогата, хероинот кој се криумчари по т.н. „Балкански пат" до земјите на Западна Европа, најчесто доаѓа од Турција, додека марихуаната во поголем број случаи е со потекло од Албанија, која најчесто се криумчари преку нашата територија, во Грција или Турција. Кокаинот е со потекло од земјите на Јужна Америка, а најчесто е наменет за нарко-пазарите во Грција и западно-европските земји, додека синтетичките дроги најчесто се со потекло од Бугарија.

Што се однесува до цените на дрогите : цената на големо на марихуана изнесува 300 – 700 евра за килограм. Цената на еден килограм хероин се движи од 11.000 до 14.000 евра, додека цената на еден килограм кокаин од 33.000 до 35.000 евра. Во однос на синтетските дроги, цената на мало изнесува 1,5 до 2,5 евра.

Специфични случаи на заплени во период 2006-2011

(**2006 г**.)

Министерството за внатрешни работи во 2006 година во областа на недозволената трговија со наркотични дроги, пресече пет меѓународни канали и открив вкупно 315 кривични дела, а мерки на кривичен прогон се преземени против 399 сторители.

Во овој период за одбележување е случајот откриен на царинскиот терминал на граничниот премин „Ново Село", каде во специјално направен бункер во товарно возило се пронајдени и запленети 125 кг. и 157,3 гр. хероин, набавен од Р.Турција, а внесен во Македонија преку Бугарија. Дрогата била наменета за наркопазарот во западно-европските земји. Мерки на кривичен прогон се преземни против четворица македонски државјани.

Во декември 2006 година во близина на Преспанско езеро, преку илегален канал, двајца албански државјани успеале со чамец да внесат на територијата на Р.Македонија 97

килограми и 665 килограми марихуана. Вредноста на марихуанта изнесува околу 150.000 евра, а против двете лица се преземени.мерки на кривичен прогон.

(**2007**г.)

Во 2007 година се откриени 454 кривични дела, притоа се пресечни два меѓународни канали, а кривична пријава е поднесена за 617 сторители.

За одбележување е случајот на граничниот премин „Блаце". Во Јануари, за првпат во историјата на државата, е запленета толкава количина на кокаин при претрес на товарно возило кое превезувало канти со акрилна боја. Во 76 канти се пронајдени вкупно 432 пакувања со вкупна тежина од 486 кг. и 705 гр. високо квалитетен кокаин, чија вредност на домашниот наркопазар изнесува околу 90.000.000 евра. Мерки на кривичен прогон беа преземени против двајца сторители, на кои им е изречена правосилна пресуда, казна затвор во траење од 14 години и шест месеци.

Исто така, во јануари 2007 година, на подрачјето на Скопје е пресечен вториот меѓународен канал, каде при контрола на патничко возило се пронајдени и запленети 132 пакувања со вкупна тежина од 130 килограми и 725 грама марихуана, спакувани во јутени вреќи, сместени во багажниот и патничкиот простор од возилото.

(**2008** г.)

Во 2008 година се откриени 415 кривични дела, во чии рамки се пресечени и пет меѓународни канали за трговија со дрога, а мерки на кривичен прогон се преземени против 499 сторители.

За одбележување е случајот реализиран кај местото Групчин, на автопатот Скопје – Тетово кога при извршен преглед и претрес на возило, се пронајдени и одземени 48 пакувања високо квалитетен **хероин** со вкупна тежина од 23 кг. и 685 гр. потопени во восок, заради нивно потешко детектирање при преминување на гранични премини. Мерки на кривичен прогон се преземени против едно лице – македонски државјанин.

На граничниот премин Табановце пресечен е меѓународен канал, кога по извршена контрола на патничко возило, во резервоарот од возилото се пронајдени 23 пакувања со вкупна тежина од 12 кг. и 119 гр. наркотична дрога **морфин**. За одбележување е дека полицијата за првпат има запленето толку голема количина на природен опијат, од кој, после негова преработка се добива високо квалитетен хероин. Инаку, врз основа на анализата на чистотата на запленетиот морфин се проценува дека неговата вредност на европскиот пазар изнесува околу 250.000 евра.

Пресечен е меѓународен канал за недозволена трговија со хероин на граничниот премин Стар Дојран на македонско – грчката граница, на влез во Р Македонија. При контрола на товарно моторно возило, во специјално направен бункер, се пронајдени 66 пакувања со вкупна тежина од 31 кг. и 570 гр. **хероин**. Инаку, дрогата за која е утврдено дека е со потекло од Турција, била наменета за западно - европскиот пазар, а нејзината вредност на нарко-пазарот се проценува на околу 700.000 евра.

Последниот меѓународен канал е пресечен на ГП „Блаце" каде при претрес на возило со странски регистарски таблички, беа запленети еден килограм и 323,57 гр. **кокаин**. Дрогата била набавена во Косово и била наменета за белгискиот пазар.

Во овој период е откриена организирана форма на недозволена трговија со дрога при што се запленети 51.285 гр. **марихуана**. Имено, на влезот во с.Отља –Кумановско, извршен е преглед на возило, при што се запленети 46 кг. и 445 гр. марихуана, а по извршен претрес во Тетово, во домот на едно од пријавените лица, се пронајдени уште четири килограми и 840 гр. марихуана. Дрогата била наменета за македонскиот пазар, а нејзината цена изнесува над 70.000 евра. Мерки на кривичен прогон се преземени против пет македонски државјани.

**(2009)**

Особено значајни резултати во текот на 2009 година, се постигнати во делот на борбата против недозволената трговија со дрога, при што со организиран пристап на полицијата, во соработка со странски служби, се разбиени 16 меѓународни канали и се откриени и фатени организатори на криминални групи. При тоа се запленети енормно големи количини дрога. Ваквите резултати го вброи министерството за внатрешни работи на РМ во групата на полиции кои ефикасно се справуваат со овој вид на криминал, односно македонската полиција е рангирана на второ место во Европа по запленети количини на хероин.

Во овој период најзначајна е директната меѓународна соработка на македонската, турската и бугарската полиција при спроведување на заедничка меѓународна операција, при што беа пресечени пет меѓународни канали во Македонија, и по еден во Турција и Бугарија, при што беа запленети вкупно 346 кг. **хероин**, од кои над 100 кг. во РМакедонија. Инаку дрогата со потекло од Турција се криумчарела по т.н. „Балкански пат" до земјите на Западна Европа. Значајно за овој случај е дека во рамки на акцијата, се фатени организаторите, транспортерите и нарачателите, со што е разбиена добро организирана меѓународна мрежа

за трговија со дрога. Карактеристично е и тоа што, за првпат хероинот се криумчари во полиетиленски проѕирни пакувања со димензија 120х 60х1 см

За одбележување е и случајот реализиран во март 2009 година во Тетово каде, при извршени претреси во домови, помошни простории и бачило, се пронајдени вкупно 538 кг. и 829 грама **марихуана,** чија вредност се проценува на околу 250.000 до 750.000 евра. Мерки на кривичен прогон се преземени против пет лица од Тетово.

**(2010 г.)**

Во текот на 2010 година, постигнати се значајни резултати во делот на борбата против недозволената трговија со дрога, при што, со организиран пристап на полицијата, во соработка со странски служби, беа разбиени 15 меѓународни канали и се откриени и фатени организирани криминални групи. При тоа се запленети и значителни количини дрога.

Во овој период за одбележување е одличната соработка на македонските, германските и австриските полициски служби, кои во кординирана акција спроведена во декември.2010 година, во повеќе македонски градови разбија 33-члена криминална група која што организирала трговија со **хероин** во Виена, Франкфурт и други европски градови. Во рамките на оваа акција, а со цел расчистување на случајот и обезбедување на дополнителни докази, во февруари 2011 година извршени се осум претреси во дом и други простории-објекти лоцирани во Скопје, Велес, Свети Николе и Битола. Имено во целокупната акција, мерки на кривичен прогон се преземени против 36 лица за недозволена трговија со дрога, од кои шест се организатори на криминалната група кои ја координирале продажбата на хероин во Франкфурт и Виена преку посредници при што е утврдено дека од Германија и Австрија во Р.Македонија, на повеќе членови на криминалата група им се трансферирани средства во вкупен износ од околу 300.000 евра.

Реализиран е и меѓуароден канал за транспорт на **кокаин** – паста кој транзитирал на релација Перу, преку Германија до Р.Македонија. Дрогата била спакувана како поштенска пратка–пакет со боја за порцелан и од Лима (Перу) по воздушен пат пристигнала во Скопје. Од страна на Царинската испостава во Пошта 2 во Скопје, одземена е поштенската пратка во која е откриен еден килограм и 910 гр. кокаин чија цена во малопродажбата би достигнала вредност од 200.000 евра.

Карактеристично е дека во текот на 2010 година покрај запленетиот кокаин-паста, по подолг период, во Република Македонија повторно е откриен случај на недозволена трговија со **течен кокаин** од Венецуела. Во Скопје при контрола на патничко возило

управувано од лице од Гостивар, во багажниот простор од возилото е пронајден картонски пакет облепен со леплива лента со натпис ДХЛ во која имало повеќе пластични садови и три послужавници со дрвени рамки во кои биле сокриени 1.100 мл. кокаин во течна состојба. Утвдено е дека дрогата е набавена од лице од Венецуела, која спакувана како поштенска пратка-пакет преку Велика Британија и Србија требала да стигне до крајната дестинација-Македонија. Мерка- кривичен прогон за недозволена трговија е преземена против едно лице.

Во овој период на влез во Македонија, на граничниот премин „Делчево", извршен е преглед и претрес на патничко возило кај кое, во специјално направен бункер, е пронајден еден килограм и 995 гр. **хероин**. Мерки на кривичен прогон се преземени против пет лица. Утврдено е дека дрогата потекнува од Турција, која преку Бугарија и Македонија, требала да дојде во земјите на Западна Европа. Малопродажната вредност на наркопазарите изнесува над 80.000 евра. Во врска со истата криминална група, во соработка со Американската служба за борба против дрога ДЕА со канцеларија во Атина, по претходно доставено известување од страна на МВР на РМ за можен транспорт на хероин, грчката полиција во близина на Атина, изврши претрес на товарно моторно возило управувано од македонски државјанин, при што во специјално изработен бункер во резервоарот за гориво пронајдени се околу 74,5 килограми наркотична дрога **хероин.**

**(2011 г.)**

Министерството за внатрешни работи и во првите 11 месеци од 2011 година во областа на недозволената трговија со наркотични дроги, откри и фати организирани криминални групи, заплени значителни количини дрога и пресече 18 меѓународни канали за недозволена трговија со дрога.

Од посебно значење е што во овој период за прв пат во нашата земја, во рамки на еден од меѓународните канали, македонската полиција откри „голтачи" на наркотична дрога – течен кокаин кои се обиделе да ја прокриумчарат дрогата. преку територијата на Македонија. Во август 2011 година во Скопје, на граничен премин на аеродромот „Александар Велики" е пресечен меѓународен канал за недозволена трговија со течен **кокаин** со потекло од Јужна Америка-Перу, кој авионски бил транспортиран преку Бразил и.Турција до Македонија, со крајна дестинација во земјите од ЕУ или соседните земји на Балканот. Имено, по извршена контрола на двајца перуански државјани кои допатувале во Македонија од Истанбул, а за кои постоеле сомненија дека вршат транспорт на наркотична

дрога сокриена во нивните тела, истите се подложени на детален медицински преглед, при што во нивните абдомени е утврдено дека има 66 полиетиленски проѕирни пакувања со кокаин во течна состојба. По извршено вештачење е утврдено дека кокаинот е со вкупна тежина од 1.560 милилитри, истиот е со висок квалитет и со читота од 78%, чија цена на европскиот наркопазар е проценета на осум милиони евра на големо, додека во малопродажбата би можела да достигне цена од 25 милиони евра.

Во јануари 2011 е пресечен меѓународен канал за транспорт на наркотична дрога **кокаин** на релација Боливија, преку Германија до Република Македонија. Дрогата била спакувана како поштенска пратка со која се транспортирал филтер за вода за водна пумпа, кој по воздушен пат пристигнала во Скопје, по што по преземањето на пратката од страна на две лица од Охрид, истите се лишени од слобода и од нив е одземена поштенската пратка при што се запленети еден килограм и 465 гр. кокаин со чистота од над 95%, чија цена во малопродажбата би достигнала вредност од 200.000 евра. Мерки на кривичен прогон се преземени против четворица македонски државјани, меѓу кои се и нарачателите на дрогата.

Во овој период е прекинат и меѓународен канал за недозволена трговија со синтетичка дрога-**амфетамин**, на релација Бугарија- Македонија- Косово, наменета за македонскиот и косовскиот наркопазар. Имено, во ноември 2011 година на автопатот Велес-Скопје кај клучката Катланово, извршена е контрола во патничко возило , како и претрес во дом при што се запленети вкупно 10.331 парчиња таблети-амфетамин, 156,14 гр. „м**арихуан**а", 23,97 гр. семки од марихуана и 31 гр. амфетамин во прашкаста форма. Транспортот е организиран по претходен договор помеѓу бугарски државјани и македонските државјани, а кривична пријава е поднесена за четири лица (еден бугарски државјанин и тројца македонски).

Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал откри македонска криминална група која се занимавала со организирање и транспорт на **хероин** од Р Турција, марихуана од Република Албанија и синтетичка дрога од Р Бугарија, при што дел од дрогата ја продавале на домашниот нарко-пазар, а дел била наменета за земјите во регионот и западно европските земји. Случајот е релизиран во ноември 2011 година во Скопје. При претрес во возило и стан на сторителите, запленети се вкупно 10 кг. и 670 гр. марихуана, 2 кг.и 945 гр. хероин и еден килограм и 606,7 гр. амфетамин.

Ако се анализираат постигнатите резултати на Министерството за внатрешни работи, во областа на организираниот криминал во истражуваниот период, истиот се карактеризира со значаен број на откриени коруптивни дела, чиј тренд е променет во насока на намалување само во текот на 2006 година.

### 5.1.2. Производство, нелегална трговија и криумчарење на droги од опиумски тип (анализа на состојби со компаративни проследувања)

Производството на главните илегални дроги од опиумски тип, морфинот и хероинот, е условено од нивното растително потекло. Лоцирањето на производството на овие дроги во голема мера зависи од географските и климатските услови. Природна суровина за добивање морфин е белосемениот опиумски афион Папавер Сомниферум[76]. Опиумскиот афион успева во многу климатски подрачја на неколку континенти и тоа воглавно на песочна почва со глинеста содржина. Земјите на Златниот полумесец (Пакистан, Иран и Авганистан) се подрачја на кои опиумскиот афион се одгледува со векови и се произведува најмногу опиум на светот (исушен млечен сок од засечени незрели чушки на афион Папавер Сомниферум Л.[77]). Доколку чушките на афионот се берат како зрели, тие содржат помалку опиумски алкалоиди. Денес само мал дел од опиумскиот афион се користи за производство на опиум од којшто, со класичните методи на екстракција, се искористува само дел од алкалоидната содржина на растението. Остатокот се задржува во чушките кои најчесто се палат или се оставаат да изгнијат. Веднаш станува јасно дека ако алкалоидите се краен производ, самото добивање на опиум е непотребен трошок.[78] Долго време опиумските алкалоиди и морфинот како најзначаен нивни претставник, комерцијално се добивале од опиумот Во тајните лаборатории се врши рафинирање на суровиот опиум[79] којшто таму најчесто пристигнува во форма на погачи или коцки. Спроведени се бројни научни истражувања со цел да се утврди апсолутната вредност и релативниот однос на алкалоидната содржина во опиумот од различни географски изворни подрачја добиените податоци кажуваат дека агрономските и климатските разлики се од значење за алкалоидната содржина во опиумот.

---

[76] Papaver Somniferum L. е едногодишно летно растение кое расте до 1.5 м височина. На стеблото, на еден струк, има 1-20 чушки кои претставуваат плод со семе

[77] Од една афионова чушка се добива 0.01 до 0.1 грам опиум (Ако од 1ha засаден афион се добијат во просек 675 кг афион, од тоа 450 кг отпаѓаат на чушките

[78] Nordal, A., Bulletin on narcotics, 1-3, 1956

[79] Опиумот генерално гледано се среќава во четири препознатливи форми: суров опиум, препариран опиум, опиум како талог (згура) и медицински опиум

Се проценува дека во светот, афионот се сади на околу 200.000 хектари од кои 82% во Авганистан, 11% во Мијанмар (Бурма), а 7% во останатиот дел на светот, во земји како што се Иран, Турција, Колумбија, Мексико, Перу, а на мали површини се одгледува афион и во Кавкаскиот регион, Руската Федерација, Индија, Украина и други.[80]

Во Република Македонија се култивира афион Папавер сомниферум, заради екстрахирање на неговите алкалоиди наменети за производство на фармацевтски производи, меѓу кои најзначаен е морфинот. Афионот се одгледува со строга евиденција и мониторинг на Секторот за контролирани супстанции (Министерство за здравство) и Меѓународниот Борд за контрола на дроги на Обединетите Нации. Од безбедносни причини, дозволени се ограничени насади (во последните години, 1000 хектари) кои сега воглавно се распоредени по течението на река Вардар (сл.15). Инспекцискиот надзор над полињата го врши Инспекторатот на Министерството за земјоделие, а контролата, Министерството за внатрешни работи. Афионот којшто се култивира во Република Македонија е со многу висок квалитет, односно со висок процент на алкалоиди, заради исклучително поволната клима и големиот број на сончеви периоди во годината. Култивирањето на афионот, гледано низ историјата на нашата земја, било традиција, а опиумот предмет на трговска размена. Но, по д... ации од 1961 година овој начин на п... треба. Сега се жнее целата билка, а од чушките се екстрахираат потребните опиумски алкалоиди. Со оваа постапка, процентот на искористување на алкалоидите е намален, а и самата постапка комерцијално е неисплатлива бидејќи бара хемикалии и организирање на еден комплексен процес на екстракција кој се одвива во фази. Но, тоа е единствено легален метод и тој се користи од страна на македонската фармацевтска индустрија.




Сл.15: Култивирање на афион во Р. Македонија

*Извор: Сектор за контролирани супстанции*

[80] "World Drug Repor, UNODC, UN, 2007

Кај нас, во овој период на имплементација на Националната стратегија за дрога 2006 -2012 год. но и пред тоа, се почитува Конвенцијата на Обединетите Нации од 1961 година и нема доставена пријава, од страна на Министерството за внатрешни работи и од другите надлежни инспекциски служби за недозволени засекувања на афионовите чушки или за други неправилности во култивирањето на афионот (се користи за медицински цели). И покрај историската димензија и традиција на легално одгледување на афионот како култура, не е откриена тајна лабораторија за нелегално производство на морфин или хероин. Не постојат ниту разузнавачки сознанија за ваква активност, а целиот процес на мониторирање и контрола е позитивно оценет од страна на меѓународните институции (ИНЦБ)[81]

5.1.2.1. Состојби со хероинот во Македонија и во земјите расположени по должина на "Балканската наркорута"

Со оглед на географската положба и „Балканскиот пат" на дрогата, Макаедонија и понатаму останува актуелна транзитна точка. Во последните години, според разузнавачките сознанија, забележана е промена на рутата на движење на хероинот, а ваквата констатација се базира на доказите за извршени заплени на дрога од страна на МВР. Едно од можните сценарија е, криминалните групи од Македонија да го набавуваат хероинот од Турција и да го транспортираат со товарни моторни возила по копнен пат до Грција, од каде понатаму, по воден пат, да продолжи до Италија и до земјите на Западна Европа. Второ можно сценарио е турските групи во соработка со македонските криминални групи да го достават хероинот во Македонија, тука тој времено да се складира и препакува и со друго транспортно средство (заради одстранување на можностите за трасирање на дејствието), да се извезе од

[81] INCB – International Narcotic Control Board – Меѓународен Борд за контрола на дрога на ООН, Виена

Македонија во насока на Германија и Австрија (по копнен пат) или за Италија преку Албанија (преку Јадранско море). Секако дека се претпоставуваат мали измени во трасата и разгранување на правецот на движење, во зависност од проценатa на ризик која ќе ја направат криминалните групи (сл. 16). Помал дел од хероинот завршува и на домашниот нарко пазар.

Досега не се откриени, ниту постојат разузнавачки податоци за тајни лаборатории за производство на хероин на територија на Македонија.




*Извор:МВР на РМ*

Сл.16: Правци на движење на хероинот низ територија на Р. Македонија

Хероинот се криумчари на следните можни начини: при транспорт со товарни моторни возила, сокриен помеѓу прехрамбени и текстилни производи, бела техника; со патнички моторни возила, во специјално направени бункери; при легален транспорт на патници со редовни или вонредни автобуски линии, во специјално направени бункери во багажниот простор или во личниот багаж на патниците.

Во врска со транспортот на дрогата, погоре беше спомената една карактеристика во дејствувањето на криминалните групи, која се согледа по извршената анализата на состојбите на терен, а тоа е дека, во зависност од пазарот, крајната дестинација на дрогата, но и од моменталните проценки на криминалната група, можно е, покрај препакување, да се менува и квалитетот на дрогата за сметка на зголемување на квантитетот, што не е секогаш случај. За одбележување е и дејствувањето на одредени криминални групи од Македонија, (најчесто Македонци по националност), коишто биле вклучени во трговијата и дистрибуцијата на хероин на мало (улична продажба) во Австрија и Германија, а кои со голема успешност рашириле профитабилен бизнис и покрај конкуренцијата од локалните

криминални групи и од други групи присутни на тоа подрачје, токму заради стандардно добриот квалитет на хероинот кој бил забележан од локалните зависници. Меѓутоа, евидентен е и податокот дека некои криминални групи, во хероинот додаваат разни средства т.н. полнители кои имаат за цел да го зголемат волуменот, односно количината на дрогата, но со тоа концентрацијата на активната компонента се намалува. Воедно и нејзината распределба по единица волумен не е еднаква бидејќи тоа „разредување" не се прави од стручни лица  (фармацевти), туку од дилери со дрога чиј профил е одсликан во рамки на истражувањето ( резултатите се прикажани во следните поглавја на докторскиот труд). Имено, утврдено е исклучително ниско ниво на образование, најчесто само основно образование, кај зависниците кои најчесто се и дилери на дрога. При ова размешување на дрогата секако дека настанува и нејзино онечистување што се рефлектира со можни штетни последици по корисниците.

Во текот на анализираниот период, се забележува дека криминалните структури при илегален транспорт на дрогата почесто го избираат периодот кога е туристичка сезона или празници, кога на граничните премини е зголемена фреквенцијата на патници и возила и поради тоа не се очекува надлежните органи да вршат детален претрес на патничките моторни возила, со цел да се зголеми проточноста на влезните/излезните места.

Анализата во истражуваниот период покажува дека најголеми заплени на хероин се бележат во 2009 год, кога имаше и рекорден успех во реализација на полициските операции, при што, со организиран пристап на полицијата во соработка со странски служби (ДЕА, Турската и Бугарската полиција), се разбиени девет меѓународни канали и откриени и фатени се организаторите на криминалните групи. Во рамки на меѓународната операција „Босфор".е  запленето енормно големо количество дрога.

Имајќи ги предвид успешните реализации на серија на заплени на хероин во Р.Македонија, но и во земјите на т.н. јужнен крак на "Балканскиот пат" (Турција, Бугарија, Грција), како и големиот пад на производството на опиум во Авганистан поврзано со многу пониските  приноси како последица на разни растителни болести кои го погодија афионот[82], разбирливо е зошто се избегнува јужниот крак на "Балканскиот пат" како „ избрана рута" за недозволена трговија со дрога во 2010 и 2011 год, што е евидентно со намалување на заплените на хероин (Тб.4, Граф.4а). Предвидувањата на развојот на сосотојбата за 2011 год

---

[82] World Drug Report, UNODC, 2010

на раководните луѓе на Канцеларијата за дрога и криминал на обединетите нации е загрижувачка бидејќи сознанијата зборуваат дека повторно има растечки тренд на производството на опиум во Авганистан.

Табела 4. Запленети количини (кг) хероин на територијата на Р. Македонија

| 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28,57 | 66,145 | 142 | 69,340 | 152 | 63,3 | 60,579 | 214 | 37,083 | 23,645 |

Графикон 4: Запленети количини (кг) на хероин во Р. Македонија




*Извор : МВР на РМ, 2012 год*

Графикон 4а. Заплени на хероин на територијата на Р.Македонија




И понатаму се бележат успеси во откривање и оневозможување на дејствувањето на криминалните групи, особено на криминалните групи од Македонија, како на територија на Република Македонија, така и во одредени земји долж Балканскиот пат на дрогата. Посебно треба да се потенцираат состојбите во Хрватска и Австрија и соработката што ја има нашата земја со овие земји и земјите во опкружување, во борбата против наркокриминалоот.

Графикон 5. Компаративен преглед на запленети количини (кг) хероин во Македонија, Хрватска и Австрија за период 2002- 2009




| | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хрватска | 37 | 86 | 114 | 27 | 82 | 74 | 153 | 59 |
| Македонија | 29 | 66 | 142 | 69 | 152 | 63 | 61 | 214 |
| Австрија | 60 | 43 | 235 | 282 | 34 | 117 | 104 | 190 |

*Извор: (ЕМЦДДА), 2012*

Прикажаниот компаративен преглед по однос на запленетите количини на хероин за периодот 2002-2009 година (графикон 5), имаше за цел да ги спореди динамиките на заплени во Хрватска како предстојна нова членка на ЕУ и на тие во Австрија-"влезна врата" за дрогата во Европа, со запленитe реализирани на територија на Македонија. И двете земји се вклучени во „јужната гранка" од Балканскиот пат на хероинот, независно дали организираните криминални групи ја користат Албанија за директен транспорт на хероинот преку Јадранското море, а потоа Италија за влез во Австрија и ЕУ или Австрија, која е главна влезна „врата" за ЕУ. Се мисли на копнениот пат, односно гранката преку Србија, или на водениот сообрааќај преку Хрватска. Анализата и тука покажува дека и 2006 и 2009 год Р. Македонија бележи рекордни заплени на хероин.

Ако се направи споредба на заплените во Р. Македонија, со заплените во земјите од непосредно соседство, (земји кои ја покриваат „Балканската рута" за транспорт на хероин), според официјално достапните податоци на интернет страната на ЕМЦДДА, ќе се види дека Македонија е повторно доминантна по однос на постигнатите резултати во заплените на хероин во периодот 2007-2010 година (Тб.5; Граф.6)

Табела 5. Запленети количини (кг) хероин во земјите на регионот Србија, Македонија, Косово, БиХ, Црна Гора

| | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|
| **Србија** | | 21 | 17 | 24 |
| **Македонија** | 63 | 61 | 214 | 37 |
| **Косово** | 47 | 44 | 36 | 55 |
| **БиХ** | | 18 | 28 | 14 |
| **Црна Гора** | 9 | 18 | 18 | |

*Извор: ЕМЦДДА, 2012*

Графикон 5. Запленети количини (кг) хероин во земјите на регионот Македонија, Косово, Црна Гора, Србија и БиХ,




*Извор: ЕМЦДДА, 2012*

Графикон 6 Заплени на хероин во земјите на регионот, во 2008 и 2009 г. (Македонија, Косово, Србија, БиХ и Црна Гора)







*Извор: ЕМЦДДА, 2012*

Податоците за запленет хероин во 2008 година во регионот покажуваат дека највисок процент на реализирани заплени од погоре споменатите Балкански земји, има Р.Македонија, со високи 38 % во 2008 година и 68% во 2009 година.

### 5.1.2.2. Одредување на изворното географско потекло на хероин[83]

Во секое изворно географско подрачје количината на произведениот хероин, во просек, се разликува од таа најдена во други подрачја. Исто така, во секоја позначајна изворна област каде што илегално се произведува хероинот, истиот е препознатлив по својата специфична хемиска композиција. Во светот има четири препознатливи области како главни извори на опиум и хероин (Југоисточна Азија-ЈИА , Југозападна Азија-ЈЗА, Мексико и Јужна Америка).

Хероинот од ЈИА е речиси секогаш бел (понекогаш нијансирано бел) прашок. Примероците хероин од овој регион кои се среќаваат во форма на хидрохлоридна сол, често пати имаат странични примеси и наликуваат на детерџенти за перење. Хероин хидрохлоридот од ЈИА е со чистота од 80% и повеќе, содржи најмногу наркотин, а папаверинот речиси го нема.  Хероин базата е најчесто со помала чистота од хероин хидрохлоридот и со повисока процентна содржина на кодеин, а присуството на наркотин е во границите на детектабилност.

Примероците хероин од ЈЗА се повариабилни по однос на составот од тие од ЈИА. Најчесто се среќава како среднокафеав, гранулиран прашок кој наликува на американскиот хероин со улично име "броњн сугар"(кафеав-шекер). Како суров, хероинот е во форма на слободна база и со чистота од 40-60%. Меѓутоа, за надворешниот пазар,  тој се претвора во хидрохлоридна сол. Составот на овие примероци хероин е карактеристичен, со 20-30% наркотин, 2-6% папаверин, 5-9% ацетилкодеин и со траги од други алкалоиди како нечистотии. Друга форма во која се среќава овој хероин од ЈЗА како светлокафеав, понекогаш гранулиран прашок, којшто, кога е во сурова (необработена) состојба, содржи 60-85% ( чист хероин ), додека содржината на наркотин изнесува 2-20%, на папаверин 1-4% и на ацетилкодеин 4-7%.  Примероците хероин се среќаваат како слободна база, хидрохлоридна, цитратна и тартаратна сол и како комбинација на овие форми. Финалниот

[83] "Понови форензички приоди во истржувањето на појавните облици на наркокриминалотво   Република Македонија со посебен осврт на дрогите од природно потекло 1997-2007", Магистерски труд, Љупчо Тодоровски, 2009 година

ЈЗА хероин е бел и нијансирано бел прашок во форма на хидрохлоридна сол, со висока чистота (>90%) и содржи ацетилкодеин помеѓу 2-5%.

Мексиканскиот хероин се среќава во две форми со улични имиња "блацк тар" (црн катран), и "Мецицан броњн"(мексиканско кафеаво) Првата форма на хероин, која најчесто се среќава на американскиот пазар, претставува темнокафеав аморфен прашок со карактеристичен мирис на оцетна киселина и содржи значително количество на катранести аморфни неопиумски примеси. Се добива на неколку начини. Во една од постапките се додава шекер (лактоза) во ацетилираната смеса, веднаш после завршувањето на ацетилацијата на морфинот. Овој процес ефективно ја стопира реакцијата и инстантно се добива производ налик на катран. Оваа форма на суров хероин содржи 30-60% чист хероин. Втората форма на хероин, ("мексиканско-кафеав"), е со помала чистота и со слична содржина на другите алкалоиди.

Суровиот хероин од Јужна Америка е бел прашок со речиси секогаш висок процент на чистота (>90%). Карактеристично е што ацетилкодеинот е застапен со помалку од 3%. Изомерот 3-ацетилморфин е секогаш позастапен од 6-ацетилморфинот

Иако се очекува, примероци од една иста дрога, подготвени на идентичен начин, да имаат подеднаков состав, односно да ги содржат истите примеси (исклучувајќи ги агенсите за разредување), нивните концентрациони вредности, една во однос на друга, можат да покажат висок степен на различност. Овие варијации можат да се препишат или на природата на почетниот суров материјал или на специфичноста на постапката на добивање на дрогата, нејзината понатамошна обработка, дистрибуција и чување (складирање).

Испитувањето на примероците дрога може да даде корисни информации за откривање нови или веќе постоечки криумчарски канали за транспорт на дрогата. Во одредени случаи, утврдувањето на географското потекло (регион, земја) на дрогата и изворите на снабдување, можат да бидат искористени за проценка на процентот на застапеност на дрогата во земјите каде што се дистрибуира, но и за утврдување на потенцијалот на дрога во матичните земји.

### 5.1.3. Нелегална трговија и криумчарење на дроги од кокаински тип

(Кокаинот во Македонија и влијание на земјите од опкружување)

Во последните години се забележува развивање на нови криумчарски правци на кокаинот, во земјите од Источна Европа и на Балканот. Неколку случаи на заплена на кокаин покажаа дека пристаништата на Црно Море во Бугарија и Романија и пристаништата на Јадранско Море во Црна Гора и Албанија се користат за транспорт на јужноамариканскиот кокаин. На тоа укажува и примерот од реализираниот случај во јули 2007 година, кога на граничниот премин "Блаце", на влез во нашата земја, беа запленети 483 кг. кокаин сокриен во канти со поликолор, натоварен во Венецуела, истоварен во пристаништето Бар во Црна Гора, а наменет за Грција.[84]

За одбележување е дека извештаите предупредуваат за Балканот, дека сé повеќе ќе се користи како позадина на Западна Европа за шверцерите на кокаин. Малата количина кокаин која влегува во Македонија, најчесто од Бугарија, а во последно време и од Албанија, Косово и Србија, воглавно доаѓа во пакување од еден до шест килограми, преку авионска пошта или како лична достава преку еден од двата аеродроми во Македонија. Просечната цена на килограм кокаин во Македонија во 2011 година се покачи на 35000 до 45.000 долари.[85] Користејќи ги официјалните статистички показатели и податоците од МВР и Царинската Управа, направена е анализа на состојбите во врска со недозволената трговија и криумчарењето на кокаин. Со истражувањата е констатирано дека, нема податоци за кокаинот во

извештаите за 2009 година, па според тоа за овој период не може да се каже дали воопшто

[84] Jane’s intelligence report, Marth 2007

[85] Извор:ЕБПНТД, МВР на РМ

имало заплени на граничните премини, додека внатре, на територија на Р.Македонија се одземени само 65 грама кокаин. За оваа година се добиени известувања дека во 44 случаи, во повеќе држави, од слобода биле лишени 65 македонски државјани поради недозволена трговија со дрога. Меѓу другите видови дрога, одземени се и 5 килограми и 516 грама кокаин. Во истражуваниот период, во урбани средини, се реализирани заплени на мали количини кокаин (максимална количина 2-3 кг) и тоа во 2008 и 2009 година. За заплени од страна на Царинските служби, постои податок само за 2006 година кога на ЦИ-Пошта Скопје при царинска контрола се откриени 6.08 грама кокаин во писмоносна пратка од Аргентина. Освен споменатата енормно висока количина на кокаин инцидентно запленета во 2007 година на граничниот премин "Блаце" (Тб.6). За периодот од 2007 до 2011 година, од страна на ЕБПНТД (МВР) има  информации за прекинати 6 криумчарски канали на домашен терен, при што се запленети вкупно 490кг. и 090гр. кокаин. Две големи заплени од вкупно 369 кг се реализирани во 2011 година во соработка со нашето МВР,  во Амберс,Белгија (200 кг). и во Солун, Грција (169 кг).

Од изнесеното може да се заклучи дека динамиката на заплени во истражуваниот период не бележи некои поголеми варијации. Потеклото на кокаинот речиси во сите заплени, е од Јужна Америка. Регистрирани се внесувања на кокаин во Р. Македонија преку пратки со брза пошта кои доаѓаат од земјите од Јужна Америка преку Европа, а се наменети за домашниот пазар. Со меѓународна размена на податоци, добиени се сознанија за неколку случаи во кои македонски државјани за одреден паричен надомест се користат како курири за пренесување на помали количини на кокаин од Јужно американските држави до земјите на западна Европа.




Сл.17.Правци на движење на кокаинот низ територија на

Табела 6. Заплени на кокаин во Република Македонија изразена во грами

| 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5860 | 342 | 6502 | 177 | 10967 | 12670 | 486743 | 2293 | 6546 | 2540 | 1472 |

Графикон 7. Заплени на кокаин на територијата на Р. Македонија




*Извор : МВР на РМ, 2012 год*

Цената на кокаинот во Република Македонија е многу висока, во споредба со хероинот, марихуаната и другите дроги. Се проценува дека Македонија со својата геостратешка положба во центарот на Балканскиот полуостров, е подрачје кое вкрстува бројни транзитни патишта на нелегалната трговија со дрога, но од транзитот на кокаин се проценува дека остануваат само мали количини, пред сé од причини што побарувачката е мала заради високата цена. Ваквата состојба го потврдува концептот дека побарувачката на пазарот и снабдувањето со дрога се во нераздвојна врска. Со тоа и развивањето на стратегиите за ефикасна борба против криминалот поврзан со дрога, секогаш мора да ги опфати двете компоненти, односно да дава балансиран пристап во мерките и активностите за надминување на состојбите.

Сознанијата на српските полициски служби изнесени на меѓународната конференција за експерти за дроги која се одржа во 2010 и 2011 год во Охрид, зборуваат дека кокаинот во земјите на Западна Европа сé почесто пристигнува по нов пат, преку Балканскиот полуостров, а главните криминалци во шверцерскиот ланец се од просторите на бившите републики на СФРЈ. Српските полициски служби во соработка со полициите на ЕУ имаат сознанија дека кокаинот сега се криумчари во обратна насока од вообичаената, односно од запад на исток, а за шверц се користат веќе разработените хероински рути.

Се смета дека Турција станува нов центар за транспорт на кокаин. Кокаиот со бродови се носи и до пристаништата на Јадранското море и тоа до Ријека, Сплит. Од Турција за криумчарење на кокаин најактивни се бандите на Србија, Хрватска и Албанија. Врските на српските криминалци се поставени уште пред 20 години, МВР на Србија има цела евиденција за организирани групи на српски криминалци и за најголемите шефови на тие организации кои се уапсени заради шверц на големи количини кокаин од Аргентина, Венецуела, Панама, Еквадор.

За сé позначајната геостратешка положба на Балканскиот регион во трговијата со кокаин и како доказ за флексибилноста на криминалните организации и нивната адаптибилност на менување на правците на движење, зборува спроведената акција во март 2011 година. Имено, во полициска акција во албанскиот град Ѓирокастро, оддалечен 220 километри од Тирана, во март 2011 година се уапсени двајца македонски државјани кои превезувале 200 килограми кокаин. Пратката минала низ седум држави, а пред да му биде испорачана на купувачот - бизнисмен од Албанија, била запленета. Дрогата била откриена во камион со кумановски регистерски ознаки, што го управувале македонски државјани, а бил натоварен во 10 тонска пратка со палмино масло во канти. Стоката од Колумбија безбедно минала низ седум држави, а била запленета во акција на албанската полиција во моментот кога кокаинот требало да биде испорачан.. Оваа зборува за здружената, координирана акција и примена на посебните истражни мерки на полициските служби. Движењето на пратката во целост е следено од македонското Министерство за внатрешни работи и полициските служби од регионот како и од меѓународните полициски организации. Од безбедносни причини, за да не се загрози целата акција, донесена е одлука да се следи транспортот и да се пропушти низ наша територијата, а заплената да се реализира во Албанија.

### 5.1.4. Нелегално производство, трговија и криумчарење на дроги од канабиноиден тип ( состојби со марихуаната во Македонија )

Марихуаната во Република Македонија најчесто доаѓа од Република Албанија преку „зеленатата граница" низ тешко достапни места, најчесто во вреќи натоварени на коњи или истата се транспортира преку Охридското или Преспанското езеро со моторни чамци до најблиските населени места до државната граница каде привремено се складира. Зависно од

потребите на пазарот, помал дел останува на македонскиот наркопазар, а останатиот дел се транспортира во Грција или Турција. Транспортирањето на марихуаната во поголеми количини, преку легалните гранични премини, се врши со товарни моторни возила, прикриена со друга легална стока или во специјално направени бункери.

На територија на Македонија констатирани се случаи на садење и одгледување на канабис-растението (Цанабис сатива) од кое се добива марихуана. Најчесто тоа се прави на тешки и непристапни терени но, во 2009 и 2010 година откриени се насади на марихуана под оранжерии.

Карактеристичен тренд, особено во 2009 год., е појавата на култивирање на марихуана во северо-западниот дел од Македонија. При полициски акции, откриени се насади на цаннабис во регионот на Тетово, Гостивар, Скопје, езерото Матка, Куманово. Карактеристично за 2010 год, е што се забележани




Сл.18. Правци на движење на марихуаната низ територијата на Македонија

насади, во бавчи заедно со градинарски култури, скоро низ цела територија на Македонија, но дури и на досега неспецифични локации. Само за илустрација, во 2010 год., во полициски акции, во близина на селето Лешок, во областа Тополика на подрачје од 5 хектари, откриени и уништени се 3112 растенија Цаннабис сатива, во селото Танушевци откриени се 35 растенија, во с. Брест 755 растенија, во близина на Прилеп во с. Житоше 55 растенија, 395 растенија во с. Отља Куманово, 37 растенија во Штип, 203 растенија во „градско поле"Битола, 340 растенија во Струга во с. Заграчани и тн.

Од добиените податоци за истражуваниот период, може да се заклучи дека најголема количина на запленета марихуана е регистрирана во 2006 година, а најмалку заплени имало

во 2008 година (Тб.7). Во просек, заплените се движат од 235 до 345 кг. Во периодот 2006-2011 година прекинати се 15 криумчарски канали на домашен терен и еден надвор од државата, во соработка со странски полициски служби. Пет криумчарски канали завршуваат во Македонија како крајна дестинација, додека други пет канали се на релација Албанија-Македонија-Грација.

Табела 7: Запленета количина (гр.) марихуана во Р.Македонија при прекин на криумчарски канали

| 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **95620** | 269150 | 577930 | 314810 | 1044400 | 235210 | 51285 | 652315 | 346572 | 239212 |

*Извор : ЕБПНТД, МВР, 2012 год* ВКУПНО: 2568994

Графикон 8. Заплени на марихуана во Р. Македонија за период 2002-2011




Кај останатите криумчарски канали, крајна дестинација се западно европските земји. Изворната земја од каде што се носи марихуаната е Албанија, а илегално ја транспортираат претежно Албанци од Македонија. Во овоја период, се регистрирани 29 албански криумчари и 14 македонски. Марихуаната претежно се пренесува во патнички моторни возила. Најмногу заплени се реализирани во Тетово и околината, со вкупно запленети 568 кг и 815 гр.(22%). Најмногу заплени се регистрирани во 2011 година, односно 37% од вкупниот број на заплени во истражуваниот период.

5.1.5.. Недозволена трговија и криумчарење на дроги од амфетамински тип (амфетамин, метамфетамин, екстази)

Групата амфетамински стимуланси (АТС), вклучува амфетамини (амфетамин, метамфетамин) и екстази (МДМА, и други слични супстанции) .Амфетаминските стимуланси главно се произведуваат во Кина, Мијанмар, Филипините, но исто така и во Полска. Процесот на производство[86] без сомнение се врши на различни локации, често вклучувајќи и прекугранична соработка меѓу организираните криминални групи. Производството на амфетамин и екстази од различен обем се забележува ширум ЕУ,. Сé почести заплени на големи пратки на амфетамин во земјите на ЕУ индицираат ескалирање на овој пазар. Овие податоци и неодамнешните заплени покажуваат дека постои постепена промена во производството на амфетамин, односно истото е насочено кон земјите од Источна и Југоисточна Европа.

Амфетаминскиот тип на стимуланси се запленува во различни форми (течна, форма на таблетки), а во извештаите се прикажуваат во тежински или волуменски единици, бројчано (број на таблети) или во други единици. Во одредени специфични случаи, за целите на агрегација, количините се изразуваат тежински (една таблета се претпоставува дека содржи 30 мг на активна состојка, со исклучок на "екстази" таблетите, за кои се претпоставува дека содржат 100 мг активна состојка. Од друга страна, се претпоставува дека еден литар течност соодветсвува на еден килограм. Повеќето од заплените се во форма на таблетки. Кога ќе се изврши конверзија во тежина, се зема тежината на целата таблета, а не само тежината на активната состојка (амфетамин).

На глобално ниво, пријавените заплени на екстази се зголемиле за над 80% во споредба со 2006 г. од кои 51% се запленети во Европа. Значењето на Холандија и Белгија, традиционалните изворни земји за екстази, се чини дека се намалува, додека производството, посебно на Балканот се зголемува[87]. Така на пример, Албанија наведува позначителни заплени на ефедрин од Кина и Велика Британија, додека Србија информира за најмоќниот пазар на синтетичка дрога споредено со другите Балкански земји (повеќе од 75% реализирани заплени на амфетамин и над 50% заплени на екстази.

---

[86] Обезбедување на хемикалии, постапка на синтеза, правење на таблети, пакување и ослободување од отпадните материи

[87] Согласно извештајот на МВР на Р.Српска (БиХ) во кој се наведува дека увезените количества супстанции наменети за производство на екстази ги надминуваат инд. потребиё и дека трговијата со истите во неретки случаи е илегална.

Неофицијални извори на податоци покажуваат тенденција кон постојано зголемување на користењето на екстази и амфетамини во Македонија, иако овие податоци не се базирани врз епидемиолошки податоци. Синтетските дроги се внесуваат во Македонија претежно од Бугарија, Албанија и Србија.

Се забележува дека внесените количини на синтетски дроги не се наменети за транспорт на други дестинации, туку, истите воглавно се наменети за македонскиот пазар.




Сл.19. Влез на синтетски дроги на територијата на Р.Македонија

Синтетските дроги до Македонија се транспортираат со моторни возила, прикриени со багаж, заедно со лекарства и слично, сокриени во внатрешноста на возилата. Во изолирани случаи запленети се количини на синтетска дрога метамфетамин која требало од Македонија преку Албанија да се транспортираат во Швајцарија.

Според податоците на Единицата за борба против недозволената трговија со дрога, во истражуваниот период се прекинати пет криумчарски канали и тоа во:

- 2007 година, криумчарски канал: Бугарија-Македонија
- 2009 година, криумчарски канал: Албанија-Македонија
- 2010 година, криумчарски канал: Бугарија-Македонија-Албанија-Италија-Швајцарија
- 2011 година, криумчарски канал: Бугарија-Македонија-Косово
- 2011 година, криумчарски канал: Холандија-Македонија

При тоа се запленети вкупно 18782 таблети синтетска дрога од типот амфетамински стимуланси (АТС) и тоа (Тб.9): 14612 таблети амфетамин, 571 таблета метамфетамин и

| **2001** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | 18341 | 9649 | 164 | 2857 | 1327 | 4548 | 449 | 2636 | 459 |

3599 таблети МДМА (екстази).

Тб. 8. Запленета количина синтетска дрога при прекин на криумчарски канали во период 2006-2011 година

Табела 9. Запленети количини (гр.) на синтетски дроги во Р. Македонија

| 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| Амфетамин(таблети) | | | | | |
| | 2000 | | 2263 | | 10349 |
| Метамфетамин (таблети) | | | | | |
| | | | | 571 | |
| МДМА-екстази (таблети) | | | | | |
| | | | | | 3599 |
| Вкупно | 2000 | | 2263 | 571 | 13948 |

*Извор: ЕБПНТД, МВР, 2012* **ВКУПНО : 18782**

Само во еден случај, (2011 г.), е реализирана заплена на синтетска дрога на граничен премин (ГП "Ќафасан"). Во погоре споменатите случаи на заплена на синтетска дрога, од слобода се лишени тројца македонци и двајца албанци.

Графикон 9. Запленети количини (гр.) на синтетски дроги во
Р. Македонија за период 2002-2010




*Извор : МВР на РМ, 2012 год*

Графикон 9а: Заплени на синтетски droги во Р. Македонија
за период 2002-2011




..............................................................................................................................

## 5.2. Атрибутивни белези на производството и недозволената трговија со дрога и психотропни супстанции на регионално ниво во Република Македонија (анализа на пресек)

Со анализата на пресек (атрибутивна и нумеричка), се одредија карактеристиките во врска со недозволената трговија и производство на дрога, на локално и регионално ниво во Република Македонија. Притоа, се опфати периодот 2010 година и првиот квартал на 2011 година. Целта на оваа анализа беше да се согледаат формите на т.н. „улично дилерство" , за да се има целосна слика и преглед за состојбата со дрогата. Ефективна стратегија за борба против дрога, првенствено значи борба против нелегалните активности со дрога на најниско

(локално) ниво како и понатамошно проширување на активностите, а со тоа и на мерките што се преземаат од страна на органите на прогонот (полиција, царина, судство итн) на регионално, национално и меѓународно ниво.

За стратегијата на собирање на податоци, од значење беше прикажувањето на што е можно повеќе видови на локации на пазарите на дрога на мало. Се поставија одредени проблемски прашања во врска со невоедначената дистрибуција на дрога на мало на наркопазарите на локално ниво. Така на пример, одредени видови на малопродажни места за дрога се концентрирани само на карактеристични локации во неколку поголеми градови, додека други се типични за приградски области или за мали градски подрачја. Посебно внимание се посвети на главните нарко-рути, и на границите, по однос на прашања во врска со илегалниот доток на дрога поврзан со нарко-туризмот (преминување на границата за да се добие подобар квалитет или подобра цена за дрогата), бидејќи се претпостави дека тоа може да има влијание врз тн. географски дистрибутивни точки за продажба на дрога на мало. Бидејќи пазарите на дрога на мало, се по дефиниција локални тие треба географски да се селектираат. Ако целта е само да се следи пазарот на дрога на мало и малопродажната цена на дрогите, фокусирањето на одреден број селектирани градови и добивањето на податоци од неколку извори, може да обезбеди подобар проток на информации за разлика од релативно помалиот број на податоци што се добиваат кога се прави селекција на подрачја (региони).

Ако се појде од фактот дека нарко трговијата и пазарите на мало, заедно со здружените криминални групи се наоѓаат во некаква меѓусебна комуникација, тогаш кај снабдувањето со дрога и достапноста на дрогата на улично ниво, се забележуваат тн. сезонски варијации кои на еден или друг начин се поврзани со варијациите во употребата на дрогата, како на пример, на музички фестивали или при одредени рекреативни дестинации. Затоа, од посебно значење беше обработката на податоците од перманентното следење на промените на малопродажните цени на дрогите во истражуваниот период.

Месечно прибирање на податоци се смета за идеален начин иако тоа навидум изгледа неизводливо. Од друга страна, кварталниот начин со сигурност се применува во повеќето методи за прибирање на податоци, со што се обезбедуваат многу повеќе вредни информации одколку со вообичаеното поедноставено мерење на годишно ниво.

Вообичаена практика е корисниците на дрога директно да се прашаат за цената на мало што ја платиле при купување на дрогата, меѓутоа, доколку тоа така се прави, корисниците треба да бидат анкетирани преку прашалници. Една од главните предности на овој начин на собирање на податоци

е во тоа што се опфаќаат лица-корисници кои се најмногу засегнати со цената на забранетите droги на мало. Затоа може да се смета дека добиените информации се релевантни.

Општо гледано, релацијата што постои помеѓу цената на мало и употребата на дрогата, е причина што таа влијае, директно или преку посредство на други фактори, на нивото и инциденцата на потрошувачка на дрога. Тоа особено може да биде полезно во проследувањето на стратегијата за редукција на снабдувањето со дрога и во развивање на ресурсите за спроведување на законот. При обсервациите се имаа предвид варијаблите кои влијаат на цената на дрогата, како што се: квалитетот на дрогата, големината на трансакција, искуството на купувачот. Притоа, не се одбегна фактот дека постои една тн. "сива зона" во случаите кога една група корисници купува дрога за други корисници, или кога корисникот-дилер ја препродава дрогата на свои пријатели, така што овде се поставува прашањето дали воопшто станува збор за трансакција на мало.

Во тек на истражувањето, логично се наметна прашањето, дали потрошувачката на незаконски дроги се намалува со зголемувањето на цените, односно дали станува збор за еластичност на цената имајќи го предвид фактот дека лицето- зависник ќе се обиде на било каков начин и со било какви средства да ја добие дрогата без оглед на големината на трошоците Заклучокот е дека врската помеѓу цената и побарувачката на дрога не е секогаш јасно издеференцирана.

Истражувањата исто така покажаа дека краткорочните промени кои настануваат кај потрошувачките пазари прво се рефлектираат во промени на чистота, додека цените остануваат прилично стабилни во тек на еден подолг временски период.

Нашите полициски служби не ги земаат предвид цените на дрогите како стратешки индикатор, што се должи пред сé на неколку причини: големината на нашата земја, нејзината улогата во трговијата со дрога и недостаток на реактивност на цената. Гледано генерално, иако познавањето на цената на дрогата е од суштинско значење, МВР се уште користи евтина и недоволно ефикасна постапка за собирање на ваков вид на информации. Исто така, се провлекуваат и многу непрецизности кај методите користени за пресметување на просечната цена на дрогите. Повеќето од нив се генерираат од страна на полицијата. Тоа се рутински податоци за цените на мало на дрогите добиени на еден или друг начин од полицијата, како на пример, разузнавачки податоци, податоци за илегални набавки, податоци од информатори, податоци добиени од други не-полициски извори, како на пример преку анкетирање на корисници на дрога..

Анализата ги опфати состојбите со дрогата во осумте сектори за внатрешни работи (СВР) и четирите регионални центри. Врз основа на сознанијата до кои се дојде во тек на анализата, донесени се одредени заклучоци за специфичностите на пооделни региони по однос на проблемите поврзани со дрогата.

### 5.2.1. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –СКОПЈЕ

СВР Скопје бележи константно зголемување на бројот на кривични дела поврзани со нелегалното користење и употреба на дрога, односно се мисли, не само на зголемување на количината и видот на дрогата на пазарот на мало, туку и на бројот на лица кои се занимаваат со овој вид на криминал. Извршувањето на вакви кривични дела доведува до брза и голема заработувачка. Карактеристично за сторителите на овие кривични дела е перманентното менување од нивна страна, на начинот на извршување на делото - организирање на затворени кругови на соизвршители, користење на малолетни лица за вршење на кривичното дело, често менување на местото на употреба на дрогата (место на живеење и локацијата на продажба), сé со цел да се отежне откривањето на кривичното дело.




Во годината што измина најголем број кривични дела- 96 (споредено со другите сектори), се откриени на подрачјето на овој сектор, од кои 80, "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции"( чл. 215 од КЗ РМ) и 16 "овозможување на употреба наркотични дроги" (чл.216 од КЗ РМ). Најмногу кривични дела по чл. 215, се откриени во првиот квартал од годината (месец јануари-35), додека 68% од кривичните дела по чл. 216, се откриени во четвртиот квартал. Споредено со 2010 година има намалување во откривањето на овие кривични дела за 25%. што се претпоставува дека е резултат на намалениот број на заплени на дрога на територија на Македонија.во овој период. Меѓутоа, од друга страна, СВР-Скопје бележи пораст во запленетата количина на најзастепената дрога после марихуаната-хероинот, од над 100%. Имено, на подрачјето што го покрива СВР-Скопје, во 2010 година се запленети 401 гр. хероин а во 2011 година запленетата количина изнесува 947 гр. Оваа организациона единица заплени покрај хероин и 3 кг и

180 гр. марихуана; 268 таблети и 22,7 гр. амфетамин; 65 таблети и 17,5 гр. метаамфетамин, 24 таблети екстази, 4,5 грама хашиш, 1,6 грама мешавина од тутун и марихуана, 0,1 грам кокаин, 26 стебла и 12,4 грама семки од растението „цанабис сатива" и други синтетички дроги и недозволени лекови. Во вкупната заплена на дрога (67 кг.53 гр.), СВР-Скопје учествува само со 6%, за разлика од СВР Тетово ( 47.3%) и СВР Охрид (30.5%), што се должи на исклучително големите количински заплени на марихуана во овие региони (Тб. 18 ). Но затоа, од вкупно запленетата количина на хероин, 77% отпаѓаат на заплените реализирани од страна на овој сектор.

Според сознанијата на СВР Скопје, а врз основа на извршени разговори со дилерите на дрога после нивното откривање и лишување од слобода, запленетите количини на хероин, кокаин, и синтетски дроги, се внесени во Македонија, од територија на Турција, Албанија, Бугарија и Србија, додека запленетите количини на марихуана претежно биле произведени во Македонија.

Во последниот период забележителна е и побарувачката на таблети кои во себе содржат психоактивни супстанции кои делуваат на нервниот систем, како и на одредени производи од растително потекло (печурки) и лекарства кои во себе содржат халуциногени супстанции, што не се опфатени во листата на контролирани супстанции согласно важечката законска регулатива.

По однос на ново пријавените уживатели, карактеристично е намалувањето на старосната граница, за што е потребно превземање на посеопфатни превентивни мерки.

До крајот на 2010 година, СВР Скопје се евидентирани вкупно 4810 зависници, од кои ново пријавени се 312 лица. Од овој број зависници, 4224 се од машки пол, а 585 од женски пол; 3670 се од македонска националност, 726 се од албанска националност, 201 се роми и 134 од останати националности. Според старосната структура едно лице е до 14 годишна возраст, од 15-18 години се 19 лица, од 19-25 години се 778 лица и над 26 години се 4011 лица. Најголемиот број од зависниците употребуваат марихуана (2897), а останатите хероин и други дроги.

5.2.2. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –БИТОЛА

Подрачјето кое го покрива СВР Битола има неколку специфики кои го карактеризираат, а тоа се близината на границата со Грција кај с.Меџитлија и границата со Албанија преку Преспанското езеро. СВР Битола ги опфаќа подрачјата на Битола, Прилеп, Ресен, Македонски Брод, Крушево, Демир Хисар. Тоа е регион со значајна геостратешката позиција, но и регион во кој има концентрација на луѓе, индустриски објекти, туризам, културни настани, музички манифестации и сл. Од друга страна, овој регион е карактеристи 3.5% од вк. лните климатски услови за развој на аграрно земјоделство и одгледувањето ... ... културни. Се ова е значајно по однос на нелегалната 51.7% од вк. трговија со дрога. ...страги во периодот на имплементација на Националната стратегија за дроги открија нелегална култивација на растението Цанабис сатива, на неколку локации, во различен временски период.

Ако периодот 2006-2009 година се карактеризираше по побарувачката на хероин, периодот 2010-2011 година е карактеристичен по употребата на марихуана и амфетамини.




| Хероин (гр.) | Марихуана (гр.) | Амфетамин (гр.) | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| 56.74 | 2195.13 | 96.60 | 2348.47 |

СВР Битола откри 72 кривични дела, од кои 61 кр.дело "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции" и 11 "овозможување на употреба наркотични дроги", при што се запленети: 2 кг. и 195 гр. марихуана; 95 стебла и 14 парчиња семки од растението „цанабис сатива",7 грама мешавина од тутун и марихуана, 56.74 гр. хероин и ; 12 таблети и 96.60 гр. амфетамин;, четири таблети трамадол, 0,9 грама лидокаин и други производи кои во себе содржат халуциногени супстанции. За одбележување е фактот дека *бупренорфин,* новиот препарат за третман

на зависности веќе е достапен на нарко пазарот и тоа по цена 200-300денари за една таблета од 2мг, односно 500 денари за таблета од 8мг (Тб.10). Во периодот на имплементација на Националната стратегија за дроги на Република Македонија, на ова подрачје се бележат и кривично-правни настани, односно заплени на марихуана при премин на Преспанско езеро (обид за илегален внес на марихуана со  чамец од страна на Албански државјани). Исто така во нелегална трговија со марихуана, повторно се фатени албански државјани во близина на границата со Грција, кои користиле такси возило од Струга за пренос на дрогата.

Важна карактеристика за овој регион во врска со дрогата е сé почестата злоупотреба на метадонот и неговата илегална препродажба на наркопазарот на мало.

Новите технологии особено употребата на интернет и фацебоок несомнено влијаат на поголемата мобилност и достапност на дрогата. Дрогата се превезува со моторни возила сопственост на дилерите, такси возила, мопеди и незначително со автобуси. Подрачјето што го покрива СВР Битола е транзитно, дрогата најчесто се набавува од Прилеп, Струга и Скопје, по што се носи во домовите на дилерите, се препакува во мали пакувања и неовластено се нуди и продава.

Аналитичките истражувања укажуваат на фактот дека запленетата дрога најчесто се пакува во мали пакувања од 0,25 до 1 грам, се чува (се крие) во куќи, станови, визбени простории, хотелски соби, напуштени објекти, се закопува во земја и сл..

Според оперативните сознанија, марихуаната се меша со тутун, хероинот најчесто се меша со парацетамол и кафетин, амфетаминот со парацетамол, а кокаинот со лидокаин.

Табела 10.    Цена на дроги во денари на  подрачје на СВР Битола

| Хероин 1гр | Марихуана 1џоинт | Кокаин 1гр | Метадон 10мл | Бупренорфин 1тбл x 2мг 1тбл x 8мг | Екстази 1тбл. | Амфет. 1гр |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1000- 1500 | 100 | 3100 | 1200 | 200-500 | 500 | 800-1000 |




5.2.3. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ВЕЛЕС

СВР Велес ги опфаќа градовите Велес, Кавадарци и Неготино. СВР Велес има откриено 22 кривични дела, од кои 15 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции" и 9 „овозможување употреба наркотични дроги " при што се запленети: 302 гр. марихуана, 34 стебла и пет парчиња семки од растението „цанабис сатива",0,12 гр. мешавина од тутун и марихуана, 21 таблета и 10,96 гр. амфетамин, и други лекарства кои во себе содржат халуциногени супстанции. Анализите покажаа дека лицата, корисници на дрога од овој регион, на подолг временски период покажуваат форма на хероинска зависност, за потоа да настапи период на стабилизирање на состојбата, што трае некаде до 2010 година, кога повторно се јавува нов бран на зголемена хероиноманска зависност. Употребата на марихуаната кај младата популација исто така интензивно оди во нагорна линија. Амфетаминскиот тип на стимуланси не е ништо помалку застапен, посебно кај помладата популација која ги користи овие синтетски дроги на техно забавите. Карактеристично за овој период е и сé поприсутниот кокаин, особено кај лицата со повисок материјален статус. Во овој период на имплементација на Националната стратегија за дроги на Република Македонија

забележани се случаи на смртност како резултат на предозирање

Констатирана е состојба кога за време на субституционата терапија за одржување, лицето зема хероин или го надополнува метадонот со инјектиран хероин. На подрачје на СВР Велес подолг период има нелегално култивирање на Цанабис сатива на отворен простор, покрај реки, во дворови, заедно со насади на градинарски култури, но и во станови.

0.47% од

Главна карактеристика за подрачјето на СВР Велес, која е за одбележување, е регрутирањето на лица во формирани криминални мрежи за нелегална трговија со хероин кои дејствуваат во западно европските земји особено во Австрија и Германија. Нелегално стекнатата материјална корист од трговијата со дрога на мало (улична трговија) во Австрија и Германија, е видлива со тоа што се рефлектира на нивните бизнис-активности во Македонија. Неофицијлната бројка на кривично гонети лица од страна на Германските полициски служби, во изминатиот период, заради поврзаност и дистрибуција на дрога, е околу 700 лица, само од општината Велес.

Сознанијата зборуваат дека овие успешни „улични дилерства" на хероин ги потенцираа криминалните групи од Македонија во хиерархијата на нелегална трговија со хероин, односно во набавката и илегалниот транспорт на дрога до земјите од Западна Европа и нивното поврзаување со меѓународни нарко криминални групи од Турција и Бугарија. Полициските разузнавачки податоци ги објаснуваат овие дејствија, имајќи го притоа предвид профитот како мотив. Имено, хероинот во Македонија е со цена од 1200 евра по килограм, а со пренесување до западно европска земја, тој добива вредност од 1800евра. Меѓутоа, со дистрибуција на мало , заработувачката се зголемува уште повеќе (Тб.11).

На подрачјето на СВР Велес, посебно место завзема нелегалната трговија со метадон. Иако е отворен центар за субституциона програма (терапија за замена на хероин), со цел одржување на зависниците од дрога во стабилна здравствена состојба, метадонот кој што се дели бесплатно за таа намена, е сé поприсутен на црниот пазар. Зависниците го купуваат во неразредена форма, кој потоа го „инјектираат".

Табела 11. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Велес

| Хероин 0,1-0,25 гр | Марихуана 1џоинт | Кокаин 1гр | Екстази 1табл. |
|---|---|---|---|
| 500 | 100-500 | 3000 | 500 |

## 5.2.4. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –КУМАНОВО

На подрачјето на СВР Куманово, најприсутна дрога е марихуаната, а потоа следи хероинот. Во последните три години како тренд кој се јавува е и присуството на кокаин. Анализирајќи ги состојбите со заплените на дрога, се констатира зголемување на насадите на растението Цанабис сатива, во општина Липково, с.Алешевце. Во овие случаи насадите се одгледувани од организирани групи. Како карактеристичен пример се и засадите на 426 стебла „марихуана" во двор во с. Отља, а на таванот на куќата се пронајдени најлонски кеси со 5.165 грама марихуана.

На подрачјето на СВР Куманово, во два наврати се откриени организирани групи кои се занима 30% од вк. амфетамин лна трговија со дрога Дрогата ја продавале на лица од македонска национал... ...одатоците со кои се располага, најчести превозни средства кои ги користеле овие групи за транспорт на дрогата биле патничките моторни возила, во кои запленетата дрога била пронајдена скриена под седиштата, под патосниците, под навлаките, во пепелниците, во кутиите за ЦД и сл. Карактеристичен случај е откриен при претрес на возило, кога на задниот дел на шасијата со магнет била прикачена кеса во која имало




опаковки на хероин. Во последните две години фатени се и дилери кои дрогата ја криеле во седиштето на скутери.

На подрачјето на СВР Куманово се откриени 77 кривични дела, од кои 76 "неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги и психотропни супстанци" и едно "овозможување на употреба наркотични droги", при што се запленети: 571.5 гр. марихуана; потоа 105,6 гр. хероин; 1.4 гр.кокаин; 56,1 гр.амфетамин; 0,12 гр. метаамфетамин, 817 стебла, 30 парчиња и 1,3 грама семки од растението „цанабис сатива";8,6 грама мешавина од тутун и марихуана и други супстанции.

Во периодот 2006 – 2012 година има регистрирано 12 случаи на предозираност со хероин, од кои во десет случаи настапила смрт: во 2006 – 2 смртни случаи од предозирање, во 2007 година 5, во 2009 година два случаи на предозирање со смртен исход, а во 2010 и 2011 по еденслучај.

Табела 12. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Куманово

| Хероин | | Марихуана | | Екстази | Кокаин |
|---|---|---|---|---|---|
| 1гр. | 1 паковка* | 1кг | 1 џоинт | 1 табл. | 1 гр. |
| 1000-1200 | 250- 300 | 30000 | 100-150 | 300-400 | 3000 |

*) Од 1 гр. хероин се прават 5-7 паковки

### 5.2.5. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ШТИП

Следејќи ги статистичките показаели и оперативните сознанија на подрачјето на СВР Штип костатирано е присуство на дрогите: марихуана, хероин, кокаин и амфетамини. Со оглед на поволноста на климатските услови регистрирани се неколку случаи на одгледување на цанабис сатива.

На подрачјето на СВР Штип се откриени 67 кривични дела, од кои 56 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги и психотропни супстанци" и 11 „овозможување на употреба наркотични дроги" при што се запленети: еден кг. и 426 гр. марихуана, 4,32 грам хероин, 58 грама хашиш; 80 стебла и 265 парчиња семки од растението „цанабис сатива", 11 таблети амфетамин.

2.13% од вк. дрога

ачин на транспорт на дрогата е со такси и со автобус. Според сознанијата на СВР Штип, постои организирана група која е вклучена во недозволена трговија со дрога. Отворена е кривична обработка "Гишпар" за која се постапува во содејство со Единицата за организиран криминал со дрога.




Табела 13. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Штип

| Хероин | | Марихуана | | | Екстази | Кокаин |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 гр. (петка) | 1 доза* | 500 гр. (добар квалитет) | 1 џоинт | 100 гр. | 1 табл. | 1 гр. |
| 5000-6000 | 500 | 2100 | 100-150 | 3000 | 200-300 | 3000 |

*) Една доза хероин = ¼ гр.

5.2.6. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –СТРУМИЦА

На подрачјето на СВР Струмица, најбарана дрога е марихуаната, која е и најприсутна на ова подрачје. По марихуаната, следна дрога за која се заинтересирани локалните корисници, е хероинот, а повремено се јавуваат екстазите и метадонот. Полициските служби немаат сознанија за нелегана трговија од страна на локални дилери со кокаин.




Во 2011 година оваа организациона единица откри 88 кр. дела, од кои 65 се за "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции" а 21 кр. дело, "овозможување на употреба наркотични дроги". Притоа се запленети 5 кг.и 658 гр. марихуана, 67,3 гр. хероин, 3,7 грама опиум, 106 таблети амфетамин, 0,3 грама метаамфетамин; 135 стебла, 380 парчиња и 99,8 грама семки од растението „цанабис сатива , и др.

Поволните климатски услови во регионот овозможуваат култивирање на растението Цанабис сатива вар.индицум од кое се добива марихуаната. Мерките на контрола и навременото дејствување во спречување на нелегалните појави од страна на СВР Струмица условуваат овој тренд да не добие големи размери. Карактеристично е што растението Цанабис нелегално го произведуваат лица кои не се искусни во криминалната свера, туку тие ја произведуваат марихуаната за други лица кои потоа ја продаваат, иако има појава на култивирање на Цанабис сатива и од страна на искусни лица вклучени во криминалот со дрога. Покрај поволните климатските услови, како фактор кој го олеснува нелегалното култивирање на марихуаната во овој регион, специфичен е и самиот регион по тоа што се одгледуваат градинарски култури под пластеници што овозможува маскирање на канабисот. Марихуаната во овој регион најчесто се пакува во хартиена амбалажа, кеси, тегли или пластични буриња. Се крие во куќи, станови, а во руралните средини, во шталите. За пазарот на мало, марихуаната најчесто се меша со тутун и како таква се продава. Заплени на марихуана има во текот на целата година, а посебно во есен кога е период на берба.

Хероинот на подрачјето на СВР Струмица доаѓа од Скопје, Тетово, Велес и Куманово. Го носат најчесто дилери од албанска националност. Се избегнува пакување на хероинот во хартиена амбалажа, односно тој се пакува во полиетиленски кесички во

количина од 0,25 ,5 или 10г. Најчесто се користи целофан од кутија за цигари, бидејќи хероинот не се лепи на таква површина и може да се сокрие во уста или да се проголта доколку дојде до ситуација дилерот да биде откриен. Сознанијата добиени од полициските служби во анализираниот период се дека, хероинот се чува во мали количини, надвор од куќата на дилерот, закопан на локација која само тој ја знае, бидејќи нема доверба во никого. Во овој регион, нај сигнификантен податок до кој се дојде е дека хероинот се меша со суровини од фармацевтската индустрија или со лекови кои се во пулверизирана форма (во форма на прашок), со што му се зголемува волуменот. Констатиран е специфичен случај на мешање на хероин со талог од превриено вештачко ѓубре.

Екстазите односно синтетските дроги од групата на амфетамински стимуланси, во овој регионот најчесто доаѓаат од Бугарија, а се внесуваат преку граничниот премин Ново Село. Најчесто се користат на техно забавите за време на Струмичкиот карневал или за време на Новогодишните и Божиќните празници, кога има поголем број на гости од соседните градови, од Бугарија или Грција. Ова особено се однесува на Гевгелија во чија близината е граничниот премин.

Метадонот како лек за терапија за супституција и одржување се користи во дневниот центар за третман на зависници, кој се наоѓа на подрачјето на Струмица. Забележано е негово присуство на црниот пазар и продажба со цел купување на хероин.

Новите технологии како што е интернетот, односно социјалните мрежи, фацебоок , влијаат на големата мобилност и достапност на дрогата.

На подрачјето на СВР Струмица нема организирани криминалани групи вклучени во трговија со дроги.

Цената на хероинот на подрачјето на СВР Струмица е во опаѓање. До пред неколу години цената на 1г хероин изнесуваше 1500денари, а денес таа се движи од 1000- 1200 денари.

Трговијата со дрога се врши на различни начини зависно од видот на дрогата. Така на пример, за да се снабдат корисниците со марихуана тие остваруваат телефонски контакт со дилерите и договараат место каде да се сретнат и да ја остварат размента, а кога станува збор за хероин, тогаш корисниците–уживатели, одат во домовите на дилерите кои најчесто се и самите консументи на дрога.

Табела14. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР Струмица

| Хероин | | Марихуана | | | | | Кокаин | Екстази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 гр. | 0,25 гр. | 100 гр. | 3 гр. | Џоинт Кец | Џоинт Двојка | кибрит | 1гр. | 1 табл. |
| 660-9оо | 300-500 | 4000 | 500 | 150 | 250 | 100-200 | 3000 | 300-500 |

5.2.7. Состојби со наркокриминалот и употребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ТЕТОВО

Во организациската поставеност на СВР Тетово влегуваат Тетово и Гостивар. Најбарани и најкористени droги во овој регион се марихуаната и хероинот, а како понов тренд се јавува и кокаинот. На подрачјето што го покрива СВР Тетово, во 6 случаи се откриени насади на Цанабис сатива, која се сучи, калапира, дроби и препакува.

Овој регион е економски развиен, со голема сообраќајна и друга инфраструктура, универзитетски град со постојан влез и излез на лица. Се граничи со Албанија и со Косово. Познат е по нелегална трговија со дрога. Полициските информации и оперативни сознанија укажуваат на присуство на организирани криминални групи кои учествуваат во транспортот, времeното складирање и препакување на дрогата. Овој регион е економски развиен, со голема сообраќајна и друга инфраструктура, универзитетски град со постојан влез и излез на лица.

Се граничи со Албанија и со Косово. Познат е по нелегална трговија со дрога. Полициските информации и оперативни сознанија укажуваат на присуство на организирани криминални групи кои учествуваат во транспортот, временото складирање и препакување на дрогата. Со анализа на достапните податоци во врска со сторителите на кривично дело "неовластено производство и пуштање во промет на опојни droги", констатирано е дека според националната структура, најголемиот број сторители се албанци (77%), потоа следат, македонци (12%), турци (6%), роми (4%), бошњаци со (1%). Според старосната структура, 80% се на возраст помеѓу 20-30 години, додека 20% се на возраст до 20 години. Имајќи предвид дека Тетово и Гостивар се градови во близина на граничната линија, најчесто се користат дивите премини кон Албанија во текот на летниот и есенскиот период. СВР Тетово располага со непотврдени сознанија дека дел од увезената дрога од Албанија се крие во планинските делови каде се складира до понатамошен транспорт. Досега не е вршена контрола на поштенски пратки.




СВР Тетово откри 62 кривични дела и тоа 54 за „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги и психотропни супстанции" и 8 „овозможување употреба наркотични дроги„ при што се запленети: 31 кг. и 834 гр.марихуана, 33.7 гр.хероин, 1,7 гр. кокаин, три таблети екстази, 59 стебла и 25 парчиња семки од растението „цанабис сатива" и др, лекарства

Табела15. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР ТЕТОВО

| Марихуана | | Хероин | Екстази | Кокаин | Метадон |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 цигара* | 1 зипер* * | 1гр. | 1табл. | 1гр. | 10мл |
| 100-150 | | 1200-1500 | 300-500 | 6100 | 700 |

*) цигара- мешавина со тутун **) Зипер- кесичка со тежина од 1.5-2 гр.

5.2.8. Состојби со наркокриминалот и злоупотребата на дрога на подрачје во надлежност на Секторот за внатрешни работи –ОХРИД

Според досегашните согледувања и анализирања на конкретни случаи, како и од добиените оперативни сознанија, може да се заклучи дека на подрачјето кое го покрива СВР




Охрид: ПС Охрид, ПС Струга, ПС Кичево и ПС Дебар најбарани опојни дроги се марихуаната и хероинот, па според тоа овие дроги се и најзастапени, а потоа следат кокаинот, хашишот, метадонот и амфетаминскиот тип на стимуланси.

Имајќи предвид дека подрачјето кое го покрива СВР Охрид е туристички регион кој е посетен од туристи од земјата и од странство во текот на целата година (посебно во периодот Јуни-Септември и Декември-Јануари), се забележува зголемена побарувачка на марихуана и синтетски дроги (екстази, амфетамини) и во последниот период и кокаин. Охридскиот регион се граничи со Албанија и има три гранични премини: ГП "Св. Наум", ГП "Ќафасан" и ГП "Блато". Преку ГП Ќафасан циркулира марихуана кон земјите од Блискиот исток, а во спротивна насока, кон земјите од Западна Европа., транзитира хероинот. Хероинот се крие во специјално направени бункери во моторни возила и во различната стока што се пренесува со камиони. Најнов тренд кој што се забележува во последниот период е негово транспортирање во прашкаста форма (непресуван), за разлика од, со години наназад, стандардниот начин на пренесување во форма на тн. "цигли" (пресуван). Предноста на овој понов начин е во тоа што, прашокот ја добива формата на амбалажата од другата транспортирана стока меѓу која е сместен односно сокриен, најчесто во полиетиленски кеси. Хероинот на пазарот на мало може да се сретне во следните пакувања: врзан во полиетиленска најлон кеса, паковки од алуминиумска фолија, хартиени паковки, зипер-кеси, пластични кутивчиња од шумливи таблети или од "киндер- јајца".

На подрачјето на СВР Охрид постојат организирани групи кои се занимаваат со нелегална трговија со дрога (набавка, пакување, продажба, финансирање). За истите се отворени криминалистички обработки. Сознанијата укажуваат дека претежно се составени од лица од албанска националност, но има и мешани групи (албанско – македонски). На

подрачјето на ПС Дебар криминалните групи перманентно ги користат нелегалните премини по должина на целата државна граница помеѓу Р. Македонија и Албанија, преку кои најчесто се пренесува марихуана.

Промени во трендовите кај марихуаната нема. Нема оперативни сознанија за нејзино складирање во големи количини. Потеклото на марихуаната е од Албанија, а како почетни транзитни точки се регистрирани градовите Кукс, Ѓирокастро преку Булчиза–Пешкопеја и граничните села помеѓу Албанија и Македонија. Со зголеменото користење на интернетот, фацебоок и другите социјални мрежи, во голема мера е олесната комуникацијата помеѓу дилерите и уживателите на оваа дрога. Се формираат затворени кругови за комуникација што ја олеснува набавката на дрогата, а ја отежнува работата на полицијата. Марихуаната на пазарот на мало најчесто се среќава спакувана во хартиени опаковки, целофански обвивки; во книжни пари (од 10, 50, 100 денари), во тн. зипер кесички (1.5-2 гр.) или во форма на рачно изработена цигара (џоинт). Марихуаната, со која се тргува на големо (од 700 гр. до 1 кг) е спакувана во: најлонски кеси облепени со селотејп траки; пластични туби од вода, пресечни, стегнати и облапени со селотејп-лента; пресувани форми на табли завиткани во најлонска кеса и облепени со селотејп-лента; јутени вреќи. Вака спакуваната марихуана се чува во домови, подруми, помошни простории руинирани напуштени објекти; попатни свратилишта на дилерот, сокриена под камен, дрва, ќерамида и сл. па дури во последно време се користат и тегли закопани во земја. Марихуаната се меша најчесто со тутун.

Амфетамините се среќаваат во хартиени опаковки обложени со алуминиумска фолија (внатрешната амбалажа во кутиите за цигари).

Според оперативните сознанија, цените на дрогата на мало добиени од наркозависници и дилери, независно од локациите каде што се врши нелегалната трговија со дрога се прикажани во табела 16.

Табела16. Цена на дроги во денари на подрачје на СВР - ОХРИД

| Хероин | | | Марихуана | | | | Кокаин | Екстази |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 0,25– | 5 | 100 | Џоинт* | 1 | кибрит | 0,6-0,8 | 1 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| гр. | 0,30 гр. | гр. | гр. | | кг | | гр. | табл. |
| 1000-1200 | 500 | 5000-6000 | 6000 | 100 | 21000-45000 | 300-500 | 3000 | 300-700 |

*) Џоинт- рачно изработена цигара

Мешавини на дрога кои се среќаваат на малопродажниот пазар во овој регион се следните:

- Хероин помешан со: дробен парацетамол, кефеав шеќер, кафетин, кодеин и др.
- Кокаинот помешан со: калциум, талк, нишесте. кофеин.

На подрачје на СВР Охрид е откриено 91 кр.дело (64 зе неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги и психотропни супстанци и 27 за овозможување на употреба наркотични дроги), при што се запленети: 114 кг. и 049 гр.хашиш, 20 кг.и 462 гр.марихуана, 24,1 гр.хероин, 0,15 грама кокаин, 54 таблети и 0,44 грама амфетамин, една таблета метаамфетамин, две таблети екстази; едно стебло, 544 парчиња и 3,7 грама семки од растението „цанабис сатива", и други супстанции со психоактивно дејство.

Од вкупно запленетата марихуана на територија на Р.Македонија во 2011 година (65 кг.и 630 гр.)[88] СВР Охрид учествува со 31%, односно на ова подрачје е зепленета една третина од вкупната количина на оваа канабиноидна дрога.

### 5.2.9. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ЗАПАД"

---

[88] Заплените на дрога реализирани на подрачјата кои се покриени со осумте сектори за внатрешн работи, воглавно се однесуваат, на откривање на дрога при нејзина понуда и продажба на пазарот на мало и при тн. "улично дилерство" (во овој дел на истражувањата не станува збор за реализираните големи заплени при откривање на криумчарски канали и организирано криумчарење на дрога)

Регионалниот центар за гранични работи „Запад" на подрачјето што го покрива согласно законските надлежности, при вршењето на гранични проверки и граничен надзор и за откривање на криминогени активности на граница и во внатрешноста, превзема соодветни активности и тесно соработува со сите организациони единици во Министерството за внатрешни работи, како и со другите министерства и Агенции вклучени во Интегрираното Гранично Управување. По добиените оперативни сознанија и откриени случаи поврзни со дрога или прекурсори, Регионалниот центар за гранични работи „Запад" ја проследува информацијата до СВР Охрид и Одделот за организиран криминал за понатамошна постапка, докажување и документирање, согласно стандардните оперативни процедури на Министерството за внатрешни работи. РЦ "Запад" бележи ефикасност во откривањето на недозволената трговија со дрога. Во периодот на имплементација на Националната стратегија за дрога откриени се droги од природно и синтетско потекло- хероин, марихуана и амфетамински стимуланси– екстази. Опојната дрога најчесто се криумчари преку ГП „Ќафасан" и тоа со патнички моторни возила.

РЦ "Запад" своите мерки и активности ги насочува кон: засилување на контролата на возила и патници, во планирање и координирање на заеднички акции со Царинската Управа и инспекторите за спречување на недозволена трговија со дрога, континуиран и зајакнат надзор на државната граница и сите насоки кои се погодни за илегални преминувања и криумчарење на дрога, стока, мигранти. Во 2010 година откриени се неколку позабележителни случаи на недозволена трговија со дрога. од кои се издвојува случајот на заплена на 571 тбл екстази и заплена на 900гр марихуана. Во 2011 год откриени се 2 случаи од кои за одбележување е тој со откривањето на 10 кг хероин во патничко моторно возило на ГП "Ќафасан".

### 5.2.10. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „СЕВЕР"

Карактеристика за активностите на Регионален центар за гранични работи „Север" е периодот 2010 и 2011 година кога во два случаи се пронајдени вкупно 760 стебла на марихуана (Цанабис сатива), како и хартиени кеси со канабис-семе

### 5.2.11. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ИСТОК"

Активностите на Регионален центар за гранични работи „ИСТОК" во периодот 2010 и 2011 година бележат само пронаоѓање на мали количини дрога за лична употреба, каде во два случаи се пронајдени вкупно 18 стебла марихуана (цанабис сатива) и 2 кг хероин.

Анализата покажа дека најмногу случаеви на откриени наркотици има на ГП " Деве Баир" каде и фреквенцијата на возила и патници е најголема, потоа на ГП "Ново Село" и на трето место доаѓа ГП "Делчево". Сите случаи на откриени наркотици се реализирани во соработка со Царинската управа и Центарот за интегрирано гранично управување.

Од откриените случаи најмногу има заплена на хероин којшто најчесто е откриен спекуван во најлонски кеси и завиткан со самолеплива кафеава лента, сместен во личниот багаж (патни торби со дупли дна) или сокриен во облека. Како почетна дестинација е посочена Турција, а како транспортно средство се користат автобуси, поретко патнички моторни возила. Регионалниот центар за гранични работи „ИСТОК" располага со тн."кит-тестови" (сцреенинг-тест) како првичен начин за потврда дали откриената прашкаста материја е дрога. Сите понатамошни активности се организираат и спроведуваат согласно СОП – Стандардните Оперативни Процедури на Министерството за внатрешни работи.

### 5.2.12. Состојби со наркокриминалот на подрачје во надлежност на Регионален центар за гранични работи „ЈУГ"

Регионалниот центар за гранични работи „ЈУГ" во рамки на своите надлежности врши контрола и обезбедување на државната граница, контрола на странци, спречување и откривање на илегална миграција и прекуграничен криминал, а покрај овие активности открива и спречува недозволена трговија со дрога и психотропни супстанции. РЦ „ЈУГ" при спроведување на своите активности околу обезбедување и контрола на илегалните премини, при влез и излез од Р.Македонија, во анализираниот период, открил случаи на криумчарење на дрога. Одземената дрога и лицата сторители на ова кривично дело се предадени во надлежност и понатамошна постапка на СВР Битола или ПС Гевгелија. Од расположивите податоци, може да секонстатира дека на ова подрачје нема драстично присуство и недозволена трговија со дрога, а од откриените случаи, се констатира присуство на хероин, марихуана, хашиш, екстази и амфетамин во течна форма (еден случај). Најмногу откриени количини дрога се регистрирани во гевгелиско – дојранскиот регион, а поретко во Битолскиот регион и тоа најчесто на ГП „Богородица", „Стар Дојран" и „Меџитлија", како и на "зелената граница" во гевгелискиот регион. Во некои села се регистрирани и насади на марихуана.

Од спроведеното истражување може да се извлече заклучокот дека, дрогата најчесто се криумчари на ГП„Богородица" и тоа во транспортни и патнички моторни возила, скриена на подот на возилата, во багажниот простор, во резервоарите и сл. Се криумчари и по должина на зелената граница кај Гевгелиско-Дојранското дел заради лесната проодност на овој терен, познавањето на локалните патишта и близината на населените места од Грчка страна. Карактеристично е тоа што криминалните групи го користат овој терен за криумчарење на дрога заедно со криумчарење на мигранти во чии торби им се става дрогата. Во иднина, во оваа насока уште повеќе ќе се засилат контролите, особено во руралните средини.

### 5.2.13. Активности во борбата против недозволената трговија и злоупотреба на наркотични droги во Р.Македонија (статистички показатели и компаративна анализа

Спроведените истражувања за шестгодишниот период во врска со дрогите од природно и синтетско потекло, кои транзитираат низ територијата на Р.Македонија, а дел и се задржуваат за пласман на домашниот илегален пазар, всушност претставуваат анализа на состојбите со недозволената трговија со овие дроги и нивното криумчарење преку шверцерски канали чија мрежа е раширена и ја покрива и нашата територија, но воедно и давање проценка за динамиката на развој на наркокриминалот кај нас. Со следење на фреквентноста на појавувањето на конкретни претставници на природните дроги- хероин, кокаин, марихуана и на бројот на нивни заплени во урбаните средини (градски подрачја), регистрирани во истражуваниот период, од една страна, и со следење на состојбите во врска со нивното криумчарење преку граничните премини, од друга страна, се добиваат показатели кои не само што упатуваат на евентуалното потекло на дрогата, туку даваат слика и за најзагрозените подрачја на Р.Македонија во однос на злоупотребата на одредена категорија на дроги. Ова е поткрепено, со обработката на добиените статистички податоци за бројот на откриени кривични дела во врска со недозволената трговија со овие дроги и овозможувањето на нивната употреба и користење.

Поаѓајќи од споменатите фактори за проценка на состојбите- недозволена трговија со дроги во урбана средина и криумчарењето регистрирано на граничните премини, преку обработка на податоците[89] , добиена е бројка за запленета количина дрога од природно потекло, во истражуваниот период, од над 5 тони (5400.74 кг.), односно, во градски подрачја се запленети 1834.67 кг, а на гранични премини и при прекин на криумчарски канали, 3566.07 кг. дрога (Тб.16).[90] Така на пример, најголема количина на хероин е запленета во 2009 година (667.2 кг.), на кокаин во 2007 година (486.7 кг). 1044.4 кг марихуана (19.3 % од вкупно запленетата количина дрога во период од 2006 до 2011 година), се запленети во 2006 година.

---

[89] Podatocite za istra`uvaniot period, vo vrska so kriminalot so droga, se crpeni od izve{taite na Sektorot za analitika, istra`uvawe i dokumentirawe pri MVR, Oddelot za organiziran kriminal-Edinica za borba protiv nedozvolena trgovija so droga i oru`je pri MVR, Carinskata uprava, od sudskite evidencii i od sopstveni istra`uvawa.

[90] **Vidi**:prilog -1, tabela-1 . Vo ponatamo{niot tekst kratenkata za "prilog" nema da se pi{uva

Табела 17. Запленета количина (кг.) дрога од природно потекло во период 2006-2011 година

| Дрога | | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| хероин | Г* | 152.1 | 63.3 | 60.6 | 214.0 | 37.1 | 23.6 | 550.6 |
| | ГП** | 150.1 | 46.7 | 67.4 | 453.2 | 117.1 | 101.9 | 936.3 |
| | Вк. | 302.2 | 110.0 | 128.0 | 667.2 | 154.2 | 125.5 | |
| кокаин | Г | 12.7 | - | 2.3 | 65.5 | 2.5 | 1.5 | 84.4 |
| | ГП | 0.1 | 486.7 | 1.3 | - | 2.1 | 372.1 | 862.1 |
| | Вк. | 12.8 | 486.7 | 3.6 | 65.5 | 4.6 | 373.6 | |
| марихуана | Г | 626.8 | 219.4 | 133.5 | 48.5 | 105.8 | 65.6 | 1199.6 |
| | ГП | 417.5 | 15.8 | 51.3 | 652.3 | 391.6 | 239.2 | 1767.7 |
| | Вк. | 1044.3 | 235.2 | 184.8 | 700.8 | 497.4 | 304.8 | **5400.7** |

Г*-градско подрачје ; ГП**- граничен премин

Графикон 10. Компаративен преглед на запленети количини дрога од опиумски, кокаински и канабиноиден тип за период 2002 -2010




*(Извор: МВР на РМ)*

Табела 18. Одземена и запленета наркотична дрога по сектори во текот на 2011 г. при извршен личен преглед на сторители на кривични дела и корисници на дрога

| Сектори | Дрога од природно и синтетско потекло (%)* | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **хероин** | **кокаин** | **марихуана** | **амфетамин** |
| Скопје | 77.93 (33.05) | 2.97 ( 9.65) | 4.85 ( 5.41) | 11.98 |
| Велес | - | - | 0.46 ( 2.16) | 5.87 |
| Битола | 4.66 (15.75) | - (81.90) | 3.34 ( 4.67) | 51.71 |
| Куманово | 8.64 (31.53) | 41.66 ( 0.36) | 0.87 (46.36) | 30.04 |
| Штип | 0.35 ( 0.50) | - ( 1.72) | 2.17 ( 0.22) | - |
| Струмица | 5.53 ( 2.67) | - ( - ) | 8.62 ( 4.53) | 0.16 |
| Тетово | 1.13 ( 3.47) | 50.89 ( 0.61) | 48.51 ( 2.13) | - |
| Охрид | 1.73 (12.96) | 4.46 ( 5.75) | 31.18 (34.64) | 0.24 |

*) Процентуален приказ на одземена и запленета дрога по сектори во однос на вкупно запленета количина на хероин (1215.65 гр.), кокаин (3.36 гр.) и марихуана (65630.27 гр.)

*Бројчаниот износ во заграда се однесува на 2010 година*



Сл. 20. Одземени и запленети количини наркотична дрога по сектори при извршен личен преглед на сторители на кривични дела[91] и корисници на дрога во однос на вкупно запленета дрога на територија на Р.Македонија во текот на 2011 г.

Во овој период (2011 година), (Тб.17), во урбани средини и на гранични премини беа запленети вкупно 304.8 кг.марихуана, 125.5 кг. хероин од кои 23.6 кг. во урбана средина. На градско подрачје се запленети и 1.5 кг.кокаин (и 1.560 милилитри течен кокаин), 114.11кг. хашиш, 10.930 таблети и 1.82 кг амфетамин, 3.628 таблети екстази, 66 таблети и 17,92 грама метамфетамин, 1.247 стебла, 1.381 парче и 143,86 грама семки од растенито „цанабис сатива". Во овој период се реализирани и редица заплени на други производи со психоактивно дејство, лекарства кои содржат психоактивни супстанции, прекурзори и др. кои овде не се спомнуваат затоа што не се предмет на истражување [92]

Што се однесува до запленетите количини наркотична дрога, најголеми заплени и тоа над 240 кг.марихуана, 370 кг. кокаин и 125 кг. хероин, заедно со 14.057 таблети синтетичка дрога се реализрани од Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, потоа следи СВР Охрид со запленти над 134 килограми наркотична дрога и СВР Тетово со запленети над 31 килограм наркотична дрога.

Најголем број на заплени на дрога (537) се реализирани во 2010 година во урбаните средини, што претставува 32.34 % од вкупниот број заплени во истражуваниот период, а потоа следи 2011 година со 462 заплени (Тб.19).

Табела 19. Фреквенција на заплени на дрога од природно и синтетско потекло во период 2007-2011година

| **Дрога** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| хероин | 112 | 157 | - | 211 | 113 | 592 |
| кокаин | 14 | 7 | - | 19 | 12 | 52 |
| марихуана | 208 | 135 | - | 265 | 303 | 911 |

[91] Кривично дело "„неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“(чл.215 од КЗ РМ) и „овозможување на употреба наркотични дроги“ (чл.216 од КЗ РМ),

[92] Извор: ИНФОРМАЦИЈА, Сектор за аналитика, истражување и документирање, МВР на РМ, Ев.бр.49,.2012

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| амфетамин | 17 | 3 | - | 14 | 24 | 41 |
| метамфет. | | - | - | 23 | 4 | 27 + 17 |
| екстази | | 8 | - | 5 | 7 | 20 |
| ВКУПНО | 351 | 310 | | 537 | 462 | 1660 |

Табела 20. Фреквенција на заплена на droги од природно и синтетско потекло во 2011 година

| Дрога | И кварт. | ИИ кварт. | ИИИ кварт. | ИВ кварт. | Вкупно | ( %) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Хероин | 34 | 23 | 24 | 32 | 113 | 24.46 |
| Кокаин | 1 | 1 | 4 | 4 | 10 | 2.16 |
| Марихуана | 81 | 67 | 68 | 87 | 303 | 65.58 |
| Амфетамин | 5 | 11 | 3 | 4 | 23 | 4.98 |
| Метамфетамин | 1 | 1 | 2 | 2 | 6 | 1.30 |

Ваквиот процент на заплени и на запленети количини дрога во посочениот период се поврзува со растот на негативните трендови и на незаконската трговија со наркотици (според Извештајот доставен до ИНЦСР)[93], а како причина за тоа се посочува зголемената трговија со дрога од и до Косово и зголемената активност на косовските криминални банди на оваа релација поради порозноста на границата. Меѓутоа, од друга страна, проценка е дека, трендот на зголемување на заплените на дрога во посочениот период (од 2007 до 20011година) е рефлексија на зголемениот професионализам кај полицијата, зголемената меѓуинституционална соработка и размена на разузнавачки информации.

Во изминатата година е посветено исклучително внимание на борбата против трговијата со дрога со организирано и сеопфатно спротиставување на овој облик на криминал. Бројните реализирани акции, пресечените меѓународни канали, квалитетните заплени, елиминирањето на

[93] INCSR (The Department of Stat’s International Narcotics Control Strategy Report)

криминалните групи, се веродостојни индикатори кои говорат за успешната борба против наркокриминалот во Р.Македонија.

Во овој период според видот на запленетата дрога и понатаму продолжува трендот на заплена на марихуаната и тоа во 303 случаи; потоа следи хероинот во 113 случаи, во 79 се запленети стебла и семки од растението „цанабис сатива", во 25 случаи амфетамин, кокаин во 10, во осум метадон, во седум екстази, во шест метаамфетамин. Најмногу заплени на хероин се регистрирани во првиот и четвртиот квартал од годината, а на марихуана во четвртиот квартал (Тб. 20)

Максималните напори на полицијата за спречување на снабдувањето и намалувањето на побарувачката на дрога дадоа позитивни резултати, за што говорат реализираните 575 кривични дела, од кои 481 „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" за што се пријавени 588 сторители и 94 кривични дела „овозможување на употреба наркотични дроги" за што се пријавени 131 сторител. Врз основа на компаративните согледувања во изминатите години е констатиран континуаран тренд на зголемување на откривачката функција (Тб.21)

Табела 21. Регистрирани кривични дела по чл.215 и 216 од КЗ на РМ, и пријавени сторители од страна на МВР во период 2006-2011

| | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | | 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор.** | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор.** | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор.** | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор.** | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор.** | **РЕГ. К. Д.** | **ПРИЈ. Стор** |
| **чл. 215** | **261** | **341** | **368** | **426** | **348** | **423** | **439** | **525** | **494** | **616** | **481** | **588** |
| **чл. 216** | **54** | **58** | **86** | **91** | **67** | **76** | **112** | **136** | **84** | **97** | **94** | **131** |
| **ВКУПНО** | **315** | **399** | **454** | **517** | **415** | **499** | **551** | **661** | **578** | **713** | **575** | **719** |

Според бројот на откриени кривични дела, доминира СВР Скопје со 96, потоа следи СВР Охрид со откриени 91 дело, на подрачјето на СВР Струмица се откриени 88, 77 дела се откриени од страна на СВР Куманово,  СВР Битола откри 72 дела, 67 дела се откриени од страна на СВР Штип, 62 дела од СВР Тетово, 22 дела откри СВР Велес. ( Тб.22).

Табела 22. Откриени кривични дела по чл. 215 и 216 од КЗ на РМ[94] во 2010  и  2011 година

| Год. | **СК** | **ВЕ** | **БТ** | **КУ** | **ШТ** | **СР** | **ТЕ** | **ОХ** | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 120 | 14 | 106 | 52 | 54 | 62 | 53 | 102 | 563 |
| 2011 | 96 | 22 | 72 | 77 | 67 | 88 | 62 | 91 | 575 |

Во текот на 2011 година, за сторен прекршок „користење наркотични дроги" ( чл. 20  од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир ), поднесени се 517 барања за поведување прекршочни постапки против 538 лица. Споредено со другите години  опватени со истражувањето, во 2011 година се поднесени најмалку барања за поведување на прекршочни постапки (Тб.23) Најголем број од прекршоците, се извршени поединечно –503  , во градска средина –491, од лица на возраст над 25 години се извршени – 277 прекршоци. Од вкупниот број пријавени, 26 се од женски пол, 28 се малолетници, додека само еден е странец. Сите погоре наведени прекршоци се извршени со употреба на марихуана, хероин и кокаин.

Табела 23: Прекршоци против јавниот ред и мир за кои се поднесени барања за поведување прекршочна постапка во периодот 2001-2010 година

[94] Чл. 215- „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори"; чл. 216- „овозможување на употреба наркотични дроги"

| ГОДИНА | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Уживање наркотични дроги и психотропни супстанции чл.20** | 623 | 692 | 641 | 551 | 628 | 517 |

Во текот на оваа година беа регистрирани 257 нови корисници, а нивниот вкупен број изнесува 9.864. Во овој период починале 14 лица корисници на дрога.

5.2.14. Пресуди на основните судови за сторени кривични дела по член 215 и 216 од КЗ на РМ за период 2006-2012 ( анализа на пресек)

Националното законодавство од областа на контрола на опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори е хармонизирано со стандардите и директивите на Европската Унија и Конвенциите и Резолуциите на ОН и истото има за цел ефикасно и ефективно да го спречи и санкционира недозволеното производство и трговија со дроги, односно да ги санкционира сите оние кои продаваат или овозможуваат користење на дрога. Во рамки на тоа, формулирани се и мерки за алтернативно санкционирање на сторителите за ситни прекршоци поврзани со дрога (парична наместо затворска казна).

Во рамки на истражувањата покрај зацртаната анализа на клучните сегменти од имплементацијата на Националната стратегија за борба против дрога во делот-намалување на снабдувањето со дрога, што се во надлежност на Министерството за внатрешни работи, глобално се опфатени активностите на другите органи на прогон како- Царинската управа (види: прилог) и судовите Даден е генерален табеларен преглед на состојбите во врска со санкционирањето на сторителите на кривични дела по чл. 215 и 216 од КЗ на РМ. Во основа обработени се податоците во врска со донесени правосилни пресуди по години (2006-2011 ) за неовластено производство и пуштање во промет дроги, психотропни супстанции и прекурсори (чл.215, КЗ на РМ), и овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции (чл.216, КЗ на РМ) , (Тб. 24,25; Графикон-11 ).

Табела 24. Неовластено производство и пуштање во промет дроги, психотропни супстанции и прекурсори, чл. 215 (вкупен преглед на сите пресуди)

| ОСНОВЕН СУД | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 14 | 64 | 100 | 90 | 108 | 37 |
| БИТОЛА | 0 | 4 | 15 | 26 | 19 | 8 |
| ПРИЛЕП | 3 | 6 | 6 | 16 | 24 | 6 |
| ОХРИД | 4 | 8 | 4 | 5 | 5 | 9 |
| ВЕЛЕС | 0 | 2 | 5 | 5 | 2 | 0 |
| СТРУМИЦА | 3 | 3 | 3 | 5 | 5 | 3 |
| РЕСЕН | | | | | | 0 |
| ТЕТОВО | 2 | 1 | 3 | 2 | 13 | 0 |
| **ВКУПНО** | **26** | **88** | **136** | **149** | **176** | **63** |

*Извор:Центар за следење на дроги и зависности од дрога, Сектор за контрол.супстанц,. МЗ*

За одбележување е состојбата во 2010 година кога се донесени за 7 пати поголем број на правосилни пресуди споредено со 2006 година, односно за приближно 3 пати повеќе пресуди од тие во 2011 година, иако бројот на откриени кривични дела и пријавени сторители во 2011 споредено со 2010 година е нешто поголем. Состојбата по однос на донесените пресуди по чл. 216 за погоре спомнатите компаративно проследени години е приближно изедначена иако постои значителна разлика во бројот на регистрирани кривични дела и пријавени сторители.

Табела 25. Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции , чл.216,( вкупен преглед на сите пресуди)

| ОСНОВЕН СУД | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 2 | 11 | 18 | 6 | 13 | 6 |
| БИТОЛА | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 5 |
| ПРИЛЕП | 3 | 3 | 4 | 4 | 5 | 0 |
| ОХРИД | 4 | 3 | 0 | 3 | 0 | 2 |
| ВЕЛЕС | / | 2 | 5 | 5 | 2 | 0 |
| СТРУМИЦА | 3 | 3 | 3 | 5 | 5 | 3 |
| РЕСЕН | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |
| ТЕТОВО | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 |
| ВКУПНО | **30** | **26** | **32** | **27** | **29** | **17** |

*Извор:Центар за следење на дроги и зависности од дрога, Сектор за контролирани супстанции, Минист. за здравство*

Графикон 11 Преглед-соодност помеѓу затворски и условни казни, по член 215


120
100
80
60
40
20
0
затворска казна
СКОПЈЕ
ТЕТОВО
БИТОЛА
ПРИЛЕП
ОХРИД
СТРУМИ...
ВЕЛЕС
РЕСЕН
условна казна
Условна казна
Затворска казна
Вкупно

ГЛАВА- 6

# НУМЕРИЧКИ И АТРИБУТИВНИ БЕЛЕЗИ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА

(ИСТРАЖУВАЊА НА ТЕРЕН И АНАЛИЗА НА ПРЕСЕК-ПРОСПЕКТИВНА)

# 6. НУМЕРИЧКИ И АТРИБУТИВНИ БЕЛЕЗИ НА ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГА (ИСТРАЖУВАЊА ОД ТЕРЕН И АНАЛИЗА НА ПРЕСЕК-ПРОСПЕКТИВНА[95])

## 6.1 Дизајн на истражувањето

На територија на Република Македонија, во осум региони, во 20 градови се спроведе истражување по метод на анкетирање со стандарден прашалник Овој тип на истражување- "проблематична употреба на дрога", се користи и во земјите на Европската Унија. Прашалникот (*види: прилог.*) е дефиниран од страна на ЕМЦДДА (Европски Центар за следење на дрога и зависности од дрога), како „инјектирање дрога или редовна употреба на опијати, кокаин и/или амфетамини". Со оваа дефиниција посебно е опфатен и аспектот на долготрајно користење на пропишаните опиоиди како што е метадонот, но не е вклучено нивното ретко користење, ниту пак употребата на други лекови, како што се екстази или канабис.

Во рамки на истражувањето, се набљудуваа квантитативните (нумерички) белези и квалитативните (описни, атрибутивни) белези во врска со употребата на дрога. Прашалникот опфаќа:

- Социо-демографски карактеристики (место на живеење, година на раѓање, пол)
- Степен на обрзаование,
- Колку време редовно се користи дрогата,
- Број на консументи во блиско опкружување на корисникот (колку пријатели земаат дрога),
- Цена на дрогата (последно нејзино купување)
- Тип на дрога и колку често се зема од страна на корисникот
- Начин на користење на дрогата;
- Начин на набавка на дрогата (од дилер, пријател, партнер, интернет, друго)
- Најчест начин на снабдување со дрога (достава до куќа, јавно место од отворен тип-парк, улица; јавно место од затворен тип- клуб, кафетерија; во куќа од дилер, друго)

---

[95] Во истражувачкиот дел од докторскиот труд беше предвидено и се реализира истражувањето на терен по методот на анкетирање со стандарден прашалник. Кодираните прашалници беа пополнувани од страна на зависниците од дрога. Не се искористи идентиотетот на зависникот

- Достапност на дрогата (потполна, многу лесно достапна, тешко достапна, потполоно недостапна).

Анализираните лица се групираа во категории: според полот (машки/ женски), според возраста (зависници под 15 год; 15 – 19 години, 20 -34 години и над 35 години и според дијагноза.

Групирањето по дијагноза е извршено според ИЦД 10[96] - класификацијата и според применетата терапија –метадонска или со бупренорфин.

| | |
|---|---|
| F11 - опијати, хероин ; | F12 - канабис, марихуана ; |
| F13 - седативи, хипнотици; | F14 - кокаин; F15 - стимуланси; |
| F16 - халуциногени; | F18 - растворливи испарувачи, |
| F19- се користат повеќе дроги во исто време. | |

## 6.2. Методологија на истражување

Податоците за индикаторот "проблематично користење droги", се обработуваат по стандарден шаблон за локалната и националната распространетост, со вообичаено користење на: методот на умножување (мултиплиер метходс), индикатор-методот со повеќе варијабили (мултивариате индицатор метход) или по тн. метод "заплена-поврат", односно повторно добивање (цаптуре-рецаптуре). За потребите на ова истражување се користеше методот на индикатор со повеќе варијабли. Се сумираа информациите од студиите за стапката на распространетост на проблематичното користење дроги по однос на вкупната популација и популацијата на возраст од 15 до 64 години, односно проценките се претставени според полот и старосната група (15 до 24, 25 до 34 и 35 до 64 години).

## 6.5. Статистичка обработка

*Големина на примерок*. Статистичката маса е 246 лица. Опфатени се статистички региони и 20 статистички единици (градови). Изборот на репрезентативен примерок во истражувањето беше случаен. Анкетирањето се одвиваше во период од месец декември

[96] ICD 10 –International Classification of diseases

2011 до јануари 2012 година во различни локации од отворен и затворен тип, паркови, кафетерии, клубови и сл.

## 6.6. Очекувани резултати

Бидејќи во Република Македонија не постојат квалитативни сознанија за зависностите од дрога, односно сé се сведува на проценување на нивниот број во квантитативна смисла, се потенцира оправданоста од покренување на едно вакво истражување со кое би се добиле одговори на повеќе прашања поврзани со злоупотребата на дрога, како и научни сознанија врз кои ќе се базира, изработката на Националната стратегија на Република Македонија и специјализираните програми за целните групи, а во релација со стандардите на Европската Унија.

## 6.5. Резултати од истражувањето и анализа

### 6.5.1. Социо-демографски карактеристики (место на живеење, пол, возраст)

Табела 26: Дистрибуција по место на живеење и пол

| **град** | **мажи** | | **жени** | | **вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Н** | **%** | **Н** | **%** | **Н** | **%** |
| **Куманово** | 30 | 12,20% | 5 | 2,03% | **35** | **14,23%** |
| **Охрид** | 24 | 9,76% | 6 | 2,44% | **30** | **12,20%** |
| **Скопје** | 27 | 10,98% | 3 | 1,22% | **30** | **12,20%** |
| **Штип** | 22 | 8,94% | 8 | 3,25% | **30** | **12,20%** |
| **Струмица** | 30 | 12,20% | 0 | 0,00% | **30** | **12,20%** |
| **Тетово** | 26 | 10,57% | 4 | 1,63% | **30** | **12,20%** |
| **Велес** | 21 | 8,54% | 9 | 3,66% | **30** | **12,20%** |
| **Битола** | 27 | 10,98% | 4 | 1,63% | **31** | **12,60%** |
| **Вкупно** | **207** | **84,15%** | **39** | **15,85%** | **246** | **100,00%** |

Согласно табела 27, податок за возраста дале 239 (97,15%) од вкупно 246 испитаници. Минималната возраст на испитанците е 17 години, а максималната возраст е 55 години.

Просечната возраст на испитаниците е 32,2 ± 7,3 години. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето се на возраст над 32 години.

Графикон 12. Дистрибуција по место на живеење и пол




Возраст на испитаниците

Табела 27. Дистрибуција на испитаниците по возраст

| | Н | Меан* | Медиан* | Моде* | Минимум | Мацимум | Стд.Дев* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **возраст** | 239 | 32,2 | 32,0 | 32,0 | 17,0 | 55,0 | 7,3 |

*) Стд.Дев. - стандардна девијација

*) Меан- аритметичка средина (збир на вредности поделен со нивниот вкупен број)

*) Медиан-средна вредност издвоена од редоследно поставените вредности
(од најмала до најголема)

*) Моде-најчесто појавувана вредност во скупот на податоци

Со испитувањето се утврди дека средната возраст на испитаниците е 32 години. Најмладиот испитаник има 17 години, а најстариот 55 години.

### 6.5.2. Соодност на пол и возраст кај испитаниците

Табела 28. Дистрибуција по пол и возрст

| пол | возраст | | | | | | | | Вкупн |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **16 - 20** | **21 - 25** | **26 - 30** | **31 - 35** | **36 - 40** | **41 - 45** | **46 - 50** | **51 - 55** | |
| **мажи** | 4 | 32 | 45 | 56 | 35 | 17 | 8 | 4 | **201** |
| | 1,67% | 13,39% | 18,83% | 23,43% | 14,64% | 7,11% | 3,35% | 1,67% | **84,10%** |
| **жени** | 1 | 8 | 13 | 9 | 5 | 1 | 1 | 0 | **38** |
| | 0,42% | 3,35% | 5,44% | 3,77% | 2,09% | 0,42% | 0,42% | 0,00% | **15,90%** |
| **Вкупно** | **5** | **40** | **58** | **65** | **40** | **18** | **9** | **4** | **239** |
| | **2,09%** | **16,74%** | **24,27%** | **27,20%** | **16,74%** | **7,53%** | **3,77%** | **1,67%** | **100,00%** |

Графикон 13: Распределба по возрасна категорија и пол на лица кои користат дрога




Резултатите од истражувањето покажаа дека возрасната група 20-34 години е најзастапена по однос на користење на дрога, односно кај таа возрасна категорија најмногу се злоупотребува дрога.

На почетокот на изготвување на докторскиот труд беа поставени неколку хипотези. Едни од нив беа *потхипотезите 2.3 (*нулта хипотеза*) и 2.4.* (работна хипотеза).

*Потхипотезата 2.3* гласи: "во Р.Македонија  има злоупотреба на дрога подеднакво и кај претставниците на машкиот и кај претставниците на женскиот пол"; *потхипотезата 2.4 гласи:* "поголемиот број наркозависници се припадници на машкиот пол". Анализата покажа дека има многу поголем број мажи од жени кои злоупотребуваат дрога и затоа со научни докази од спроведено истражување, се отфрла потхипотезата 2.3, а се прифаќа потхипотезата 2.4.

Графикон 14: Процент на мажи наспроти процент на жени кои користат дрога




### 6.5.3. Соодност на пол  и образование кај испитаниците

Табела 29. Дистрибуција по пол и образование

| степен на образование | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|
| Незавршено | 12 | 3 | 15 |
| основно | 4,96% | 1,24% | 6,20% |
| основно | 66 | 9 | 75 |
| | 27,27% | 3,72% | 30,99% |
| средно | 123 | 24 | 147 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 50,83% | 9,92% | 60,74% |
| вишо | 1 | 0 | 1 |
| | 0,41% | 0,00% | 0,41% |
| високо | 2 | 1 | 3 |
| | 0,83% | 0,41% | 1,24% |
| непознато | 1 | 0 | 1 |
| | 0,41% | 0,00% | 0,41% |
| вкупно | 205 | 37 | 242 |
| | 84,71% | 15,29% | 100,00% |

Од добиените податоци може да се констатира дека 51% од испитаниците имаат средно образование а високи 27% само основно образование. Високо образование има само кај 0,8%. Со ова може да се направи корелација на образованието и користењето на дрога. Ова е важен податок за подготовките на превентивни програми и потребата, младината која не е опфатена во образовниот процес, да биде вклучена во индицирани и селективни превентивни програми за зголемување на информираноста за штетните ефекти на дрогата.

### 6.5.4. Соодност на пол и временски период на користење на хероин

Табела 30. Дистрибуција по пол и време на користење на хероин

| **време на користење на хероин во години** | **мажи** | **жени** | **вкупно** |
|---|---|---|---|
| до 1 година | 14 | 0 | 14 |
| | 5,79% | 0,00% | 5,79% |
| 1 - 5 години | 54 | 10 | 64 |
| | 22,31% | 4,13% | 26,45% |
| 5 - 10 години | 60 | 20 | 80 |
| | 24,79% | 8,26% | 33,06% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 и повеќе години | 75 | 9 | 84 |
| | 30,99% | 3,72% | 34,71% |
| **ВКУПНО** | 203 | 39 | 242 |
| | 83,88% | 16,12% | 100,00% |

Во анализата е применет статистичкиот метод т.н. метод на „Хи квадрат"[97], односно споредување на три или повеќе независни примероци со помош на статистички непараметарски тест. Спроведените тестирања покажаа дека не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу полот и должината на користење на хероин.( Цхи-сљуаре $\chi 2$) : 9,18488, дф=3, п> 0,05 (ЦИ 95%). Од вкупно анкетираните корисници на хероин (мажи и жени), најголем број отпаѓа

на популацијата која го користи хероинот помеѓу 5 и 10 години. Не се регистрирани корисници од женскиот пол кои употребуваат хероин до една година. 30% од анкетираните од машки пол користат хероин повеќе од 10 години.

### 6.5.5. Соодност на образование и време на користење на хероин

Табела 31. Дистрибуција по образование и време на користење на хероин

| **степен на образование** | **време на короситење на хероин** | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **до 1година** | **1 – 5години** | **5 – 10години** | **10 и повеќе** | |

[97] Pearson "Chi-square"- Пирсонов хи-квадрат тест ($\chi 2$) е најпознатиот од неколкуте хи-квадрат тестови - статистички постапки чии резултати се проценуваат со повикување на $\chi 2$- расподела. Од значење е да се направи разлика помеѓу статистичкиот тест и и неговата дистрибуције. Тој ја тестира нултата хипотеза со известување дека распределбата на фреквенцијата на поедини појави во набљудуваниот примерок е во склад со одредена торетска дистрибуција

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| незавиршено основно | 1 | 4 | 4 | 5 | 14 |
| | 0,42% | 1,68% | 1,68% | 2,10% | 5,88% |
| основно | 3 | 17 | 26 | 28 | 74 |
| | 1,26% | 7,14% | 10,92% | 11,76% | 31,09% |
| средно | 10 | 41 | 45 | 49 | 145 |
| | 4,20% | 17,23% | 18,91% | 20,59% | 60,92% |
| вишо | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| | 0,00% | 0,00% | 0,00% | 0,42% | 0,42% |
| високо | 0 | 0 | 2 | 1 | 3 |
| | 0,00% | 0,00% | 0,84% | 0,42% | 1,26% |
| непознато | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| | 0,00% | 0,42% | 0,00% | 0,00% | 0,42% |
| вкупно | 14 | 63 | 77 | 84 | 238 |
| | 5,88% | 26,47% | 32,35% | 35,29% | 100,00% |

Не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу образованието и должината на користење на хероин. (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 8,47826, дф=15; п> 0,05 (ЦИ 95%). Од вкупно анкетираните корисници на хероин со средно образование, 33% употребуваат хероин повеќе од 10 години.

### 6.5.6. Цени на дрога

Табела 32. Цена на 1 гр. хероин

| | Н | Меан | Медиан | Минимум | Мацимум | Стд.Дев. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| цена на 1 гр хероин | 160 | 1239,4 | 1200,0 | 300,0 | 3000,0 | 437,6 |

Податок за цена на 1гр хероин дале 160 (65%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1гр хероин изнесува 300,0 мкд, а максималната 3000,0 мкд. Просечната

вредност е 1239,4 ± 437,6 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето, 1гр хероин го плаќале над 1200,0 денари.

Табела 33. Цена на 1 гр. марихуана

| | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **цена на 1 гр марихуана** | 154 | 166,5 | 150,0 | 60,0 | 600,0 | 88,7 |

Податок за цена на 1гр марихуана дале 154 (62,6%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1гр марихуана изнесува 60,0мкд, а максималната 600,0мкд. Просечната вредност е 166,5 ± 88,7 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1гр марихуана го плаќале над 150,0 денари.

Табела 34 Цена на 10мл метадон

| | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **цена на 10 мл метадон** | 53 | 299,4 | 120,0 | 50,0 | 1000,0 | 290,7 |

Податок за цена на 10мл метадон дале 53 (21,5%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 10мл метадон изнесува 50,0мкд, а максималната 1000,0мкд. Просечната вредност е 299,4 ± 290,7 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1гр метадон го плаќале над 120,0 денари.

Табела 35. Цена на 1 таблета метадон

| | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **цена на 1 таблета** | 19 | 210,5 | 100,0 | 100,0 | 1000,0 | 286,5 |

| **Метадон** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|

Податок за цена на 1тб. метадон дале 19 (7,7%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1 таблета метадон изнесува 100,0мкд, а максималната 1000,0мкд. Просечната вредност е 210,5 ± 286,5 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1 таблета метадон ја плаќале над 100,0 денари.

Табела 36. Цена на 1 таблета амфетамин

| | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **цена на 1 таблета Амфетамин** | 35 | 812,9 | 1000,000 | 250,0000 | 2000,000 | 477,6 |

Податок за цена на 1 таблета амфетамин дале 35 (14,2%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1 таблета амфетамин изнесува 250,0мкд, а максималната 2000,0мкд. Просечната вредност е 812,9 ± 477,6 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1 таблета амфетамин ја плаќале над 1000,0 денари.

Табела 37. Цена на 1 гр кокаин

| | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **цена на 1 гр кокаин** | 28 | 3275,0 | 3000,0 | 2500,0 | 6000,0 | 707,4 |

Податок за цена на 1 грам кокаин дале 35 (14,2%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1 грам кокаин изнесува 2500,0мкд, а максималната 6000,0мкд. Просечната

вредност е 3275,0 ± 707,4мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1 грам кокаин ја плаќале над 3000,0 денари.

Табела 38. Цена на 1 таблета екстази

| **цена на 1 таб екстази** | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 51 | 342,2 | 300,0 | 250,0 | 600,0 | 73,1 |

Податок за цена на 1 таблета екстази дале 51 (20,7%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на 1 таблета екстази изнесува 250,0мкд, а максималната 600,0мкд. Просечната вредност е 342,2 ± 73,1 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето 1 таблета екстази ја плаќале над 300,0 денари.

Табела 39. Цена на 1 таблета ЛСД

| **цена на 1 таблета ЛСД** | **Н** | **Меан** | **Медиан** | **Минимум** | **Мацимум** | **Стд.Дев.** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 7 | 515,0 | 400,0 | 300,0 | 1200,0 | 333,3 |

Податок за цена на ЛСД дале 7 (2,8%) од вкупно 246 испитаници. Минималната вредност на ЛСД изнесува 300,0мкд, а максималната 1200,0мкд. Просечната вредност е 515,0 ± 333,3 мкд. Пресметаните средни вредности укажуваат дека 50% од испитаниците во истражувањето ЛСД ја плаќале над 400,0 денари.

Од статистичка гледна точка, целната група нема да биде во целост репрезент на обезбедениот примерок, доколку не се земе предвид фактот дека, корисниците што се под третман

во континуитет се разликуваат по начините на купување на дрогата на пазарот на мало. Како втор пример во овој контекст може да се земе примерокот-репрезент за еден одреден град. Тогаш, тој нема да биде репрезент на национално ниво, бидејќи градот како потесна локација и земјата како поширок регион, се разликуваат по карактеристиките кои индиректно влијаат на цената на дрогата.

Дали проценките ќе бидат соодветни, ќе зависи од тоа дали собраните податоци овозможуваат статистичка компарација на цените.

### 6.5.7. Поврзаност на полот со честота на користење на хероин

Табела 40. Дистрибуција по пол и честота на користење на хероин

| **пол** | **честота на користење на хероин** | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | еднаш или повеќе пати месечно | еднаш или повеќе пати неделно | секојдневно | |
| мажи | 48 | 71 | 49 | 168 |
| | 23,65% | 34,98% | 24,14% | 82,76% |
| жени | 14 | 11 | 10 | 35 |
| | 6,90% | 5,42% | 4,93% | 17,24% |
| **вкупно** | 62 | 82 | 59 | 203 |
| | 30,54% | 40,39% | 29,06% | 100,00% |

Не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу полот и честотата на користење на хероин (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 2,08381, дф=2, п> 0,05 (ЦИ 95%).

Графикон 15. Дистрибуција по пол и честота на користење на хероин




### 6.5.8. Поврзаност на полот со честота на користење на марихуана

Табела 41. Дистрибуција по пол и честота на користење на марихуана

| пол | честота на користење на марихуана | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | еднаш | еднаш или повеќе пати месечно | еднаш или повеќе пати неделно | секој ден | |
| мажи | 0 | 19 | 19 | 0 | 38 |
| | 0,00% | 44,19% | 44,19% | 0,00% | 88,37% |
| жени | 1 | 2 | 1 | 1 | 5 |
| | 2,33% | 4,65% | 2,33% | 2,33% | 11,63% |
| вкупно | 1 | 21 | 20 | 1 | 43 |
| | 2,33% | 48,84% | 46,51% | 2,33% | 100,00% |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу полот и честотата на користење на марихуана (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 16,1455, дф=3, п< 0,05 (ЦИ 95%)

### 6.5.9. Поврзаност на пол и начин на користење на дрогата

Табела 42. Дистрибуција по пол и најчест начин на користење на дрога

| **пол** | **најчест начин на консумирање на дрога** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **интравенозно** | **вшмркување** | **пушење** | **орално** | **друг начин** | |
| **мажи** | 96 | 45 | 64 | 1 | 1 | 207 |
| | 39,02% | 18,29% | 26,02% | 0,41% | 0,41% | 84,15% |
| **жени** | 15 | 15 | 9 | 0 | 0 | 39 |
| | 6,10% | 6,10% | 3,66% | 0,00% | 0,00% | 15,85% |
| **вкупно** | 111 | 60 | 73 | 1 | 1 | 246 |
| | 45,12% | 24,39% | 29,67% | 0,41% | 0,41% | 100,00% |

Не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу полот и начинот на користење на дрога (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 5,27492, дф=4, п> 0,05 (ЦИ 95%)

Испитувањето потврди висок степен на ризична употреба на дрога со инјектирање и со тоа можност за пренос на заразни заболувања, крвно преносливи.

### 6.5.10. Поврзаност на образование и начин на користење на дрога

Табела 43 Дистрибуција по образование и најчест начин на користење на дрога

| **пол** | **најчест начин на консумирање на дрога** | | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **интравенозно** | **вшмркување** | **пушење** | **орално** | **друг начин** | |
| **незавиршено основно** | **6** | **1** | **8** | **0** | **0** | **15** |
| | **2,48%** | **0,41%** | **3,31%** | **0,00%** | **0,00%** | **6,20%** |
| **основно** | **36** | **20** | **19** | **0** | **0** | **75** |
| | **14,88%** | **8,26%** | **7,85%** | **0,00%** | **0,00%** | **30,99%** |
| **средно** | **66** | **37** | **42** | **1** | **1** | **147** |
| | **27,27%** | **15,29%** | **17,36%** | **0,41%** | **0,41%** | **60,74%** |
| **вишо** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** |
| | **0,00%** | **0,41%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,41%** |
| **високо** | **2** | **0** | **1** | **0** | **0** | **3** |
| | **0,83%** | **0,00%** | **0,41%** | **0,00%** | **0,00%** | **1,24%** |
| **непознато** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1** |
| | **0,41%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,41%** |
| **вкупно** | **111** | **59** | **70** | **1** | **1** | **242** |
| | **45,87%** | **24,38%** | **28,93%** | **0,41%** | **0,41%** | **100,00%** |

Не постои статистички сигнификантна разлика помеѓу образование и начин на користење на дрога (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 12,3687, дф=20, п> 0,05 (ЦИ 95%)

### 6.5.11. Поврзаност на град и начин на користење на дрога

Табела 44. Дистрибуција по градови и најчест начин на користење на дрога

| град | најчест начин на консумирање на дрога | | | | | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | интравенозно | вшмркување | пушење | орално | друг начин | |
| Куманово | 20 | 3 | 12 | 0 | 0 | 35 |
| | 8,13% | 1,22% | 4,88% | 0,00% | 0,00% | 14,23% |
| Охрид | 21 | 6 | 2 | 1 | 0 | 30 |
| | 8,54% | 2,44% | 0,81% | 0,41% | 0,00% | 12,20% |
| Скопје | 4 | 11 | 15 | 0 | 0 | 30 |
| | 1,63% | 4,47% | 6,10% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Штип | 13 | 3 | 14 | 0 | 0 | 30 |
| | 5,28% | 1,22% | 5,69% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Струмица | 15 | 4 | 11 | 0 | 0 | 30 |
| | 6,10% | 1,63% | 4,47% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Тетово | 19 | 9 | 2 | 0 | 0 | 30 |
| | 7,72% | 3,66% | 0,81% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Велес | 4 | 17 | 8 | 0 | 1 | 30 |
| | 1,63% | 6,91% | 3,25% | 0,00% | 0,41% | 12,20% |
| Битола | 15 | 7 | 9 | 0 | 0 | 31 |
| | 6,10% | 2,85% | 3,66% | 0,00% | 0,00% | 12,60% |
| Вкупно | 111 | 60 | 73 | 1 | 1 | 246 |
| | 45,12% | 24,39% | 29,67% | 0,41% | 0,41% | 100,00% |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу градовите и начин на користење на дрога (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 77,1452, дф=28, п< 0,01 (ЦИ 99%)

### 6.5.12. Поврзаност на град и начин на набавка на дрога

Табела 45. Дистрибуција по град и начин на кој се набавува дрога

| град | начин на набавување на дрога | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | дилер | пријател | партнер | интернет | смартшоп | |
| Куманово | 32 | 1 | 0 | 0 | 2 | 35 |
| | 13,01% | 0,41% | 0,00% | 0,00% | 0,81% | 14,23% |
| Охрид | 25 | 4 | 1 | 0 | 0 | 30 |
| | 10,16% | 1,63% | 0,41% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Скопје | 20 | 8 | 1 | 1 | 0 | 30 |
| | 8,13% | 3,25% | 0,41% | 0,41% | 0,00% | 12,20% |
| Штип | 13 | 14 | 1 | 2 | 0 | 30 |
| | 5,28% | 5,69% | 0,41% | 0,81% | 0,00% | 12,20% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Струмица | 16 | 9 | 1 | 0 | 4 | 30 |
| | 6,50% | 3,66% | 0,41% | 0,00% | 1,63% | 12,20% |
| Тетово | 21 | 8 | 1 | 0 | 0 | 30 |
| | 8,54% | 3,25% | 0,41% | 0,00% | 0,00% | 12,20% |
| Велес | 19 | 9 | 1 | 0 | 1 | 30 |
| | 7,72% | 3,66% | 0,41% | 0,00% | 0,41% | 12,20% |
| Битола | 24 | 6 | 1 | 0 | 0 | 31 |
| | 9,76% | 2,44% | 0,41% | 0,00% | 0,00% | 12,60% |
| | 10 | 59 | 7 | 3 | 7 | 246 |
| Вкупно | 69,11% | 23,98% | 2,85% | 1,22% | 2,85% | 100,00% |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу градовите и начинот на кој се набавува дрогата.За Пеарсон Цхи-сљуаре : 52,3401, дф=28, п< 0,01 (ЦИ 99%)

Графикон 16. Дистрибуција по град и начин на кој се набавува дрога




Истражувањето потврди дека 69% од испитаниците ја набавуваат дрогата од лице „дилер" на дрога, а 24% преку пријател.

### 6.5.13. Поврзаност на образование и начин на користење на дрога

Табела 46. Дистрибуција по возраст и начин на кој се набавува дрога

| **возраст во години** | **начин на набавување на дрога** | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **дилер** | **пријател** | **партнер** | **интернет** | **смартшоп** | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **16 - 20** | **0** | **3** | **1** | **1** | **0** | **5** |
| | **0,00%** | **1,26%** | **0,42%** | **0,42%** | **0,00%** | **2,09%** |
| **21 - 25** | **17** | **19** | **2** | **1** | **1** | **40** |
| | **7,11%** | **7,95%** | **0,84%** | **0,42%** | **0,42%** | **16,74%** |
| **26 - 30** | **42** | **13** | **2** | **0** | **1** | **58** |
| | **17,57%** | **5,44%** | **0,84%** | **0,00%** | **0,42%** | **24,27%** |
| **31 - 35** | **49** | **12** | **1** | **1** | **2** | **65** |
| | **20,50%** | **5,02%** | **0,42%** | **0,42%** | **0,84%** | **27,20%** |
| **36 - 40** | **31** | **6** | **0** | **0** | **3** | **40** |
| | **12,97%** | **2,51%** | **0,00%** | **0,00%** | **1,26%** | **16,74%** |
| **41 - 45** | **15** | **3** | **0** | **0** | **0** | **18** |
| | **6,28%** | **1,26%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **7,53%** |
| **46 - 50** | **7** | **1** | **1** | **0** | **0** | **9** |
| | **2,93%** | **0,42%** | **0,42%** | **0,00%** | **0,00%** | **3,77%** |
| **51 - 55** | **3** | **1** | **0** | **0** | **0** | **4** |
| | **1,26%** | **0,42%** | **0,00%** | **0,00%** | **0,00%** | **1,67%** |
| **Вкупно** | **164** | **58** | **7** | **3** | **7** | **239** |
| | **68,62%** | **24,27%** | **2,93%** | **1,26%** | **2,93%** | **100,00%** |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу возрасните групи и начинот на кој се набавува дрогата. Анализата не покажа статистички сигнификантна разлика во полот и начинот на набавување на дрогата (3,13254, дф=4,, п> 0,05 (ЦИ 95%) ; За Пеарсон Цхи-сљуаре : 54,4163, дф=28,, п< 0,01 (ЦИ 99%)

### 6.5.14. Дистрибуција по пол и место каде се подигнува дрогата

Табела 47 Дистрибуција по пол и место каде се подигнува дрогата

| **пол** | **место каде се подигнува дрогата** | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **достава до дома** | **јавно место од отворен тип** | **јавно место од затворен тип** | **кај дилер во куќа** | **Друго** | |
| **мажи** | 0<br>0,00% | 3<br>1,26% | 1<br>0,42% | 1<br>0,42% | 0<br>0,00% | 5<br>2,09% |
| **жени** | 17<br>7,11% | 19<br>7,95% | 2<br>0,84% | 1<br>0,42% | 1<br>0,42% | 40<br>16,74% |
| **вкупно** | 42<br>17,57% | 13<br>5,44% | 2<br>0,84% | 0<br>0,00% | 1<br>0,42% | 58<br>24,27% |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу полот и местото каде се подигнува дрогата (За Пеарсон Цхи-сљуаре : 11,3016, дф=5, п< 0,05 (ЦИ 95%)

### 6.5.15. Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата

Табела 48. Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата

| град | место каде се подигнува дрогата | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | достава до дома | јавно место од отворен тип | јавно место од затворен тип | кај дилер во куќа | друго | |
| **Куманово** | **10** | **13** | **6** | **4** | **2** | **35** |
| | **4,07%** | **5,28%** | **2,44%** | **1,63%** | **0,81%** | **14,23%** |
| **Охрид** | **1** | **19** | **1** | **9** | **0** | **30** |
| | **0,41%** | **7,72%** | **0,41%** | **3,66%** | **0,00%** | **12,20%** |
| **Скопје** | **2** | **11** | **4** | **9** | **4** | **30** |
| | **0,81%** | **4,47%** | **1,63%** | **3,66%** | **1,63%** | **12,20%** |
| **Штип** | **1** | **16** | **1** | **11** | **1** | **30** |
| | **0,41%** | **6,50%** | **0,41%** | **4,47%** | **0,41%** | **12,20%** |
| **Струмица** | **0** | **16** | **5** | **4** | **5** | **30** |
| | **0,00%** | **6,50%** | **2,03%** | **1,63%** | **2,03%** | **12,20%** |
| **Тетово** | **0** | **12** | **4** | **12** | **2** | **30** |
| | **0,00%** | **4,88%** | **1,63%** | **4,88%** | **0,81%** | **12,20%** |
| **Велес** | **3** | **13** | **6** | **6** | **2** | **30** |
| | **1,22%** | **5,28%** | **2,44%** | **2,44%** | **0,81%** | **12,20%** |
| **Битола** | **3** | **22** | **0** | **6** | **0** | **31** |
| | **1,22%** | **8,94%** | **0,00%** | **2,44%** | **0,00%** | **12,60%** |
| **Вкупно** | **20** | **122** | **27** | **61** | **16** | **246** |
| | **8,13%** | **49,59%** | **10,98%** | **24,80%** | **6,50%** | **100,00%** |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу градот и местото каде се подигнува дрогата. (За Пеарсон Цхи-сљуаре: 69,5573, дф=3, п< 0,01 (ЦИ 99%)

## 6.5.16. Дистрибуција по град и место каде се подигнува дрогата

Табела 49. Дистрибуција по град и достапност до дрога

| град | ДОСТАПНОСТ ДО ДРОГА | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | потполно достапна | многу лесно достапна | лесно достапна | тешко достапна | не знам | |
| **Куманово** | 8 | 13 | 13 | 1 | 0 | 35 |
| | 3,25% | 5,28% | 5,28% | 0,41% | 0,00% | 14,23% |
| **Охрид** | 3 | 1 | 4 | 21 | 1 | 30 |
| | 1,22% | 0,41% | 1,63% | 8,54% | 0,41% | 12,20% |
| **Скопје** | 0 | 3 | 14 | 12 | 1 | 30 |
| | 0,00% | 1,22% | 5,69% | 4,88% | 0,41% | 12,20% |
| **Штип** | 1 | 1 | 10 | 3 | 15 | 30 |
| | 0,41% | 0,41% | 4,07% | 1,22% | 6,10% | 12,20% |
| **Струмица** | 4 | 4 | 10 | 7 | 5 | 30 |
| | 1,63% | 1,63% | 4,07% | 2,85% | 2,03% | 12,20% |
| **Тетово** | 8 | 0 | 5 | 12 | 5 | 30 |
| | 3,25% | 0,00% | 2,03% | 4,88% | 2,03% | 12,20% |
| **Велес** | 0 | 3 | 14 | 12 | 1 | 30 |
| | 0,00% | 1,22% | 5,69% | 4,88% | 0,41% | 12,20% |
| **Битола** | 16 | 1 | 7 | 7 | 0 | 31 |
| | 6,50% | 0,41% | 2,85% | 2,85% | 0,00% | 12,60% |
| **Вкупно** | 40 | 26 | 77 | 75 | 28 | 246 |
| | 16,26% | 10,57% | 31,30% | 30,49% | 11,38% | 100,00% |

Постои статистички сигнификантна разлика помеѓу градот и достапноста до дрога. Анализата не покажа статистички сигнификантна разлика помеѓу возраста и достапноста до

дрога. (46,2968, дф=28, п> 0,05 (ЦИ 95%). За Пеарсон Цхи-сљуаре : 168,196, дф=28 п< 0,01 (ЦИ 99%)

Графикон17: „Дрогата е потполно достапна"резултати од испитување, по градови




Резултатитеод испитувањето покажуваат дека дрогата е потполно достапна во Битола (40% од сите испитаници), а во Тетово и Куманово со по 20% од сите испитаници.

Графикон18: Дрогата е многу лесно достапна"резултати од испитувањето, по градови




Резултатите од испитувањето покажуваат дека дрогата е многу лесно достапна во Куманово, со 50% од сите испитаници, потоа во Струмица и Скопје со по 15% од сите испитаници. Според резултатите од испитувањето најтешко е достапна дрогата во Охрид.

**6.5.17 Број на пријатели кои земаат дрога**

Табела 50.  Дистрибуција на испитаниците по број на пријатели

| | Н | Меан | Медиан | Моде | Фрељуенцѕ | Мин. | Маџ. | Стд.Дев. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **колку пријатели зимаат дрога** | 239 | 10,6 | 7,0 | 10,0 | 43 | 0,00 | 100,0 | 14,6 |

Согласно табела 24 податок за возраста дале 239 (97,15%) од вкупно 246 испитаници. Минималниот број на пријатели е нула, а максималнниот е 100. Просечниот број на пријатели е 10,6 ± 14,6. Над 50% од испитаниците во истражувањето имаат над 7 пријатели. Најголем број од испитаниците 43 имале над 10 пријатели. Помеѓу возраста на зависниците и бројот на пријателите кои зимаат дрога постои позитивна, односно директна линеарна поврзаност, статистички сигнификантна за ниво на п<0,05. Со зголемување на возраста на зависниците расте и бројот на пријатели кои зимаат дога.

Заклучните согледувања од спроведените истражувања се дека машката популација повеќе злоупотребува дрога. Резулататите се добиени со анкетирање на 246 лица, што во статистичка смисла е голем примерок (мал примерок за анализа е 30 лица), од кои 64%, кои беа земени како случаен примерок (рандом самплинг), се од машки пол, а 16% се од женски пол и сите користат дрога.

Дрогата најчесто се набавува од дилер, но по претходен договор на мобилен телефон. Исто така, доминантен број на испитаници тоа го прават со предходен договор преку Фацебоок за да не бидат следени и откриени од полицијата. Овие сознанија, за начинот на набавка на дрога на мало, се потврдија и со испитување на мислењето на полициските службеници на локално ниво. Сите дадоа ист одговор, дека се користат најновите технологии за комуникација при нарачка на дрога. Неодминлив е фактот дека денес, интернетот и информатичката технологија во комбинација со вештините за шифрирање, се користат за размена на информации и помеѓу криминалните групи кои го снабдуваат пазарот на мало со дрога.

ГЛАВА- 7

# СТРАТЕГИИ ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА

- МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ ЗА ФОРЕНЗИЧКА КОНТРОЛА НА ДРОГА

- ОДРЕДУВАЊЕ НА ЦЕНА И ЧИСТОТА НА ДРОГА

## 7. СТРАТЕГИИ ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА

Со текот на годините, разни полициски оддели од земјите кои најмногу се засегнати со проблемот дрога имплементирале во своето работење разновидни законски иницијативи за контролирање на трговијата со дрога. Некои се покажале поуспешни од другите, но експертите кои ја покриваат оваа проблематика развиле осум сугестии за алтернативни стратегии на пристапување кон проблемот на дрогата[98].

*Стратегија 1:* Изразито спроведување на законите

Во основа, изразитото спроведување на законите е стратегија што е ориентирана кон примена на законите, со која се сугерира повеќе полициски ресурси да бидат посветени на проблемите околу дрогата и максимално да се зголеми бројот на уапсените за престапи што се поврзани со неа. Тоа се постигнува со проширување на овластувањата и ресурсите на полициските оддели што го покриваат овој проблем до точка во која тоа ќе стане попродуктивно. Освен тоа одделот за патролирање би требало дополнително да се екипира и да се охрабри да го зголеми бројот на уапсените за ваквите престапи.

*Стратегија 2*: Примена на посебни истражни постапки

[98] Michael D.Lyman, Gary W. Petter,"Organized Crime", *Pearson Education Inc.,Prentice Hall, 2007*

Примарната тактика во оваа стратегија се состои од примена на софистицирани истражни постапки- прислушувања, информатори и тајни оперативци (ундерцовер). Потребни се и "слободни пари" за купување на дрога или за плаќање на информаторите. Премисата на оваа стратегија се сотои од мислењето дека имобилизацијата на шверцерите на високо ниво ќе доведе до поголеми и потрајни последици врз шверцерските мрежи отколку апсењата на криминалци од пониско ниво кои лесно можат да се заменат.

*Стратегија 3:* Контрола на бандите и криминалните нарко-групи

Оваа стратегија се однесува на еден од најитните аспекти на актуелните проблеми со дрогата. Еден од пристапите кон проблемот со бандите што се поврзани со дрогата е со нив да се постапува исто како што во минатото се постапувало со бандите на малолетници и да се прифатат слични стратегии на принуда. Стратегијата во минатото не била насочена кон елиминирање на бандите, туку кон заземање на агресивна позиција против нивните членови, клубови и активности. Втор пристап е бандите да се гледаат како организирани криминални сојузи и да се користат сите методи што се развиени за справување со организираниот криминал. Во овие методи спаѓаат користењето на информатори, електронското набљудување, сведоците, долгорочните следења_со помош на тајни агенти и специјалните криминални прописи со кои се казнува заговорот, изнудувањето или учеството во криминални потфати.

*Стратегија 4*: Проширување на борбата за спроведување на законите на улично ниво и ниво на град. Со оваа стратегија се прекинува отвореното дилерство така што се врши притисок пазарите често да се преместуваат што купувачите и продавачите би имале тешкотии да се пронајдат едни со други. Типични тактики се традиционалните методи "купи и во апс", апсења на лице место при продажба на дрога и апсења на корисници кои се појавуваат на пазарот да купат дрога.

*Стратегија 5*: Разбивање на соседствата

Во случај општината да не сака да се обврзе на алтернативите на спроведување на законите на ниво на улица, полицијата може да ги разбива нарко-престапниците во соседствата односно во другите општини кои сакаат да ѝ се придружат на полицијата во спротивставувањето на злоупотребата на дрогите. Во некои случаи, некои општини тукушто почнуваат да ја чувствуваат инвазијата од дилери на дрога, додека други општини се одамна окупирани, но сега се наоѓаат во фаза кога се решени да ги исчистат улиците од дрога и дилери. Локациите на чистење би можеле на пример да опфатат некој парк низ кој полицијата не патролира доволно често и од кој се истерани

другите граѓани. Други локации можат да бидат напуштените куќи што се претворени во засолништа за дилање на дрога и за нејзина употреба или зградите чиишто сопственици сакаат некој да им плаќа кирија, но не забележуваат дека новите станари доаѓаат без мебел или облека.

*Стратедија 6*: Превенција на злоупотребата на дрога

Како последна стратегија се наведува превенцијата на злоупотребата на дрогата која се фокусира на наркоманот, а не на дилерот. Како дел од овие напори се и операциите за присилно потиснување на шверцот на дрогата во и околу училиштата. Другиот дел се состои од образование за дрогата, под спонзорство на полицијата, наменето како информација и како обесхрабрување на користењето на дрога. Трета компонента е обидот да се создаде партнерство меѓу полицијата, родителите и училиштата, да се одреди кои се прифатливите граници за користењето на дрогата. Како и да се воспостави предвидлива реакција на заедницата кон злоупотребата на дрогата. Треба да се забележи дека сите овие стратегии не функционираат подеднакво добро. Факторите што влијаат врз успехот или неуспехот на која и да било стратегија за контрола на дрогата зависат од демографскиот состав на заедницата; густината на населението; урбаниот, субурбаниот или руралниот контекст итн. Освен тоа, начинот на кој граѓаните ја гледаат полицијата може исто така да има исто така одредено влијание врз тоа колку ќе биде голем бројот на припадници на заедницата кои ќе реагираат или ќе се жалат на локалните обиди за контрола на дрогата.

*Стратегија 7*: Контрола на приносите во земјата-извор на дрога

Голем број стратези тврдат дека најдобриот начин за контролирање на производството на нелегалните дроги е да се ограничат суровините што се користат за нивно производство. Напорите главно се насочени кон лоцирање и уништување на нелегалните насади што можат да се пронајдат. Прскањето од воздух и барање и уништување на овие насади по сувоземен пат исто така се користат за искоренување на нелегалните култури. При имплементирањето на овие методи се појавуваат проблеми затоа што, ако една земја прерстане со производството на нелегални култури, некоја друга земја неизбежно ќе почне да ги произведува за да го пополни бакуумот на пазарот. Освен тоа, од земјите не може секогаш да се очекува дека ревносно ќе јаёспроведуваат политиката на уништување на културите. Поради овие проблеми, ваквата стратегија е краткорочна.

*Стратегија 8*: Исклучување

Оваа стратегија се потпира врз ставот дека странските земји не се ефикасни во спречувањето на производството на нелегалните дроги, па затоа дотурот на дрога во земјата мора да биде спречен

на границите.Може да се каже, барем теориски, дека еден значаен дел од шверцот на нелегални дроги се открива при влезот во земјата. Овде Царинската служба, граничната полиција имаат значајна улога во откривањето на илегално пренесуваната дрога во превозните средства што ја минуваат границата.

## 7.1. Менаџмент систем за форензичка контрола на дрога

Квалитетот на лабораториските анализи на дрогите, има значајни импликации врз правосудниот систем и полицијата во борба против наркокриминалот, но и големо влијание во хармонизирањето, координирањето и размената на информации и податоци ширум светот [99]

1. *УНОДЦ Лаборатоrs анд Сциентифиц Сецтион ,Виенна, Аустриа, 2009*

Од тука произлегува заклучокот дека резултатите од лабораториските анализи треба да бидат: сигурни и валидни; спроведени врз основа на стандардни процедури; компатибилни со резултатите од други лаборатории; во согласност со стандардните приоди на докажување во склоп на соодветни судски, административни и правни системи; и да се добиваат на ефикасен начин, во потребниот временски рок;

Компатибилноста и прифаќањето на лабораториските резултати меѓу земјите, е олеснето со усогласеноста со ЕН ИСО / ИЕЦ 17025:2005 (ИСО 17025),[100] меѓународниот стандард за квалитет во тестирањето и калибрацијата на лабораториите и ИЛАЦ препораките Г19: 2002 за форензичките лаборатории.[101] Тоа треба да помогне во воведувањето на менаџмент-системи за квалитетно лабораториско работење и во давањето на практични упатства на аналитичарите за имплементација

[99] United Nations Commission on Narcotic Drugs, Resolution 50/4, *Improving the quality and performance of drug testing laboratories,* 2007. (*UNODC Laboratory and Scientific Section ,Vienna, Austria, 2009)*

[100] International Organization for Standardization/International Electrotechnical Commission, ISO/IEC 17025:2005 *General Requirements for Competence of Testing and Calibration Laboratories.*

[101] International Laboratory Accreditation Cooperation, ILAC-G19:2002 *Guidelines for Forensic Science Laboratories.*

на таквите системи базирани на најдобрите лабораториски.практики.[102] "Најдобрата практика" треба да се толкува како најдобро практично работење во рамки на надлежностите на една лабораторија, исполнувајќи ги при тоа, условите од погоре споменатите документи. Постојат различни начини за добивање на крајниот резултат, а овие упатства помагаат во одредување на насоката на работење, на меѓународно прифатливо ниво. (усогласеност во спроведување на тестовите за дрога во форензичките лаборатории ширум светот)

Екстерна акредитација на ИСО 17025 е процес со кој овластеното акредитационо тело формално потврдува дека лабораторијата е надлежна за извршување на специфични задачи. Во процесот на акредитација, лабораторијата треба да докаже дека нејзиното управување и работење, структурата на персоналот, применетите постапки, користената опрема, просторот, безбедноста, и процедурите во врска со безбедноста во здравствената сфера, ги задоволува стандардите за квалитет.

Лабораторијата мора да го воведе овој Менаџмент-систем за квалитет (ЉМС), со кој ќе се покријат сите нејзини активности, вклучувајќи го, земањето примероци на дрога и анализата и известувањето, независно дали тоа се одвива во рамки на главната лабораторија, во мобилни/времени лаборатории, или пак станува збор за надворешни локации, како што се тајните лаборатории распоредени долж патот на дрогата ,или локациите на нејзина заплена. МСК се состои од документација за работењето на лабораторијата; користените системи, постапки и упатства до потребното ниво за обезбедување на квалитетни резултати; исполнетост на релевантните судски, управни и безбедносни барања и задоволување на потребите на барателите на услуги.

*Развивање и валидација на метода*. Методите и постапките што се користат во лабораториското работење, по можност треба да се базираат на објавени и рецензирани трудови во научни списанија. (на пример, *Форенсиц Сциенце Интернатионал, Јоурнал оф Аналѕтицал Тоџицологѕ, Јоурнал оф Цхроматограпхѕ* анд тхе УНОДЦ СТ/НАР публикации кои се базираат на објавена работа). Сите методи, вклучувајќи ги и нестандардните (применети во локални услови), мора да бидат "потврдени" или верификувани ", односно треба да се покаже дека тие се погодни за намената за која се предвидени и дека како такви се спроведливи во лабораториски услови. Сите

[102] На меѓународно ниво, може да се договори примена на LC-MS-MS- инструментација како основа за "најдобра практика", меѓутоа ваквата опрема може да е недостапна во многу лаборатории, кои сепак даваат добри резултати. Исто така, во некои земји се практикува квантифицирање на дрогата или идентификација на специфични изомери, додека тоа од други земји не може да се бара.

валидации и верификации мора да бидат документирани во целост и во согласност со постапките на овластената лабораторија. Кога се користат компјутери или автоматизирана опрема за обезбедување, обработка, евидентирање, известување, преземање и складирање, или калибрирање на податоци, лабораторијата треба да се осигура дека развиениот компјутерски софтвер, доволно детално ќе го документира и потврди соодветниот материјал. Ако постапката за идентификација или квантификација на дрога вклучува користење на повеќе од еден метод, тогаш секој метод треба да бидат потврден односно верифициран.

*Состав на примерокот - аналитичка серија*

*Квалитативна анализа.* Квалитативната анализа на дрогата или метаболитот спроведена во исто време и под исти услови, треба да се заснова на директно споредување на аналитичките податоци за доставените примероци, со соодветни податоци добиени за референтниот стандард. Тоа значи дека при квалитативна анализа на серии примероци ,треба да се располага со соодветни референтни стандарди за секоја од анализираните дроги.

*Квантитативна анализа.* За спроведување на квантитативната анализа треба да се располага со "слепа" проба и со неколку калибрациони стандарди и контролни проби. Се препорачува да се користат шест калибрациони стандарди[103]. Ако концентрацијата на аналитот во примерокот е надвор од опсегот на калибрација, примерокот треба да се разреди и повторно да се анализира. Како алтернатива, можат да се користат дополнителни калибрациони стандардни раствори со цел да се покрие концентрацијата на аналитот во примерокот. Меѓутоа овој пристап е помалку застапен при спроведувањето на ваквите анализи.

*Земање примероци, означување и пакување.* Лабораторијата треба да има воведено постапки за земање на примероци од запленет материјал, како од местото на настанот, така и во рамки на лабораторијата, водејќи при тоа сметка ваквите постапки да бидат соодветни на локацијата од каде што се земаат примероците. Со други зборови, треба да се биде сигурен дека при тоа се обезбедува репрезентативен примерок од целината, односно од запленетиот материјал. За начините на земање

[103] UNODC, United Nations Office on Drugs and Crime, Recommended Guidelines for Quality Assurance and Good Laboratory Practices, STR/NAR/25, 1995.), *сертифициран референтен материјал (CRM).*

примероци од запленет материјал, постојат стандардизирани постапки, објавени од меѓународно ризнати организации, како што се УНОДЦ, ЕНФСИ или СЊГДРУГ.[104]

### 7.1.1. Карактеризација и профилирање на дрога

Оперативните сознанија добиени во врска со потеклото на запленетите droги, за кои нема научно-техничка поткрепа, треба да бидат потврдени со форензички наоди добиени врз основа на претходно поставена методологија на работа. Тоа значи, претходно вршење на компаративни анализи на спорните примероци дрога обезбедени од заплените, со репрезентативните (стандардни) примероци, со кои треба да располага секоја форензичка лабораторија. Со тоа се потврдува точноста и прецизноста на селектираните методи за квалитативна и квантитативна анализа на предметните дроги.

За да може една форензичка лабораторија да даде валидни податоци во врска со потеклото на дрогата, потребно е таа да биде вклучена во меѓународната програма за потврда на квалитет што подразбира примена на унифицирани методи за тестирање на дрога и располагање со референтни примероци дрога за компаративни аналитички цели[105]. Од еднакво значење е, да се располага и со референтни примероци на избрани примеси, пронајдени кај нелегално произведените дроги, а кои се подложни на меѓународна контрола.

Постојат стандардизирани пристапи кои можат да помогнат во изборот на методите кои треба да соодветствуваат на испитуваниот примерок дрога. Поголемиот број методи веќе се објавени во научната литература и претставуваат резиме на искуства што ги имаат неколкуте реномирани лаборатории во светот. Но тоа, не значи дека не можат да се користат и други објавени методи кои даваат прифатливи резултати. Постојат и голем број пософистицирани дополнителни постапки во анализата на дрогите, со што е овозможен пристапот до специфичните аспекти

---

[104] Види Анекс, стр. "Постапки на земање на примероци", МВР, Оддел за крим.техн., 2011

[105] Упатство за репрезентативно земање примероци ST/NAR/38 izdadeno od UNODC

поврзани со историјата на дрогата. Меѓутоа, истите не се неопходни при примена на рутински операции.

Методите на работа се избираат врз основа на нивната доказна вредност, што е битен предуслов доколку се сака резултатите да се користат за доказни цели. Меѓутоа треба да се има предвид фактот дека секоја аналитичка метода се карактеризира со одреден степен на сигурност во одредувањата. Бидејќи сличноста во резултатите која се темели само на една метода, не е доволна за доказни цели, се предлага примена најмалку на уште една метода. Тоа сепак ќе зависи од јачината на доказот што ќе се добие после завршената анализа. Во овој контекст, треба да се сфати дека профилирањето на дрогата не е рутинска аналитичка техника. Потребна е одредена опрема и искусни форензичари, но и блиска соработка со други форензички лаборатории.

Студиите за карактеризација на дрогата и профилирањето на нејзината чистота претставуваат значајна научна алатка за поддршка на полициските операции. Кога се врши споредба на примерокот дрога, како општ концепт се смета земањето во предвид на сите можни средства за генерирање на информации и податоци, вклучително и употребата на физичките карактеристики, пакувањето, фалсификувањето и разредувањето на примерокот дрога.

Со цел успешно да се применат резултатите од профилирањето, сите оние кои се вклучени во овој процес треба да ги сфатат целите и ограничувањата на оваа техника. Најнапред, треба да се знае дека профилирањето на чистотата на дрогата не е изолирана техника, туку напротив, тоа е научен пристап којшто го дополнува истражниот полициски метод за добивање на информации. Успешна имплементација на овој процес подразбира примена на механизмот за размена на информации којшто овозможува континуиран фитбек меѓу лабораторијата и полицискиот персонал. Тоа значи дека форензичарите, не само што треба да имаат познавања од хемија, туку тие треба целосно да ја осознаат целта на истрагата, како би можеле да извршат селекција на најсоодветниот аналитички пристап и правилно толкување на резултатите.

Вредноста на добиените аналитички податоци преку примена на постапките на профилирање на чистотата се ограничени од неколку фактори, а главните меѓу нив се ограничувањата наметнати од: а) квалитетот на примерокот којшто се подложи на истражување; б) квалитетот на информациите обезбедени од страна на вклучениот полициски персонал; в) обемот на знаења на форензичарот за начините на обработка на дрогата; г) непредвидливите работи кои можат да се јават заради техниките кои се применуваат во тајните лаборатории, кои често пати се непознати; д) достапноста и квалитетот на базата на податоци.

Првиот и апсолутно неопходен предуслов за успешна имплементација на која било од програмите за утврдување на потеклото на дрогата, е располагање со релевантни и поврзани податоци кои се добиваат од примероците дрога, од сите познати извори на потекло. Таквата компилација најчесто се нарекува "автентична база на податоци". Очигледно, добивањето на овие примероци од автентични бази на податоци директно од теренот и директно од нелегалните лаборатории е тешка, опасна и скапа задача која воглавно го отежнува создавањето на успешна програма.

За дрогите добиени од растителни извори најчесто е можно назначувањето на географското потекло само доколку применетата аналитичка техника ги регистрира главните алкалоиди. Од друга страна, споредните алкалоиди, страничните примеси и апсорбираните расворувачи се моќна и корисна алатка како за утврдување на потеклото на примерокот, така и за утврдување на врските во илегалната трговија. Релативниот однос на алкалоидите во рамки на примероците, најчесто се поврзува со различноста на растенијата, но и со агрономските разлики. Меѓутоа, од многу поголемо значење се методите за конверзија на суровите растителни производи во производи подготвени за улична продажба.

Како успешна се има покажано примената на соодветни автентични бази на податоци кај одредувањата на примероци кокаин, кои се поврзуваат со специфичните региони на негово одгледување. Меѓутоа, денес се уште нема доволно прецизни податоци за утврдување на потеклото на хероин. Ова се должи на две ограничувања. Едното ограничување е дополнителната постапка на синтеза, неопходна за конверзија на морфинот во хероин (со ова се губи голем дел од информациите за споредните алкалоиди), а другото ограничување е потребата од голем број на автентични примероци кои често пати треба да се обезбедуваат од недостапни локации на одгледување и обработка. Информации за потеклото на хероинот и кокаинот, исто така, можат да се добијат и од полициски извори, меѓутоа, ваквите информации се од втора рака, па затоа, утврдувањето на потеклото треба да се заснова на научни студии, што денес се смета за примарен фактор.

Иако истите аналитички алатки што се користат за одредување на потеклото на дрогата, можат да се применат и за разјаснување на врските во илегалната трговија и дистрибуцијата на дрогата, постојат многу други различни категории на податоци користени за овие цели. Така на пример, за утврдување на врските во трговијата и дистрибуцијата не е потребно да се располага со автентични бази на податоци поврзани со потеклото. Доволно е да се примени постапката на профилирање на чистотата на примерокот. Притоа, доволно е аналитичките податоци добиени од два примерока да имаат значаен број на идентични карактеристики.

Имајќи ги предвид претходно утврдените ограничувања, кога станува збор за помали мрежи на достава на дрога, базата на податоци за профилирање на чистотата на дрогата може да се користи на повеќе други начини, покрај стандардниот начин на утврдување на можните врски меѓу мрежите на дистрибуција. Еден пример за таква примена е утврдувањето на обемот на една операција на илегален транспорт на дрога, што претставува информација која може да се користи за проценка на монетарната вредност на операцијата и како помош при конфискација на финансиски средства.

Општо гледано, профилирањето на чистотата на примерокот дрога е одраз на неговата историја. За дрогата која произлегува од еден природен производ, историјата која ќе се обиде форензичарот да ја одреди, започнува со селекција на семето, а завршува со аналитичка работа во лабораторија.

Вообичаените аналитички цели кои се поставуваат пред форензичките лаборатории и кои треба да се исполнуват се следните:

- за одредување на главните компоненти на дрогата корисни се податоците за: а) карактеризирање на целната анализа на дрогата; б) скрининг примероци за одредување на евентуална врска (слични примероци); в) наведување на регионот на потекло на примерокот; г) карактеризација на примесите и растворувачите.
- за одредување на компоненти во траги, добиените податоци се корисни за: а) утврдување на можните линкови на примероците; б) наведување на регионот на потекло на примерокот; в) наведување на методот на обработка или синтеза што е применета.

## 7.2. Одредување на цена и чистота на дрога

**(**Преглед на применети методи и дефиниции**)**

Цените на дрогите се суштински елемент за наркопазарот, како за побарувачката, така и за снабдувањето со дрога. Цената, заедно со информациите за чистота, можат да се користат како индикатори за достапноста, но и како контекстуални информации за епидемиологијата на употребуваната дрога. Општо гледано, релацијата што постои помеѓу цената и употребата на дрогата, е причина што таа влијае, директно или преку посредство на други фактори, на нивото и инциденцата на потрошувачка на дрога. Цените на дрогите, во комбинација со други индикатори,

исто така се значајна алатка за разбирање на механизмите на дистрибуција на пазарот. Тие се од фундаментално значење за проценка на големината на наркопазарот, како и за потенцијалното влијание што го имаат врз легалната економија. Особено може да бидат полезни во проследување на стратегиите за редукција на снабдувањето со дрога и во развивање на ресурсите за спроведување на законот. И на крај, цените на дрогите се од полза при несење на одлуки поврзани со обвинителството и за изрекување на пресуди.

Во октомври 2010 година, ЕМЦДДА, со поддршка на Европската комисија, ја организираше првата Европска конференција за индикаторите за снабдување со дрога[106]. Оваа пилот студија за пазарите на дрога на големо има за цел да придонесе во развивањето на овој процес, започнувајќи пред сé со разгледување на можностите за собирање на цени на големо за дрогите во Европа. Оваа студија дава преглед на постапките спроведени на национално ниво, како и за достапноста на информациите за големопродажните цени на дрогите во европските земји, укажувајќи притоа на кои информации во иднина ќе треба да им се посвети поголемо внимание и кои инструменти ќе треба да се користат за таа цел.

Цените на незаконските дроги, главно се одраз на степенот на ризик присутен при нивното производство и трговија со истите. Профитите кај недозволената индустрија на дроги не се пропорционални со трошоците но се чини дека се пропорционално поврзани со ризиците и степенот на монопол во секоја фаза на производство и маркетинг.[107] При секоја обсервација треба да се имаат предвид варијаблите кои можат да влијаат на цената на дрогата, како што се: квалитетот на дрогата, големината на трансакција, искуство на купувачот итн.

[106] Pilot study on wholesale drug prices in Europe, Lisbon: European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction 2011 (Преземени се одредени дополнителни чекори околу дефинирањето на техничките подготовки за следење на пазарите на дрога, криминалот и намалувањето на понудата на европско ниво. Целта на оваа конференција, меѓудругото, беше и да се процени моменталната состојба во овој домен и да се развие одржлива стратегија во оваа област

[107] LaMond Tullis, "Illegal drugs in nine countries!socioeconomic and political consequences", report prepared for UNRISD and the United Nations University, published as Unintended Consequences; Illegal Drugs and Drug Policies in Nine Countries, (Boulder: Lynne Rienner, 1995, p.142.)

7.2.1. Флексибилност на цената на дрогата

Еластичноста на цената на незаконските дроги е клучно прашање, не само за оценување на економските последици од злоупотребата на дрогата, туку и за давање оценка за влијанието на вложените напори во тој правец . Од ваквата флексибилност можат да се црпат информации за тоа, колку степенот на промена на цената на дрогата може да влијае врз нејзината побарувачка.

Во врска со ова се поставува прашањето, дали потрошувачката на незаконски дроги би се намалила со зголемувањето на цените, односно дали станува збор за еластичност на цената, имајќи го предвид фактот дека корисникот ќе се обиде на било каков начин и со било какви средства да ја добие дрогата, без оглед на големината на трошоците. Од изнесеното, произлегува заклучокот дека врската помеѓу цената и побарувачката на дрога не е секогаш јасно издеференцирана.

7.2.2. Дефинирање на големопродажните цени за дроги

Цените на големо зависат од тоа, дали се тргува со големи количини дрога, од количината на дистрибуираната дрога и од понудата на дрогата (ограничен број на дози) од страна на трговците на големо и мало на крајните корисници. Со цел да се операционализира овој концепт, како цени на големо се сметаат оние кои соодветсвуваат на трансакции со околу 1 кг или повеќе дрога (канабис, кокаин, опиоидни производи, амфетамин или метамфетамин). Во однос на екстази, тоа се трансакции со околу 1 000 таблети (1000 дози). Според европските експерти[108] усвојувањето на овие количини дрога како основа за формирање на цената на големо, се должи на стандардните трансакции на илегалниот пазар (трговците со дрога најчесто се задржуваат на оваа тежина или бројка за таблети), но и од причини што погоре посочената дефиниција за големопродажната цена се користи како на национално ниво, така и од страна на меѓународната заедница во фаза на

[108] Прва и втора Експертска средба за големопродажни цени на дрога во Европа (EMCDDA, 19–20 May 2009 and 28–29 June 2010).

прибирање на информации и известувања[109] . Цаулкинс и ост. (2009)[110], појаснуваат дека информациите во врска со трансакциите со дрога и цените на големо, се добиваат и од интервјуа со осуденици, напоменувајќи дека пазарите на големо на дрога се карактеризираат со постоење на тн. трансакциски циклуси кои имаат многу сличности иако станува збор за различни трговии со дрога.

Меѓутоа, има трансакции и со помали количини од 1 кг, што се должи на широкиот спектар на специфичности и големини на европските наркопазари. Имено, има земји каде што трансакциите со релативно 'мали' количини се сметаат како трговија на големо, бидејќи нивните пазари на дрога се мали. Од тука, може да се заклучи дека дефинирањето на долната граница на она што се смета за трансакција на големо е произволно и се базира на емпириски докази на експерти.

#### 7.2.2.1. Постапки за одредување на цената на дрогите

Форензичките истражувања покажуваат дека за некои видови на дрога е можна анализа на податоците за цени за различни категории на тежини. Меѓутоа, од друга страна, количината на запленета дрога (хероин, кокаин и др.) е во тесна врска со нејзината чистотата. Тоа значи дека, во статистичките пресметки, за да може да се утврди содржинската застапеност на активната компонента во дрогата, вообичаена практика е да се земаат предвид три категории на тежини, како што следи:

1. Прва категорија се примероци со тежина помала од 1 г, ( "улична" трговија со дрога).
2. Втора категорија се препарати со тежина помеѓу 1 г и 1000 г
3. Третата категорија се примероци со тежина поголема од 1.000 г и се однесуваат на трговијата на големо.

---

[109] UNODC ја има објавено оваа информација пред повеќе години во Светскиот извештај за дрога (WDR). Сепак, експертите се едногласни во признавањето од недостиг на вложени напори во известувањето и давањето на веродостојни податоци.

[110] Caulkins, J. P., Gurga, B. and Little, C. (2009), ‘Economic analysis of drug transaction cycles described by incarcerated UK drug dealers’, Global Crime, 10(1), pp. 94–112.

Содржината на активната состојка во запленетата дрога е во тесна врска со нејзината цена, односно валидноста ќе биде зголемена со што е овозможено прикажување како на развојот на уличната цена на дрогата, така и на големопродажната цена во тек на одреден временски период. Активните состојки во подготвениот примерок за анализа се во форма на база или сол, што се зема како основа при споредување на резултатите во врска со чистотата на дрогата (се однесува за droги од природно потекло), додека психотропните супстанции кои исто така се присутни во дрогата како ингредиенти, се во базна форма. Бидејќи постојат различни извори на дрога гледано локациски, кои се со слични (но не и идентични) карактеристики, како и различни методи што се користат за собирање на податоци за цените и чистотата на дрогата, не е можно единечни податоци за чистотата да соодветствуваат на податоците за цените. Од овие причини, споредба е можна само ако се земат предвид нивните просечни вредности. Овој проблем постои како кај продажбата на големо , така и кај малопродажбата.

7.2.2.2. Проценувања на чистота на дрога [111]

Кога се анализираат цените на дрогата, чистота на дрогата е елемент којшто треба да се земе во предвид од следните причини:

*Одраз на реалната вредност на парите од трговија со дрога.* Пазарот на дрога подразбира постоење на номинална цена за истата, односно со други зборови, трговците на мало не сакаат да калкулираат со различни цени за една иста стока. Бидејќи не постои точна информација за чистотата на дрогата што се купува, "лесен" начин за зголемување на нејзината цена е, да и се намали чистотата, а да се задржи истата тежина .

---

[111] Op.cit., EMCDDA,“Pilot study...”, 2011

*Овозможување на попрецизни_споредби_на цените на дрогите на регионално и меѓународно ниво.* Споредувањето на цените на дрогата од различни локации може да биде погрешно доколку притоа не сеземе во предвид нејзината чистота. Се разбира дека во трговијата може една иста цена да се однесува на различни количини дрога, ако станува збор за различни степени на нејзино онечистување.

*Чистотата на дрогата како индикатор за _близина_на нарко-рутата или за повисоко ниво на пазарот на големо.* Големи количини на шверцувана дрога ја зголемуваат веројатноста истата да биде откриена од страна на службите за спроведување на законот. Следствено на тоа, трговците на големо се заинтересирани да се одржи чистотата на дрогата. Сепак, како што се приближува нивото на пазарот до крајните корисници, зголемувањето на профитот со продажба на дроги со намалена чистота, се јавува како противтежа на овој ризик. Со други зборови, прилагодената цена според чистотата може да се користи како индикатор за близината на изворот на трговија.

*Попрецизни споредувања на цените на дрогата.* Споредувањето на цените на дрогите запленети во различни временски периоди се смета за погрешно, доколку притоа не се земе во предвид нејзината чистота. Ако станува збор за различни степени на онечистување на дрогата, тогаш иста цена на дрога е индикатор за различна количина.

7.2.2.3. Функционирање на големопродажниот пазар на дрога

Погоре беше посочено дека степенот на чистота на дрогата зависи од мешањето (разредувањето) на дрогата со агенси со кои инаку легално се тргува. Тие, од една страна, го намалуваат квалитетот на дрогата, а од друга, ја зголемуваат нејзината количина што негативно влијае на пазарната цена. Ваквата промена на финалниот квалитет на дрогата не може лесно да се забележи од страна на идниот купувач. Во бизнисот со дрога, намалувањето на чистотата на дрогата е начин којшто често се користи за намалување на трошоците од трговијата на големо. Намалувањето на цената на дрогата е еден вид компензација на можноста за потенцијално зголемување на ризикот во трговијата на големо. Со други зборови, онечистена дрога, значи наголемување на количината на нелегална стока. Но од друга страна, ваквото онечистување ја зголемува веројатноста таа да биде полесно откриена од органите на прогонот.

Доброто познавање на цените на дрогите продавани на големо и ефективната размена на информации меѓу европските партнери, придонесуваат за ефикасно откривање на илегалната трговија со дрога[112]. Постојат неколку причини за ова:

- Цените на дрогите коишто се набавуваат на големо се клучна варијабла за дилерите на дрога, бидејќи тие според нив ги утврдуваат своите приходи и профити и го одржуваат својот бизнис.[113] Од значење е да се напомене дека цените на големо влијаат не само врз увозниците на дрога кои истата ја продаваат на трговците на големо, туку и врз профитите на трговците на мало. Колку е повисока цената што ја плаќа трговецот на мало, толку е помал неговиот профит (под услов чистотата на дрогата да остане непроменета) или друга можност е, тие да ја продаваат дрогата на корисниците по повисока цена Од тука произлегува заклучокот дека, познавањето на цените на големо помага за подобро разбирање на локалните нарко пазари

- Цената на дрогата во трговијата на големо, овозможува полесно толкување на пазарите и нивните нови трендови, но истовремено помага и во дефинирање на придружните елементи на илегалната трговија, како што се: индустријата, логистиката и криминалитетот воопшто.
- На цените на големо, споредено со заплените, помалку влијаат промените кои настануваат кај нарко-рутите, така што тие се подобар показател за количината на вкупната дрога достапна во една земја.
- Бидејќи организираниот наркокриминал и трговијата со дрога се присутни како на национално, така и на меѓународно ниво, познавањето на цените на дрогата овозможува подобро разбирање на домашната трговија со дрога, но и за полесно детектирање на новите

[112] Op.cit., "Pilot study...", 2011

[113] Вкупен профит е добивка од секој килограм продадена дрога (профитна маргина) помножена со вкупната количина на продадена дрога. Поголем број на продавачи на дрога на пазарот, кои меѓусебно се натпреваруваат кој повеќе дрога ќе продаде, од друга страна води кон неминовно намалување на нејзината цена.

трендови во меѓународната трговија. Следствено на тоа, целосна слика, може да се добие само доколку се направат проценки и споредувања на националните цени на големо со тие во опкружувањето и пошироко;

- Големопродажните цени можат да бидат добар индикатор за спроведените активности од страна на органите на прогонот, како и добар показател за нивниот интензитет и ефикасност.[114] Поголемото инвестирање на полициските сили во борбата против трговија со дрога (повеќе персонал и пари за апсење на шверцери и реализирање на поголеми заплени на дрога), индиректно влијае на трговијата со дрога односно, тргувањето го прави поскапо (замена на трговците на мало или соодветна замена за запленетата дрога). Со други зборови, подобро спроведување на законот во оваа сфера, значи повисока големопродажна цена на дрогата. Од друга страна, цените се под влијание и на други фактори како на пример, инцидентно намалување на производството на дрога поради лошите временски услови што условува раст на цената на увезените дроги. Тоа пак понатаму се одразува на цените на дрогата на локално ниво. Користењето на големопродажната цена како индиректен начин за проценка на активностите на службите за спроведување на законот се смета за погрешно. Друг пример е, варирањето на цените поради промените кои настануваат во побарувачката на дрога. Од изнесеното произлегува заклучокот дека цените треба внимателно да се користат доколку интенцијата е, оценување на полициските активности.

7.2.2.4. Оперативни и разузнавачки активности

[114] Bright, D.A. and Ritter, A. (2010), 'Retail price as an outcome measure for the effectiveness of drug law enforcement', International Journal of Drug Policy 21(5), pp. 359-63, available online (data accessed on 18 January 2010).

*Подобро менаџирање со_ограничени ресурси:* Деталното познавање на нивото на трговскиот профитен синџир, овозможува подобро управување со ограничените ресурси за спроведување на законот, односно со други зборови, полициските активности можат директно да се фокусираат на јадрото на кривичното дело;

*Разузнавачко тумачење*: Разузанавањето има повеќе форми, така што информациите, како чести елементи на интерпретација и толкување, не се секогаш специфични и транспарентни. Прикриено и со посебно внимание треба да се следат разговорите на криминалците кои ретко користат експлицитен (разбирлив) речник во врска со криминалните активности што ги преземаат или во врска со стоката со којашто илегално тргуваат. Од тука, способноста правилно да се свати оваа форма на разузнавање во врска со големопродажните цени на дрогата, има влијание врз распределбата на ресурсите за успешно таргетирање на нарко-криминалците.

*Доказите и експертските вештачења*: Заклучните согледувања за одредена операција, се корисни за идентификацијата на доказите преку кои може да се протолкува некакво криминално здружување или однесување. Тајно снимените разговори, писмените белешки или сметки, пронајдени кај уапсените, често имплицираат на тргување со дрога и на цената на дрогата;

*Приноси од наркокриминал*: Вредноста на пратката со дрога често пати се проценува преку калкулирање на остварената добивка односно, нелегално стекнатиот приход во тек на одреден временски период на тргување со дрога. Ако станува збор за меѓународна илегална трговија со дрога, проценките за вредноста на дрогата дадени во една земја, можат да се искористат за одредување на големопродажната цена на дрогата во друга земја.

*Трендови на пазарот:* Доколку се соберат информации за време на спроведувањето на одредени оперативни активности во текот на годината, и се даде оценка за цените на дрогата, тогаш, секоја промена на цената во меѓувреме (повисока или пониска ) на регионално или национално ниво, може да укаже на менување на трендот и начините на тргување.

7.2.3. Одредување на малопродажна цена на дрога

Малопродажна цена на дрогата се однесува на оние трансакции каде купувачот е крајниот корисник - консумент на производот[115]. Сепак, вака срочената дефиниција има редица недостатоци. Се смета дека тежината на дрогата не е добар показател за трансакциите на мало. Дрогата, продадена/ купена во единечна форма, на пример како "доза", може да биде подобар индикатор, а тоа значи дека аналитичарот треба претходно да знае за каква форма на трансакција станува збор, пред да даде свое мислење за информациите што ги добива од спроведената анализа на примерокот дрога. Од друга страна постои една тн. "сива зона" на случаи кога една група корисници купува дрога за други корисници, или каде корисникот-дилер ја препродава дрогата на свои пријатели, така што овде се поставува прашање дали воопшто станува збор за трансакција на мало.

За уличната цена на дрогата може да се даде дефиниција преку следниве примери на трансакции кога купувачот-корисник ја набавува дрогата:

(а) за негово сопствено консумирање; (б) за бесплатно консумирање на неговата дрога од страна на друг корисник; (в) за консумирање на дрогата од страна на друг корисник, но без стекнување добивка

Меѓутоа, во фаза на анализа на примерокот, потребно е да се направи дистинкција односно да се дефинира тн. "пресечна точка" во врска со количината дрога. Имено, се мисли на онаа количина, која според евидентираните обсервации е ставена во категорија на тежини за трансакции на мало..

Се уште не е воспоставен униформен систем за споредување на малопродажните цени на дрогата кои што се добиваат од голем број различни извори. Така на пример, податоците за цените на мало на запленетите нелегални дроги што се добиваат од информациските системи (полициски извори, истражувања спроведени кај корисниците на дрога, итн) и на тие добиени преку применетите стратегии за земање на примероци на дроги, значително се разликуваат од земја до земја. На пример, востановена е практика, уличните цени за канабис, хероин, кокаин и амфетамини да се даваат во евра по грам, а за екстази, во евра по таблета. Тоа со други зборови значи дека треба

---

[115] EMCDDA Manuals (2010), *Guidelines for collecting data on retail drug prices in Europe: issues and challenges*, EMCDDA, Lisbon., *Printed in Luxembourg* ,2010

да се посвети посебно внимание при анализа на овие податоци, бидејќи некои од нив можат да предизвикаат проблем. Во некои случаи тие се од локален карактер или доаѓаат од националните мониторинг-системи, или од тн. "ад хок", односно неповторливи истражувања. Исто така, се провлекуваат и многу непрецизности кај методите користени за пресметување на просечната цена на дрогите. Во Европа се користат различни методи за прибирање на податоци. Повеќето од нив се генерираат од страна на полицијата. На пример, тоа можат да бидат рутински податоци за цените на мало на дрогите добиени од полицијата, (на пр.: разузнавачки податоци, податоци за илегални набавки, податоци од информатори); или податоци добиени од други не-полициски извори, како на пример преку анкетирање на корисници [116]

Различни меѓународни информациски системи за малопродажни цени на дрогите, а особено информациите обезбедени од повеќето земји-членки на ЕУ[117], покажуваат дека постои значителна разлика во однос на методите на прибирање на податоци за цените на мало, како помеѓу земјите така и во самата земја, со што се наметнува прашањето околу сигурноста и споредливоста на податоците на Европско ниво Споредбената анализа на податоците за цените на дрогите на мало, доставени до ЕМЦДДА во последниве години, покажува дека во Европа се користат различни извори и методи на собирање на податоци, каде повеќето податоци се генерираат од страна на полицијата

За стратегијата на собирање на податоци, од значење е прикажувањето на што е можно повеќе видови на локации на пазарите на дрога на мало, но воедно треба да се знае дали има доволно карактеристични елементи во примерокот којшто се обезбедува од одредени географски подрачја[118]. Се поставуваат одредени проблемски прашања во врска со невоедначената

[116] *http://www.emcdda.europa.eu/html.cfm/index67895EN.html,* Drug availability and markets: seizures, price and purity

[117] Ibid, (Од 1995 година, Европол прибира информации за големопродажните и малопродажните цени на дрогите преку Европол-мрежата и националните централни бироа, според стандардизираниот шаблон (обновен во 2001 година) Европол собира податоци за минималната, максималната и просечната цена на канабис (марихуана, хашиш), кокаин (вклучувајќи крек), опијати (опиум, морфин, бела и кафејав хероин), афетамински тип на стимуланси (амфетамин, метамфетамин, екстази), ЛСД, псилоцибин, габи, кат и други супстанции за кои смета дека се од интерес. Од земјите-членки се бара да обезбедат податоци за цените на секој тип на дрога по единица тежина (1 грам, 1 килограм) или по единични мерки (1000 таблети, 1 таблета, 1 лента итн.),

[118] Со множење на количините на консумирана дрога во една земја, со нејзината чистота, се добива орјентационо вредноста на дрогата на пазарот на мало. Во случај да не се располага со ваков податок од матичната земја, тогаш се оди на проценување на просечната субрегионална цена за конкретна дрога. Истиот принцип е применет и во давањето проценки за чистотата на запленетите дроги

дистрибуција на дрога на мало на националните наркопазари На пример, одредени видови на малопродажни места за дрога може да се концентрирани само на карактеристични локации во неколку големи градови, додека други можат да бидат типични за приградски области или за мали градови

Посебно внимание треба да се посвети на главните нарко-рути, и на границите, по однос на илегалниот доток на дрога, како и на нарко-туризмот (преминување на границата за да се добие подобар квалитет или подобра цена за дрогата), бидејќи тоа може да има влијание врз тн. географски дистрибутивни точки за продажба на droги на мало. Бидејќи, по дефиниција, пазарите на дрога на мало се локални, тие треба географски да се селектираат. Ако е целта само да се следи пазарот на дрога на мало и малопродажната цена на дрогите, со фокусирање на одреден број селектирани градови и со добивање на податоци од неколку извори, може да се обезбеди подобар проток на информации за разлика од релативно помалиот број на податоци што се добиваат кога се прави селекција на подрачја (региони).

*Земање примероци во тек на одреден временски период*. Нарко трговијата и пазарите на мало, заедно со здружените криминални групи и стратегиите и практиките за намалување на понудата односно снабдувањето со дроги, се наоѓаат во меѓусебна комуникација, гледано во позитивна или негативна насока. Во врска со снабдувањето со дрога и достапноста на дрогата на улично ниво, се забележуваат тн. сезонски варијации кои на еден или друг начин се поврзани со варијациите во употребата на дрогата на пример, на музички фестивали или при одредени рекреативни дестинации. Затоа, од посебно значење е перманентното следење на промените на малопродажните цени на дрогите со тек на време. Месечно прибирање на податоци се смета за идеален начин иако тоа за многу земји изгледа неизводливо. Меѓутоа, кварталниот начин со сигурност се применува во повеќето методи за прибирање на податоци, со што се обезбедуваат многу повеќе вредни информации одколку со вообичаеното поедноставено мерење на годишно ниво.

---

За да се пресмета обемот на трговијата со дрога во одредена земја и големината на пазарот на мало, потребно е бројот на корисници на дрога да се помножи со потрошувачката на дрога по глава на жител. (http://www.unodc.org/unodc/en/data-and-analysis/WDR-2011.html)

### 7.2.3.1. Фактори кои влијаат на обсервациите на цените на мало[119]

*Детерминанти на наркопазарите*. Промените на детерминантите на пазарите на дрога (различни аспекти на побарувачка и снабдување со дрога; стратегиите на наркотрговците и нивната организираност; размена на практикувања; и активности што се преземаат околу спроведувањето на законот), влијаат на промените на цената на дрогите. Сепак, важно е тоа дека, информациите се собираат и анализираат во аналитичката фаза, за подобро информирање во врска со толкувањето на податоците за цената на дрогата.

*Карактеристики на пазарите на дрога на мало*. Од литературните извори, за стандардизираниот начин на прибирање на податоци за променливите (варијабли) заедно со податоците за цената на дрогата, може да се заклучи дека овие елементи имаат значително влијание врз цените на дрогите, што сугерира разгледување на начините на нивна колекција. Дури и ако не е можно добивање на информации за секоја трансакција, корисно би било преку системот на информации, да се изврши карактеризација на најчестите начини на купопродажба. На пример, ако податоците секогаш се добиваат од страна на екс-корисник, во текот на ноќта, во одреден урбан центар, корисно би било таквата информација да се регистрира.

*Квалитет и чистота*. Прашањата врзани за квалитетот на дрогата, односно дали таа се продава по малопродажна цена земајќи го предвид присуството на одредени агенси во производот како што се растворувачите и адултерантите, или пак тоа се однесува на процентот на чиста супстанција содржана во финалниот производ (на пр.: ТХЦ во производите од канабис), се од значење кога станува збор за одредување на цената. По однос на квалитетот и чистотата на ваквите нелегални супстанции, се наидува на редица проблеми. Прво, ретко се прави систематска анализа на продадената дрога на мало (во мали количини) по однос на нејзината чистота и квалитетот; второ, постои разлика помеѓу перцепцијата и објективнта анализа по однос на квалитетот или чистотата на производот; и трето, не е секогаш јасно дали квалитетот и чистотата се фактори кои можат да

[119] Op.cit., EMCDDA Manuals (2010), pp. 31-34

влијаат на малопродажната цена. Сепак се чини дека, во одредени случаи, треба да се очекува факторот- чистота да има влијание врз цената на дрогата на мало. Не постојат многу докази дека дилерите и купците имаат прецизни знаења за чистотата (или потенцијата) на недозволените супстанции што се продаваат на мало (Јохнсон анд Голуб, 2007)[120]. Научниците сметаат дека квалитетот на консумираната дрога не може лесно да се процени, што воглавно е случај после нејзиното купување, што значи дека тоа не е вистинската чистота на производот според која се регулира договорената цена (Гоудие ет ал., 2007)[121]. Од овие причини, забранетите дроги обично се сметаат како стока за "искуство" (Реутер анд Цаулкинс ,2004)[122], со нагласок дека дури и во време на нивно консумирање, чистотата (или потенцијата) не може точно да се процени. Причините за ова треба да се бараат во намалениот ефект на активната компонента поточно, на

нејзината варијабилност во поединечни примероци дрога. Иако улогата на чистота на дрогата во воспоставувањето на механизмите на формирање на цената не е целосно разбрана, се уште се смета за корисно прибирањето на ваквите информации.[123] Особено тоа може да користи за а) проценка на ризиците по здравјето на корисниците на дрога, б) дознавање за моделите на понуда и в) правење споредби со други пазари, на пример на меѓународно ниво, врз основа на цените приспособени според чистота односно, процентната застапеност на активната компонента.

---

[120] Johnson, B. D. and Golub, A. (2007), ‘The potential for accurately measuring behavioural and economic dimensions of consumption, prices, and markets for illegal drugs’, Drug and Alcohol Dependence 90 (Supp. 1), S16–S26.)

[121] Goudie, A. J., Sumnall, H. R., Field, M., Clayton, H. and Cole, J. C. (2007), ‘The effects of price and perceived quality on the behavioural economics of alcohol, amphetamine, cannabis,cocaine, and ecstasy purchases’, Drug and Alcohol Dependence 89, pp. 107–115

[122] Reuter, P. and Caulkins, J. P. (2004), ‘Illegal “lemons”: price dispersion in cocaine and heroin markets’, Bulletin on Narcotics LVI (1–2), pp. 141–165

[123] Чистотата на хероин, кокаин, амфетамин и метамфетамин се мери според процентот на чиста супстанција содржана во примерокот. За амфетамин, бел хероин и кокаин важно е да се се спомене дали овој процент се утврдува кај алкален матрикс или на солна основа (конверзија од една во друга состојба секогаш е можна со цел да се стандардизираат различните множества на податоци). За екстази-таблетите чистотата се изразува според содржината на MDMA во милиграми по таблета. Јачината на канабис-производите се утврдува врз основа на процентната содржината на активната компонента Δ9-тетрахидроканабинол (THC).

### 7.2.4. Тајни набавки на дрога

Повеќе години station наназад, се користат бројни пристапи за систематско следење и прибирање на податоци за цените на дрогата на големо и мало, со цел органите за спроведување на законот да ги надоградат своите сознанија во врска со функционирањето на меѓународните и националните пазари на дрога, но и како еден вид потврда, дали спроведените активности од нивна страна влијаат на цените на дрогите. Прикриеното купување дрога е еден од тие пристапи иако основната цел е обезбедување докази против нарко-трговците, а не добивање на податоци за цената на дрогата. Се разликуваат две категории на прикриени купувања на дрога: тн. тест-набавки, со кои во најголем дел се генерираат податоци за цените на мало; и тајни набавки, кои генерираат податоци за големопродажните цени. Овде, начините на прикриени купувања не се опишани бидејќи оваа тактика службите обично ја применуваат само кога е потребно инфилтрирање во криминалната нарко-средина, со цел да се купи поголемо количество дрога.

### 7.2.5. Методи за колекција на податоци за цени на дрога[124]

### 7.2.5.1.Информатори во служба на органите за спроведување на законот

Многу оперативци, особено оние кои работат во одредите за дрога или во други слични единици кои се занимаваат со проблеми во врска со дрогата, редовно бараат од нивните информатори да им обезбедат информации за цените на дрогите на пазарот. Бидејќи мнозинството информатори се корисници или дилери со дрога, тие можат да обезбедат релевантни информации за цените на дрогата на мало, но и за продажба на дрогата на големо.

[124] Op.cit., EMCDDA Manuals (2010), pp. 49-75

*Детали за методот*. Полициските службеници имаат изготвено соодветни прашалници во врска со цените на дрогите кои ги користат кога ќе се сретнат со нивните информатори. Ваквиот начин на работа особено се применува од страна на полициските службеници во Велика Британија. Во отсуство на прашалник, за цените на дрогите, се користат информации од разузнавачки или други извори кои службениците се должни да ги комплетираат после обавениот распит на нивните информатори. Иако идентитетот на информаторот во принцип е од доверлив карактер, ако тоа не е тајна, ваквите информации во врска со цените често пати се достапни и за други полициски службеници. Ваквите разузнавачки извештаи, потенцијално се богат извор на информации за цените на дрогите.

*Предности и слабости*. Од горе наведените причини, информаторите треба да бидат во состојба да обезбедат релевантни информации за цените на дрогите. Сепак, треба да се напомене дека многу од нив, рутински ги даваат овие информации, така што значителен број од нив се неверодостојни. Од друга страна, има случаи на лажно давање на информации во обид информаторот навреме да ја добие ветената исплата или награда, или тоа е еден вид трампа односно, договорно се избегнува негово гонење од страна на службите за спроведување на законот.

### 7.2.5.2. Постапувања со корисниците на дрога

Вообичаена практика е, корисниците на дрога директно да се прашаат за цената што ја платиле при купување на дрогата. Во повеќето земји анкетирањето на корисниците на дрога, како начин за добивање на информации, ретко се практикува. (МцЛеллан ет ал., 1992)[125]

*Специфики на методот на анкетирање*. Доколку се спроведе анкетирање, корисниците треба да бидат интервјуирани или распрашани преку прашалници од страна на професионални анкетари, кои

[125] McLellan, A. T., Kushner, H., Metzger, D., et al. (1992), ‘The fifth edition of the Addiction Severity Index’, Journal of Substance Abuse Treatment 9 (3), pp. 1999–1213

потоа го пополнуваат прашалникот за секој учесник посебно. Треба да се нагласи дека, при подготовка на прашалниците не треба да се биде премногу амбициозен во бројот на поставувани прашања, односно прашалникот треба да биде со разумна должина. Во спротивно, долгиот прашалник може да го доведе во прашање учествувањето на испитаникот, а воедно се зголемува ризикот од ниска стапка на одговори.

*Предности и слабости на методот на анкетирање*. Една од главните предности на овој начин на собирање на податоци е во тоа што се опфаќаат лица- корисници кои се најмногу засегнати со цената на дрогите на мало. Затоа се смета дека добиените информации се релевантни. Со други зборови, ако е доволна големината на примерокот, информациите ќе бидат стабилни. Друга предност е што истражувањата обично се спроведуваат според одреден протокол што подоцна го олеснува нивното реплицирање. Според тоа, ако во тек на еден одреден период, анкетата се повтори во согласност со ваквиот протокол, можно е споредување на резултатите и следење на трендовите на овој процес за даден период).

### 7.2.5.3. Интервју со експерти

Интервјуа со специјалисти за дрога може да се покаже како корисен метод за добивање рутински податоци за малопродажните цени на дрогите.

*Налини на интервјуирање*. Експертите за дрога, независно дали се тоа професионалци во службите за спроведување на законот или експерти кои работат на проблеми во врска со намалувањето на побарувачката на дрога во други соодветни институции, можат да бидат корисен извор на информации за малопродажните цени на дрогите на нелегалниот пазар. Можат да се користат различни техники за прибирање на информации. На пример, во истражувачките методи може да бидат вклучени тн. индивидуални длабински интервјуа, интервјуа преку прашалници, интервјуа со целни групи или преку проект- прашалници, што овозможува прибирање на податоци за цените на мало на дрогата по единица тежина (грам) или единица волумен (литар, милилитар).

Овие податоци се добиваат преку користење на квантитативни техники. Квантитативните техники за собирање на податоци (на пр.: прашалници) сами по себе можат да обезбедат информации за цените на дрогите, додека квалитативните пристапи (на пр.: интервјуа) обично помагаат да се разберат промените и механизмите на нелегалниот пазар. Така, квалитативните пристапи обично се користат за дополнување на анализата и за интерпретација на промените на цената на дрогите. Повторените резултати од мерењата можат да укажат на трендовите на цените на дрогите, односно со други зборови, користената методологија се реплицира (на пример, можат да се добијат податоци за истиот месец за наредната година).

*Подробности за методот*. Квалитативните методи генерално се користат за испитување на причините за одредена појава, односно за објаснување на текот на одреден процес и за добивање на одредени факти. Во принцип, прибирањето на податоци за цените на мало најдобро е да се прави за време на интервјуто кое во одредени точки го опфаќа прашањето во врска со илегалниот пазар на дроги. Ваквите информации за функционирањето на пазарот и за начините на којшто корисниците доаѓаат до дрога, се значајна основа за добивање на клучни податоци.

*Предности и слабости*. При спроведување на интервјуата и подоцна, при анализа на податоците, треба да се има предвид фактот дека, на квалитетот на информациите собрани на ваков начин, големо влијание има самиот испитаник (форензички научник, корисник) или поточно, треба во основа да се процени колкаво е неговото знаење во врска со чистота или потенцијата на дрогата. Од друга страна, има ситуации кога полициските службеници разговараат меѓу себе за прашања поврзани со влијанието на интензивираните полициски активности врз растот или падот на цените на мало, но тие тоа на пример, не го дискутираат во присуство на експерти кои што работат на проблеми во врска со намалувањето на штетите од употреба на дроги или во присуство на теренски работници од кои се бараат одредени услуги. Од значење е да се потенцира фактот дека врз резултатите од квалитативните анализи на податоците големо влијание има искуството, субјективниот пристап и знаењето на аналитичарот-истражувач.

### 7.2.5.4.Други методи за колекција на податоци за цени на дрога

*7.2.5.4.1.* Прислушкување

Прислушкување е термин кој се користи за да се опише активноста-тајно слушање на приватни разговори на други лица. Прислушкување може да се направи на телефонска линија (познато како прислушкување или снимање на телефонски разговори), на е-маи (електронска пошта), инстант-пораки или на било кој друг начин на приватна комуникација. Прислушкувањето на телефонски разговори и на други форми на прислушкување се строго контролирани според законските и административните директиви. Со следењето на телефонските разговори на трговците со дрога се добиваат значајни информации од сите аспекти за илегалните пазари на дрога, вклучително и за цените на големо и мало на дрогите.

7.2.5.4.2. Заплена на документација.

Во тек на оперативните дејствија, кај уапсените често се пронаоѓа документација во која се регистрирани одредени купопродажни дејствија, така што во тек на сослушувањата, од нив може да се добијат полезни информации за евентуалната промена на цената на дрогата. Таквата документација, понекогаш во форма на листа на должници, често претставува и доказ за недозволено тргување со дрога на мало (а не само за нејзино користење), или дека станува збор за трговец со дрога на големо. Документацијата може да биде и во форма на книги и дневници со детални книговодствени податоци за спроведените повеќекратни трансакции, каде се употребуваат нејасни или езотерични зборови и изрази со цел да се маскира производот, неговата тежина и направените трошоци при ваквите трансакции.

Во одредени случаи, дешифрирањето на вака маскираните трансакции бара спроведување на одредени експертизи и истражувања кои ќе им помогнат на инспекторите во потврдувањето на валидноста на сознанијата и доказите до кои доаѓаат во тек на своето оперативно работење за време на судската постапка. Вредните информации за цените на дрогата што се добиваат од овој вид на документации не само што можат да се искористат како поткрепа на тужбениот предмет каде сторителот се посочува како трговец со дрога, туку тие помагаат и при носењето на судски одлуки за спроведување на одредени конфискации, односно на сé што има врска со предметната илегална трговија со дрога. Меѓутоа, од друга страна, дешифрирањето на трансакциите одзема добар дел од

времето и бара вложување на посебни напори. Имено, во интерпретацијата на користените зборови и термини кај ваквите трансакции, се наидува на редица тешкотии при нивното толкување. (На пр.: зборот ‘блоњ’ што во превод значи 'удар' би можело да се однесува на канабис или на кокаин.) Информациите често се однесуваат на ограничен број на трансакции, а документацијата во врска со нив ретко се запленува. Контекстуалните информации (на пр.; врската купувач-продавач, датумот и локацијата на трансакцијата), речиси секогаш се недостапни, односно се водат за исчезнати. Од изнесеното може да се изведе заклучок дека ваквата документација од која може да се извлечат податоци за цената на дрогата, најдобро е да се гледа како додаток на другите погоре споменати доказни материјали.

7.2.5.4.3. Етнографски обсервации

За добивање на податоци за цените на мало на дрогите се користат и етнографски методи. Општо правило е дека, етнографските набљудувања се насочени кон сваќањето на однесувањето на луѓето (социјалниот контекст) кон проблемите кои се однесуваат на дрогата и нејзината употреба. Целите на ваквите етнографски набљудувања обично се комплексни, така што со тоа се покрива еден широк спектар на прашања на кои треба да се даде одговор. (Алварез и ост., 2003)[126]. Со други зборови во етнографските истражувања се бара одговор на прашањата: кој ги користи? кој ги продава? кои дроги? како? во кој контекст?. Етнографските обсервации помагаат не само во прибирањето на одредени информации за цената на дрогата на нелегалниот пазар туку и за подобро разбирање на економскиот товар што го носат корисниците на дроги, размената на практиките помеѓу купувачите и продавачите и стратегиите кои се користат од страна на дилерите. Постојат различни видови методи на етнографски набљудувања: набљудување на учесник-поединец, директно набљудување и индиректно набљудување. Набљудувањето учесник-поединец опфаќа период на интензивна социјална интеракција меѓу истражувачот и предметот на истражување во одредена средина. Набљудувачите мора да имаат специјална обука во набљудувачките техники но и доволно познавање на феноменот-дрога, за да можат да разберат што е тоа што треба да го набљудуваат и што треба да кажат во врска со тоа. Директното набљудување е или отворена или

---

[126] Alvarez, J., Bello, P.-Y., Faasen, I., et al. (2003), Emerging drug phenomena: a European manual on early information function of emerging drug phenomena, OFDT, Paris.

"прикриена"' активност, со тенденција на нејзино поконкретно фокусирање, за разлика од пристапите кај набљудувањето "учесник-поединец" Тоа е систематски и лесен начин на собирање на податоци во врска со употребата на дрогата и за однесувањата во тој контекст. Индиректното набљудување се однесува на еден вид усмерено набљудување на некои членови од популацијата кои треба да му поднесат извештај за своите набљудувања и искуства  на етнографскиот набљудувач, кој потоа ги сумира истите. Иако е тешко стандардизирање на методите кои се користат кај етнографските опсервации, тоа е од суштинско значење на пример, за  правилно дефинирање на целната група на корисници (млади лица од машка популација, дилери на дрога, учесници во размена на шприцеви итн), и за дефинирање на локацијата на набљудувањата (техно-сцена , урбани области, работни места, итн) . Етнографската опсервација може да биде добар начин за добивање на  податоци за цената на повеќето недозволени droги од различни географски локации, меѓутоа методите кои се користат при тоа, тешко се реплицираат. Со индиректното набљудување може брзо да се дајде до проценка за ценовните трендови, но и да се добијат други информации, релевантни за карактеризирање на достапноста и потенцијалната дифузија на различни супстанции. Така на пример,  преку перцепција на корисниците,  може да се дојде до дополнителни информации за квалитетот на купената  дрога, а со тоа индиректно и до цената на дрогата. Сè на сè, на етнографските набљудувања треба да се гледа како на интересен начин на добивање на податоци за малопродажната цена на дрогите, но исто така тие можат да користат и за добивање на квалитативни информации за некои пазарни фактори што имаат влијание врз цената што е платена за дрогата.

ГЛАВА- 8

СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА НА НАЦИОНАЛНО НИВО (ПОЛИТИКИ И ТРЕНДОВИ)

- ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ (ОСНОВНА РАМКА НА СТРАТЕГИЈАТА)

- КООРДИНИРАНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА
- ПОЈДОВНИ ТОЧКИ НА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ВО ДЕЛОТ - НЕДОЗВОЛЕНО СНАБДУВАЊЕ СО ДРОГА

- СТРАТЕГИСКА ПРОГРАМА ФВО ДЕЛОТ НА РАБОТИТЕ НА БЕЗБЕДНОСНИТЕ СТРУКТУРИ

- АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

## 8. СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТРОЛА НА ДРОГА, НА НАЦИОНАЛНО НИВО (ПОЛИТИКИ И ТРЕНДОВИ)

### 8.1. Институционален развој (основна рамка на стратегијата)

Националната стратегија за борба против дрога прифатена во 2006 година, во мај 2007 година беше проследена со националниот Акционен план за спроведување на оваа стратегија и

усогласување со Стратегијата за дрога на ЕУ, Акциониот план за дрога на ЕУ и 3-те Конвенции на ОН[127] и предлозите на Советот на Европа.

. Националната стратегија за дрога 2006-2012,[128] е клучен документ на Владата на РМ која ја надополнува претходната стратегија, во согласност со најновите научни сознанија за феноменот на употреба и последиците од употреба на дрога. Во овој документ, Владата ги дефинира појдовните точки и насоките за справување со проблемот на употреба на дрога, како и основната рамка за креирање и имплементација на политика за дрога на ниво на министерства, региони и општини

Согласно Уставот на Република Македонија и законските прописи *(принципот на уставност и законитост)*, Националната стратегија треба да ги почитува сегашниот Македонски правен систем, како и ратификуваните меѓународни конвенции и договори кои се интегрирани во правниот систем на Република Македонија. Во согласност со тоа, една од целите е следење и проучување на иницијативи за измена и усогласување на правниот систем на полето на злоупотребата на дрога.

Тековниот Акционен план (2008-2012). вклучува потпишани договори, меморандуми, и протоколи за меѓусебна соработка со ЕУ и соседните земји за борба против недозволената трговија со дрога и криминалните активности поврзани со неа

Според извештајот од 2010, објавен од страна на Националниот Центар, кој е задолжен за обезбедување на објективни, веродостојни и споредливи информации за дроги и зависници од дрога во согласност со стандардите на ЕУ, имплементацијата на Акциониот план 2008-2012 е 80% завршена со уште две години оставени за финализирање на имплементацијата.

## 8.2. Координирана имплементација на стратегијата

---

[127] Единствената конвенција за опојни дроги од 1961 година, изменета со Протоколот од 1972 година, Конвенцијата за психотропни супстанции од 1971 година, и Конвенцијата за борба против недозволената трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции од 1988) Овие претставуваат главните правни инструменти за решавање на проблемите со дрогата на глобално ниво.

[128] Национална стратегија за дроги на Република Македонија (2006_2012), Министерство за здравство, Биро за лекови, Република Македонија, 2007

Интегрирана имплементација на политиката на Националната стратегија за контрола на дрога бара избалансиран и мултидисциплинарен пристап. Таквиот пристап бара координација на сите тела вклучени во борбата против дрогата и нејзината злоупотреба со ставање посебен акцент на улогата на локалната администрација во подготовките и спроведувањето на активностите за контрола на дрогата. Затоа улогата на националниот координатор за имплементација на политиката на контрола на дрогата е, преку постоечките механизми, да врши континуирана координација за да се обезбеди дека преземените мерки за контрола на дрогата успешно се реализираат.

Со донесувањето на новиот Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции кој стапи на сила во септември 2008 година, очекуваното понатамошно ефектуирање на борбата против дрогата и на напорите за меѓуагенциска соработка, резултираше со зголемување на заплените на дрога и подобрување на соработката помеѓу царинските служби и други агенции.

Македонија работи со своите соседи, билатерално и во регионалните иницијативи за борба против организираниот нарко-криминал. Таа е учесник во Пактот за стабилност и во Иницијативата за соработка на Југоисточна Европа (СЕКИ).

## 8.3. Појдовни точки на националната стратегија во делот -недозволено снабдување со дрога

### 8.3.1. Основни пристапи и принципи

Во Р.Македонија стратегијата за droги за периодот 2006-2012. е поставена врз база на основните начела од Уставот во поглед на создавање рамка за мерки и активности насочени кон

контрола на дрогитеа со цел да се обезбеди меѓусебна координација на сите кои учествуваат во нејзината реализација.[129]

Политиките за дрога на Република Македонија се базираат врз доверливи и разбирливи информации кои ги задоволуваат европските и меѓународните стандарди за квалитет, реализирани преку подобрување на капацитетите на умеење, преку билатерална и мултилатерална меѓународна соработка и целосно учество во релевантни меѓународни организации

Оваа Национална стратегија за droги се заснова на релевантните:

- Меѓународни конвенции за контрола на дрога,
- Резолуциите усвоени на Специјалното заседание на Генералното собрание на ОН за дрога од 1998 година (ССГСОН) и на
- Стратегијата за дроги на ЕУ 2005_2012 година

и може да се смета за продолжување на Националната програма за контрола на злоупотребата на дроги и недозволена трговија со дроги[130] која беше усвоена од страна на Владата на Република Македонија во 1996 година.

### 8.3.2. Цели на стратегијата за дроги

Националната стратегија за дроги ја нагласува потребата од интегриран, мултидисциплинарен и урамнотежен пристап заснован на следните два стратешки елемента:

---

[129] Терминот контрола на дроги се користи во документите на меѓународните организации, а особено во ОНОДК документи како и термини борба против дрога и справување со проблемот на дрога. Овие синоними означуваат активности на Меѓународната заедница на меѓународно, регионално и национално ниво кои се состојат од превенција, лечење и општествена реинтеграција, искоренување на недозволени растенија и алтернативен развој, контрола на произведување на недозволени дроги, превенција од трговија со дрога и борба против корупција и перење пари.

[130] Службен весник на Република Македонија; бр. 35/96.)

*Намалување на побарувачката на дрога* -мерливи намалувања на употребата на дрога, наркоманијата и сеопфатен, научно базиран систем за намалување на снабдувањето со дрога.

*Намалување на снабдувањето со дрога*- мерлива промоција на успешни, ефикасни, научно основани примени на законот во однос на производство и трговија со дроги и прекурзори, вклучувајќи синтетички наркотици, финансирање на тероризам и перење пари во врска со организираниот нарко-криминал. Претходно споменатото може да се постигне со насочување на активностите кон организираниот нарко-криминал со: (1)користење на постоечките инструменти и правни рамки, со акцент на регионалната соработка или кон активности на интеракција и превенција поврзани со нарко-криминалот;

(2) преземање на мерки против производството на дрога и прекуграничната недозволена трговија со дрога, за спречување на криминалот поврзан со дрога.

Овие две главни цели се дополнети со три тековни проблематики: координација; меѓународна соработка и мониторинг и евалуација (проценка, надгледување, информации, обука).

Во контекст на балансираното спроведување на двете основни цели- намалување на снабдувањето со дрога, намалување на побарувачката на дрога - стратегијата за дрога е насочена кон борбата против организираниот криминал инволвиран во трговијата со дрога и спроведувањето на Законот во врска со нејзината дистрибуција[131], со активено учество во процесите на хармонизирање на политиката за дрога со таа на Европската Унија.

### 8.3.3.. Оценување на ефикасноста на активностите

Политиката за дрога треба да се базира на анализите на сегашната состојба и на претходно идентификуваните проблеми, барања и приоритети. Зацртаните цели треба да бидат поставени на реални и мерливи основи, на научно потврдени факти и податоци, а не на претпоставки. Тоа значи дека од суштинско значење е подржување на истражувањата и интегрирање на резултатите од спроведените истражувања во практика.

---

[131] Закон за производство и промет со опојни дроги (Службен весник бр.13/91)

Сите планирани активности треба внимателно да се следат преку анализа на нивната ефикасност. Нивна модификација е можна зависно од развојот на трендовите во врска со употребата на дроги и од решенијата кои произлегуваат од научните сознанија. Во таа смисла, од значење се проценките за имплементација и ефикасност на стратегијата. Не треба да се изостави фактот дека и начинот на дефинирање на индикаторите е од значење за реализирање на поставените цели

### 8.4. Стратегиска програма во делот на работите на безбедносните структури

Општите цели на стратегиската програма 2006-2012 год. во делот на работите на безбедносните структури се:

1. Намалување на понудата;
2. Меѓународна соработка;
3. Истражување и следење

#### 8.4.1. Намалување на снабдувањето со дрога и улога на органите на прогонот во рамки на стратешките активности

##### 8.4.1.1. Полициски активности и соработка со надлежни државни органи

Притисокот врз македонските граници и влијанието на шверцерските нарко- групи на регионално ниво, и понатаму ја прави нашата земја да биде атрактивна секундарна рута за транзит на нелегални дроги. Нашата држава останува посветена на борбата против нелегалната дрога и успева во спроведувањето на многу елементи од својот четири-годишен акционен план, вклучувајќи го и фокусирањето на превентивните активности

За намалување на снабдувањето со дрога, односно достапноста до наркотични дроги, се извршуваат редица активности од страна на различни општествени субјекти, пред сé полицијата и

царината. Тие активности претставуваат важен дел од напорите коишто се преземаат од страна на општеството со цел да се реши, или подобро речено, да се задржат проблемите во врска со наркотичните дроги во општествено прифатливи рамки, бидејќи тие, директно или индиректно, влијаат на секојдневниот живот на граѓаните.

Со спроведување и преземање на мерки и активности се следи проблемот, како и домашните и меѓународните трендови во однос на трговијата со дрога и нејзината злоупотребата.

Според статистичките показатели кои се однесуваат на злоупотребата на дрога и криминалот во врска со истата, во Македонија не се очекуваат големи промени во намалувањето на побарувачката на наркотични дроги (фреквенција на употреба на дрога). односно може да се очекуваат понатамошни обиди за зголемување на снабдувањето со дрога на нелегалниот нарко-пазар во Македонија.

Снабдувањето со дрога во Р.Македонија не е изолирана појава. Тоа зависи од европските и светските трендови на пазарот на опојни дроги. Криминалот поврзан со дрога повеќе не може да се гледа само во национални рамки бидејќи постои јака врска помеѓу криминалните организации на земјите производители и земјите-потрошувачи. Затоа, сузбивање на криминалот поврзан со дрога не треба да се решава на изолиран начин, без да се посвети внимание на другите криминални активности како што се шверцот со оружје и луѓе, тероризмот и перењето пари.

Секако, трговијата со наркотични дроги е една од најпродуктивните форми на организирана криминална активност, како во светот и во Европа, така и во Република Македонија. Таа се карактеризира со голема флексибилност,

За успешно спроведување на мерките за намалување на снабдувањето со дрога и ефикасно сузбивање на шверцот со наркотични дроги,треба да се воспостави блиска врска со одредени држави. Ова бара максимална ангажираност и меѓусебна координација и соработка.Треба да биде поттикната взаемната соработка на полицијата, царината и судските органи со учество во заеднички проекти, преку размена на информации..

Република Македонија, според геостратешката позиција е транзитна земја, преку која опојните дроги се шверцуваат меѓу земјите производители и земјите потрошувачи. Така наречената "Балканска рута" е позната како најкраткиот пат од Источна за Западна Европа

Во Република Македонија сеуште не е регистрирано организирано производство на опојни дроги, освен помалку или повеќе, индивидуални обиди за одгледување на канабис (марихуана) за

домашниот нарко-пазар. Според направените анализи на состојбите во регионот, во иднина треба да се очекуваат обиди за организирано производство на дрога во Македонија, особено ако се има предвид фактот дека во некои од нашите соседни земји се откриени нелегални лаборатории со големи количини на хемикалии ("прекурсори") кои се користат за производство, односно подготовка на дроги од природно и синтетско потекло.

8.4.1.2. Приоритетни цели и полиња на активност

Постојани и ефикасно правни дејства и мерки за намалување на снабдувањето со дрога се приоритетните цели. Таквите цели вклучуваат сузбивање на производството и трговија со наркотични дроги, превенција од трговија и употреба на супстанции (прекурзори) кои може да се користат во производство на опијати, откривање на перење пари, одземање на пари стекнати со нелегална трговија со дрога.

За да се постигнат целите за намалување на снабдувањето со дрога, обемот на активностите треба да бидат насочени кон следното:

- Зголемување на административните и оперативните капацитетите на Министерството за внатрешни работи и Царинската управа, ориентирани кон борбата против шверцот со дрога и криминалот поврзан со злоупотреба на дрога (вклучувајќи го криминалот извршен од страна на зависници од дрога) со цел, купување на опојни дроги.

- Континуирана обука (специјални видови на обука) и максимална ангажираност на сите полициски и царински службеници во справувањето со проблемите поврзани со дрога. (Особено контрола на уличната дистрибуција на дрога и употребата на дрога на јавни места.).

- Насочување на активностите на специјалните полициски сили кон национални и меѓународни организирани криминални групи, кои се занимаваат со шверц и нелегални продажба на опојни дроги, прекурзори и потенцијално производство на опојни дроги.

- Спречување на шверцот со дрога преку ефективна супервизија на државната граница (патнички и товарен транспорт) со акцент на откривање и спречување на меѓународни криумчарски синџири низ Република Македонија и во неа (Балкански пат),

- Формирање и користење на материјални и технички средства и службени кучиња за откривање дрога од страна на граничната полиција и царински тимови специјализирани за борба против сите видови на шверц, особено против криумчарењето на опојни дроги.

- Техничко опремување и организација на граничните премини во согласност со европските стандарди, отворање нови гранични премини со соодветено персонално засилување, поради растот на патничкиот и карго транспорт, се со цел да се подобри граничната контрола (и контролата на стоки),

- Навремено регистрирање нови форми на шверц (модалитети, трендови) и злоупотреби на нови дроги.

- Борба против организираната нелегална продажба и дистрибуција на наркотични дроги на територијата на Република Македонија, спречување на илегални улични продажби на помали количини на наркотични дроги.

- Планирање и преземање на превентивни мерки и активности поврзани со превенцијата на употреба на дрога во одредени "зони", каде што младата популација се собира,

- Активно учество во медиумски кампањи со цел, едукација на младите за штетноста од употреба на дрога, и на тој начин информирање на јавноста за мерките кои полицијата ги презема со цел, спречување, намалување и ублажување на штетите.

- Овластените органи и институции треба да воспостават ефикасна контрола врз трговијата со хемикалии кои можат да се користат за производство на наркотични дроги и превенција од нивно криумчарење и злоупотреба.

- Зајакнување на меѓународната полициска и царинска соработка во рамките на билатерални или меѓународни полициски организации, спроведување на заеднички активности, зголемување на заеднички оперативни способности преку меѓународна размена на знаења, искуства и информации,

- Анализа на сите видови на информации поврзани со криминалот со дрога и меѓусебна размена на овие информации на регионално и на меѓународно ниво.

- Спроведување на сите потребни мерки и активности насочени кон намалување на производството или порастот на опојни дроги

- Да се зајакне директната полициска соработка меѓу различните организациски единици во рамките на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и да се зајакнат полициските активности на локално ниво.

- Да се продолжи со натамошно унапредување на соработката меѓу Министерството за внатрешни работи и други институции надлежни за контрола на снабдувањето со дрога во Република Македонија ( на државно и локално ниво), пред сé со Министерството за финансии, Царинската служба, Министерството за економија и Министерството за правда и можно формирање на заеднички истражни тимови со цел поефикасно кривично гонење на сторителите обвинети за кривични дела во врска со дрога (злоупотреба на наркотична дрога и шверц),

- Унапредување на техники во врска со откривањето на финансиските трансакции, односно проток на пари добиени од нелегалната трговија со дрога (откривање на перење пари), и правни постапки против организираните групи и правни лица кои се вклучени во перење на пари, пред сé стекнати со шверц и криумчарење и продажба на дрога.

8.4.1.3. Интервенции против преусмерување на хемиски прекурзори

Ефикасната контрола на хемиски супстанции кои може да се користат за нелегално производство на дрога е важен фактор во спречување на нелегалното производство на дрога, а со тоа и намалување на снабдувањето со дрога. Со оглед дека овие супстанции се предмет на регуларна трговија и во големи количини се користат во хемиската, фармацевтската, козметичката и слични индустрии, потребни се правни и други интервенции за спречување на нелегални обиди на понуда. Тоа значи систематска контрола над производствените субјекти (суровини, технологија), на научно-истражувачките капацитети (суровини, лабораториска опрема), увоз, извоз и транзит на одредена стока и хемикалии / прекурзори (количини и цени).

Од големо значење е спроведување на сеопфатна евиденција на прекуграничната трговија со прекурзори, размена на информации со надлежните органи на други земји и меѓународни институции, како и взаемна соработка на надлежните државни органи.

Стратегија има за цел да ги постигне следниве резултати во оваа област:

- Интензивирање на соработката и развивањето на протоколи за лиценцирање на активности со легални прекурзори
- Постојано следење и контрола на производството, продажбата и транспортот на прекурзорите на нелегалниот пазар преку усвојување на подзаконски акти во Законот за прекурзори[132]
- превенцијата и откривањето на преусмерувањето на прекурзорите на нелегалниот пазар преку следење на домашното производство и прометот со прекурзори.
- Воспоставување на заемна соработка меѓу државните институции и домашните производители и трговските компании со цел да се постигне размена на информации за сомнителни нарачки и можни нелегални трансакции, за да се открие и спречи преусмерувањето на прекурзорите на нелегалниот пазар.
- Да се развие компјутеризиран информатички систем за контрола на прекурзорски хемикалии.
- Производството, складирањето, транспортот, тргувањето и дистрибуирањето на овие хемиски прекурзори ќе биде строго следено со цел да се избегне нивно пренасочување кон илегални мрежи

#### 8.4.1.4. Намалување на трговијата со дрога на мало

Било кои активности насочени против поединечните дилери на дрога се од клучно значење за подигање на свеста за јавната безбедност. Важно е овие активности да се изведуваат плански, а не случајно. За таа цел треба да се развие систем за борба против трговијата со дрога на мало, во што спаѓаат програмите за обука на полициските службеници за борба против трговија со дрога на мало, Како индикатор за следење се зема бројот на заплени и количините на запленета дрога и прекурзори со кои илегално се тргувало во тековниот/претходниот период како и бројката на поединци задржани од полицијата заради обвиненија за трговија со дрога во тековниот/претходниот период.

Друг ефикасен составен дел на системот за борба против криминалот поврзан со дрога се и заедничките истражни тимови формирани од претставници на безбедносните структури.

[132] Закон за прекурзори (Службен весник на РМ бр. 37/04

### 12.4.1.5. Координирана борба против криминалот поврзан со дрога

Во Македонија има повеќе институции со статутарни овластувања за справување со криминалот поврзан со дрога. Тоа често отвара простор за судир на надлежности помеѓу институциите и создава неприфатлива конкуренција, која ја намалува ефикасноста на борбата против криминалот поврзан со дрога. Тоа исто така создава неправилности и во делот што се однесува на институционалната одговорност. Таквиот статус љуо, негативно се одразува на можноста за добивање на целосна слика за криминалот поврзан со дрога во Македонија како на пр. статистичките податоци за сторените кривични дела и заплени на дрога. Главната цел е јасно назначување на водечкото тело одговорно за борба против криминалот поврзан со дрога и координирање на активностите на ова поле.

Друга олеснувачка компонента на ова поле е донесувањето на стратегија за борба против криминалот поврзан со дрога која ги прикажува приоритетните насоки за дејствување. Земајќи ја предвид скалата на проблеми во врска со дрогата, треба да се има предвид фактот дека полициските службеници назначени за решавање на истите, не се во можност ефективно да ги сузбијат сите проблеми кои што се појавуваат.

Македонската полиција има развиено разузнавачки активности во соседните и западноевропските земји, придонесувајќи на тој начин во реализацијата на заплени на дрога и апсења на нарко-трговци во овие земји, размена на информации и олеснување на комуникацијата во прекугранични криминални истраги и таргетирање на организираниот криминал односно со други зборови, има развиено сестрана поддршка на оперативен план. Се смета дека повеќето заплени на дрога се резултат на меѓународната размената на разузнавачки информации,добрата меѓуагенциска соработка и зголемената прекугранична размена на информации

### 12.4.1.6. Разбивање на финансиската структура на нарко-бизнисите

Основна цел на активностите поврзани со наркобизнисот и организираниот криминал е создавање профит. Затоа безбедносните структури кои се борат против криминалот поврзан со дрога, треба да изнајдат инструменти со кои ќе може да се дејствува во правец на одземање на финансиската добивка од ваквите криминални здружувања, како на пример, замрзнување на имотот

во случаите поврзани со дрога,  замрзнување на трансакциите и сл. Земајќи го предвид искуството на западните земји, особено САД и Германија, спречување на легализирање на нелегални и недокументирани финансиски добивки може да се постигне само преку спроведување на симултани финансиски истраги. Како индикатори за следење на состојбата треба да се имаат предвид: вкупната вредност на замрзнатиот имот во случаите поврзани со дрога и бројката на случаи во кои судот се повикал на членот од  Кривичниот законик (конфискација на добивки) во тековниот/претходниот период.

### 12.4.2. Меѓународна соработка

#### 8.4.2.1. Имплементација на стратегиската програма преку  формирање на интернационална политика

Како последица на глобалните движења и отвореноста на границите во целиот свет, шверцот со нелегални супстанции кои создаваат зависност прерасна во меѓународен криминал. Зголемениот број на корисници, високо профитната маргина, терористичките акти и менувањето на политичката структура на светот, имаат влијание врз производството на супстанциите кои создаваат зависност и на нарко-рутите правејќи на тој начин тоа да прерасне во глобален проблем

Со цел да се обезбеди поефикасна и видливи соработка со меѓународни организации и земји за намалување на понудата и побарувачката на супстанции кои создаваат зависност, потребно е градење на глобален систем на меѓународната соработка. Меѓународната соработка во областа на опојните дроги треба да се базира на ефикасна промоција и унапредување на еден балансиран пристап кон проблемот со дрога пред сé, преку механизмите на регионалната соработка. Тоа значи вклучување на  земјите  низ кои поминуваат нарко-патиштата ("Балканскиот пат"), изнаоѓање потенцијални партнери, како и соработка со меѓународни организации и институции од земјите членки на ЕУ.

Меѓународното учество овозможува мултилатерални, избалансирани и интегрирани можности за преземање на различни мерки и активности, преку процесот на приближување кон Европската унија. Македонија се обидува, со вклучување во меѓународните активности во областа која се однесува на контролата на дрога и на последиците од употреба на дрога, активно да

учествува во решавањето на овие проблеми и во креирањето на политиката на професионален пристап во оваа област. Покрај тоа, меѓународната соработка може да придонесе и за поефикасна борба против криминалните организации, корупцијата, перењето пари и воопшто за контрола и спречување на илегалната трговијата со опојни дроги и прекурзори.

Релевантни студии посочуваат дека националната и меѓународната координација претставуваат ефикасен начин за интензивирање на процесот за добивање на саканите резултати во борбата против понудата и побарувачката на дрога. Значењето на координацијата е истакнато и во документите на ЕУ- Стратегијата.

За да му се пријде на проблемот на мултидисциплинарен и урамнотежен начин, треба да се зајакне механизмот на координација за намалување на понудата и побарувачката на дрога што подразбира олеснување на активностите на сите нивоа. Со други зборови, зајакнувањето на координацијата треба да придонесе за исполнување на целите утврдени во документите и акциониот план.

Акциониот план треба да ги покрие активностите кои овозможуваат добивање на еден поразвиен механизам за координација на државно ниво, а чија структура воедно ќе биде и поддршка на развојот на ЕУ- механизмите за координација (Високо ниво на континуирана соработка и координација може да се постигне само ако тоа е поставено на организациски основи).

Пред сé, со акциониот план се предлагаат мерки за надминување на проблемот во врска со дрогата преку регулирање и легализирање на содржината и системот за справување со недозволеното снабдување и побарувачка на дрога. Со цел да се обезбеди потребната координација за следење на зголемениот број на контролирани испораки, од и кон нашата земја, пред сé, е потребно интензивирање на соработката на нашата земја со земјите членки на ЕУ и со другите земји од Балканот. Ова е единствениот начин за трансформирање на националните напори за борба против наркокриминалот, во регионални и евентуално меѓународни, доколку се сака да се постигне посакуваното ниво на координација.

### 12.4.3. Мониторинг, размена на информации, анализа и истражување

Системот на мониторинг, известување, истражување и анализа во областа на опојни дроги е континуиран процес. Ова вклучува унапредување на информациските системи за прибирање и размена на податоци помеѓу различни субјекти, дефинирање и оценување на рамки и стандарди и

истражувчка имплементација, заедно со поставување на стабилна финансиска основа за нивно извршување.

Системот се базира на подолу наведените критериуми кои треба да бидат комплементарни едни со други:

- Зајакнување на капацитетот на земјата, во соработка со ЕМЦДДА, со цел да се обезбеди квалитетно собирање на податоци, нивна анализа и оценување, како и споредување на активностите во рамки на ЕУ - процеси кои ќе се користат при обработка на прашањата во врска со дрогата.
- Вложување на напори за развој на систематски, интегрирани научни активности, во полза на рационално пристапување во намалувањето на понудата и побарувачката на дрога преку ефикасна соработка во оваа насока.со меѓународни агенции и организации
- Обезбедување на активно учество во ЕМЦДДА и активности во други релевантни мониторинг ЕУ-институции, имплементирање на меѓународните конвенции и подобрување на законодавството, креирање на институционална стратегија и политика и програми кои ги опфаќаат геополитичките аспекти на снабдувањето со недозволени супстанции.
- Спроведување на активности во насока на спречување на понудата и побарувачката на дрога во согласност со мерливите критериуми, преточување на овие активности во генерални комплементарни податоци преку тн. "евалуациски студии" на национално и локално ниво и нивно користење во националната информациска мрежа.
- Спроведување на истражувања кои ќе го олеснат формирањето и имплементирањето на системи со кои ќе се зајакнат напорите за превенција на меѓународно и регионално ниво, следејќи ги промените и истовремено обезбедувајќи континуитет во информациската мрежа.

Тоа е условено со:

- Усвојување на нови пристапи на работа во врска со трговијата со дрога и нејзината злоупотреба

- Спроведување на активности во согласност со научните прогнози и принципите на стратегиите кои се развиваат во согласност со новите пристапи во акумулирањето и користењето на знаења и искуства.

- Систематска евалуација на истражувањата со користење на реални и прифатливи модели и индикатори,

- Зајакнување на националната мрежа на научни институции, агенции и организации, експерти и други лица кои работат на проблемот во врска со недозволената трговијата со дрога и нејзината злоупотреба

#### 8.4.3.1. Компаративно следење и истражување на состојбите со криминалот поврзан со дрога (насоки и активности)

Постојаното следење на епидемиолошката состојба на дрогата дава основи за планирање на конкретни активности и нивна евалуација. Проценката на состојбата со дрогата во Македонија може да се направи преку собирање и обработка на статистички податоци и преку спроведување на анкетни прашалници, квалитативни студии како и преку утврдување на бројката на корисници на дрога. Следењето на феноменот на различни нивоа, ќе овозможи да се направат интерни и екстерни споредби со други земји, а првенствено со земјите во опкружување. Тоа ќе придонесе за подобро разбирање на трендовите на полето на дрогата и подобро координирање на активностите .

Следење на сосотојбите со дрогите подразбира собирање и анализирање на податоци на годишно ниво со цел да се извлечат заклучоци и да се обезбедат корисни препораки во врска со прашања поврзани со дрогата.

Обезбедување на соодветни информации е неопходен услов за имплементирање на прифатлива политика за борба против дрогата. Тоа подразбира: собирање и анализа на статистички податоци за епидемиологијата на дрогите и злоупотребата на дрога и собирање и анализа на податоци за активностите на МВР (сектори и регионални центри) за намалување на побарувачката

на дрога. Како индикатори за следење на овие состојби треба да се земат: заплените на дрога, цените на дрогата, нејзината чистота, како и регистрирани кривични дела, започнати судски постапки и осомничени за кривични дела по видови на запленета дрога.

Злоупотребата на синтетички дроги во Република Македонија претставува релативно нов феномен, кој во голема мера е поврзани со начинот на кој младите луѓе го поминуваат своето слободно време. Со цел да се заштитат младите од злоупотреба на синтетички дроги, треба да се почитуваат позитивните национални и меѓународни искуства во информирањето. Потребен е брз систем за размена на информации за производството, трговијата, употребата и ризикот од нови синтетички дроги, со цел спречување на нивните негативни ефекти и навремено реагирање во случај на појава на нови видови на дроги на пазарот. Тоа подразбира, брза комуникација помеѓу домашните овластени институции и меѓународните организации (ЕУРОПОЛ, ЕМЦДДА). Како резултат на тоа, важно е да се развијат правни рамки на национално ниво, за решавање на проблемите во врска со синтетичките дроги, во согласност со Европското законодавство. Со други зборови, потребно е учество во тековниот ЕУ-систем за рано предупредување за нови синтетички дроги и паралелно прилагодување на националните листи за дрога.

Сето претходно споменато подразбира потреба за повисоки оперативни способности на органите овластени за откривање и спречување на нелегално производство на синтетички дроги и трговијата со истите, вклучувајќи и зголемување на капацитетите на форензичката лабораторија.

За да може да се разберат проблемите во врска со дрогите и факторите кои влијаат на нив, потребно е спроведување на редовни и вонредни истражувања. Користејќи ја базата на податоци, треба да се постават професионални платформи на информации за следење на ефикасноста на презедените стратешки мерки. Според ЕМЦДДА-показателите, особено е важно да се подржат меѓународните стандардизирани типови на истражување, за кои најчесто се користат брзи методи на анализа. Тоа е од суштинско значење при користење на резултатите од истражувањата, во правец на развивање на мерки за намалување на снабдувањето со дрога и побарувачката на дрога. Рационално и ефикасно вршење на истражувања подразбира, секој предлог да биде научно оценуван и проценуван. Воедно е потребно дефинирање на приоритети за истражување, односно дефинирање на истражувачки полиња во врска со проблеми поврзани со дрогата.

8.4.3.2. Развивање на информациски систем за следење на состојбите поврзани со дрога

Најдобри одговори во врска со феноменот-снабдување и побарувачка на дрога се добиваат преку обработка на информации базирани на мерливи податоци. За таа цел е потребно ажурирање на информативната инфраструктура која треба да биде пристапна за комуникација и располагање со инструментариум за објавување.

Практиката на собирање и анализирање на податоци кои се однесуваат на сите аспекти во врска со дрогите е присутна во Македонија со години. Релевантни институции и органи на државната управа собираат информации и водат евиденција во рамките на нивните активности (здравство, образование, полиција, царина, судство, научни институции), а резултатите се користат за изготвување на стратешки планови. Постоечкиот информативен систем за собирање на податоци и анализа на проблеми поврзани со дрогата, не е униформен и компатибилен. Стандардизираните начини на прибирање и користење на податоци од различни области, иако се во согласност со делокругот на работа на одредени субјекти вклучени во системот на контрола на злоупотребата на наркотични дроги, потребно е, за целите на обезбедување на квалитетни и објективни информации за креирање на политиката за дрога, да се воспостави интегриран информатички систем за дроги на национално ниво. За имплементирање на ваков информатички систем, неопходно е, во соработка со сите тела и субјекти вклучени во системот на контролата на злоупотребата на дрога, да се подобри методолошката проценка на податоци и да се усогласи системот на прибирање на податоци со ЕУ-стандардите. Тоа со други зборови значи, воведување на статистички систем за известување односно, мрежа за размена на информации помеѓу органите на државната управа.

8.4.3.3. Систем на прибирање на информации за цени и чистота на дрога (состојби, применувани постапки и препораки)

Цената на дрогите главно се користи за оперативни цели. Вистинско и точно познавање на цените е неопходно за веродостојноста на прикриените операции. Познавањето на цените е исто така корисно при пресметување на вредноста на нелегалниот имот што се конфискува од дилерите или од нарко-трговците. Сепак ваквите податоци можат да користат само доколку се навремени и детални што значи дека годишното прибирање на податоци за цените на дрогата не ги задоволува овие актуелни барања.

Податоците за запленетите droги се пренесуваат по електронски пат во рамки на МВР, т.е. системот на нивно обезбедување и комуникација се базира на веб-апликација развивана на "Интранет" (внатрешен интернет).

Во оваа фаза, информациите се класифицираат на "статистички" и "персонални". Статистичките податоци остануваат во базата на податоци и се на располагање за понатамошни анализи. Ова множество на податоци претставува основа за подготовка на годишниот извештај за нарко-криминалот воопшто. Извадоци од оваа национална база на податоци понатаму се пренесуваат на Реитоџ фокусната точка и ЕМЦДДА.

Во принцип, сите статистички податоци се резултат на кривични истраги. Како проблем се јавува квалитетот на пренесување на информациите од страна на полициските службеници кои ја покриваат оваа оперативна област, со оглед на фактот дека главна цел е статистичките податоци да бидат употребливи и информативни

Во врска со податоците за големопродажните цени на дрогите, постои оддел во рамки на МВР кој покрај другите податоци во врска со дрогите ги прибира и цените на истите, во зависност од расположивите информации.

Најчестиот метод што се користи за да се соберат податоци за цените на дрогите е сослушување на уапсените кои се директно поврзани со случаите на заплена на дрога, но и од поединци идентификувани (преку докази) како можни трговци со дрога или од поединци вклучени во некаква друга форма на илегална трговија, независно дали им е притоа изречена мерка притвор или не.
Според мислењата на полициските службеници, потешко е да се добијат податоци за големопродажните отколку за малопродажните цени. Од друга страна, полесно е да се добијат информации од крајниот клиент, отколку од производителот, нарко-посредникот или од дилерите од повисок ранг. Преку овие инструменти се прибираат податоци за количината и цената на запленетата дрога. Исто така, информации за големопродажните цени се добиваат во тек на истражната постапка, особено од информатори, запленета документација и од други оперативни разузнавачки материјали.

Главните слабости во постапките на собирање на податоци за големопродажните цени за повеќето запленети наркотични супстанции е, малиот обем на информации со коишто се располага, што се должи на езогени фактори кои тешко можат да се надминат.

Од друга страна, една од главните предности во  системот на прибирање на податоци е фактот што се има добро искуство, а тоа дава можност за обезбедување на дополнителни информации за цените на дрогата и контекстуализирање на базата на податоци.

Податоци за големопродажните цени се прибираат на квартална основа и тие се разликуваат во зависност од видот и квалитетот на запленетата дрога и од периодот на заплена, но и од фреквенцијата на дрогата на национално ниво.

Податоци за чистота на дрогата се добиваат главно од форензичката лабораторија (отсек за токсикологија), при Одделот за крим. техника во МВР  каде редовно се спроведуваат идентификациски тестови. Се одредува содржината на активната состојка и на додадените агенси (онечистувачи) во примерокот дрога. Добиените аналитички податоци  се регистрираат во локалната база на податоции и се ставаат на располагање на оперативните служби. Од лабораторијата се бара да доставува попрецизни информации за чистотата на примероците дрога што биле предмет на анализа, со цел да се направи разлика помеѓу големопродажната и малопродажната цена на дрогата на домашниот наркопазар и во трговијата на големо и мало.

Количините на дрога кои се оценети како "не-занемарливи" служат како основа за покренување на обвинение и донесувањето на соодветна пресуда од страна на судовите

8.4.3.3.1. Развивање стратегија за брзо и ефикасно одредување на цена на дроги

Нашите полициски служби не ги земаат предвид цените  на дрогите како стратешки индикатор, што се должи пред сé на неколку причини.: големината на нашата земја, нејзината улогата во транснационалната трговијата со дрога, недостаток на реактивност на цената на дрогата. Гледано генерално, иако познавањето на цената на дрогата е од суштинско значење, МВР се уште користи евтина и недоволно ефикасна  постапка за собирање на овој тип на информации.

Механизмот на собирање на податоци за големопродажните цени на дрогите треба да се развива и да биде прилагоден согласно  европските стандарди. Фактот дека има заплени, кои вклучуваат поголеми количини на дрога, тоа може да предизвика одредени проблем при обемната статистичка обработка на податоците за цените (одредување на минимум, максимум, средна

вредност, медијана, итн). од причини што нема континуитет и селективност во прибирањето на истите. Ваквата состојба налага поголемо анагажирање и инвестирање во оваа сфера..

За да може да се имплементира нов механизам на прибирање на податоци, во рамки на надлежностите на МВР, треба да се дадат специфични инструкции согласно стандардизираните постапки, кои ќе гарантираат дека во иднина, доставата на информации за цената на дрогите, преку внатрешната полициска мрежа, ќе стане задолжителна стратешка цел.

Следењето и снимањето на големопродажните цени ќе придонесе за надградба на стратегијата на МВР за борба против дрога, во делот снабдување со дрога, во рамки на Националната стратегија 2006-2012. Во склад со УНОДЦ и ЕМЦДДА-прашалниците, секоја година МВР треба да поднесува извештај за големопродажните цени, заедно со другите податоци кои се однесуваат на незаконското снабдување со дрога.

Поаѓајќи од ваквата состојба а како рефлексија на првиот експертски состанок на ЕМЦДДА за цените на дрогите, организиран во Лисабон во мај 2009 година, една од стратешките определби на МВР во координација со Националната фокусна точка како независно владино тело, е развивање на подобар систем на колекција на податоци за цени. Посебен акцент треба да се стави на: достапноста на податоците за големопродажните цени на дрогата и практикувањата во дефинирањето на врската помеѓу цените на големо и чистота на дрогата; на моделите на формирање на цени, почнувајќи од повисоките и движејќи се кон пониските нивоа во однос на чистотата на дрогата; и во однос на цените на пазарот на мало.

Како резултат на тоа, се очекува напредок во три главни сфери:

1. Користење на дефиницијата за големопродажните цени според препораките на ЕМЦДДА. Во рамки на тоа, случаите на заплена на повеќе од 1кг дрога или 1 000 таблети (за екстази), ќе се сметаат како 'поголема количина на дрога " или како "продажба на големо".
2. Организирање на македонската полиција во прибирање на информации според шаблонот на ЕМЦДДА за големопродажни цени, со подршка на Националниот координативен комитет за проблеми со дроги.
3. Објавување на податоци во пооделни стандардизирани таблици: за основниот вид на дрога (пр.: растение-канабис, канабис-смола, екстази, метамфетамин, опиjум, хероин,

кокаин, ЛСД); за цените на дрогите и соодветно нивните заплени, распределени во тежински категории; за чистотата на дрогата (за секоја тежинска категорија)

Во ситуации кога полицијата нема оперативни случаи во врска со одредени видови на дрога, објавените податоци треба да се базираат на експертски проценки. Понатаму, ако на одредени полициски подрачја (секторски области) се детектираат брзи промени на цените на следената дрога во даден период, (повеќе од +/- 25%), централното тело за обработка на податоци во рамки на МВР треба веднаш да добие информации.

#### 8.4.3.3.2. Обезбедување примероци за одредување на цени на дрога

Податоците за цените на запленетите нелегални дроги треба да се добиваат преку софистицирани системи за информирање, применувајќи соодветни стратегии за земање на примероци на дроги.

Примената на формални методи за земање примероци дрога за одредување на цени на мало за дрогите нема да даде резултати со оглед на природата на илегалните трансакции со дроги. Практично, методите кои се користат за проценка на цената на дрогата се потпираат на техники кои отстапуваат од теоретските методи за добивање на репрезентативен примерок

Во оценување на постапките за обезбедување на примероци дрога, треба да се има предвид односот помеѓу целната група од каде се зема примерокот и целната група за која е наменет истиот. На пример, под целна група би потпаднале сите нелегални трансакции со дрога во одреден временски период.

Од статистичка гледна точка, обезбедениот примерок нема да биде во целост репрезент на целната група доколку на пример, корисниците што се под третман во континуитет се разликуваат по начините на купување на дрогата на пазарот на мало. Како втор пример во овој контекст може да се земе примерокот-репрезент за еден одреден град. Тогаш, тој нема да биде репрезент на национално ниво, бидејќи градот како потесна локација и земјата како поширок регион, се разликуваат по карактеристиките кои индиректно влијаат на цената на дрогата. Дали проценките ќе бидат соодветни, ќе зависи од тоа дали собраните податоци овозможуваат статистичка компарација на цените. Со други зборови, рамката за семплирање треба да биде стратифицирана (слоевито

подредена) според значењето на факторите, како што се на пример: карактеристиките на пазарите на дрога на мало, квалитетот и чистота на дрогата, детерминантите на наркопазарите, така што, случајно избраните примероци треба да бидат извлечени од секој "слој" во доволна количина.

Пример за тоа, како методата на прибирање на податоци може да влијае на самиот податок, се забележливите разлики помеѓу купувањата на дрога направени од страна на прикриените агенти и оние кои се направени од страна на корисниците или екс-корисниците на дрога.

Кај пробното земање на примероци се покажало дека, зголемувањето на количината на примерокот води кон подобрување на прецизноста во давањето на проценки. Но, во практика,таму каде што постојат меѓусебни разлики како кај погоре споменатите целни групи, со зголемувањето на количината на примерокот не значи дека ќе се зголеми и нивото на прецизност.

#### 8.4.3.3.3. Информатички систем и автоматска обработка на податоци

Констатација на експертите е дека се чувствува недостаток на електронски системи за евидентирање на големопродажните цени (ограниченост на базата на податоци). Ваквата состојба спречува брз пристап до информации и ефикасна споредба на податоците за големопродажните цени на дрогата на национално и европско ниво. Тоа со други зборови значи дека е потребно воспоставување на униформен информатички систем за споредување на цените на дрогата кои што се добиваат од бројни и различни извори.

Стратешка определба на МВР е воспоставување на интернет-систем, за што е потребно развивање на тн. "безбедносна линија" за интерно и екстерно поврзување на Министерството за внатрешни работи. Со тоа ќе се обезбеди ефикасност во прибирањето и чувањето на податоците. Во рамки на Министерството, оваа задача треба да ја преземе посебно тело (единица за информатичка технологија, менаџмент и услуги). Потоа, вака сторнираните податоци можат да бидат ставени на располагање на Секторот за аналитика и истражување при МВР. Во рамки на овој Сектор треба да постои единица задолжена за скрининг податоци, со задача да ги проверува и корегира евентуално настанатите разлики. Вака подредените и евидентирани податоци можат да се користат во истражните постапки за криминални случаи поврзани со дрога.

Иновативниот систем треба да биде така направен да може лесно да се надградува секогаш кога е тоа потребно, бидејќи времињата, криминалот и следствено на тоа барањата се подложни на брзи промени. За конкретниот случај тоа значи овозможување на брза надградба на системот за колекција на податоци за цените на дрогите (на големо и мало) и соодветно, на нивната чистота.

Исто така, овој ИТ-систем, ќе овозможи прибирање на клучни податоци за потребите на обвинителството. Од друга страна, за интерни потреби, системот ќе биде прилагоден за автоматска обработка на статистичките податоци (минимум, максимум, средна вредност, медијана). Ваквите апликации генерално треба да се применливи во сите области за коишто е надлежно Министерството.

Бенефитот во инвестирањето во ваков автоматски систем за колекција на податоци е во тоа што тој пред сé, ќе биде корисен за службите за спроведување на законот, здравствените установи, меѓународни организации и сл,

8.4.3.4. Анализа на состојбите со расположивите капацитети за профилирање на дроги

Во лабораторијата за дроги при Одделот за криминалистичка техника -МВР, веќе подолго време се следи трендот на меѓународната трговија со дроги (хероин, канабис, амфетамини, екстази), во поглед на нивниот квалитет, начинот на пакување, ознаките на амбалажниот материјал (штембили, логоа и други идемнтификациски знаци). Задржани се поголем број примероци од запленети дроги за нивна понатамошна обработка, анализа и споредба; регистрирани се поголем број логоа кај амбалажниот материјал за хероин и кокаин и класифициран е значителен број на логоа од екстази-таблети. Неопходно е да се потенцира дека, нашата лабораторија иако ги исполнува базичните технички и стручни капацитети за отпочнување и следење на стратешката определба во врска со воведување на методологија на профилирање на дроги, потребно е да се превземат дополнителни мерки за интензивирање на активностите во оваа насока. За отпочнување со работа и примена на стандардните методи за профилирање на дроги по препорака на ЕМЦДДА, потребно е претходно целосно да се исполнат условите согласно препораките на Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дрога, околу зголемувањето на стручните капацитети во смисла на вклучување на експерти од областа на аналитичка хемија, како и едукација и обука на постојниот кадар за изведување на методологијата за отчитување и толкување на добиените резултати. Вршењето на подетални анализи од областа на профилирањето на дроги подразбира

квантификација на макрокомпонентите и микротрагите во запленетите примероци дрога, како и на други остатоци и нечистотии, вклучувајќи ги тука и различните растворувачи што се користат во производството на дрога. Тоа ќе создаде услови за одредување на географското потекло на дрогата и полесно откривање на криумчарските канали.

| | |
|---|---|
| **12.5. АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА БОРБА ПРОТИВ ДРОГА** | |
| **8.5.1. ГЕНЕРАЛНИ ПРИСТАПИ** | |
| **ЦЕЛ** | **АКТИВНОСТ** |
| *1.1.1. **П**одобро информирање на законодавецот и полициските службеници за борба против опојните droги и подршка во спречувањето на организираниот криминал, финансирањето на тероризмот и перењето пари*. | |
| Преземање на неопходни мерки за спречување на влез на било каков вид на недозволена супстанција | Зголемување на безбедноста на граничните премини и засилување и ефектуирање на активностите на единиците за борба против дрога по однос на сите аспекти на дејствување во оваа област. |
| Зајакнување на организациската структура и поддржување на човечките ресурси за поефикасна борба против трговијата со дрога | Формирање на мобилни тимови на локално ниво, заради зголемување на мобилноста во борбата против кривичните дела поврзани со дрога. |
| | Подготовка на менаџмент-стратегија за управување со ризици на централно и локално ниво и проценка на ризик. |
| | Зајакнување со човечки ресурси, материјали и опрема на општините што се наоѓаат во ризични области за нелегален влез на дрога (Активност на Министерството за внатрешни работи) |

| | |
|---|---|
| Ревидирање и уредување во законодавната сфера | Подготовка на прашалници и годишни извештаи за ЕМЦДДА и презентирање на меѓународни случувања, извештаи за спроведување и евалуација, на Акциониот план. |
| | Спроведување на Конвенцијата на ОН од 1995 година за борба против недозволената трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции |
| Обезбедување континуитет во ефикасната борба против нелегалното одгледување на растителни култури за добивање наркотични дроги | Тековно утврдување на мерки и ефикасни практики за борба против недозволени насади (Активност на МВР, Министерството за земјоделие, Министерството за правда) |
| Зајакнување на капацитетите за борба против компјутерскиот криминал | Регулирање на информатичката технологија против компјутерскиот криминал во врска со недозволена трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции; развивање на соработка со Интерпол и Европол за прашања од компјутерскиот криминал поврзани.со проблемот-дрога. (*ЕМЦДДА- станд.таб.* |
| Ефикасна борба против нарко тероризмот<br>и перењето пари | Откривање на нарко- врски; истражувања на можни поврзувања на терористички организации; анализа на операции извршени во рамки на борбата против трговијата со дрога; Заедничка работа и размена на информации со сите релевантни агенции. |
| Контрола над хемикалии коишто се користат во производството на дроги | Поставување на правна рамка за контрола на хемикалии за кои се знае дека це користат во производството на недозволени супстанции од кои се стекнува зависност (на пр анхид.на оцет.кис. ), а на тие кои не се ставени во меѓународната листа на контролирани супстанции . За таа цел, треба да се воспостави соработка меѓу органите на прогонот и Министерството за здравство<br>(Користење на ИНЦБ и ОН евиденција)<br>, |

***1.1.2. Зацврснување на соработката во национални и меѓународни рамки за спроведување на законските одредби на стратешко и оперативно ниво, како и развивање на оперативни активности во областа на недозволената***

| | |
|---|---|
| ***трговија со дрога и прекршоци поврзани со истатата. (Зголемување на оперативниот капацитет-зајакнување на меѓународната соработка на стратешко и оперативно ниво)*** | |
| Интензивирање на активностите во откривањето на можни врски меѓу криминалните нарко-организации и давање приоритети на нивното уривање<br>. | - Придонес  во откривање на кримчарските нарко-канали преку  проценка на хемискиот и физичкиот профил на запленетите количини дрога (пр.:хероин  и синтетички дроги од амфетамински тип) и  откривање на  криминални нарко- организации. (***Карактеризација и профилирање на дрога***)<br>- Воспоставување  на информациска мрежа помеѓу криминалистичките лаборатории *(Користење на ЕМЦДДА - стандардни табели)*<br>- Истражување на причините во врска со смртни случаи поврзани со дрога; идентификација преку испитување на хемискиот состав и **чистотата** и **цена** на запленетата дрога според упатствата на ЕМЦДДА (*ЕМЦДДА-стандардни табели)*<br>- Интензивирање на активностите поврзани со криминалистичко- разузнавачките анализи. За таа цел, ќе се зголеми капацитетот и техничката компетентност на органите за спроведување на законот |
| Фокусирање на операции насочени кон уличното снабдување со дрога | Зголемување и интензивирање  на  планираните активности и проекти насочени кон борбата против нарко-мрежите во земјата. Во таа смисла, ќе бидат менаџирани сите потребни инфраструктури, вклучително и користењето на прикриени(ундерцовер) агенти, а воедно ќе бидат направени и неопходни<br>засилувања на одредени недоволно развиени стратешки активности. Со запирање на уличната продажба на дрога ќе се придонесе во спречување на нејзината злоупотреба<br>(*Користење на ЕМЦДДА -стандардни табели*) |
| *1.1.3.**Користење на постојните меѓународни и национални инструменти и структури на најефикасен и најпродуктивен начин.*** | |
| Подобрување на оперативно-техничките капацитети | Од огромно значење за единиците за борба против дрога е тие да располагаат со современа опрема и технологија која ќе ја користат во нивните оперативни акции.  Со тоа, тие |

| | |
|---|---|
| | секогаш ќе бидат еден чекор понапред од организираните криминални групи, во било кое дадено време. На ваков начин ќе се зголеми борбениот капацитет и ефикасност. |

| |
|---|
| **8.5.2. КООРДИНАЦИЈА**<br><br>*1.2.1.**Пособено внимание да се обрне на обуката на професионалци и користењето на знаењата и искуствата на експерти од јавниот / приватниот сектор**.* |

| | |
|---|---|
| Добивање на поддршка на научно ниво во борбата против дрогата и нејзината злоупотреба | Организирање на обуки на релевантните оддели и единици за борба против наркотични супстанции од страна на крим. лаборатории при МВР. |

| | |
|---|---|
| **8.5.3. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА** | |
| **ЦЕЛ** | **АКТИВНОСТ** |
| 1.3.1 ***Обезбедување помош и поддршка од меѓународна природата на национално и меѓународно ниво за подобрување на системите за контрола на снабдувањето со дрога,нејзината побарувачка и дистрибуција во земјата и нејзиното опкружување. (Евалуација на координативни агенции)*** | |
| Зголемување на присутноста на земјата во меѓународните платформи | Обезбедување учество на експерти со специфични знаења на соодветни меѓународни состаноци во врска со националните активности на меѓународно ниво; |

ГЛАВА- 9

# ГЛОБАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАНИОТ ПРОБЛЕМ СО ПРЕДЛОГ-МЕРКИ ЗА СТРАТЕШКИ ПОСТАПУВАЊА ВО БЕЗБЕДНОСНАТА СФЕРА

## 9. ГЛОБАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ИСТРАЖУВАНИОТ ПРОБЛЕМ СО ПРЕДЛОГ- МЕРКИ ЗА СТРАТЕШКИ ПОСТАПУВАЊА ВО БЕЗБЕДНОСНАТА СФЕРА

Злоупотребата на дрогата за постигнување на политички, економски и воени цели од страна на криминалните елити како и финансирањето на тероризмот укажува на криминалната повеќедимензиалност на тој што ја поседува дрогата. Злоупотребата на дрогата како сложена појава која е генерирана од бројни криминогени фактори, со што се потврдува теоријата на мултикаузалитет, истовремено претставува криминоген фактор за појавување на други облици на криминал. Поконкретно, недозволеното производство, трговијата и криумчарењето со наркотични дроги по сите нејзини обележја и карактеристики (обем, динамика, начини на извршување, методите што ги применуваат сторителите) претставува деликт со висок степен на организираност. Ефикасното сузбивање на овој вид криминалитет претставува уште повисок степен на организирано реагирање на секое општество и на меѓународната заедница воопшто.

Деведесетите години од минатиот век беа карактеристични по напливот на активности кои се однесуваа на трговијата со нелегални дроги. Во овој период, производството и дистрибуцијата на нелегалните дроги главно беа преземени од поголемите криминални организации од кои некои имаа значајна разлика во развојот на пазарите, а контролираа и големи сектори од трговијата со дрога. Денес, за трговијата со дрога не постојат националности и граници. Проблемот на дрогата е еден од факторите во процесот на пренасочување на меѓународните односи, заедно со кризата на идентитетот и демографските, културните и економските транснационални текови. Тоа е една нова област на конфликт на меѓународната сцена, особено во процесите на глобализацијата.

Зголемувањето на моќта и влијанието на криминалните организации во политичките и економските структури, слабите финансиски регулаторни системи, корупцијата, се клучни фактори кои ги прават некои земји особено привлечни за меѓународните криминални организации. Криминалните групи ги користат овие земји како крајни дестинации или како транзит области за криумчарење на недозволени стоки - особено дрога, оружје но и за вложување на пари од своите незаконски приходи. Тие исто така ги користат финансиските можности и комерцијалниот сектор на овие земји за нелегално финансирање на криминални активности и за реализирање на забранети трансакции,

Докторскиот труд ја анализира состојбата во врска со борбата против криминалот поврзан со дрога во период 2006 – 2011 и се врзува со евалуацијата на имплементација на *Националната стратегија за дрога на Република Македонија*, за делот, "намалување на снабдувањето со дрога", односно дава меѓу другото, квалитативна и квантитативна анализа на имплементацијата, базирана на меѓународни стандарди и индикатори за анализа.

Трудот е проследен со компаративна анализа на глобалните состојби и најновите појавни трендови на криминалот поврзан со дрога и справувањето со овие состојби, користејќи ги искуствата и знаењата на земјите од Европската Унија.

Финалниот дел на трудот ги опфаќа предлог мерките и активностите кои треба да бидат составен дел од новата Македонска стратегија и истите се базирани на евиденции, докази и согледувања.

При изработката на докторскиот труд земени се предвид:

- *ретроспективната студија* – истражување на одредени фактори од историјата кои придонесуваат во обликувањето на заклучоците и на крајните препораки и предлог мерки;
- *аналитичко-проспективната студија (лонгитудинална)* – за детерминирање на врските помеѓу условите и карактеристиките на одредена група, уште позната како кохорт (цохорт) студија. Податоците се прибирани во неколку интервали. За оваа студија презентирани се неколку вариабли (видови на групи, карактеристики, големина, структура, активности, рути на движење итн);
- *студијата на пресек (Цросс сецтионал),* која го опфаќа временскиот инетервал со едно прибирање на податоци (анализа на извршители на кривични дела)
- *статистички методи и програми* за анализа на податоците

Сите поставени хипотези во трудот (Глава И: "Теоретско методолошки пристап кон проблемот на истражување") се разработени и научно образложени во текот на изнесувањето на сознанијата, согледувањата, анализите, истражувањето на терен и обработката на доказите од спроведените акции.

Поаѓајќи од погоре констатираните состојби во врска со дрогата и наркокриминалот, а имајќи ја притоа предвид поставената <u>*генерална хипотеза*</u>, од добиените резултати од спроведените истражувања може, со висок степен на сигурност, да се заклучи дека *Република Македонија е подготвена да одговори на новите предизвици на криминалот*

*поврзан со неа*. Меѓутоа, се уште не се целосно опфатени одредени активности согласно стратешките стандарди на ЕУ како на пример, карактеризацијата и профилирањето на дрогата, одредувањето на чистота и нејзината големопродажна и малопродажна цена на наркопазарот, воспоставување на интегриран информатички систем.

До сознанијата користени во трудот е дојдено преку проучување на следните извори на податоци: резултати од истражувања на други релевантни институции, евиденции, статистички показатели и информации од службените статистики на МВР и основните судови и од сопствени истражувања на терен.

Како што организираниот криминал станува сé поприсутен нашата држава сé повеќе ја интензивира соработката на меѓународен план и партнерство за размена на знаења и искуства во воспоставување и спроведување на стратегијата за борба против криминалот со дрога и развива база на податоци потребна за домашни и меѓународни истраги.

Моделите за управување со ризик (Риск Манагемент Модел) на меѓународните полициски организации укажуваат на состојби во кои криминалните организации може да користат вештини како контра-разузнавање и корупција со цел да се намали ризикот од откривање и гонење од страна на органите за спроведување на законот (царината, полицијата, обвинителството, судските органи). Затоа од голема значење е спроведувањето на прикриени операции и истраги кои истовремено вклучуваат повеќе аспекти. За органите кои го спроведуваат законот од иклучително значење е одстранувањето на конфликтот на интереси и поттикнување на лојалност кон професијата преку мотивирачки аспекти како на пример, високи плати и можности за промовирање засновани врз основа на заслуги. Воедно, најстрого треба да се казнува митото, корупцијата и изнудата од страна на овластените службеници. Од големо значење е обуката, континуираното зголемување на знаењето, информираноста и вештините.

Докторскиот труд ја потврди *хипотезата* базирана на обсервација на ЕУРОПОЛ[133]-експанзија на Западен Балкан како транзитен и логистички центар. Големите заплени на дрога од различен вид – хероин, кокаин, марихуана, синтетски дроги, појавата на организирани криминални групи кои се позиционирани во Република Македонија, а своите активности ги вршат во развиените земји на Европската Унија ја потврдуваат нивната добра

[133] Op.cit., EUROPOL, “EU Organised crime...”, Hague, 2011

структурна поставеност и организираност. Ова е доволен доказ дека Република Македонија, освен што се користи како транзитна земја, таа воедно е и логистички центар.

Балканските патишта покажуваат висок степен на разноликост и флексибилност за хероинските пратки. Албанија, Македонија, Косово се посебно значајни локации. Од друга страна, регионот во целост е подрачје од каде потекнуваат криминалните групи чиј јазик е албанскиот, а кои се активни во недозволената трговијата од различен вид што се реализира во земјите-членки на ЕУ.

Криминалните организации на 21-от век се карактеризираат со висок степен на менливост и структурна комплексност и за разлика од познатите стереотипи, имаат различни форми, големини, мрежни структури и групи. Механизмите на нивно дејствување воглавно се затскриени и недоволно истражени. Во последно време се бележи нивна трансформација што во голема мера е резултат на експлозијата на производството на дрога, како од природно, така и од синтетско потекло.. Тие често функционираат како транснационални, со повремени локални бази. Флексибилноста и способноста на прилагодување на економските и политичките услови, прават тие да бидат функционално дифузни организации. Организираните криминални групи и мрежите на криминалните структури се разликуваат меѓу себе. Успешно организираните криминални групи најчесто се состојат од трајни јадра на клучни поединци околу кои постои кластер на подредени, специјалисти, минливи членови и мрежа на еднократни соработници. Одредени малцински етнички криминални групи, при извршување на криминалните активности, се потпираат на доверливоста на членовите од исто семејство или етничка група, со цел нивните зделки да бидат посигурни. Различни криминални активности бараат различни структури. Криминалците развиваат бројни корисни контакти, применуваат различни методи, стануваат пофлексибилни но и повешти, повеќе еластични и безбедносно посвесни. Иако криминалните контакти се од суштинско значење, тие воедно претставуваат и ризик за криминалците. Имено, ако контакт-лицето не е добро проверено, може истото да биде ривал или доушник. Повеќето организирани криминални групи се справуваат со овие ризици работејќи воглавно со лица кои добро ги познаваат и имаат доверба во нив. Заедничката националност или етничката припадност се диференцираат како важен сегмент во криминалните комуникации.

Организираните криминалци често имаат "бизнис" потреба од лица со одредени специјалности, вештини и знаења (хемичари, адвокати, сметководители, компјутерски

експерти), од лица кои имаат пристап до одредени стоки и услуги (огненото оружје, лажни пасоши и др.), лица кои се заинтересирани за извршување на одредени специфични задачи (убиства, должнички спроведувања). Се користат поединци на еднократна основа или повремено, но има и тн. "криминалци од кариера ", кои даваат свои услуги на континуирана основа. Организираните криминални групи имаат потреба и од логистичка подршка-транспорт, складирање, дистрибуција и продажба, „перење на пари" од нелегални зделки, обезбедување на лажни документи итн.

Сознанијата од спроведените полициски акции потврдуваат за состојби во кои се промовира размена на дрога и оружје во западна Европа и тоа помеѓу криминлните групи и терористичките организации како што се на пример ИРА и ЕТА Така на пример, иако врските ИРА - ФАРЦ вообичаено не вклучуваат директна размена на наркотици за оружје, потврдени се трансакции помеѓу овие две страни. (Главниот приход на ФАРЦ потекнува од продажбата на наркотици). Исто така, доказите на полициските служби неведуваат на тоа дека, ИРА е вклучена во комплексната врска во трговијата со оружје и дрога што ја сочинуваат криминалните групи од Европа и нарко-терористите од Латинска Америка. Според ова сценарио, движењето на наркотиците од Латинска Америка до Европа, се поврзува со исплатата на ИРА со дрога. Од значење е да се потенцира вклученоста на Балканот во овие активности. Комплексноста на овие нелегални движења се гледа и во размената на оружје од хрватските криумчарски канали до ИРА и обратно. Така на пример, докажана е исплатата на ИРА во наркотици од страна на нелегалните трговци со оружје од Хрватска (тн. "Балканска мрежа").

Софистицираните случаи на организиран криминал бараат софистицирана прикриена работа. Полицијата и другите служби за спроведување на законот се уште го користат традиционалното прикриено инфилтрирање во криминална група или добиваат информации преку тн. „бар контакти". Меѓутоа, условите сé почесто бараат замена на овие методи кои обично не обезбедуваат детални информации за функционирањето и членството на поголемите организации. Електронскиот надзор се смета како една од најмоќните технологии за прибирање на докази. Организираните криминални групи најчесто имаат усни комуникации и ја користат мобилна телефонија. Следењето на овие комуникации, со цел да се добијат докази за извршени кривични дела, или да се спречи нивното извршување, е неопходна помошна алатка во оперативното работење. Во последно време електронското прислушкување се применува речиси при секое организирано криминално гонење. За

позначајни истраги во врска со организираниот криминал, се поставуваат микрофони во автомобили, домови, ресторани, социјални клубови и сл. Од друга страна, познато е дека ефикасноста на електронските технологии за набљудување е ограничена, односно тие се ефикасни само на краток рок. Развојот на криптираната технологија создаде големи проблеми Имено, криминалците се адаптираат на оваа технологија со тоа што користат енкриптирани телефони и факсови кои го прават следењето многу тешко, дури во некои случаи и  невозможно. Со други зборови, таа ги  неутрализира моќните инструменти за електронски надзор.

Со цел да се обезбедат докази против организаторите на недозволена трговија со дрога, техниката на контролирана испорака (откриената пратка на незаконска дрога се пушта да помине под контрола и надзор) се смета за пособно ефикасен метод.

Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, согласно законските одредби, ги применува сите посебни истражни мерки и целосно е подготвено да се справи со присутниот наркокриминал преземајќи, зависно од ситуацијата, соодветни офанзивни или дефанзивни дејствија.

Користејќи ги искуствата на западноевропските земји во врска со инкриминациите поврзани со дрога и споредбените показатели и информации во извештаите на УНОДЦ и ЕМЦДДА  ,     МВР развива модел на превентивна стратегија кој ќе придонесе во слабеењето на монополизацијата на наркокриминалот. Анализата и проценката на состојбите за одреден период, кои се однесуваат на формирањето на неконтролирани групации за трговија со дрога, на маргинализирани нарко-групи кои имаат статус на непривелигирани, на криминални групи и лица-поединци инволвирани во високо организираниот криминал со дрога, е услов за насочување на стратегијата во посочениот правец .

Истражувањата ја потврдија *потхипотезата* дека постои здружување помегу Италијанските и Албанските криминални групи и отфрлање на меѓусебното ривалство. Успехот на албанските банди се должи делумно на нивното "школување" во рамките на италијанската мафија со кои сега се  во партнерство. Аналитичарите на сериозниот криминал сметаат дека контактите помеѓу италијанските и албански криминалци се започнати уште во раните 1990-ти. Албанците се користеа од страна на Италијанците за извршување на нивната валкана работа. Поновите случувања помеѓу италијанските и албанските криминални групи се типичен пример за промени и прагматичност. Отфрлањето

на ривалството и големата антипатија што постоеше помеѓу овие два типа на криминални структури, последните години условија нивно здружување во реализирањето на транснационални операции. Очигледно е дека криминалните и терористичките организации ги препознаа заедничките аспекти на нивните дејствувања и сличните тактики на „подземјето" што секако е услов за разбирање и доверба, но за краткорочни цели - подршка со високо софистицирани оружја и експлозиви од транснационалните дилери и потпирање на меѓународно изградената инфраструктура (финансиска, комерцијална, во транспортот и комуникациите) која им обезбедува анонимност во бројни пристапни точки. Ова здружување уште се нарекува „брак од интерес", односно поврзување заради зголемување на можностите за профит или од идеолошки цели.

Меѓутоа, иако Италија е поблиску до Албанија, користените извори на податоци покажаа дека постои поголема сличност во структурата и начинот на дејствување помеѓу албанските и руските криминални структури отколку тие со италијанската мафија. Руските кланови, кои во принцип не се базираат на семејни врски имаат, по однос на структурата, бескрупулозноста и насилството, многу сличности со албанските криминални семејства.

Албанските криминални групи, заедно со турските, сеуште остануваат како најпознати во трговијата со хероин во рамки на ЕУ. Шверцот со хероин е главно во рацете на втората генерација Турци кои живеат во Германија и силно соработуваат со своите албански колеги во различни криминални шеми. Сојузот помеѓу албанските и турските криминални групи се должи, во голем дел, на историските, културните, верските и етничките врски, како и на албанската тенденција да се приклучат и служат во поголемите етнички групи кон кои чувствуваат некои афинитети.

Турските организирани криминални групи обично се хиерархиски поставени и хомогени, но со тек на годините тие формирале трајни партнерства со други организирани криминални групи во Европа. Голем број Турци кои се вклучени во трговијата со дрога во Европа, долги години живеат во земјите-домаќини, што им помага во развивањето на врски со други организирани криминални групи, како и активности во други криминални области, а не само во криминалот со дрога. Во оваа смисла, соработката меѓу турските и албанските групи се покажа особено корисна во искористувањето на големи сегменти на европскиот пазар, во многу различни полиња на нелегален бизнис.

Во докторскиот труд е даден преглед на диверзификацијата на криминалните операции со што се потврди ***потхипотезата*** во поглед на флексибилноста во

комуникацијата на криминалните структури со нарко-мрежи или индивидуалци - познати криминалци. Овие мрежи имаат структури, задачи, комплексност и време на траење во зависност од потребата и конкретниот профит. Констатирана и потврдена е појавата, транснационалните организации да прават сојузи со локални криминални групи со цел да се проценат нови територии како крајни дестинации или транзит-зони.

Конкретно, станува збор за диверзификацијата на нарко-активности (трговија со различни дроги, појава која е актуелна во овој период), и диверзификацијата на лица (покрај вообичаените етнички врски, многу криминални групи во своите редови вклучуваат и лица од други етнички заедници и националности). За одбележување се склучувањата на т.н. „бартер" аранжмани за размена на стоки и услуги без платежни средства (на пр.: размена на хероин за синтетски дроги), Констатиран е растечки тренд на користење на дел од т.н. „Балкански пат" во кој е вклучена и Република Македонија, за нелегална трговија, не само со традиционалниот хероин, туку во последно време и со сé поголеми количини на кокаин. Како новитет се јавуваат синтетските дроги кои сé повеќе се испраќаат од Холандија како епицентар, назад по Балканскиот пат, на пазарите во Турција. Во суштина, тое е диверзификација на криминални активности во трговијата со дрога и оружје.

Диверзификацијата на турските операции има исто така географски елемент, бидејќи во текот на изминатите неколку години, според сознанијата на Европол, е зголемен фокусот на поставување бизниси во Унгарија која се наоѓа во центарот на Европа и во близина на главните пазари: Германија, Италија и Полска. За ваквата состојба погодува помалку развиената структура за следење и превенција на организираниот криминал, што прави Унгарија да биде исклучително поволно одредиште за турски, албански и кинески групи.

Најновиот Годишен извештај 2011, објавен од страна на Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дроги (ЕМЦДДА)[134], покажува дека употребата на дрога во Европа е на релативно стабилно ниво, со некои позитивни знаци на покачување на употребата на кокаин, додека употреба на канабис кај младите луѓе продолжува да се опаѓа. Меѓутоа стабилноста во употребата на повеќето стандардни дроги е избалансирана со појавата на нови закани. Тоа подразбира

[134] Drugs report15.11.2011: Commissioner Malmström calls for vigilance on synthetic drugs and asks more anti-trafficking efforts , http://www.emcdda.europa.eu/news/2011

зголемена достапност на синтетичките droги, брза појава на пазарот на нови супстанции ("полѕдруг") и широко распространета употреба на повеќе од еден тип на дрога истовремено. Во извештајот станува збор и за зголемениот капацитет и софистицираност на илегалниот пазар на амфетамини, со давање на опис на шемите и трендовите на менување на производството и трговијата на овој широко распространет синтетички стимуланс , истовремено спомнувајќи ги хемиските супстанции кои се користат за негово производство. Амфетаминот се смета за втора најупотребувана стимуланс-дрога во Европа после кокаинот. Сепак, најголемиот дел од вниманието традиционално е фокусирано на хероинот, кокаинот и канабисот. Хероинот продолжува да се споменува како дрога чија употреба во најголем дел се поврзува со болести и смртни случаи во ЕУ. ЕУ-агенцијата за дроги (ЕМЦДДА) проценува дека има над 1,3 милиони редовни корисници на опиоиди во ЕУ. Половината од нив (51%) се под специјален третман. Најновите објавени податоци за состојбите со дрогата во Европа покажуваат дека регуларната употреба на опиоиди е на релативно стабилно ниво.

Криминалот со дрога во нашата земја е зголемен поради реактивирање на "Балканскиот пат" со поголем интензитет од тој во изминатите години. Сé почестата присутност на дрогата и зголемениот број на нејзини корисници во пограничните градови на РМ се индикатор за преземање на мерки во правец на усовршување на методите и средствата за нејзино откривање при нелегално пренесување преку гранични премини и откривање на криумчарските канали. Колку организираноста на органите на прогонот се ослаби, толку се поголеми можностите за појава на нови извори на дистрибуција односно, нови неконтролирани приливи на дрога.

Затворот обезбедува добри можности нарко-криминалците полесно да се поврзат, поради концентрацијата на "експерти" од сите области на организираниот криминал. Постојат јасни докази за непречена меѓусебна размена на знаења и "експертски" информации во затворски услови, како и проширување на мрежите со соработници-криминалци од други области Методите на комуникација им овозможуваат водење на екстерни криминални бизниси. Ваквите сознанија ја потврдија *хипотезата-2 и потхипотезата (2.1)*

Спроведеното истражување покажа дека дрогата најчесто се набавува од дилер, но по предходен договор по мобилен телефон. Доминантен број на испитаници дадоа информации дека тоа го реализираат со предходен договор преку Фацебоок, за да не бидат следени и откриени од полицијата. Истите сознанија за набавка на дрогата на мало, ја потврди и анализта направена кај полициските служби на локално ниво. Сите одговорија дека се користат најнови технологии, Фацебоок и други социјални мрежи за нарачка на дрогата. Со

тоа се потврди *потхипотезата(*2.2) дека предностите кои ги пружа интернетот и информатичката технологија се од голема корист за размена на информации и комуникации помеѓу криминалните структури, а особено за давање на подршка, регрутирање на нови членови, склучување на договори. Е-маил, интернет, Фацебоок и брзите пораки даваат нови можности, брза комуникација и во комбинација со вештини за шифрирање пружаат големи предности и висока безбедност за чување на податоците и нивна размена, особено во поновиот период на криминални активности.

Анализата покажа дека има многу поголем број на мажи кои злоупотребуваат дрога од жени и затоа со научни докази од спроведено истражување се отфрла потхипотеза(2.3) (Гл.И,стр11)., а се прифаќа потхипотеза(2.4.) Од испитаните 246 лица во рамки на истражувањето, 64% од испитаниците, кои беа земени како случаен примерок (рандом самплинг), се од машки пол, а 16% се од женски пол, а сите користат дрога.

Поаѓајќи од определбите на МВР зацртани во неговата стратешка програма, а за целите на истражување на појавните форми на наркокриминал во Р. Македонија, во овој труд се обработени два независни приода (форензички и емпириски) во врска со одредувањето на потеклото на дрогата и нејзиното движење во недозволената трговија со што е реализирана поставената задача и е потврдена последната *хипотеза-3* Со тоа е успеано да се дадат смерници за работа на нашите форензички лаборатории во врска со постапките на одредување на изворното потекло на дрогите како и можностите за откривање на криумчарските мрежи преку идентификација и детерминација на нивните составни конституенти. За таа цел претходно беше потребно да се анализираат состојбите во врска со движењето на дрогите во недозволената трговија кај нас, во период 2006-2011 година, со посебна назнака на анализата на состојбите во врска со нивното криумчарење низ наша територија.

Спроведувањето на стратегиите за борба против криминалот со дрога, засновани на научно верификувани докази, подразбира, подготовка на точни и навремени информации од страна на форензичките лаборатории, кои се сметаат за дел од кривично-правниот систем, за целите на ефикасни и правични кривични истраги и судски процеси. Форензичко-научните информации како дел од истражниот процес, односно дел на оперативна криминалистичка анализа за собирање на разузнавачки информации за стратешки операции, можат да помогнат да се даде одговор на клучни прашања, како на пример: за постоечки врски помеѓу лица, предмети, локации или активности; за идентитетот и квалитетот на

осумничениот материјал; за количината на произведена дрога; за начините и методите на тајно (илегално) производство; за извори на запленета дрога и прекурсори; за појавни трендови на дрогата итн. Целта беше, во што е и успеано, да се најдат допирните точки помеѓу овие два приода со што би се создале услови за брзо откривање на начинот на поврзување на криумчарските мрежи и дистрибуцијата на овие droги до крајните дестинации . Со примена  на стандардизирани постапки за одредување на изворот на дрогите (се мисли на дроги од природно потекло) и за можноста на поврзување на различни примероци дрога во ист криумчарски канал, односно поврзување на примероци од ист извор во различни криумчарски канали, се потврдува дека со усовршување на методите и средствата за откривање на  криумчарски мрежи и спречување на нелегалното пренесување на дрогата преку гранични премини, се придонесува во намалувањето на нејзината присутност, а со тоа и на бројот на корисници во нашата земја. Што се однесува до проблемот во врска со контролата на чистотата на дрогите на нелегалниот "пазар" во РМ, што исто така е стратешка определба на МВР, истата се уште не се прави од страна на ниедна институција во Македонија. Законот на РМ не го регулира ова прашање. Сепак, лабораториите на МВР можат, ако се побара тоа од нив, да направат анализа на чистотата на дрогата за потребите на полициската истрага.

Од сето досега искажано може да се заклучи дека покрај активностите кои до сега се преземени во насока на изготвување стратешки документи кои треба да бидат фундамент за реализирање на активностите на легислативен, институционален и едукативен план, како и на програмите со кои се врши мониторинг на состојбите во врска со наркокриминалот, трговијата со дрога, снабдувањето и побарувачката на дрога, поодделни делови од стратешката политика на МВР, во рамки на Националната стратегија за дрога на РМ, се уште не се целосно реализирани за да може да се каже дека се исполнети условите на национален план.

Отсуството на некои стратешки определби само ги потенцира потребите кои треба да одат во насока на конципирање и усвојување на конзистентна и транспарентна долгорочна политика за дрога. Тоа со други зборови значи, надминување на  постојната состојба и искористување на расположивите потенцијали во насока на ефикасно управување и менаџирање. Меѓутоа, развивањето на конзистентна политика за борба против дрогата е условено, како од интензивирањето на меѓунбародната соработка на ова поле, така и од трендовите во оваа сфера во земјата во последнава деценија.

Од направената анализа и изнесените податоци во докторскиот труд, може да се заклучи дека Република Македонија во голем дел ја има хармонизирано својата стратегија за дрога со стратегијата на Европската Унија

## 9.1. Предлог мерки

1. Полицијата треба да ја развие или интензивира новата улога во заедницата. Да воспостави постојан дијалог со малцинствата кои можат да им служат на целите на откривање на радикализација и регрутирање во тероризмот, како и изолирање на радикални групи и смирување на тензиите во ситуации на криза.

2. Потребно е да се создадат системи за рано предупредување, институции и специјализирани единици за хемиски, биолошки, радиоактивни, нуклеарна напади. Полицијата, треба да развие стратегии и концепти кои ќе овозможат преземање на координирани и итни мерки за заканите кои се динамични и разновидни,

3. Има потреба за уште поголемо зајакнување на разузнавачките активности на локално ниво. Ова значи создавање информатичка мрежа за собирање и анализа на податоците, информациите и сознанијата во рамки на регионалните и локалните полициски станици, особено тие кои се повеќе чувствителни на локални промени,

4. На терен се соочуваме не само  со хиерархиски поставени и високо-структурирани криминални организации, туку е присутно постојано менување и мутирање на конфигурациите и констелациите на криминалните мрежи. Затоа полициските служби треба да располагаат со систем за брзо прибирање,, анализа и размена на информации, со можности за самоиницирање на постапките. Треба да се делува брзо во смисла на искористување на различни извори од затворен или отворен тип, користејќи ги при тоа постарите системи за собирање на информации, и применувајќи најнова технологија. За да се постигне ова и за да се има стандардност во постапките изработен е документ - *"стандардна оперативна постапка за утврдување на дејствувањето на криминална група"*, како дел од идната стратегија за борба против дрога. Документот е изработен по примерот

на прашалниците за пилот остражување на Организацијата за дрога и криминал на Обединетите Нации, за утврдување на структура на криминални групи, но истиот е адаптиран за македонските потреби и за негово воведување во законските акти со цел редовна употреба на терен.

5. Создавање и спроведување на систем за рано предупредување за нови droги на пазарот- стратегиска анализа, проценка на закана и анализа на ризик, според постојните ЕУ регулативи. Стратегиска анализа, проценка на закана и анализа на ризик подразбира создавање на мрежа која ги интегрира националните центри за анализа, прекуграничните центри за координација, регионалните канцеларии и меѓународните центри за размена на информации. Ваквата мрежа всушност треба да претставува еден вид на континуиран (непрекинлив) систем за криминални и терористички предупредувања. Постоечките институции кои имаа континуирана меѓусебна соработка на проблеми поврзани со дрога и криминал со дрога, во целост треба да ги координираат своите активности а понатаму, и со Интерпол, ЕУРОПОЛ и другите меѓународни институции.

6. Улогата и одговорностите на полицијата во борбата против криминалот поврзан со дрога и против терористичките активности, треба да бидат сеопфатни и проактивни, и треба да се дејствува истовремено, на локално, национално и меѓународно ниво.

7. Приоритетите на новата стратегија за дроги, во делот- намалување на снабдувањето со дрога се:

- *Регионално мапирање. О*безбедување на преглед на типовите на нарко-организации кои се најактивни во светот, какви софистицирани криминални нарко-мрежи постојат и како делуваат и нивни криминални активности;
- *Научен приод во анализата*. Анализа на активности т.н. студии на случај, од сите аспекти, со користење на поголем број вариабли (на пр.: инвестиции, перење пари); вклучување на организацијата во легитимен бизнис (во индустрии, недвижности, банкарство, и напредни сектори, како што се интернет и нови технологии); анализа на криминалните услуги што ги дава и користи криминалната организација; како организираниот криминал придонесува за глобалниот ризик;
- *Мапирање на влијанието* на организираниот криминал на клучните глобални трендови (недостаток на ресурси, раст на населението, економска нееднаквост);

- Врз основа на анализите, градење на конкретни *стратегии и стандарди* за делување, применувајќи ги најдобрите практики во светот;
- *Подигање на свеста* за влијанието на организираниот криминал врз популацијата и општеството во целина, преку извештаи, вести, медиумска покриеност и јавна интеракција;
- Осигурување дека политиките промовирани од страна на МВР нема да ги нарушат граѓанските слободи во името на борбата против организираниот криминал.

## ЗАКЛУЧОК

Во овој докторски труд преку разработка на прифатлива методологија за континуирано регистрирање на криминогените појави поврзани со наркокриминалот и следење на влијанието и динамиката на неговиот развој за период 2006-2011 година, направен е обид да се даде одговор на некои прашања од стратешко значење во врска со овој проблем. Истражувањето беше поставено на две основни релации: едната релација е криминалот со дрога-сторители, а другата е временска релација и се однесува на обемот и интензитетот на кривичните дела во врска со дрогата сторени во дефинираниот период. Обработени се сите можни извори на податоци со валидни статистички показатели, во врска со илегалната трговија и снабдувањето и побарувачката на дрога од природно и

синтетско потекло, со истовремено проследување на состојбите околу нивната заплена во посочениот период, на територија на Р. Македонија. Но, за да се следат состојбите со наркокриминалот на наше подрачје, неопходно беше, претходно да се направи преглед и анализа на состојбите на меѓународно ниво, односно еден вид евалуација на овој светски проблем. Со тоа се создадоа услови за добивање на одредени сознанија врз основа на кои се извлекоа заклучоци за патиштата на дрогата, криумчарските канали и фреквенцијата на нејзино движење низ наша територија.

Експанзијата на криминалот со дроги на меѓународно ниво е поттикната од повеќе фактори од кои како позначајни се: постојаниот тренд на поврзување на меѓународната заедница на економски план; зголемување на фреквенцијата на меѓународниот сообраќај на луѓе, стоки и информации; меѓународна трговија; разлики во пристапот кон проблемот меѓу националните законодавства како резултат на различни правни системи. Сите овие фактори оневозможуваат ефикасен пристап на меѓународен план во спречување на криминалот со дрога. Неспорен е фактот дека производството на главните илегални дроги, во светски рамки, е условено од нивното потекло, додека пак, економско-социјалните и политички услови се заедничка причина за состојбите со криминалот со дрога во различни региони во светот.

Феноменот дрога кај нас е истражуван од повеќе аспекти, меѓутоа проблемот во врска со наркокриминалот и неговите појавни форми, почнувајќи од илегалното производство на дрога па сé до начините на нејзина дистрибуција до крајниот корисник не е целосно криминалистички обработен, поточно не е направена една научна синтеза од каде би потекнале одговорите на поголем број прашања во врска со дрогата. Оттука произлегува и неусогласеноста помеѓу значењето на овој проблем и неговата теоретска и практична интерпретација.

Ако се појде од фактот дека Р. Македонија е опкружена со држави во кои егзистира организиран наркокриминал, неспорна е оценката зошто Македонија станува сé поприфатливо транзитно подрачје и погодна средина за развивање на различни организирани форми на криминал. Со други зборови, криминалните активности се диверзифицираат со истовремено користење и на други форми на илегална трговија, со симултано ангажирање во легалниот бизнис. За да може да се развие стратегија за следење

на состојбите со наркокриминалот од значење е, да се располага со аргументирани сознанија за тоа како е тој организиран. Неспорно е дека големи криминални организации ја движат трговијата со дрога. Разоткривањето на нивното работење е основно за запирање на патот на дрогата но, од друга страна, ако организациите се само учесници на слободниот пазар, тогаш, активностите треба да бидат насочени кон самиот пазар.

Класична стратегија за борба против организираниот наркокриминал е придобивање за соработка на пониски криминални структури со цел истите да даваат информации против криминалните шефови од повисоко ниво како би се уништила криминалната организација. Овој начин на развивање на стратегија е корисен таму каде што командната структура е хиерархиски поставена така што значајните информации за водење на криминалните активности се концентрирани во врвот. Но, овој пристап е далеку понеефикасен кога криминалните активности не зависат од ваквата хиерархија. Слично на тоа, развивањето на криминалните мрежи може да се спреч со идентификување на слабите врски во криминалниот ланец на стоки или со насочување кон оние учесници кои се релативно помалку вешти. Организациските карактеристики на криминалните групи кои криумчарат дрога укажуваат на фактот дека тоа не се стабилни организации а хиерархиската поставеност најчесто има комбинирана структура.

Експанзијата на злоупотреба на дрога со тенденција на понатамошен континуиран раст, порастот на бројот на корисници на дрога, големата понуда која се должи на повеќегодишната светска хиперпродукција, се факти кои доволно зборуваат дека Македонија, од традиционално транзитно подрачје, постепено преминува во потрошувачко подрачје. По спроведините истражувања во врска со погоре претпоставената состојба, понуден е модел за идентификување на постоечките типови на шеми и методи на користење на дрогите, и на промените на шемите на злоупотреба на дрогата кај различни групи население во дефинирани временски периоди и подрачја.

Светскиот систем се чини дека е под влијание на одредени комплексни трендови каде што се комбинираат и конфронтираат различни процеси и нивоа и начини на регулирање. Еден од проблемите кои ги посочува геоекономијата на дрогата во глобални размери е тесно поврзан со недостигот од усогласеност меѓу националните и меѓународните регулаторни тела на економските активности. Деведесеттите години од

минатиот век беа обележани со наплив на активности кои се однесуваа на трговијата со нелегални дроги. Производството и дистрибуцијата на нелегалните дроги главно беа преземени од поголемите криминални организации кои имаа голема улога во развојот на пазарите и контролираа големи сектори од трговијата со дрога.

На пазарот на дрога, интервенцијата на службите игра клучна улога во регулирањето на односот помеѓу побарувачката и снабдувањето. Од особено значење беше да се добијат попрецизни сознанија за овие механизми и нивните економски последици во смисла на тоа дека овој дел е воглавно затскриен и недоволно истражен. Дојдовме до заклучок дека истражувањата ќе треба да излезат надвор од границите на локалното (национално) ниво за да може да се согледаат последиците од меѓународната трговија со дрога. Тоа подразбираше проследување на влијанието на илегалната трговијата со дрога врз другите форми на криминал поврзан со неа.

Недозволената трговија со дрога претставува сериозна закана за националната безбедност поради способноста да ги дестабилизира и корумпира владините институции, и да ја намали безбедноста која е од витално значење за интересите на една држава. Со овие истражувања се направи обид да се даде одговор на некои прашања во врска со оваа негативна појава и се посочија одредени смерници за развивање на *стратегија на институционален развој на иницијативи* кои треба да бидат фокусирани на попречување на сите оние сегменти поврзани со нелегалниот пазар на дрога. Со други зборови, се мисли на подобрување на координацијата меѓу службите од една страна и на технолошките подобрувања како одбранбени елементи, од друга страна. Се предлага модел за промоција на координирано спроведување на операции за попречување на транспортот на дрога, со логистика од страна на сите главни коридори за транспорт на истата. Стратегијата има за цел да го наруши синџирот на снабдување со нелегална дрога. Годишните извештаи на УНОДЦ, ЕУРОПОЛ, ЕМЦДДА , покажуваат дека поткопувањето на финансиската инфраструктура на организациите кои се бават со трговија со дрога е едно од најефикасните средства за нарушување на пазарот со дрога. Се мисли на блокирање на нелегалниот пристап до националниот финансиски систем. Шверцот на поголеми суми на пари во кеш од дрога преку нашите граници е појава за која под хитно треба да се почне да се размислува. За да може да се одговори на оваа закана, предлог е, развивањето на

стратегијата за попречување на пазарот со недозволена дрога, да се потпре на искуствата од странските иницијативи и операции за идентификување на случаи каде што странската валута масовно се воведува во локалната економија. Рециклирањето на профитот со дрога има директен ефект врз економијата, вклучувајќи ги директно и финансиските институции. Глобалниот развој на криминалните активности во последните 20 години главно се смета дека е резултат на зголемувањето на можностите донесени од финансиската либерализација и економската глобализација. Ваквата состојба се јавува како резултат на празнината што постои меѓу законите и нивната примена, и како резултат на ограничените средства за контрола и репресија. Со ваквото лимитирање се зголемуваат можностите и начините за перење пари на локално и меѓународно ниво, односно се создава една форма на незаконско работење. Заклучок е дека, додека нелегалната трговија со droги претставува само мал процент од економската активност во споредба со формалната легална економија, перењето на парите од профитот од севкупните незаконски активности контролирани од криминални мрежи, може да влијае на финансиските кризи.

"Придобивките" од потрошувачката на дрога се минливи и се брзо заменети со значителни финансиски оптоварувања на општеството. Без сомнение дека има значителни профити за снабдувачите и трговците со нелегални дроги кои работат на нелегалните пазари. Познато е дека најголемиот дел од приходот генериран од продажбата на дрога останува во земјата-корисник. Повеќе од 90 % од данокот на додадена вредност (бруто профит) од дрога е генериран во фаза на нелегалната трговија и продажба на дрога. Со неколку сеопфатни меѓународни компаративни студии извршено е мерење на трошоците од употреба на дрога. Иако резултатите се разликуваат од земја до земја во зависност од применетата методологија на работа, трошоците од трговија со дрога и злоупотреба на истата, покажуваат дека најголем процент опфаќа идентификуваниот криминал, како спореден ефект од злоупотребата на дрога. Ако се појде од фактот дека злоупотребата на дрога најчесто се јавува кај младите луѓе со старосна граница од 15-35 години, категорија која се смета како активна работна сила, а имајќи го при тоа предвид фактот дека постои висока стапка на невработеност, тогаш, оваа категорија на корисници на дрога, станува општествен проблем. Со други зборови, потрошувачката на недозволената дрога е фактор за ограничување на работната сила, а фрустрацијата предизвикана од неможноста да се најде работа фаворизира додатно консумирање на дрога.

Што се однесува до ценовната еластичност на недозволената дрога, таа се смета за клучно прашање, не само за проценка на економските последици од нејзината злоупотреба, туку и за проценка на влијанието на напорите за пресекување на трговијата со истата. Претпоставка е, дека повисоките цени ја намалуваат потрошувачката. Еластичноста на цената обезбедува информации за степенот до којшто може да се очекува промена на големопродажната и малопродажната цена на наркопазарот, што би влијаело врз побарувачката. Во трудот се разработени одредени сегменти од овој проблем со цел да се види каква е врската помеѓу "учеството" на еластичноста на цената и промената во количеството дрога што се консумира, односно промената на бројот на корисници на дрога како резултат на промена на цените.

.Генерален заклучок е дека, со оваа студија е дадена научна дескрипција на проблемот во врска со наркокриминалот и злоупотребата на дрогата преку анализа на причините за настанатите криминални дејанија поврзани со истата. Гледано од аспект на применливост, создададени се услови за поставување на модел за поефикасно репресивно и превентивно дејствување, односно со други зборови, создадени се услови за примена на стратегија за откривање на криумчарски канали и брза детекција на дрога, спречување на дистрибуција на дрога на илегалниот пазар и структурата на организираните криминални нарко-групи во Р. Македонија.

Од анализата на документите и извештаите од евалуационите постапки како и од препораките на ЕУ фундирани на компилирани извештаи и од информациите од меѓународните и меѓувладини агенции и асоцијации, општ е заклучокот дека процесот на реализација на приоритетите во делот на активностите што се преземаат околу развивањето на стратегијата за ефикасно откривање и спречување на наркокриминалот, се одвива со планирано темпо што позитивно се рефлектира на воспоставувањето на политиката на импликација на ЕУ-стандардите во овој сегмент-услов за влез на РМ во ЕУ.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Албанесе, Ј. С., "*Тхе Предицтион анд Цонтрол оф Организед Цриме: Риск Ассессмент*

2. *Инструмент фор Таргетинг Лањ Енфорцемент Еффортс",* 2002

3. Алварез, Ј., Белло, П.-S., Фаасен, И., ет ал., Емергинг друг пхеномена: а Еуропеан мануал он еарлs информатион фунцтион оф емергинг друг пхеномена, ОФДТ, Парис, 2003

4. Алсема, А. "Аллегед Цаљуетá цартел босс киллед ин Спаин". Цоломбиа Репортс, (1/12/2009) хттп://цоломбиарепортс.цом/цоломбиа-нењс/нењс/2520-аллегед-босс-оф-тхе-цаљуета-цартел-киллед-ин-спаин.хтмл.

5. Антонио М. Цоста, " *Афгханистан Њинтер Ассессмент :Јануарs 2009",* УНОДЦ, 2010

6. ББЦ Нењс. 2009, "УС план то цомбат Меџицо другс".

7. Босеc, Р., Њригхт Е., " Другс Монеs Линкед то Косово Ребелс," *Тхе Тимес оф Лондон*,

8. Брамлеs-Харкер, Е., "*Сизинг тхе УК Маркет фор Иллицит Другс"* (РДС Оццасионал Папер. Но. 74), Лондон, Хоме Оффице, 2001.;

**9.** Бригхт, Д.А. анд Риттер, А., *'Ретаил прице ас ан оутцоме меасуре фор тхе еффецтивенесс оф друг лањ енфорцемент',* Интернатионал Јоурнал оф Друг Полицs 21(5), 2010 пп. 359-63, аваилабле онлине (дата аццессед он 18 Јануарs 2010).

10. Њенрајт,Р.. ,"Органисед цриме Репорт ин ЕУ", ЕУРОПОЛ, 2011

11. Њилкинс Ц., Реиллs Ј., Росе Е., ет ал., "*Тхе Социо-Ецономиц Импацт оф Ампхетамине Тsпе Стимулантс ин Нењ Зеаланд"* Финал Репорт, Центре фор Социал анд Хеалтх Оутцомес Ресеарцх анд Евалуатион, Массеs Университs, Ауцкланд, Септембер 2004;

12. Њорлд Цустомс Организатион, Цустомс анд Другс Репорт 2008, Брусселс, Јуне 2009.

13. Гоудие, А. Ј., ет ал., *'Тхе еффецтс оф прице анд перцеивед љуалитѕ он тхе бехавиоурал ецономицс оф алцохол, ампхетамине, цаннабис,цоцаине, анд ецстасѕ пурцхасес'*, Друг анд Алцохол Депенденце 89, 2007, пп. 107–115

14. Гретцхен, П., "*Сеедс оф Террор: Хоњ Хероин ис Банкроллинг тхе Талибан анд ал Љаеда"*, Ст. Мартин'с Пресс, Нењ Ѕорк, 2009

15. ДЕА Хисторѕ "Хисторѕ оф ДЕА Оператионс".. У.С. ДЕА. хттп://њњњ.усдој.гов/деа/пубс/хисторѕ/хисторѕ_парт2.пдф. Ретриевед 2008-09-21.

16. Департмент оф Политицал Сциенце ФСС МУ, Фацултѕ оф Социал Студиес Масарѕк Университѕ, "Организед Цриме ин тхеЊестерн Балканс", Брно, Цзецх Републиц

17. Десертионс (Упдате1), "ФАРЦ Ис а 'Папер Тигер' Афтер Оффенсиве". Блоомберг. Оцт. 29, 2008. Аваилабле онлине ат: хттп://њњњ.блоомберг.цом/аппс/нењс?пид=20601086&сид =аЦсН3џсЅНИ0М&рефер=латин_америц

18. Дицкие, Ј., "*Цоса Ностра – А хисторѕ оф тхе Сицилиан Мафиа"*, Цоронет Боокс, 2004.

19. Другс репорт15.11.2011*: Цоммиссионер Малмстрӧм цаллс фор вигиланце он сѕнтхетиц другс анд аскс море анти-траффицкинг еффортс* , хттп://њњњ.емцдда.еуропа.еу/нењс/2011

20. Еисенбацх-Стангл, И., Москалењицз, Ј.,(Едс), "*Тњо Њорлдс оф Друг Цонсумптион ин Лате Модерн Социетиес"*, Фарнхам (УК), Асхгате, 2009.

21. Еуропеан Мониторинг Центре фор Друг анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА), Аннуал Репорт, 2009

22. ЕМЦДДА а пилот пројецт он лоцал друг маркетс (1999-2000); Аннуал репорт 2008. хттп://њњњ.емцдда.еуропа.еу/хтмл.цфм/индеџ67895ЕН.хтмл, Друг аваилабилитѕ анд маркетс: сеизурес, прице анд пуритѕ

23. ЕМЦДДА Мануалс (2010), *Гуиделинес фор цоллецтинг дата он ретаил друг прицес ин Еуропе: иссуес анд цхалленгес*, ЕМЦДДА, Лисбон, 2010, пп. 31-34

24. ЕУ Оорганисед Цриме Тхреат Ассессмент оцта 2011, о2 – ЕУРОПОЛ, Аналѕсис & Кноњледге, Тхе Хагуе, 28/04/11, Филе но. 2530-274

25. Еванс,И., Нелсон,Б., "*Национал Хероин Сигнатуре Програм"* (постер), 16ТХ Аустралиан анд Нењ Зеаланд Форенсиц Сциенце Социетѕжс Интернационал Сѕмпосиум он тхе Форенсиц Сциенцес, Цамберра, 13-17 Маѕ, 2002

26. Еуропеан Мониторинг Центре фор Друг анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА), "Еуропол аналѕсис оф тхе цоцаине маркет", Април, 2010

27. Еуропеан Мониторинг Центре фор Другс анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА), Пилот студѕ он њхолесале друг прицес ин Еуропе, Лисбон, 2011

28. Еуропеан Мониторинг Центре фор Другс анд Друг Аддицтион (*ЕМЦДДА), Тхе 1ст анд 2нд Еџперт Меетингс он њхолесале друг прицес ин Еуропе,* 19–20 Маѕ 2009 анд 28–29 Јуне 2010).

29. Еуропеан Мониторинг Центре фор Другс анд Друг Аддицтион(ЕМЦДДА),"Тхе Стате оф тхе Другс Проблем ин Еуропе", Аннуал Репорт 2008, ЕУ, 2008

30. Еуропеан Мониторинг Центер фор Другс анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА), "*Друг ситуатион ин Еуропе: Друг-релатед инфецтиоус дисеасес анд друг-релатед деатхс"ЕУ*, Новембер 2009.

31. Еуропеан Мониторинг Центре фор Друг анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА)/, "Цоцаине: А Еуропеан Унион перспецтиве ин тхе глобал контеџт", Еуропол, Април, 2010

32. Еуропеан Мониторинг Центре фор Друг анд Друг Аддицтион (ЕМЦДДА), БЗП анд отхер пиперазинес. *(сее ттп://њњњ.емцдда.еуропа.еу/публицатионс/друг-профилес/бзп)*, ретриевед 8 Април 2010.

33. Закон за прекурзори (Службен весник на РМ бр. 37/04

34. Закон за производство и промет со опојни дроги (Службен весник бр.13/91)

35. Интернатионал Лабораторѕ Аццредитатион Цооператион, *Гуиделинес фор Форенсиц Сциенце Лабораториес,* ИЛАЦ-Г19:2002

36. Интернатионал Нарцотицс Цонтрол Стратегѕ Репорт (ИНЦСР), Тхе Департмент оф Стат’с, подготвен во согласност со ФАЦ (Фореигн Ассистанце Ацт) чл. 489 од 1961

37. Интернатионал Нарцотицс Цонтрол Стратегѕ Репорт (ИНЦСР), УН Стате Департмент оф Стате, Буреау фор Интернатионал Нарцотицс анд Лањ Енфорцемент Аффеарс, 1995, п. 367

38. Интернатионал Нарцотицс Цонтрол Боард (ИНЦБ), 2011

39. Интернатионал Нарцотицс Цонтрол Боард ИНЦБ, "*Прецурсорс анд цхемицалс усед ин тхе иллицит мануфацтуре оф нарцотиц другс анд псѕцхотропиц субстанцес",* Унитед Натионс публицатион Салес Но. Е.10.ЦИ.4, 2009

40. Интернатионал Организатион фор Стандардизатион/Интернатионал Електротецхницал Цоммиссион, ИСО/ИЕЦ 17025:2005 *Генерал Рељуирементс фор Цомпетенце оф Тестинг анд Цалибратион Лабораториес.*

41. Јане's Интеллигенце Репорт, 2007

42. Јохнсон, Б. Д. анд Голуб, А., *'Тхе потентиал фор аццурателѕ меасуринг бехавиоурал анд ецономиц димерсионс оф цонсумптион, прицес, анд маркетс фор иллегал другс'*, Друг анд Алцохол Депенденце 90 (Супп. 1), С16–С26.) , 2007

43. Камал Матинуддин, *Тхе Талибан Пхеноменон* (Карацхи: Оџфорд Университѕ Пресс, 1999

44. Карцх, С.Б., "*Патхологѕ оф Друг Абусе*", *ЦРС Пресс*, Боца Ратон, Флорида, 2002

45. ЛаМонд Туллис, *"Иллегал другс ин нине цоунтриес!социоецономиц анд политицал цонсељуенцес",* репорт препаред фор УНРИСД анд тхе Унитед Натионс Университѕ, публисхед ас Унинтендед Цонсељуенцес; Иллегал Другс анд Друг Полициес ин Нине Цоунтриес, (Боулдер: Лѕнне Риеннер, 1995, п.142.)

46. Ла Репубблица, "Цоца, Цоломбиани & 'Ндрангхета", 23 Марцх, 1995.

47. Лос Зетас: тхе Рутхлесс Армѕ Спањнед бѕ а Меџицан Друг Цартел, *"Меџицан Цартелс анд тхе Фаллоут фром Пхоенџ".* 2011-03-28.

48. Лѕман, М.Д., Гарѕ Њ. П.,"Организед Цриме", *Пеарсон Едуцатион Инц.,Прентице Халл, 2007*

49. Маритиме Аналѕсис Оператион Центре (МАОЦ(Н), Статистицал Аналѕсис Репорт, Лисбон 2009.

50. Махмут, Ц., *"Туркисх организед цриме",* Тхе Унитед Статес ис ундермининг итс оњн сецуритѕ ѓ Статесман.цом ѓ Оцтобер 25, 2008

51. МцЛеллан, А. Т., Кусхнер, Х., Метзгер, Д., ет ал., '*Тхе фифтх едитион оф тхе Аддицтион Северитѕ Индеџ'*, Јоурнал оф Субстанце Абусе Треатмент 9 (3), 1992, пп. 1999–1213

52. Национална стратегија за дроги на Република Македонија (2006_2012), Министерство за здравство, Биро за лекови, Република Македонија, 2007

53. Нетхерландс Сциентифиц Ресеарцх анд Доцументатион Центре, Министрѕ оф Јустице меетинг њитх УНОДЦ, Фебруарѕ 2004

54. Нордал, А., Буллетин он нарцотицс, 1-3, 1956

55. О΄Роурке, Бреффни, "Еуропе: Цоунцил оф Еуропе Репорт Casc Организед Цриме Посес Тхреат то Демоцрацс", Радио Фрее Еуропе. Радио Либертѕ, 26 Јануарѕ 2005. Аваилабле онлине ат: хттп://њњњ.рферл.орг/феатуресартицле/2005/01/ф7753263-8ц4ф-4ф41-9бфа-д3б2фф06цдфе.хтмл

56. Оффице оф Натионал друг Цонтрол Полицѕ, УН, "Натионал друг цонтрол стратегѕ", 2006

57. Оффице оф Натионал Друг Цонтрол Полицѕ, "*Њхат Америца'с Усерс Спенд он Иллицит Другс", 1988-2000*, Њасхингтон, ДЦ., 2001

58. Оффице оф Натионал друг Цонтрол Полицѕ, УС Стате Департмент, Буреау фор Интернатионал Нарцотицс анд Лањ Енфорцемент Аффаирс, Интернатионал Нарцотицс Стратегѕ Репорт, Вол. И, Марцх 2009.

59. Прентице, Е.А., "Косово ис Мафиа'с 'хероин гатењаѕ то Њест", *Тхе Лондон Тимес*, 24 Јулѕ, 1999

60. Реутер, П. анд Цаулкинс, Ј. П. , *'Иллегал "лемонс": прице дисперсион ин цоцаине анд хероин маркетс'*, Буллетин он Нарцотицс ЛВИ (1–2), 2004, пп. 141–165

61. Саверио, Л., "*Трент'Анни ди Мафиа*" Сагги, Библиотеца Универсале Риззоли, 2006;

62. Савона, Е.У, "Мафиа Монеѕ Лаундеринг версус Италиан Легислатион", *Еуропеан Јоурнал он Цриминал Полицѕ анд Ресеарцх*, Септ. 1993

63. Синглетон, Н., Мурраѕ, Р. Анд Тинслеѕ, Л. (Едс), "*Меасуринг Дифферент Аспецтс оф Проблем руг Усе:Метходологицал Девелопментс",* Онлине Репорт 16/06), Лондон: Хоме Оффице.2006

64. Службен весник на Република Македонија; бр. 35/96.)

65. Смитх, Ф., "Лаундеред Другс Цасх Феедс а Спанисх Сициլѕ", *Тхе Обсервер*, 17 Април 1994, пп. 18.

66. Тодоровски, Љ., "*Понови форензички приоди во истржувањето на појавните облици на наркокриминалот во Република Македонија со посебен осврт на дрогите од природно потекло во периодот 1997-2007*", магистерски труд, Факултет за безбедност,Универзитет "Св. Климент Охридски" , Скопје, јуни, 2009 година

67. Туллѕ, А., " Тхе Инсиде Сторѕ ",ЦИА ,Нењ Ѕорк: Њиллиам Морроњ, 1962, п. 197

68. Тхе Нењ Ѕорк Тимес, "24 Топ Мафиа Фигурес Гет Лифе Сентенцес ин Сицилѕ", 27 Септ.1997

69. Тхе Ригхт Сиде Нењс, "Меџицан Друг Цартелс Форминг Аллианцес њитх Америцан Стреет Гангс", Јуне 15, 2008.

70. Унитиед Натионс Дивисион оф Нарцотиц Другс, "Рецомендед Метходс фор Тестинг Цаннабис", (УН Маннуал), Виенна, 7, 1987

71. Унитед Натионс Дивисион оф Нарцотиц Другс, "Рецомендед Метходс фор Тестинг Цоцаине", (УН Маннуал), Виенна, 7, 2005

72. Унитед Натионс Генерал Ассемблѕ, Фифтѕ-нинтх сессион (А/59/2005), "Ин ларгер фреедом: тоњардс девелопмент, сецуритѕ анд хуман ригхтс фор алл", Репорт оф тхе Сецретарѕ-Генерал, 2005, п. 27

73. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), Гуиделинес фор Љуалитѕ Ассуранце анд Гоод Лабораторѕ Працтицес, СТ/НАР/25, 1995

74. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), "Глобал программе агаинст транснатионал организед цриме", Ресултс оф а пилот сурвеѕ оф фортѕ селецтед организед цриминал гроупс ин сиџтеен цоунтриес,Септембер 2002

75. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ) "Рецомендед метходс фор тестинг опиум, морпхине анд хероин" (УН Маннуалќ,Виенна, 6, 2005

76. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), "*Ессентиал Оилс Рицх ин Сафроле, Сурвеѕ оф Продуцтион, Траде, анд Усе ин Еаст анд Соутх-Еаст Асиа",*Репорт, 2006.

77. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ) "Њорлд Друг Репорт, Унитед Натионс, 2007

78. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), "Цриме анд итс импацт он тхе Балканс", Унитед Натионс, 2008

79. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), Њорлд Друг Репорт , Унитед Натионс, 2008

80. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), Афгханистан цоунтрѕ оффице, "*Аналѕсис оф Опиате анд Прецурсор Сеизурес ин Афгханистан ин 2008", Њорлд Друг Репорт*, 2009, пп 13,37

81. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), "*Аддицтион, цриме анд инсургенцꙗ: тхе транснатионал тхреат оф Афгхан опиум"УН,* 2009

82. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), "*Паттернс анд Трендс оф Ампхетамине-Тѕпе Стимулантс анд Отхер Другс ин Еаст анд Соутх-Еаст Асиа (анд неигхбоуринг регионс)"*, Новембер 2009, пп 86-91

83. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), Сериоус Органисед Цриме Агенцꙗ, "*Тхе Унитед Кингдом Тхреат Ассессмент оф Организед Цриме"*,УН, Оцтобер 2009, п.26

84. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ) анд Говернмент оф Цоломбиа, "Цоломбиа Цоца Цултиватион Сурвеѕ", Богота, Јуне 2009

85. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ) , Њорлд Друг Репорт, 2010 Аваилабле онлине ат: *њњњ.унодц.орг / ЊДР*

86. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ), С/ПРСТ/4, 2010

87. Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме (УНОДЦ),Њорлд Друг Репорт 2011 Аваилабле онлине ат: хттп://њњњ.унодц.орг/унодц/ен/дата-анд-аналѕсис/ЊДР-2011.хтмл

88. Унитед Натионс Публицатион Салес Но. Е.10.ЏИ.13, Унитед Натионс Оффице он Другс анд Цриме , 2008

89. Унитед Натионс Цоммиссион он Нарцотиц Другс, *Импровинг тхе љуалитѕ анд перформанце оф друг тестинг лабораториес,* Ресолутион 50/4, 2007

90. Унитед Натионс Цоммиссион он Нарцотиц Другс, "Политицал Децларатион анд План оф Ацтион он Интернатионал Цооператион тоњардс ан Интегратед анд Баланцед Стратегѕ то Цоунтер тхе Њорлд Друг Проблем", Репорт он тхе фифтѕ-сецонд сессион (14 Марцх 2008 анд 11-20 Марцх 2009), Е/2009/28; Е/н.7/2009/12, пп. 37-77

91. УНДЦП, "Друг Импуритѕ Профилинг", (Маннуал), УН, 2001

92. Фалцоне,Г., Падовани, М. ‘*Цосе ди Цоса Ностра*’ Библиотеца Универсале Риззоли, Тиме Магазине "*Бустинг а пизза цоннецтион*" 23 Април 1991.

93. Федератион оф Американ Сциентистс, Интеллигенце Ресоурце Програм, *"Нењ Ирисх Републицан Армѕ(НИРА*)", Реал ИРА, Óглаигх на хÉиреанн (Волунтеерс оф Ireland)." хттп://њњњ.фас.орг/ирп/њорлд/пара/нира

94. Финал Репорт фор тхе Оффице оф тхе Специал Цоординатор оф тхе Стабилитѕ Пацт фор СЕЕ, "*Тхе Цонтрибутион оф Дата Еџцханге Сѕстемс то тхе Фигхт агаинст Организед Цриме ин тхе СЕЕ Цоунтриес"* п п.332.

95. Фисхер, Б.А.Ј., "Тецхниљуес оф Цриме Сцене Инвестигатион (Иллицит Другс анд Тоџицологѕ)", *ЦРС Пресс*, Боца Ратон, Флорида, 2004

96. Фриес, А., Р. Антхонѕ, "Емпирицал моделлинг оф нарцотицс траффицкинг фром фарм гате то стреет" (Иллицит Друг Маркетс), УНОДЦ, Буллетин он Нарцотицс, Вол. ЛВИ. Нос.1 анд 2, 2004, пп.1-48.

97. ХЕУНИ, *Цриминал Јустице Сѕстемс ин Еуропе анд Нортх Америца*, Финланд, 2001.

98. Хигх-левел Панел он Тхреатс, Цхалленгес анд Цханге, "А море сецурењорлд: Оур схаред
респонсибилитѕ", Унитед Натионс.2004, п.53.

99. Хорсњелл, Ј., "Тхе Працтице оф Цриме Сцене Инвестигатион (Друг Оператионс)", *ЦРС Пресс*, Боца Ратон, Флорида, 2004

100. Хорсњелл, Ј., "Тхе Працтице оф Цриме Сцене Инвестигатион (Цландестине Друг Лабораторѕ Инвестигатион)", *ЦРС Пресс*, Боца Ратон, Флорида, 2004

101. Цалифорниа Цхроницле., "Меџицан Друг цартелс террор реацхес Алабама". хттп://њњњ.калифорниацхроницле.цом

102. ЦАРПО Регионален проект, "Ажуриран ситуациски извештај за 2006 за организиран и економски криминал во ЈИЕ", Совет на Европа (Европска Комисија), Стразбур, 2007, (македонска верзија-РС-ТС, 2007,6)

103. Цаулкинс,Ј.П., Гурга,Б. анд Литтле,Ц., *"Ецономиц аналѕсис оф друг трансацтион цѕцлес десцрибед бѕ инцарцератед УК друг деалер", Глобал Цриме, 10(1), 2009, пп. 94–112.*

104. Цоста, А.М., "Опиум Ецономѕ ин Афгханистан", Јануарѕ 2003

105. Цуннингхам, Ј. К., Лиу Л., анд Цаллагхан, Р., "*Импацт оф УС анд Цанадиан прецурсор регулатион он метхампхетамине пуритѕ ин тхе Унитед Статес,*" Аддицтион, 104 (4), 2009, пп. 441–453,

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

106. хттпс://њњњ.еуропол.еу/цонтент/пресс/еуропол-дирецтор-2012

107. хттп://њњњ.совекосово.орг/дефаулт.асп?п=4&леадер=0&Сп=42

108. хттп://њњњ.емцдда.еуропа.еу/статс11/ппп
109. хттп://ен.њикипедиа.орг/њики/Цаннабис
110. хттп://нормл.орг/маријуана/персонал/итем/интродуцтион-4
111. хттп://њњњ.ероњид.орг/плантс/цаннабис/цаннабис_басицс.схтмл
112. хттп://ен.њикипедиа.орг/њики/Цаннабис_(друг)
113. хттп://ен.њикипедиа.орг/њики/Иллегал_друг_траде/Иллегал друг траде, Цаннабис
114. хттп://њњњ.емцдда.еуропа.еу/нењс/2011/13

# P R I L O Z I

ПРИЛОГ 1.

# ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ СО ДРОГА, ОРГАНИЗИРАНИ НАРКОГРУПИ И КРИМИНАЛНИ МРЕЖИ

(ВРСКА : ГЛАВА 2, 3 )

## Најкарактеристични случаи на заплена на дрога на територија на Република Македонија во анализираниот период, периодот на имплементација на Националната стратегија за дрога.

### ОПЕРАЦИЈА БОСФОР

Единиците на Министерството за внатрешни работи во содејство со Царинската управа на Република Македонија, во одреден временски период реализираа комплексна и системска меѓународна заедничка операција „Босфор" за прекинување на разработена рута на нелегална трговија со хероин. Операцијата се изведуваше во неколку фази во соработка со Турската служба за борба против дрога и ДЕА. Беа применети посебни истражни техники како следење на комуникациите и инфилтрирање во групата, прикриени агенти од службата за борба против организиран криминал, за добивање на сознанија за намерите, временските рамки, начините на транспорт, местата каде ќе се врши претовар на дрогата, складирање. Полицијата во една фаза вклучи и фиктивен купувач и контролиран транспорт.

Заедничко за сите фази на операцијата Босфор е дека дрогата од Турција преку Македонија треба била наменета за западно Евроските земји, како крајна дестинација. Заедничко е и тоа дека дрогата во сите фази се пренесувала со товарно моторно возило во збирна мешовита стока.

Пакувањето, пропратната „стока" за прикривање на дрогата, локациите и местата на заплена се разликуваат (слики Анекс 4) имено:

- Во една од фазите на операцијата, запленет е хероин во полиетиленски проѕирни пакувања, долги 120 сантиметри, широки 60 сантиметри и дебели 10-тина милиметри, за разлика од досегашните карактеристични пресувани форми на хероин во облик препознатлив како „цигли" .

Во овој случај проѕирните полиетиленските пакувања со хероин се криеле во вреќи со ролни од платно за завеси,

- Во друга фаза од Операцијата, хероин е запленет на паркинг кај супермеркет во скопската населба Чаир, повторно во полиетиленски проѕирни пакувања. Дрога била скриена во текстилна стока и натоварена во камион чија крајна дестинација била Гостивар. Плашејќи се да не падне во рацете на полицијата, турските наркодилери пакувањата дрога ги обвиткале со индиго за да го спречат нејзиното откривање на рендген и ги премачкале со маст, која мирисала на ментол за да ги збунат полициските кучиња, односно примениле софистицирани методи за прикривање на мирисот, но и можноста за откривање, имајќи предвид дека граничните премини на Република Македонија се

опремени со софистицирани техники и скенери. Тоа зборува и за информираност на криминалните организации за техничките капацитети на полициските органи и избегнување да бидат откриени, со примена на контра мерки на заштита . Хероинот кој е запленет во Гостивар, бил натоварен во Турција, а преку Меџитлија (граничен премин со Грција) требало да стаса во Косово.

- Во трета фаза на Операцијата запленет е хероин бил складирал во домот село Љуботен, Скопје. Со ова се потврдуваат сознанијата за тактиките на криминалните групи за складирање, а потоа препакување на хероинот, пред неговата дистрибуција до крајните одредишта.

-Во следна фаза на операцијата Босфор, запленети се количини на хероин (74 килограми) во координирана акција на полициските служби од регионот и ДЕА со седиште во Атина, Грција. Заплената е на територија на Грција, уапсени се државјани на Турција и на Србија во камион со скопски регистарски таблички. Со ова се потврдуваат и тезитекои предходно беа истакнати во однос на разгранувањата на правците на транспор на хероинот и соработката помеѓу криминалните групи.

Во рамки на операција „БОСФОР 9" беше пресечен меѓународен канал на недозволена трговија со хероин на релација Р.Турција – Р.Грција - Р.Македонија наменет за домашниот, Македонскиот нарко пазар. Врз основа на претходно добиени оперативни сознанија и преземени координирани мерки и активности на 09.02.2012 година, околу полноќ, на влез во Р.Македонија на граничниот премин „Богородица", сопрено е ПМВ„Опел Астра" со скопски ознаки, сопственост и управувано од с.Арачиново, Скопје. При извршен детален преглед на возилото, во внатрешноста (во долниот дел) на акумулаторот на возилото пронајдена е црна најлонска кеса во која имало кафеава прашкаста материја, за кои со вештачење во Одделот за криминалистичка техника на МВР, е утврдено дека се работи за вкупна маса од 1 кг. 950 гр. хероин.

На 10.02.2012 година во содејство и соработка со Турската служба за борба против дрога, МВР на Р.Грција, Царинската управа на Р.Македонија, а во координација со СЕЛЕЦ Центарот, МВР спроведе меѓународна заедничка операција „Босфор 10", при што е пресечен меѓународен канал за недозволена трговија со наркотична дрога хероин на релација од Р.Турција – Р.Грција - Р.Македонија – Р.Албанија - западно европски земји, која се превезувала со товарно комбе во збирна мешовита стока, при што во операцијата запленети се вкупно 20кг. 400гр. хероин. При извршениот претрес на пакетите во внатрешниот дел на масите, кои биле дел од мешовитата стока која се превезувала, спакуван во две проѕирни најлонски кеси откриен е 20 кг. 400 гр. хероин. Дел од дрогата е запленета и задржана во Турција, а другиот дел од дрогата е запленета и задржана во Република Македонија.
Лицето кој го извршувало дејствието е добро познат на службите за борба против недозволена трговија со дроги и истиот во минатото има издржувано повеќе годишна затворска казна за сторено кривично дело во врска со недозволена трговија со дроги и поседување на поголема сума фалсификувани банкноти.
Нарачател на дрогата е лице од Сува река, Косово, организатор на транспортоте лице од Скопје, Македонија и лица од Р.Турција се испраќачи на пратката со хероин.

Турскиот организирани криминални групи обично се хиерархиски и хомогени, но со текот на годините тие се формирале некои трајни партнерства со други организирани криминални групи во Европа. Голем број Турци кои се вклучени во трговијата со дрога во Европа долги години живеат во нивните земји-домаќини, што им помага во развивање на врски со не-турски организирани криминални групи, како и активности во други области на криминал не само дрога. Во оваа смисла, соработката меѓу турски и албански групи особено се покажа корисна во искористувањето на големи сегменти на европскиот пазар, во многу различни полиња на нелегален бизнис.

Во десетте досегашни продолженија на операцијата „Босфор" запленети се над 362кг чист хероин кој на западноевропските пазари вреди над 15.500.000 евра.

Со ова се потврдува Научна хипотеза базирана на обсервација на ЕУРОПОЛ- Проширување (експанзија) на Западен Балкан како транзитен и логистички центар

ОПЕРАЦИЈА ТРАНЗИТ

Рекордно количество дрога беше запленета на граничниот премин Блаце кога беше прекинат шверцерски синџир од Јужна Америка кон Европската ѕнија. Полицијата заплени кокаин тежок речиси половина тон, чија вредност се проценува на близу 100 милиони евра. Дополнителни 45 килограми кокаин се пронајдени во кантите со поликолор што беа запленети во македонски шлепер на границата со Косово.

Акцијата беше реализирана токму за големиот празник Божик. Со помош на скенер било утврдено дека во 68 од вкупно 882 канти акрилна боја биле скриени 389 пакетчиња прашкеста материја, тешки по 1,1 килограм и сто грама или вкупно околу 430 килограми.

Дрогата потекнувала од Венецуела и откако пристигнала на пристаништето во Бар, Црна Гора, била префрлена во шлепер. Камионот без проблеми поминал низ Црна Гора и низ Косово, но не ја поминала последната пречка пред крајната дестинација во Грција. Кокаинот бил директно купен од производителот и вреди десетици милиони евра. Вредноста на запленетата дрога се движи помеѓу 46 и 92 милиона евра, но со разредување со цел зголемување на волуменот, цената што би ја земале дилерите би била околу 92 милиона евра.




**Слика 1 : Почеток на транспортот на кокаинската пратка**

Полициски извори велатдека дрогата, најверојатно била спакувана уште во Венецуела, а дека новогодишните и божикните празници биле искористени за претовар во Бар. Шверцерите сметале дека за празничните денови вниманието на полицијата и на царината со сигурност е послабо од вообичаеното, во тој период.

Едното од уапсените лица има двојно државјанство (македонско и на Р.Србија), а другото лице е со државјанство на, исто така, земја од соседството. Станува збор за вмешаност на криминалните структури од неколку земји во регионот.









**Слика 2: Венецуела почетна дестинација за транспортот на кокаинската пратка**

Бродот **Царго схипмент "Сузана**" натоварен со кокаин го започнал своето движење на 15.11.2006 год.од Порт Ла Гуаира Царацас – Венезуела. Потоа бил претоварен во пристаништето во Шпанија.







**Слика 3: Пристигнување на кокаинската пратка во Шпанија**

Од пристаништето тхе Порт Малагаа – Спаин контејнерот со кокаин бил трансвериран на бродот "Карстен".




**Слика 4: Претовар на кокаинската пратка во Шпанија во нов брод со дестинација Италија**

Од Шпанија, бродот бил упатен кон Италијанското пристаниште "Гиоиа Тауро" во регионот Калабрија.




**Слика 5: Пристигнување на кокаинската пратка во јужна Италија**

Од пристаништето од Италија кокаинот е префрлен во бродот „Мали Лошињ"




**Слика 6: Претовар на кокаинската пратка во јужна Италија во друг брод и насочување кон Црна Гора**

Од пристаништето "Гиоиа Тауро" бродот "Лосинј" бил упатен до пристаништето Бар во Црна Гора.




**Слика 7: Претовар на кокаинската пратка во Црна Гора во камион и упатување кон Косово и Република Македонија**

Од пристаништето Бар, на 04.01.2007, контејнерот е превземен од камион на компанијата "Саранда Абаз" и се упатил кон Косово. На 06.01.2007 камионот пристигнал на граничниот премин Блаце, Македонија.




На 07.01.2007 завреме на царинскатаконтрола на камионот утврдено е дека камионот кој припаѓа на компанијата “Saranda Abaz” носи 486kg кокаин. Според документацијата финална дестинација бил Солун, Грција



**Слика 8: Кокаинската пратка од Република Македонија била наменета за пазарите во Грција**

Со ова уште еднаш се потврдува Научна хипотеза базирана на обсервација на ЕУРОПОЛ-проширување (експанзија) на Западен Балкан како транзитен и логистички центар.

Оваа заплена во почетокот на 2007 год даде и светло во размислување и во други правци, имено сознанијата и спроведените полициски акции потврдуваат за состојби во кои се промовира размена на дрога и оружје во западна Европа и тоа помеѓу криминлните групи и терористичките организации какошто се на пример ИРА[135] и ЕТА[136]. Важно е да се истакне вклученоста на Балканот во овие активности. Иако врските помеѓу ИРА и ФАРЦ[137] не вклучуваат вообичаено директна размена на наркотици за оружје, потврдени се трансакциите помеѓу овие две страни. Главниот приход на ФАРЦ потекнува од продажбата на наркотици, а докажана е исплатата на ИРА во наркотици на нелегалните трговци со оружје од Хрватска (Балканска мрежа) со што се демонстрира дека во размена ИРА прифаќа да добие наркотици од ФАРЦ. Доказите на полициските служби силно неведуваатна тоа дека ИРА е вклучена во комплексната поврзаност во трговијата со оружје и дрога што ја сочинуваат криминалните групи на Европа и нарко-терориститеод Латинска Америка. Според ова сценарио движењето на наркотици од Латинска Америка до Европа, се поврзува со исплата на ИРА со дрога. Комплексноста на овие нелегални движења се зголемува и со размената на оружје од хрватските криумчарски канали до ИРА и обратно

Како прилог за поткрепа на овие сознанија и тези на разни аналитичари од ЕУ е фактот што бродот кој го транспортирал кокаинот е хрватски „мали Лошињ".

Операција "Д И Р И Г Е Н Т"- Улична продажба на дроги




Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР на РМ, работејќи на полето за спречување на недозволена трговија со наркотични дроги и транспорт на истите, согласно добиените оперативните сознанија и добиени информации, својата криминална истрага ја насочи кон лица - организатори, посредници, продавачи како и други членови на организирана криминална група, кои подолг временски период се инволвирани во недозволена трговија со наркотична дрога хероин на територијата на Република Македонија, Германија и Австрија. Добиените информативни сознанија зборуваа за постоење на организирана криминална група предводена од лица од Скопје и

---

[135] Irish Republican Army (IRA) Ирска Републиканска Армија
[136] Basque Fatherland and Liberty (ETA)
[137] Revolutionary Armed Forces of Colombia (Spanish initialism FARC)

од Велес, од македонска националост, кои регрутираат помлади лица - македонски државјани и истите ги испраќаат во Франкфурт - Германија и Виена - Австрија со цел да вршат улична продажба на наркотична дрога хероин. Спроведените истражни мерки планирани, координирани, организирани и спреведениод страна на Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, во соработка со федералните криминални полиции на Германија и на Австрија, ги потврдија добиените сознанија, а истовремено и по обработката на структурата на групата, поврзаноста, организираноста, соработката со други криминални групи и криминални мрежи во Република Македонија, но и од странство, начинот на дејствување на криминалната група, начинот на регрутирање на нови членови, утврдија и дека: криминалната група се одликува со голем степен на организираност, поделеност на обврските, зададените задачи, нивното извршување како и улогата на сите инволвирани лица каде секој член во криминалната група е задолжен за конкретни задачи. Целата координација на активноста се водеше на највисоко ниво, имајќи ја предвид значајноста, големината и меѓународната димензија на криминалните активности. Покрај полициските служби, вклучени беа и Јавни обвинители од Германија, Австрија и Македонија. Целата операција се спроведуваше со внимателно дејствување, обезбедување на докази за судската постапка, а за таа цел беше договорена и детална заедничка меѓународна истрага со цел обезбедување на материјални докази и лишување од слобода на инволвираните лица.

Истрагата расветли нов начин на дејствување на криминалната организација и меѓународни размери од повеќе аспекти. Имено хероинот наменет за вршење на улична продажба, бил набавуван од Кралството Холандија и Белгија, се транспортирал до изнајмени станови во Виена и Франкфурт каде се мешал и препакувал во пакования од 1, 5 и 10 грама и потоа се дистрибуира до лицата кои ја вршат продажбата; Организаторите телефонски од Република Македонија, ја организирале и координирале набавката, транспортот и продажбата на хероинот на територија на Германија и Австрија.Нелегално заработените финансиски средства од продажбата на хероинот ги трансферирале од Германија и Австрија во Република Македонија преку користење на услугата брз трансфер на пари „Њестерн Унион" и „Маниграм". Организаторите и членовите на организираната криминална група со вршењето на недозволена трговија со хероин остварувале големи финансиски средства кои ги инвестирале во купување на недвижнини, куќи, станови, изградба на викендици, купување на луксузни пшатнички моторни возила, кафе барови, ресторани, а дел ги трошат во казина и обложувалници.

Во Октомври 2010 година од страна на Основното Јавно Обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, и од страна на Истражен Судија од Основен Суд Скопје 1, Скопје, издадени се Наредби за примена на Посебните истражни мерки:

Следење на комуникации и влез во дом и други простории или во превозни средства заради создавање услови за следење на комуникации под услови и постапка утврдени со закон" Член 142-б став 1 точка 1 од Законот за кривична постапка на република Македонија

„Тајно набљудување, следење и визуелно тонско снимање на лица и предмети со технички средства", Член 142-б став 1 точка 3 од ЗКП.

**Графикон 1: Следење на комуникацијата на групата и нивната поврзаност во Република Македонија**



**Графикон 2:Следење на комуникацијата на групата и нивната поврзаност во Кралство Холандија**




**Графикон 4: Следење на комуникацијата на групата и нивната поврзаност во Бугарија**



Заедничката операција помеѓу Австриската полиција, Германија и Република Македонија затвори синџир за недозволена трговија со хероин во која се реализираа околу 400 апсења, запленета е голема количина на дрога, автомобили. Оваа криминална група заради големата организираност, сложеност на дејствијата, меѓународната димензија и локацијата навршење на активностите е наречена "Франкфурт мафија". Оваа група за одреден временски период од своетопостоење и делување го контролира пазарот на хероин во Виена. Главните организатори се од Македонија. Се користеле станови во Виена и Франкфурт дилерите задолжени за дистрибуција на дрога на пониско ниво. Организираноста и поврзаноста на криминалната група се покажале за толку добри, што истите биле во можност да се набават големи количини на високо-квалитетни хероин во неколку дена.

Хероинот во голема мера влегува во ЕУ преку своите источни граници и македонската и другите балкански држави веќе долго време се фаворизирани правци за трговците.

Полицијата на Австрија и на Германија до откривањето на оваа криминална група полесно се справувала со албански и српските групи... Профилот на Македонската криминална група е дека овие луѓе и покрај заработувачката што ја имале од продажбата на хероин се различни од албанските, црногорските и српските групи затоа што не одат по казина, не се пијанчат по ноќни клубови, по барови итн, не паѓаат во очи на полицијата, многу се таинствени, никогаш не е забележано да се изврши измама или нелојалност кон наредбодавателите. Според сознанијата собрани од досегашната истрага, центарот за сите операции бил во Република Македонија, односно телефонски од Скопје и Велес се раковдела цела продажба на хероин на улиците на Виена и Франкфурт.Криминалната активност од страна на македонските државјани била организирана така што организаторите телефонски од Скопје и Велес ја координирале целосно продажбата на хероин во Франкфурт и Виена преку посредници кои издавале наредби на дилерите затоа каде, колку и по кој цена да се продава хероинот. Уличните дилери потоа имале обврска преку "Вестер унион" и "Маниграм" да ја испратат заработката во Македонија односно до водачите на Франкфуртската мафија или нивните најблиски соработници. Хероинот со што работеле, бил набавуван во Иран, а преку територијата на Бугарија и Турција биле пренесуван до улиците на Виена и Франкфурт. Г

рупата функционирала веќе две години, но, некои членови од оваа група имаат многу силно искуство затоа што првите двајца тројца на групата се луѓе кои почнале да продаваат хероин на улица и тие ја знаат работата на последниот или на првиот дилер. Потоа формирале свои војници, станале шефови на групата од три четворица, потоа пет шест луѓе, се здобиле со дополнителни искуства како се врши распределбата на хероинот, како се прави заработувачката.

Операцијата наречена „Диригент" се реализираше подолг период наназад со примена на посебни истражни мерки во Македонија, Австрија и Германија. Целта на акцијата беше целосно разоткривање на криминалната структура наречена „Франкфурт мафија" која се бавеше со криумчарење и препродавање хероин на подрачјето на Франфурт и Виена, но и во други градови во Австрија и Германија. Акцијата беше продолжение на Операцијата „Велес" . Вклучени лица во криминалната структура покрајод  Велес се од Скопје, Свети Николе и Гевгелија. Станува збор за македонски државјани на возраст од 18 до 53 години Се претпоставува дека оваа група изминативе години, успеала на овој начин на улиците на Виена и Франкфурт да продаде хероин вреден милиони евра. Заради улична продажба на хероин во Австрија и Германија, оваа организирана криминална група регрутирала лица од земјава на кои им обезбедувала патни трошоци, сместување и храна и им исплаќала одреден процент од продажбата на хероинот.

За реализација на координираната акција „Диригент", беа ангажирани вкупно 377 полициски службеници од различни полициски единици, при што на територијата на Р.Македонија и врз основа на издадени Наредби од Истражен судија, беа извршени 33 претреси во дом и други простории, од кои: 18 претреси на објекти во Скопје, 8 претреси на објекти во Велес, 5 претреси на објекти во Свети Николе и 2 претреси на објекти во Гевгелија. При извршените претреси беа пронајдени парични средства во износ од над 50.000 евра, над 157.000,00 денари, а со преземените мерки, утврдено е дека осомничените реализирале трансфери на пари во висина од 265.000 евра. При претресите одземени се и 14 автомобили и 2 мотоцикли за кои постои сомневање дека потекнуваат или служеле за вршење на кривични дела.

Целиот штабот, координирањето но и постигнатите резултати од оваа акција се импресивни, а дека македонската полиција покажа дека има капацитет и може да биде релевантен партнер на модерните европски полиции.

ПРИЛОГ-2

ГЛОБАЛНО НЕЛЕГАНО ПРОИЗВОДСТВО НА АФИОН, ОПИУМ, КОКА (ПРЕГЛЕД ПО ГОДИНИ И МЕТРИЧКИ ТОНИ) И ИЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ДРОГИ ОД ОПИУМСКИ , КОКАИНСКИ И КАНАБИНОИДЕН ТИП

(ВРСКА: ГЛАВА 4)

Илегална трговија со хероин и морфин

(запленети количини на дрога над 10 кг)




Илегална трговија со кокаин

(запленети количини на дрога над 10 кг)




Илегална трговија со хашиш

(запленети количини на дрога над 10 кг)




Илегална трговија со марихуана

(запленети количини на дрога над 10 кг)




**ПАТИШТАТА НА ХЕРОИН И МОРФИН БАЗА**

**СО СИНА БОЈА СЕ ПРЕТСТАВЕНИ ПОМОРСКИТЕ ПАТИШТА ОД ИСТОК КОН ЗАПАД**

**СО ЦРВЕНА БОЈА СЕ ПРЕТСТАВЕНИ КОПНЕНИТЕ ПАТИШТА НА ДРОГАТА**




**СО ЦРВЕНА БОЈА СЕ ОЗНАЧЕНИ ЛОКАЦИИТЕ КАДЕ ШТО СЕ НАОЃААТ**

**ИЛЕГАЛНИ ЛАБОРАТОРИИ**



## Глобално нелегано производство на афион, опиум, кока преглед по години и метрички тони

**Табела15: Глобално нелегално производство на афион, 1996-2010**

| GLOBAL ILLICIT CULTIVATION OF OPIUM POPPY AND PRODUCTION OF OPIATES, 1996-2010 | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1996 | 1997 | 1998 | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
| **NET CULTIVATION OF OPIUM POPPY IN HECTARES** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **SOUTH-WEST ASIA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Afghanistan | 56,824 | 58,416 | 63,674 | 90,583 | 82,171 | 7,606 | 74,100 | 80,000 | 131,000 | 104,000 | 165,000 | 193,000 | 157,000 | 123,000 | 123,000 |
| Pakistan | 873 | 874 | 950 | 284 | 260 | 213 | 622 | 2,500 | 1,500 | 2,438 | 1,545 | 1,701 | 1,909 | 1,779 | 1,721 |
| Subtotal | 57,697 | 59,290 | 64,624 | 90,867 | 82,431 | 7,819 | 74,722 | 82,500 | 132,500 | 106,438 | 166,545 | 194,701 | 158,909 | 124,779 | 124,721 |
| **SOUTH-EAST ASIA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Lao PDR [a] | 21,601 | 24,082 | 26,837 | 22,543 | 19,052 | 17,255 | 14,000 | 12,000 | 6,600 | 1,800 | 2,500 | 1,500 | 1,600 | 1,900 | 3,000 |
| Myanmar [a] | 163,000 | 155,150 | 130,300 | 89,500 | 108,700 | 105,000 | 81,400 | 62,200 | 44,200 | 32,800 | 21,500 | 27,700 | 28,500 | 31,700 | 38,100 |
| Thailand [b] | 368 | 352 | 716 | 702 | 890 | 820 | 750 | | | | | | | | |
| Viet Nam [b] | 1,743 | 340 | 442 | 442 | | | | | | | | | | | |
| Subtotal | 186,712 | 179,924 | 158,295 | 113,187 | 128,642 | 123,075 | 96,150 | 74,200 | 50,800 | 34,600 | 24,000 | 29,200 | 30,100 | 33,600 | 41,100 |
| **LATIN AMERICA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Colombia | 4,916 | 6,584 | 7,350 | 6,500 | 6,500 | 4,300 | 4,153 | 4,026 | 3,950 | 1,950 | 1,023 | 715 | 394 | 356 | |
| Mexico [c] | 5,100 | 4,000 | 5,500 | 3,600 | 1,900 | 4,400 | 2,700 | 4,800 | 3,500 | 3,300 | 5,000 | 6,900 | 15,000 | 19,500 | |
| Subtotal | 10,016 | 10,584 | 12,850 | 10,100 | 8,400 | 8,700 | 6,853 | 8,826 | 7,450 | 5,250 | 6,023 | 7,615 | 15,394 | 19,856 | *19,856* |
| **OTHER** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Other countries [d] | 3,190 | 2,050 | 2,050 | 2,050 | 2,479 | 2,500 | 2,500 | 3,074 | 5,190 | 5,212 | 4,432 | 4,184 | 8,600 | 7,700 | *10,000* |
| **TOTAL** | **257,615** | **251,848** | **237,819** | **216,204** | **221,952** | **142,094** | **180,225** | **168,600** | **195,940** | **151,500** | **201,000** | **235,700** | **213,003** | **185,935** | ***195,677*** |
| **POTENTIAL PRODUCTION OF OVEN-DRY OPIUM IN METRIC TONS** | | | | | | | | | | | | | | | |
| **SOUTH-WEST ASIA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Afghanistan | 2,248 | 2,804 | 2,693 | 4,565 | 3,276 | 185 | 3,400 | 3,600 | 4,200 | 4,100 | 6,100 | 8,200 | 7,700 | 6,900 | 3,600 |
| Pakistan | 24 | 24 | 26 | 9 | 8 | 5 | 5 | 52 | 40 | 36 | 39 | 43 | 48 | 44 | 43 |
| Subtotal | 2,272 | 2,828 | 2,719 | 4,574 | 3,284 | 190 | 3,405 | 3,652 | 4,240 | 4,136 | 6,139 | 8,243 | 7,748 | 6,944 | 3,643 |
| **SOUTH-EAST ASIA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Lao PDR | 140 | 147 | 124 | 124 | 167 | 134 | 112 | 120 | 43 | 14 | 20 | 9 | 10 | 11 | 18 |
| Myanmar | 1,760 | 1,676 | 1,303 | 895 | 1,087 | 1,097 | 828 | 810 | 370 | 312 | 315 | 460 | 410 | 330 | 580 |
| Thailand [b] | 5 | 4 | 8 | 8 | 6 | 6 | 9 | | | | | | | | |
| Viet Nam [b] | 9 | 2 | 2 | 2 | | | | | | | | | | | |
| Subtotal | 1,914 | 1,829 | 1,437 | 1,029 | 1,260 | 1,237 | 949 | 930 | 413 | 326 | 335 | 469 | 420 | 341 | 598 |
| **LATIN AMERICA** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Colombia | 67 | 90 | 100 | 88 | 88 | 80 | 52 | 50 | 49 | 24 | 13 | 14 | 10 | 9 | |
| Mexico [c] | 54 | 46 | 60 | 43 | 21 | 91 | 58 | 101 | 73 | 71 | 108 | 149 | 325 | 425 | |
| Subtotal | 121 | 136 | 160 | 131 | 109 | 171 | 110 | 151 | 122 | 95 | 121 | 163 | 335 | 434 | *434* |
| **OTHER** | | | | | | | | | | | | | | | |
| Other countries [d] | 48 | 30 | 30 | 30 | 38 | 32 | 56 | 50 | 75 | 63 | 16 | 15 | 139 | 134 | *185* |
| **TOTAL** | **4,355** | **4,823** | **4,346** | **5,764** | **4,691** | **1,630** | **4,520** | **4,783** | **4,850** | **4,620** | **6,610** | **8,890** | **8,641** | **7,853** | ***4,860*** |

Извор: УНОДЦ

**Table 20: Global illicit cultivation of coca bush, 1999-2010**

Source: Bolivia: 2002 and before: CICAD and US Department of State, INCSR. Since 2003: National monitoring system supported by UNODC. Colombia: National Illicit Crop Monitoring System supported by UNODC. Peru: 1999: CICAD and US Department of State, INCSR; since 2000: National Illicit Crop Monitoring System supported by UNODC.

| | 1999 | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Bolivia | 21,800 | 14,600 | 19,900 | 21,600 | 23,600 | 27,700 | 25,400 | 27,500 | 28,900 | 30,500 | 30,900 | (30,900)* |
| Colombia[(a)] | 160,100 | 163,300 | 144,800 | 102,000 | 86,000 | 80,000 | 86,000 | 78,000 | 99,000 | 81,000 | 68,000 | 57,000 |
| Colombia[(b)] | | | | | | | | | | | 73,000 | 62,000 |
| Peru | 38,700 | 43,400 | 46,200 | 46,700 | 44,200 | 50,300 | 48,200 | 51,400 | 53,700 | 56,100 | 59,900 | 61,200 |
| **Total** | **220,600** | **221,300** | **210,900** | **170,300** | **153,800** | **158,000** | **159,600** | **156,900** | **181,600** | **167,600** | **158,800*** | **149,100*** |

* The figure for Bolivia was not available at the time of printing of this report. Total area under coca cultivation in 2010 is based on the 2009 figure for Bolivia and will be revised once the 2010 figure becomes available. For Colombia, the series without adjustment for small fields was used to keep comparability.

(a) Area without adjustment for small fields.

(b) Area with adjustment for small fields.

**Графикон 1: Глобално производство на опиум 2005-2010 по држави и метрички тони**




**Графикон 2: Глобално производство на опиум (мт) и по години 2002-2010**




Извор: УНОДЦ

**Графикон 3: Глобално производство на опиум (мт) и култивација на кока, 1990-2010**




Извор: УНОДЦ

ПРИЛОГ- 3

НАРКОКРИМИНАЛОТ ВО Р.МАКЕДОНИЈА СО КОМПАРАТИВЕН ПРЕГЛЕД НА СОСТОЈБИТЕ СО НЕКОИ ЗЕМЈИ ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЗЕМЈИ ОД ОПКРУЖУВАЊЕТО ЗА ПЕРИОДИ 1997-2007 И 2007-2010

( ВРСКА: ГЛАВА 5)

*Извор на податоци : Европски моноторинг Центар за следење на дроги и зависности од дрога, (ЕМЦДДА), 2012*

Табела1 :Компаративно, заплена на хероин во Република Македонија и во некои од земјите на ЕУ

| **земја** | **2002** | **2003** | **2004** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Хрватска** | 37 | 86 | 114 | 27 | 82 | 74 | 153 | 59 |
| **Македонија** | 29 | 66 | 142 | 69 | 152 | 63 | 61 | 214 |
| **Австрија** | 60 | 43 | 235 | 282 | 34 | 117 | 104 | 190 |
| **Белгија** | 48 | 21 | 142 | 270 | 176 | 548 | 63 | 275 |
| **Бугарија** | 1060 | 831 | 832 | 437 | 726 | 1300 | 1227 | 1183 |
| **Чешка** | 34 | 9 | 36 | 36 | 28 | 20 | 46 | 31 |
| **Данска** | 63 | 16 | 38 | 27 | 29 | 48 | 44 | 22 |
| **Германија** | 520 | 626 | 775 | 787 | 879 | 1074 | 503 | 758 |
| **Грција** | 324 | 247 | 315 | 331 | 312 | 259 | 448 | 595 |
| **Шпанија** | 275 | 242 | 271 | 174 | 472 | 227 | 548 | 300 |
| **Франција** | 476 | 545 | 558 | 479 | 1052 | 1036 | 1118 | 970 |
| **Италија** | 2593 | 2592 | 2557 | 1374 | 1329 | 1897 | 1307 | 1149 |
| **Унгарија** | 160 | 256 | 90 | 238 | 131 | 80 | 29 | 125 |
| **Полска** | 299 | 7 | 255 | 41 | 155 | 124 | 79 | 86 |
| **Португалија** | 96 | 72 | 99 | 182 | 144 | 62 | 68 | 128 |
| **Романија** | 20 | 321 | 65 | 285 | 33 | 130 | 385 | 85 |
| **Чешка** | 34 | 9 | 36 | 36 | 28 | 20 | 46 | 31 |

Графикон 1 Компаративно, заплена на хероин во Република Македонија и во некои од земјите на ЕУ




Графикон 3. Компаративен преглед на запленети количини (кг) хероин во Македонија и на територија на Австрија за период 2002- 2009




Графикон 2: Компаративен преглед на запленети количини (кг) хероин во Македонија и Хрватска за период 2002-2009



Запленети количини на droги во период 1997-2007 г.









**Компаративни заплени на хероин 2007, 2008, 2009 год**

**(Македонија, Косово, Црна Гора)**




**Тренд на движење на заплена на марихуана во Република Македонија 2002-2011**



ПРИЛОГ -4

НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА ВО Р МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ
2001 - 2010 год. (ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКАТА
УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

ПРЕСУДИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ЗА СТОРЕНИ КРИВИЧНИ ДЕЛА ПО
ЧЛЕН 215 И 216 ОД КЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за период 2006-2012 год.

(ВРСКА: ГЛАВА -5)

**АНАЛИЗА НА ПОДНЕСЕНИ КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ ОД СТРАНА НА Царинската управа на Република македонија**
**ЗА СТОРЕНО КРИВИЧНО ДЕЛО ПО ЧЛЕН 215 ОД КЗ ЗА ПЕРИОД ОД 2006 ДО НОЕМВРИ 2011**

| | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРИТЕЛИТЕ | | | | | ПОДАТОЦИ ЗА МЕСТОТО | | ПОДАТОЦИ ЗА ДРОГАТА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **дата** | **Државјанство/место на живеење** | **возраст** | **образование** | **занимање** | **брачна состојба** | **место на сторување** | **начин на пренесување** | **вид на дрога** | **количина** | **начин на пакување** | **потекло на дрогата** | **крајна дестинација** | **начин на детекција** |
| 28.02.2006 | Р.Македонија/с,Арачиново | 01.11.1965 | | металоструgар | | ЦИ Деве Баир на излез од РМ | во автобус со турски рег,ознаки 34 БА 9539 сместено позади возачкото седиште | *1 литар анхидрид на оцетна киселина - прекурзор за производство на хероин фабрички спакуван во стаклено шише со натпис "Ацетиц Анхѕдриде - Мерцк" | | | Р,Македонија (набавено од фирмата "Варус ДООЕЛ" Скопје | Турција | Царинска контрола |
| | Р.Македонија/Скопје | 29.01.1963 | | возач | | | | | | | | | |
| | Р.Македонија/Скопје | 11.09.1968 | | возач | | | | | | | | | |
| 15.05.2006 | Р.Македонија/Демир Капија | 16.02.1974 | ССС | | неоженет | ЦИ Богородица на излез од РМ | во ТМВ со мак,рег,ознаки во бункер во просторот под патосот на камионот помеѓу горниот и долниот дел ос шасијата | марихуана | 213.885,00гр, | спакувана во 221 најлонски кеси | Р,Македонија | Грција | Царинска контрола |
| | Р.Македонија/Демир Капија | 19.09.1970 | | | | | | | | | | | |
| 02.06.2006 | Р.Македонија/Куманово | 20.08.1983 | ССС | вработена во невладина организација | немажена | ЦИ Деве Баир на излез од РМ | со автобус со турски рег,ознаки во кој пријавената била патник во торбите под алиштата кои ги носела | марихуана | 19.275,00гр, | спакувана во 20 опаковки - најлон кеси облепени со широка самолеплива лента во форма на векна | Р,Македонија | Турција | Царинска контрола |
| 12.09.2006 | | | | | | ЦИ Пошта Скопје | пристигната писмоносна пратка од Аргентина адресирана до непостоечка адреса во Скопје | кокаин | 6.08гр, | 4 пакувања од проѕирна фолија облепени со самолеплива лента | Аргентина | Р,Македонија | Царинска контрола |
| 10.,11.2006 | Косово/Приштина | 19.06.1965 | основно образование | сопственик на кафетерија во Призрен | оженет татко на 4 деца | ЦИ Деве Баир на влез во РМ | со автобус со турски рег,ознаки во кој пријавените биле патници, во торбата на пријавениот во пакување од суви смокви и во тетрапак сок, и во ташната на пријавената | хероин | 4355 гр, | 10 пакувања обвиткани со сселотејп трака | Турција | Косово | Царинска контрола |
| | Р,Македонија/Тетово | 11.09.1963 | основно образование | работи во Косово на фарма | мажена мајка на 5деца | | | | | | | | |
| 20.12.2006 | Р,Македонија/Скопје | 16.04.1982 | студент | стоматолог | невработен | ЦИ Табановце на излез од РМ | со автобус со мак,рег, Ознаки во кој пријавениот бил патник под седиштата | марихуана | 2,7гр, | хартиено пакување завикано со селотејп | Македонија | Хрватска | Царинска контрола |
| 16.0.2007 | РМ / Скопје | 10.10.1973 | | | | ЦИ Деве Баир на влез во Р,М, | во ТМВ со турски рег,ознаки 34ДЕ3963/343Д5186во | хероин | 32,5 кг, | 65 пакетчиња завиткани со селотејп трака | Р,Турција | Р,Македонија | Царински преглед при увозно |
| | РМ / Скопје | 24.12.1978 | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Турција/Истанбул | 30.4.1962 | | возач | | | товарот (сместени во вреќи со стока) | | | | | | царинење на стоката |
| 01.03.2007 | Косово/Приштина | 25.01.1965 | | водич во автобус | | ЦИ Богородица на влез во Р,М, | во автобус со турски рег,ознаки 34AT7057 во седишта, во задниот долен пластичен дел кој служи за потпирање-наслонување | хероин | 4,618 кг | 6 тврди пакувања обвиткани со селотејп трака | Р,Турција | Косово - Приштина | Царинска контрола |
| | Турција/Истанбул | 14.06.1977 | | водач на група | | | | | | | | | |
| | Турција/Истанбул | 25.09.1974 | | возач | | | | | | | | | |
| 14.05.2007 | РМ / Скопје | 13.02.1962 | | возач | | ЦИ Делчево на влез во РМ | ТМВ со мак,рег,ознаки СК665ПЈ/БТ060АТ во средината на просторот за товар | хероин | 8,599кг | 19 најлонски кеси обвиткани со индиго хартија и обелпени со селотејп | Р,Турција | Косово - Призрен | Царинска контрола |
| 27.06.2008 | РМ / Скопје | 17.10.1986 | основно образование | невработен | | ЦИ Деве Баир на влез во Р,М, | во автобус со турски рег,ознаки 34ЕТ763 во личниот багаж на пријавениот во двојно дно од куферот кој бил зашрафен со мали шрафови кои ја прицврстувале ткаенината на дното на куферот | хероин | 4,790 кг, | еден пакет изработен со самолеплива лента | Р.Турција | Македонија | Царинска контрола |
| 15.07.2008 | РМ / Скопје | 20.03.1983 | ВСС | вработен | неоженет | во дом по претходно пристигнати семки од марихуана во поштенска пратка во ЦИ Пошта-Скопје | при претрес на дом и други простории, на различни локации (купатило, кујна, работно биро, фиоки од спалната соба и гаража) | *2таблети амфетамини со лого "каптагон" *2таблети амфетамини со лого "митсубиши" *3,44 гр, Амфетамин во прашкаста форма спакуван во 4 полиетиленски пакувања *0,12гр, Амфетамин во прашкаста форма спакуван во хартиено пакување *1парче бела таблета и 3 парчиња жолтеникави таблети амфетамин *1 таблета со лого на "бетмен"-3,4 МДМА *1таблета со лого на срце и 1 со лого на "смајли" МЦПП во кои е утврдено присуство и на амфетамин и МДМА<br>*2 парчиња картон (трип) со содржина ЛСД *вкупно 16,73 гр, марихуана спакувана во неколку хартиени и полиетиленски зипер кесички *1,6гр, хашиш | | | | | при претрес во дом и други простории по добиена наредба од истражен судија |
| | РМ / Скопје | 13.06.1979 | ВСС | вработена | немажена | | | | | | | | |
| 28.05.2009 | Словачка /Пиештани | 06.07.1979 | | сликар | | ЦИ Табановце на влез во РМ | ТМВ-комби со словачки рег,ознаки ПН904БВ | псилоцибин | 3,5 гр, | во најлонска кесичка сместена во "маус" за компјутер | Словачка | Грција | Царинска контрола |
| 01.08.2009 | Албанија/Тирана | 19.12.1987 | | | | ЦИ Ќафасан на влез во РМ | во автобус со мак,рег,ознаки ТЕ884СТ под третиот ред седишта (броено од позади) од левата страна под седиштето до прозорецот | марихуана | *590 гр, спакувани во најлонско пакување *48,4 гр, спакувани во 14 зипер кесички | | Албанија | Р,Македонија | Царинска контрола |
| | ,Албанија/Тирана | 21.12.1987 | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 07.08.2009 | Германија / Хаген | 18.11.1969 | | | | ЦИ Богородица на влез во Р,М, | ПМВ-комбе со герм,рег,ознаки НА-КВ431 во празнина во просторот кај моторот | *2400 таблети ЕФЕДРИН АРСАН 50мг - | | | Царинска контрола |
| 21.08.2009 | Турција и Холандија | 08.12.1983 | | | | ЦИ Меџитлија на влез во РМ | ПМВ со холандски рег,ознаки 82 СХ-КЦ во багажниот простор во кутија за чевли | *1000 таблети со вк,маса од 2980 гр, Во кои активната компонента се состои од амфетамин, метамфетамин, МДМА | Р,Турција | Холандија | Царинска контрола |
| 05.12.2010 | Бугарија/Варна | 06.05.1989 | ССС | вработен | нежемет | ЦИ Деве Баир на излез во Р,М, | при личен претрес на пешак во внатрешниот дел на поставата на волнена капа сместена во неговиот џеб | *0,37 грама марихуна спакувана во зипер кесичка *15 парчиња габи - псилоцибин спакувани во пластично кутивче | Р,Македонија (ги купил пред Метрополис арена) | Р,Бугарија | Царинска контрола |
| 28.09.2010 | Бугарија/Софија | 29.05.1969 | | Авто-електричар | разведен | ЦИ Деве Баир на влез во Р,М, | со моторцикл со буг,рег,ознаски С3848Х во торба прицврстена на моторциклот во мало метално кутиче | *1 таблета МДМА со логото "детелина" спакувана во станиолска паковка *1таблета амфетамин со лого "пеперутка" *1таблета амфетамин со лого "Ск" *0,04г, Кокаин | Р,Бугарија | Косово | Царинска контрола |
| 09.09.2010 | а Р,Австрија (роден во Србија) | 19.06.1975 | | | | ЦИ Меџитлија на влез во РМ | ПМВ со австриски рег, Ознаки НК224ДЈ во багажниот простор во картонска кутија од банани | *Сафрол (прекурзор за добивање на МДМА) сместен во тегла | Грција | Австрија | Царинска контрола |
| | Р,Австрија | 16.05.1989 | | | | | | | | | |
| 05.09.2010 | Р,Македоија / Скопје | 05.11.1961 | | послужител во автобус | оженет | ЦИ Деве Баир на излез од РМ | во автобус со турски рег,ознаки 34АС8929 од десната страна на патосот помеѓу задните седишта и предпоследните седишта | амфетамин 64 парчиња со лого на мерцедес проѕирна најлонска кеса | | | Царинска контрола |
| 30.07.2010 | Македоија / Куманово | 29.04.1988 | ССС | невработен | | ЦИ Деве Баир на излез од РМ | во ПМВ со буг, рег, ознаки КН3255Х, во џеб од пантолони и во долната облека на еден од пријавените, во внатрешноста од влажни марамици, во шампон, во делот наменет за батерија на дигитален фотоапарат | *145,9гр, Марихуана спакувана во две полиетиленски пакувања залепени со селотејп трака и две хартиени пакувања *0,7гр,кокаин спакуван во полиетиленска паковка *5 таблети со лого "плasбos" амфетамин *1таблета со лого "митсубисхи"амфетамин *2таблети со лого "$" метамфетамин | Македонија | Бугарија | Царинска контрола |
| | Македоија / Куманово | 07.02.1987 | ССС | вработен | | | | | | | |
| | Македонија/К,Паланка | 25.11.1990 | студент | | | | | | | | |
| | Македонија/К,Паланка | 30.10.1990 | ССС | хостеса | | | | | | | |
| 03.07.2010 | Македонија и Р,Косово | 19.11.1989 | ССС | невработен | | ЦИ Блаце на влез во Р,Македонија | во автобус со мак,рег,ознаки ОН312ИФ од левата страна на подот под задните седишта нумерирани со бр,39 и 40 | хероин 980гр, спакувани во две зипер кеси облепени со широка селотејп трака завиткани со маици | Косово | Македонија | Царинска контрола |
| 22.04.2010 | Македонија/Струмица | 26.03.1986 | студент | | нежемет | во Скопје на ул, Томе Арсовски населба Црниче и во домот на осомничениот | Во левиот џеб од јакната на осомничениот, и во станот во кој живеел | *500 таблети метамфетамин спакувани во бела проѕирна кеса *32гр, Марихуана *293 семки од марихуана | | | при претрес во дом и други простории по добиена наредба од истражен судија |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.04.2010 | Турција/Истамбул | 13.03.1970 | | ташнар | неженет | при преглед на стока во магацин во Тетово | Во училишни ранци во празниот дел прерамките, кои потоа биле машински сошиени | хероин | 963,61гр, | Спакувани во 100 црни пакетчиња залепени со селотејп трака, во тежина од по 10 г, | Турција | Македонија | Царинска контрола |
| 02.09.2011 | Португалија/Лисабон | 20.03.1979 | | градежен работник | | ЦИ Табановце на влез во РМ | Во ПМВ-комби со холандски регистарски ознаки 23 ВПНП, под совозачкото седиште, покриена со пантолони, во ташничка за на појас, во пределот на ременот и во багажниот простор во ранец во една пд преградите | *0,55 г кодеин и морфин спакувани во зипер кесичка *1,49 г, диметил триптамин спакувани во зипер кесичка *0,85 г, МДМА спакувана во две зипер кесички *4 таблети со лого „микимаус", спакувани во зипер кесичка, 3,4 метилен диоксиметамфетамин МДМА * 30 картонски сликички со коцкаста форма содржат ЛСД спакувани во зипер кеса | | | Холандија | Р.Бугарија | Царинска контрола |
| 07.09.2011 | Албанија/Дибер | 12.01.1988 | | градежен работник | | ЦИ Богородица на влез во Р.М. | со ПМВ со грчки рег,ознаки ЗМ12502 во багажниот простор во багажот на осомничениот, | марихуана | 13,8гр, | спакувана во хартиена опаковка од тутун | Грција | ,Албанија | Царинска контрола |
| 23.09.2011 | Франциа | 17.05.1992 | студент | невработен | | ЦИ Табановце на влез во РМ | со ПМВ со француски рег,ознаки БЕ 018 SK во ременот од ранецот на пријавениот како и во ранецот | *4,7 грама марихуана спакувана во три најлон зипер кесички *семки од растението "Цаннабис" ставени во стаклено шише со течност со натпис "Цаннабис водка трипле дистиллед" | | | Франција | Грција | Царинска контрола |
| 01.10.2011 | Македонија и Америка | 04.02.1988 | студент | невработен | немажена | во брза пошта - ДХЛ при подигнување на пратка пристигната од УСА | во пратка испратена по брза пошта - ДХЛ | амфетамин | 30 капсули | сместени во пластично шишенце помеѓу останатите работи испратени во пакетот по пошта | УСА | Македонија | Царинска контрола |
| 31.03.2011 | Р.Германија / Бохум | 20.03.1988 | | | | ЦИ Богородица на излез од Р,М, | со ПМВ такси со мак,рег,ознаки, во несесер сместен во патниот ранец помеѓу средствата за лична хигена, како и во специјално направени џебови на маицата која ја носел на себе, | 993,5гр , | хашиш | 5 пакувања (1 обвиткано со најсонска фолија, а 4 неспакувани | поради лична безбедност и безбедност на неговото семејство не сакаше да даде изјава од каде му е дрогата и каде ја носи | | Царинска контрола |
| 30.03.2011 | Р,Германија / Синсхеим | 17.06.1960 | | работник во пластична столарија | разведен | ЦИ Табановце на излез од РМ | со ПМВ со привремени рег,ознаки во предниот дел на возилото кај моторот позади акумулатрот прикриено со стиропор | 785гр, | хероин | и пакување обвиткано со кафена селотејп трака | Македонија | Чешка | Царинска контрола |

Табела 1: Неовластено производство и пуштање во промет дроги, психотропни супстанции и прекурсори чл.215

| ОСНОВЕН СУД | Година | Условна казна | Затворска казна | Парична казна | Пресуди за организиран криминал и корупција не правосилни | Пресуди за организиран криминал и корупција правосилни |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 2006 | / | 14 | | | |
| | 2007 | / | 64 | | / | 3 |
| | 2008 | 6 | 94 | | / | 10 |
| | 2009 | 12 | 78 | | / | 13 |
| | 2010 | 29 | 79 | | 3 | 8 |
| | 2011 | 28 | 9 | | 3 | (5 се во тек) |
| ТЕТОВО | 2006 | | 2 | | | |
| | 2007 | | 1 | | | |
| | 2008 | | 3 | | | |
| | 2009 | | 2 | | | |
| | 2010 | 1 | 4 | 8 пресуди=615 дена глоба=5890,0 евра | | |
| | 2011 | | | | | |
| БИТОЛА | 2006 | | | | | |
| | 2007 | | 4 | | | |
| | 2008 | | 15 | | | |
| | 2009 | | 26 | | | |
| | 2010 | 1 | 17 | 1 | | |
| | 2011 | | 8 | | | |
| ПРИЛЕП | 2006 | | 3 | | | |
| | 2007 | | 6 | | | |
| | 2008 | | 6 | | | |
| | 2009 | | 16 | | | |
| | 2010 | | 24 | | | |
| | 2011 | | 6 | | | |
| ОХРИД | 2006 | | 4 | | | |
| | 2007 | | 8 | | | |
| | 2008 | | 4 | | | |
| | 2009 | | 5 | | | |
| | 2010 | | 5 | | | |
| | 2011 | | 9 | | | |
| СТРУМИЦА | 2006 | | 10 | | | |
| | 2007 | | 20 | | | |
| | 2008 | | 15 | | | |
| | 2009 | | 10 | | | |
| | 2010 | | 15 | | | |
| | 2011 | | 6 | | | |
| ВЕЛЕС | 2006 | | 4 | | | |
| | 2007 | | 21 | | | |
| | 2008 | | 25 | | | |
| | 2009 | | 22 | | | |
| | 2010 | | 14 | | | |
| | 2011 | | 4 | | | |
| РЕСЕН | | 0 | 0 | 0 | | |

Табела 2: Овозможување на употреба наркотични дроги и психотропни супстанции чл.216

| ОСНОВЕН СУД | Година | Условна казна | Затворска казна | Парична казна | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| СКОПЈЕ | 2006 | / | 2 | | 2 |
| | 2007 | / | 11 | | 11 |
| | 2008 | 3 | 15 | | 18 |
| | 2009 | 2 | 4 | | 6 |
| | 2010 | 3 | 10 | | 13 |
| | 2011 | 3 | 3 | | 6 |
| ТЕТОВО | 2006 | | 1 | | 1 |
| | 2007 | | 1 | | 1 |
| | 2008 | | | | 0 |
| | 2009 | 1 | | | 1 |
| | 2010 | 1 | 1 | | 2 |
| | 2011 | | | | 0 |
| БИТОЛА | 2006 | 1 | 2 | | 3 |
| | 2007 | 3 | | | 3 |
| | 2008 | 1 | 1 | | 2 |
| | 2009 | 1 | 1 | 1 | 3 |
| | 2010 | 1 | 1 | | 2 |
| | 2011 | 3 | 2 | | 5 |
| ПРИЛЕП | 2006 | | 3 | | 3 |
| | 2007 | | 3 | | 3 |
| | 2008 | | 4 | | 4 |
| | 2009 | | 4 | | 4 |
| | 2010 | | 5 | | 5 |
| | 2011 | | 0 | | 0 |
| ОХРИД | 2006 | | 4 | | 4 |
| | 2007 | | 3 | | 3 |
| | 2008 | | 0 | | 0 |
| | 2009 | | 3 | | 3 |
| | 2010 | | 0 | | 0 |
| | 2011 | | 2 | | 2 |
| СТРУМИЦА | 2006 | | 3 | | 3 |
| | 2007 | | 3 | | 3 |
| | 2008 | | 3 | | 3 |
| | 2009 | | 5 | | 5 |
| | 2010 | | 5 | | 5 |
| | 2011 | | 3 | | 3 |
| ВЕЛЕС | 2006 | | / | | / |
| | 2007 | | 2 | | 2 |
| | 2008 | | 5 | | 5 |
| | 2009 | | 5 | | 5 |
| | 2010 | | 2 | | 2 |
| | 2011 | | | | |
| РЕСЕН | 2011 | | 1 | | 1 |

Извор:Центар за следење на дроги и зависности од дрога, Сектор за контролирани супстанции, Минист. За здравство

Табела 3: Регистрирани кривични дела, пријавени сторители од страна на Секторите за внатрешни работи,МВР 2001-2005

| | 2001 | | 2002 | | 2003 | | 2004 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВК. КР. ДЕЛА | РЕАЛ. КР. ДЕЛА | ВК. КР. ДЕЛА | РЕАЛ. КР. ДЕЛА | ВК. КР. ДЕЛА | РЕАЛ. КР. ДЕЛА | ВК. КР. ДЕЛА | РЕАЛ. КР. ДЕЛА |
| ВКУПНО | 17139 | 10410 | 18308 | 10696 | 22547 | 14123 | 22663 | 13148 |
| СВР СКОПЈЕ | 7432 | 4607 | 7778 | 4920 | 9397 | 5584 | 10557 | 5503 |
| СВР БИТОЛА | 2237 | 1459 | 2138 | 1356 | 2374 | 1726 | 1991 | 1341 |
| СВР ВЕЛЕС | 1078 | 783 | 922 | 629 | 1228 | 859 | 1349 | 1003 |
| СВР КУМАНОВО | 1958 | 996 | 1541 | 855 | 2543 | 1433 | 2387 | 1223 |
| СВР ОХРИД | 1222 | 855 | 1361 | 865 | 1790 | 1312 | 1886 | 1324 |
| СВР СТРУМИЦА | 1005 | 666 | 938 | 679 | 1458 | 1254 | 979 | 771 |
| СВР ТЕТОВО | 1032 | 191 | 2090 | 347 | 2042 | 663 | 1834 | 782 |
| СВР ШТИП | 1175 | 853 | 1540 | 1045 | 1715 | 1292 | 1680 | 1201 |

Табела 4: Регистрирани кривични дела, пријавени сторители од страна на Секторите за внатрешни работи,МВР 2005-2010

| | 2005 | | 2006 | | 2007 | | 2008 | | 2009 | | 2010 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д | ВК. КР. Д | РЕАЛ. КР. Д |
| ВКУПНО | 22634 | 13870 | 22024 | 12881 | 26224 | 14700 | 28327 | 15690 | 27330 | 15128 | 28489 | 14540 |
| СВР СКОПЈЕ | 10744 | 5824 | 10006 | 5615 | 12550 | 6062 | 13901 | 7022 | 13570 | 6425 | 13891 | 5566 |
| СВР БИТОЛА | 2065 | 1587 | 1953 | 1368 | 2291 | 1689 | 2299 | 1626 | 2013 | 1476 | 2171 | 1590 |
| СВР ВЕЛЕС | 1244 | 984 | 1210 | 914 | 1234 | 963 | 1305 | 928 | 1265 | 925 | 1323 | 973 |
| СВР КУМАНОВО | 2413 | 1332 | 2564 | 1177 | 2927 | 1307 | 3132 | 1378 | 2346 | 1203 | 2400 | 1027 |
| СВР ОХРИД | 1556 | 1095 | 1359 | 855 | 1790 | 1224 | 1855 | 1232 | 1824 | 1187 | 2140 | 1331 |
| СВР СТРУМИЦА | 1033 | 817 | 1090 | 735 | 1505 | 1010 | 1561 | 965 | 2026 | 1285 | 2193 | 1290 |
| СВР ТЕТОВО | 2074 | 1064 | 2361 | 1087 | 2188 | 1052 | 2642 | 1191 | 2653 | 1252 | 2696 | 1395 |
| СВР ШТИП | 1498 | 1160 | 1441 | 1090 | 1650 | 1304 | 1430 | 1146 | 1460 | 1202 | 1522 | 1217 |
| ОДДЕЛ ЗА ОРГАНИЗ. КРИМИНАЛ | 7 | 7 | 40 | 40 | 89 | 89 | 202 | 202 | 173 | 173 | 153 | 151 |

ПРИЛОГ-5

# СТАНДАРДНА ОПЕРАТИВНА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА КРИМИНАЛНА ГРУПА
(Прашалник)

(ВРСКА: ГЛАВА 6)

## СТАНДАРДНА ОПЕРАТИВНА ПОСТАПКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА КРИМИНАЛНА ГРУПА

**Специфични прашања во врска со организираната криминална група**

**1.0 Дали групата е составена од дефиниран број на членови**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.1 Име, адреси на група / организација; име на матичниот јазик или акроним:**

**1.2 Сегашната големина/бројност на членството на група / организација, вклучувајќи го и бројот на членови кои се во затвор:**

**1.3 Наведете ги сите криминални активности на групата:**

**1.3.1. Трговија со дрога**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

Ако одговорот е да, наведете го типот на дрога подолу:

| Хероин | | Канабис | | Синтетски дроги | | Кокаин | | Други дроги | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**1.3.2. Производство на дрога**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

Ако одговорот е да, наведете го типот на дрога (а) подолу:

| Хероин | | Канабис | | Синтетски дроги | | Кокаин | | Други дроги | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.3. Компјутерски криминал, вклучително и интернет измама

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.4. Кражба на интелектуална сопственост, вклучувајќи и софтверска пиратерија

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.5. Фалсификување

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.6. Банковна измама

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.7. Измама при осигурување

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.8. Перење пари

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.3.9. Вооружен грабеж

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.4.0. Кражба на возило и трговија со украдени возила

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.4.1. Кражба на антиквитети, накит, итн

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.4.2. криумчарење на артефакти од културата

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

### 1.4.3. Трговијата со жени / деца

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.4. Трговија со луѓе со цел искористување на нивната работна сила**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.5. Нелегалната имиграција**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.6. Нелегални активности поврзани со проституцијата**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.7. Киднапирање со цел изнудување на откуп**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.8. Изнудување, вклучувајќи и пари за заштита**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.4.9. Заем / лихва**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.0. Огнено оружје (шверц за остварување профит)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.1. Огнено оружје (шверц за политичка борба)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.2. Огнено оружје / муниција (производство)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.3. Експлозиви (нелегалната трговија)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.4. Коцкање (незаконски шеми)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.5.Злосторства врз животната средина,вклучувајќи нелегално отстранување на отпад**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.6.Загрозени животински видови (недозволена трговија)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.7.Тргување во делови од човечкото тело**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|

**1.5.8.Други видови криминални активности - (убиства)**

| ДА | | НЕ | | НЕЗНАМ | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

**1.4.Од тие криминални активности, кои се наведени погоре, наведете ги главните или доминантна активностите во кои е вклучена групата:**

| Главни криминални активности | Земја на потекло | Транзитна земја | Земја на дестинација |
|---|---|---|---|
| | | | |

**1.5. Наведете проценка за просечниот годишен приход на групата во текот на последните 3 години**:

**1.5.1. Од нелегални активности: ЕУР ___________________________**

**1.5.2. Ако оваа бројка не е позната, ставете X тука: ______________**

**1.5.3. Наведете ги вашите извори: ---------------------------------------------------**

**1.5.4. Од легални / легитимни активности: ЕУР __________________**

**1.5.5. Ако оваа бројка не е позната, ставете X тука: ______________**

**1.5.6. Наведете ги вашите извори:_______________________________**

**Коментари:**
______________________________________________________________________________
___________________________________________________

## ИИ. Етнички и полов состав на групата

**Наведете ги бројот и националноста или националностите на членовите на група?**

**1.1 Ако националноста или националностите на членовите на групата не се познати, ставете X тука: __________**

**1.2 Наведете ги вашите извори:**

**2.0 Наведете ги по број членовите на групата со етничкото потекло?**

**2.1. Ако етничката припадност или етнички групи на членовите на групата не се познати, ставете X тука: __________**

**2.2 Наведете ги вашите извори:**

**3.0 Колкав процент на групата се машки? _______%**

**3.1 Ако половата поделба не е позната, ставете X тука: _______________**

**4.0 Наведете ги вашите извори:**
**Коментари:**
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
_____________

## ИИИ Општи карактеристики на групата / Организација

| **Групата е позната во земјата** | ДА | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|

**Ниво на етницитет на групата, етицитет се однесува на група која има одреден степен на кохерентност или солидарност и кои се свесни за заедничкото потекло, интереси и заеднички искуства.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 10**
**силно изразен слабо изразен**

**2.1. Наведете ги Вашите извори:**

**3.0 Групата / организацијата во моментов добива доброволно поддршка од нејзината општествена / етничка единица.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 10**
**силно изразен слабо изразен**

**3.1.Наведете ги Вашите извори:**____________________________________

**4.0 Групата / организацијата е успешна во обезбедувањето на безбедноста за членовите на групата против органите за спроведување на законот.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 10**

**силно изразен слабо изразен**

**4.1.Наведете ги Вашите извори:** ____________________________________

**5.0 Групата / организацијата е успешна во обезбедување на поддршка и помош (вклучувајќи и законска) членови на групата во затвор.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 10**

**силно изразен слабо изразен**

**5.1.Наведете ги Вашите извори:** ____________________________________

**6.0 Групата / организацијата е успешна во обезбедување на социјална сигурност (на пример, пари, домување, вработување) за членовите на семејството на затворените / убиени членови на групата.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразен слабо изразен**

**6.1 Наведете ги Вашите извори:**

**Коментари:**

______________________________________________________________________________

______________________________________________________________________________

__________________________________

## ИВ. Насилство на групата / Организацијата

**1. Групата употребува насилство:**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**1.1 Наведете ги Вашите извори:**

**2. Постои интерна употреба на насилство (дисциплина, борби за моќ, итн) во рамките на групата**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**2.1 Наведете ги Вашите извори:**

**3. Групата употребува насилство врз други организирани криминални групи со цел освојување или одбрана на нелегалниот пазарот, да се решат проблеми со плаќање или како резултат на лоши зделки, предавство, итн**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**2.1 Наведете ги Вашите извори:**

**4. Наведете го бројот на деловни луѓе убиени од страна на група во последните 3 години:**

**4.1 Наведете ги Вашите извори:**

**5. Наведете го бројот на полициските службеници, вклучувајќи ги и прикриени агенти, убиени од страна на група во последните 3 години**

**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**5.1 Наведете ги Вашите извори:**

**6. Наведете го бројот на владини претставници убиени од страна на група во последните 3 години** __________

**6.1 Наведете ги Вашите извори:**

Коментари:

___

## В. Професионалноста на група / организација

**1.Групата делува професионално (користи квалификувани лица, софистицирани менаџмент структури, итн.)**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**1.1 Наведете ги Вашите извори:**

**2.Групата користи професионалци (на пример, адвокати, сметководители, итн.)**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**2.1. Наведете ги Вашите извори:**

**3.Групата е ефикасен во криење/не оставање траги за своите активности**
**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**3.1. Наведете ги Вашите извори:**

**4. Групата е ефикасна во менување од една профитабилна незаконска активност со друга, врз основа на менување на ризиците и добивката.**
**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**4.1. Наведете ги Вашите извори:**

Коментари:

___

___

## ВИ. Влијание на групата / Организација

**1. Групата е во можност да влијае врз други со пари.**
**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

сино  изразено  слабо изразено

**1.1. Наведете ги Вашите извори:**

**2. Колку случаи на корупција се поврзани со групата во последните 3 години? ______________**

**2.1. Наведете ги Вашите извори:**

**3.Колку случаи на корупција во судството (на пример, корупцијата на судиите, обвинителите, полиција и други службеници) се поврзани со групата во последните3години?_________________________**

**3.1. Наведете ги Вашите извори:**

**4. Групата успева да работи во и од затвор**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0

силно изразено  слабо изразено

**4.1. Наведете ги Вашите извори:**

**Коментари**

___________________________________________________________________________________
__________________________________________________

## ВИИ Политичко влијание на групата / организација

**1. Групата е во можност да манипулира со политичари и политичкиот процес во земјата**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0

силно изразено  слабо изразено

**1.1. Наведете ги Вашите извори:**

**2. Групата е можност да манипулира со политичари и политичкиот процес во земјата и/или во странство**

1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0

силно изразено  слабо изразено

**2.1. Наведете ги Вашите извори:**

**3. Постојат наводи дека групата е во можност за канализирање на средствата за изборна кампања.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**3.1. Наведете ги Вашите извори:**

**4. Постојат обвинувања дека групата успеа да обезбеди членови на групата да бидат избрани во парламентот.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**4.1. Наведете ги Вашите извори:**

**5. Постојат наводи дека групата успева да влијаат на покривањето или не-покриеност на одредени прашања во јавните гласила.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**5.1. Наведете ги Вашите извори:**

**6. Постојат наводи дека групата го поддржува политичкиот тероризам дома.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**6.1. Наведете ги Вашите извори:**

**7. Постојат наводи дека групата е поддршка на политички тероризам во странство.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**7.1. Наведете ги Вашите извори:**

Коментари:

______________________________________________________________________________

_______________________________________

## ВИИИ Транснационални врски на групата / Организација

**1 Мрежата на групата се простира во неколку земји.**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**1.1. Наведете ги Вашите извори:**

**2. Наведете ги земјите, каде групата е присутна во странство според важноста:**

**2.1. Наведете ги Вашите извори:**

**3.Наведете ги земјите, каде групата ги набавува своите стоки / производи / услуги според важност**

______________
______________
______________
______________

**3.1. Наведете ги Вашите извори:**

**4. Наведете ги земјите, каде групата ги пере парите во странство според важност:**

**4.1 Наведете ги Вашите извори**

**5.Наведете организирани криминални групи во странство, со кого групата соработува**

5.1 Наведете ги Вашите извори

**6. Наведете ги странските организирани криминални групи во земјата со кого групата соработува**

6.1 Наведете ги Вашите извори

**7. Која е природата на поврзаноста на групата со странски организирани криминални групи?**

**а. Употреба ☐ на туѓа експертиза**
**б .Користењето на ☐ објектите на другите**
**в .Користење на ☐ персоналот на другите**
**г .Соработка во купување или ☐ продажба на стоки**
**д. Друго (наведете) ..........................................**

7.1 Наведете ги Вашите извори

**8.Наведете ги странски влади, кои наводно обезбедуваат поддршка или засолниште на групата, според важност**

__________
__________
__________

8.1 Наведете ги Вашите извори.

**9. Наведете ги вооружените групи од странство, кои обезбедуваат поддршка или засолниште на групата, според важност.**

__________
__________
__________

9.1 Наведете ги Вашите извори:

**10. Дали група имаат препознатлива географска база во рамките на земјата?**

**Ако одговорот е да, наведете (ако е познат) регионот .................. или градот---------------------**

**10.1 Наведете ги Вашите извори**:

**Коментари:**

---

---

## ИЦ. Улогата на групата во легалната економија

**1. Групата навлезе во легалната економија во земјата**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**1.1 Наведете ги Вашите извори**:

**2. Групата навлезе во легалната економија на странски земји.**
**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**2.1 Наведете ги Вашите извори**:

**3. Постојат економски партнерства меѓу криминалните и легалните актери во земјата**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**3.1. Наведете ги Вашите извори**:

**4.Постојат економски партнерства меѓу криминалните и легалните актери во странски земји**

**1 2 3 4 5 6 7 8 9 1 0**

**силно изразено слабо изразено**

**4.1 Наведете ги Вашите извори**:

**5. Колкав процент од својот вкупен имот групата инвестирала во легалната национална економија?**

_______%

**5.1. Наведете ги Вашите извори**

**6. Колкав процент од својата вкупниот имот групата инвестирала во легалната економија во странство?**

_________%

**6. 1 Наведете ги Вашите извори**:

**7. Колкав процент од приходот на групата, што не се користи за плаќање на оперативните трошоци и платите, се пере?**

________%

**7.1.** Н**аведете ги Вашите извори**:

**Коментари**

_______________________________________________________________________________

_______________________________________________________________________________

___________________________________________________________

## Ц. Аналитички осврт:

Користејќи ги информации наведени погоре и сите други информации кои сметате дека се релевантни, подгответе аналитички осврт (неколку страни) за секоја организирана криминална група. Осврtот треба да содржи информации во согласност со следните наслови

**И. Организациона структура:**

И.1. Внатрешна хиерархија и / или поделба на трудот (диференцијација на улогите, поделба на функции/чинови, распределба на задачите);

И.2. Способноста на групата да регрутира или зајакне своите човечки ресурси;

И.3. Правила и услови за членство во групата и внатрешни кодови на однесување;

И.4. Примарни механизми за справување со внатрешните конфликти во врска со територијалните претензии, поделба на пазарот и други спорови;

**ИИ. Насилство:**

ИИ.1. Подготвеност да се вклучат во безмилосно насилство;

ИИ.2. Достапноста на спроведувачи / специјалисти во употреба на насилство;

ИИ.3. Пристап до разни оружја.

**ИИИ. Економските ресурси:**

ИИИ.1. Оригиналниот извор на акумулација на капитал (нелегални и / или правни);

ИИИ.2. След на диверзификација на активностите (нелегални и / или правни);

ИИИ.3. Степен на доминација во избраните нелегалните пазари;

ИИИ.4. Степен на професионално знаење во рамките на групата;

ИИИ.5 Степенот до кој некои членови на групата работат првенствено во легитимната

економија.

**ИВ. Политички ресурси:**
ИВ.1. Корупцијата и / или инфилтрација во процесот на спрведување на законот (полицијата и судството);
ИВ.2. Манипулација на политичките партии кои учествуваат во локалните и / или националнатите влади;
ИВ.3. Директно застапување во парламентот, извршната власт или дипломатска служба;
ИВ.4. Сојуз со вооружените опозициски групи (терористи, герилски, одредите на смртта).

**В. Одговор на агенциите за спроведување на законот на организираниот криминал**
В.1. Реструктуирањето на агенциите за спроведување на законот и оперативните активности (вклучувајќи и повеќе меѓународна соработка) заради организираниот криминал;

В.2. Промени на техмиките за спроведување на законот (повеќе употреба на скриенни агенти, електронски надзор);

В.3. Промени во закон (на пример, казнени одредби), заради организираниот криминал;

**ВИ. Надворешната средина**
В.1. Сегашното ниво на прифаќање на активностите на групата / организацијата-те во социјалната средина во која тие работат;
В.2. Присуство на социјалните движења ангажирани во кампањи за подигнување на свеста за организираниот криминал;
В.3. Улога на печатот и другите средства за информирање во привлекување на вниманието на граѓаните за опасностите и заканите од страна на организираниот криминалза општеството во целина;